**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1126**

**Скопје, 1 јули 2016 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Велимир СТОЈКОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставаат на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ū̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1126 од 1 јули 2016 година**


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Билјана Маневска)**.................................................................7

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Културните и психолошките аспекти при изборот и купувањето на брендовите на модна облека, со посебен осврт на состојбите во Република Македонија** од **м-р Анета Михајловска Николовска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје...........................................................................................................8-17
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Есфер Алији)**.................................................................18
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магсистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Игор Наумовски, Марјан Бадаровски, Амети Шпенд, Марија Стојкова, Бобан Јанев, Паско Балкоски, Амина Идризи, Ана Булоска, Иван Митев, Ивона Михајлова, Александра Ивановска, Александра Трајчова, Ленче Алексоска, Георги Велковски, Антониела Стамевска, Маја Станкоска Дурлевиќ, Виктор Цицимов, Ивана Маневска)**...........................................................................................19-21

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областите теориска физика и општа физика на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Александар Ѓурчиноски)**......................................22-36
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Ружица Блажевска, Зорица Рајчановска)**...........................................................................................37

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите аставно-научни звања во наставно-научната област дентална патологија на Катедрата за болести на забите и ендодонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Василка Ренцова)**...........................................................................................38-61
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) ортодонција на Стматолошкиот факултет во Скопје **(н.сор. д-р Билјана Ципунова, н.сор. д-р Наташа Тошеска-Спасова, н.сор. д-р Цветанка Мишевска-Бајрактарова)**....................62-174
3. Рецензија на Практикумот **Претклиничка фиксна протетика 2 – фиксни протези (мостови)** од авторот **Билјана Капушевска и соработници** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје..........................................175-184

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научната област 20300 – електроенергетски мрежи и системи на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Јовица Вулетиќ)**..................185-206
2. Реферат за избор на помлад асистент по предметите од наставно-научната област 20300 – електроенергетски мрежи и системи на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(м-р Петар Крстевски)**................207-215

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Лидија Пљакова, Соња Димитриевска, Јована Блажевска)**.........................................................216

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по предметите графика, графички техники и цртање на студиската програма графика на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(м-р Славица Јанешлиева-Бачварска)**..............217-235
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**Душан Пејчев**)..............................................236

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области сонологија со мултимедија, естетика на музиката и социологија на музиката на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(д-р Трена Јорданоска)**..........................................................................................237-257

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Реферат за избор на тројца наставници по предметот физичко образование и спорт во Центарот за физичко образование при Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје **(д-р Бранко Крстевски, д-р Сашо Тодоровски, д-р Ристо Стаменов)**.........................................................258-265

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Планирање и имплементација на електронското учење во основните и средните училишта** од **м-р Гордана Андонова, трета преработена верзија** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................266-269
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Филозоофскиот факултет во Скопје **(м-р Ива Пертрунова, м-р Љупчо Цветковски, м-р Александар Петановски)**.......................................................................270
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозоофскиот факултет во Скопје **(Даниела Неделкова, Газменд Гудачи, Нагда Јовановски, Кристина Илиевска, Катерина Глигорова, Бојан Попоски, Натали Рајчиновска Павлеска, Кристофер Јовковски, Елизабета Ташковска, Анкица Влашиќ, Виолета Сачевска, Ивана Марковска, Катерина Петровиќ)**...........................................................271-272

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор во звањето виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Сања Гавриловска)**............273-280
2. Реферат за избор во звањето виш лектор по современ англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Марија Маџар-Рибар)**.........................................................................................................281-301
3. Реферат за избор во звањето виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Марија Златковска)**............302-318

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на еден асистент од обласа на земјотресното инженерство на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(м-р Борјан Петрески)**.......................................................................319-321

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Реферат за избор на истражувач во соработничкото звање асистент-истражувач во Одделението за македонско-балкански книжевноисториски врски при Институтот за македонска литература во Скопје **(м-р Дарин Ангеловски)**..........................................................................................322-326
2. Реферат за избор на истражувач во соработничкото звање асистент-истражувач во Одделението за македонска литература во XIX век при Институтот за македонска литература во Скопје **(м-р Славчо Ковилоски)**...................327-331

# ПРЕГЛЕД
# НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќа ње на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | **Билјана Маневска, дипл.град. инж. број на досие 803** | **„Влијание на обвивката на објектот врз појавата на кондензација и на летно прегревање кај енергетски ефикасните градежни објекти“** | **„Impact of the building envelope on the occurrence of condensation and summer overheating in energy efficient buildings "** | **проф. д-р. Мери Цветковска** | 02-02 136-65 од 16-06-2016 |

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,КУЛТУРНИТЕ И ПСИХОЛОШКИ АСПЕКТИ ПРИ ИЗБОРОТ И КУПУВАЊЕТО НА БРЕНДОВИТЕ НА МОДНА ОБЛЕКА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"ОД М-Р АНЕТА МИХАЈЛОВСКА НИКОЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.5.2016 година, со Одлука број 02-969/2 од 30.5.2016 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Михајловска Николовска со наслов ,,Културните и психолошки аспекти при изборот и купувањето на брендовите на модна облека со посебен осврт на состојбите во Република Македонија", во состав: проф. д-р Нада Секуловска (претседател), проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска (ментор), проф. д-р Љубомир Дракулевски (член), проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска (член) и проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Михајловска Николовска, со наслов ,,Културните и психолошки аспекти при изборот и купувањето на брендовите на модна облека, со посебен осврт на состојбите во Република Македонија", содржи 333 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со бројни слики и табели, заклучок (стр. 282-292), прилози (318-333) и библиографски единици (стр.293-317), меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Содржината на трудот, освен вовед, апстракт и клучни зборови на македонски и англиски јазик, е систематизирана во 5 (пет) глави. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Трудот е структуриран во 5 (пет) глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, актуелноста на проблематиката, планот на презентирањето на материјата како и применетата метдологија во истражувањето.

**Првата глава** од докторската дисертација насловена како ,,Културата и психологијата на потрошувачите", се однесува на поврзаноста на културата со психологијата на потрошувачите кога се мисли на нивното однесување. Во овој дел се разработени културата и претставата за себе, културата и нејзиното влијание врз прифаќањето на ризикот од страна на потрошувачите, културните димензии кои ја определуваат убедливоста на огласувачките пораки, како и културното значење

на производите. Како психолошка конструкција, културата може да биде проучувана преку нациите, преку етничките групи во рамки на нациите, преку индивидуите во рамките на етничките групи, фокусирајќи се на нивната културна ориентација и нивните главни културни вредности. Темел на културата се вредностите кои се применуваат во однос на предметите, идеите, целите и однесувањата. Разгледани се следниве културни димензии: индивидуализам наспроти колективизам, избегнување на несигурност, машкост наспроти женскост и долгорочна наспроти краткорочна ориентираност. Ова се димензии кои се применуваат при крос-културното споредување. Различните културни димензии имплицираат различни огласувачки апели, па во колективистичките култури се очекува поубедливи да бидат емоционалните апели фокусирани на другите, а во индивидуалистичките култури поубедливи да бидат апелите фокусирани на егото. Во рамките на вториот дел се разработени теориите за ризик, влијанието на културните димензии и, одделно, религијата и образованието врз преземањето ризици, како и мерењето на ставовите спрема ризикот. Во оваа глава, исто така, се опфатени и влијанието на културните димензии врз содржината и убедливоста на огласувачките пораки, како и културното значење на производите.

Во **втората глава,** насловена како „Националната култура и нејзиното влијание врз односот кон брендовите на модна облека", разработени се прашањата поврзани со анализа на влијанието на националната култура врз односот кон брендовите на модна облека, брендот и неговите аспекти во крос-културното опкружување. Она што претставува личност за потрошувачот се поистоветува со брендот, кога се работи за производ. Националната култура може да помогне подобро да се разберат бренд-културите и однесувањата. Во овој дел се опфатени и типовите на лојалност кон брендот, капиталот на брендот, бренд-заедниците, и посебно лојалноста кон брендот во модната индустрија. Емоциите ги водат нашите секојдневни дејствувања. Емоциите како радост или тага се основни првобитни мотивации на човекот и се пресудни детерминанти за нашите избори на производи и услуги и за обработката на пораките кои се присутни при огласувањето. Во делот за емоционалната приврзаност кон брендовите, разработени се теориите за емоции, емоционалното брендирање, а посебно и емоциите за брендовите на модна облека. Во делот ефекти од довербата и афектот кон брендот, обработени се аспектите на поврзаноста на довербата и афектот кон брендот со лојалноста, задоволството и цената на брендот, а посебно на модниот бренд.

Во **третата глава** насловена како „Животниот стил и неговото влијание врз потрошувачката на модни брендови", се обработува влијанието на животниот стил врз потрошувачката на модна облека. Исто така, во оваа глава се разгледуваат факторите кои придонесуваат за иновации во индустријата на модна облека, како и потрошувачката иновативност кај жените. Животниот стил, заедно со вредностите и претставата за себе, претставува основна компонента на психографијата која ги опишува индивидуите од аспект на нивните преокупации и однесувања и психолошките фактори кои се во основа на таквите активности. Животниот стил влијае на изборот на модни брендови на облека. Луѓето имаат различни естетски погледи за облеката и се стремат да реализираат различни цели со неа. Животните стилови на луѓето се менуваат одвреме-навреме, а различните животни стилови резултираат со различна психологија на трошење и куповно однесување. Различното куповно однесување се открива преку потрошувачките ставови за облекувањето, изворите на информации за облеката, факторите кои влијаат за купување облека и ставовите кон брендовите на модна облека.

Во **четвртата глава** со наслов „Потрошувачко задоволство при купување брендови на модна облека", се обработува темата за задоволството на потрошувачите при купување брендови на модна облека. Во услови на голема конкуренција на пазарот, задоволството на клиентите станува клучен елемент на бизнис-стратегијата на модните компании. Компаниите во модната индустрија кои применуваат потрошувачко- ориентиран пристап, ги поврзуваат барањата на потрошувачите со дизајнот и можностите на производот. Управувањето со задоволството на клиентите во индустријата за облека е неопходно бидејќи задоволството на клиентите е главен предвидувач на повторното купување, но исто така е под влијание на процените за изведбата, перципираниот квалитет и вредност на облеката. Во оваа глава се обработуваат теориите за задоволство на потрошувачите, согледаната вредност на текстилните и модните производи како и вредностите на потрошувачите во актуелната екомода. Концептот вредност на производот има повеќе значења, а клиентите ја дефинираат вредноста како добивање на она што го сакаат. Во делот вредностите на потрошувачот и екомодата опфатени се негативните влијанија на актуелното производство на облека, одржливоста во секторот модна облека и вредностите на потрошувачите кои треба да се прифаќаат во иднина. Социјалната и еколошка додадена вредност на модната облека е признаена од софистицираните потрошувачи преку нивната одлука за купување на таква облека, во која споменатата додадена вредност претставува одлучувачки критериум.

**Петтата глава** е насловена како „Анализа на купувачите на модна облека во Република Македонија", се однесува на анализа на текстилната индустрија и производството на облека во Република Македонија. Анализата е направена со истражување на одделни аспекти на однесување на купувачите, како личните вредности на купувачите на модни брендови, типовите на животен стил, вреднување на аспектите на брендот од страна на македонските купувачи на облека, како и имицот на земјата на потекло при одлучување и избор на бренд на модна облека. Со анализа на економското, политичко и социјално опкружување, се појаснуваат факторите кои влијаат на вредностите на македонските купувачи на облека. Истражувањето е спроведено врз пригоден примерок и прашалници за прибирање на податоци за културните и психолошки аспекти на потрошувачите и нивното влијание врз изборот на модни брендови. Во оваа глава се испитува прифаќањето, односно отфрлувањето на четири основни хипотези и потхипотези, а во врска со културните димензии индивидуализам/колективизам, вредностите, влијанието на земјата на потекло и аспектите на брендот кај македонските потрошувачи, во зависност од полот и одделни демографски карактеристики. Исто така, даден е општ осврт за застапеноста на културните димензии, преферирањето на вредности, вреднувањето на странски брендови и односот кон земјата на потекло, половите разлики при вреднување на аспектите на брендот и демографски опис на респодентите од примерокот (пол, возраст, образование, економски статус, приходи на семејството).

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување на докторската дисертација, поднесена од кандидатката м-р Анета Михајловска Николовска, со наслов „Културните и психолошки аспекти при изборот и купувањето на брендовите на модна облека со посебен осврт на состојбите во Република Македонија", претставува поврзаноста на културните аспекти, како и одделните психолошки аспекти, кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при избор и купување на модни брендови.

Културните разлики меѓу потрошувачите, и како влијаат тие врз содржината на огласувањето, убедливоста на огласувачките пораки, процесите на проценување и преземање ризици и стиловите на одговори од страна на потрошувачите се, исто така, дел од ова истражување. Културните отстапувања во врска со перцепцијата за себе, личноста и ставовите, претставуваат база за моделите на однесување на потрошувачите и маркетинг-стратегиите за брендирање и за огласување. Во трудот истражувани се и крос-културните разлики меѓу потрошувачите од различни подрачја кои ги определуваат и разликите во мотивациите и однесувањата на тие потрошувачи. Иако може да имаат еднакви мотиви припадниците на различни национални култури (поиндивидуалистички или поколективистички), како на пример „потреба за социјална припадност“ начините на нивното задоволување може да се разликуваат во зависност од националната култура. Проучувањето на животниот стил и вредностите на потрошувачите, како дел од истражувањето, беше направено со цел да се утврдат културните, социјални и психолошки компоненти кои ги воспоставуваат надворешни граници на животните стилови специфични за една култура. Интеракцијата на групните и индивидуални очекувања и вредности создаваат систематски образец на однесување. Дел од истражувањето во трудот претставува задоволството на потрошувачите со брендовите на модна облека, како и значењето на вредностите на потрошувачите во постигнување на нивното задоволство. Проучувањето на екоаспектите во рамки на модното облекување е истражувано со цел да се подигне свесноста на маркетарите за нивната улога во воведувањето на нови современи вредности при проценатa на квалитетот на модните производи. Во емпирискиот дел на трудот, истражувано е и влијанието на националната култура, социолошките и психолошки аспекти на потрошувачите на модна облека во Република Македонија.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Според кандидатката, текстилната индустрија и производството на облека е од големо значење за Република Македонија. Најголемиот развој, македонската текстилна индустрија го доживеа во периодот по Втората светска војна, па сè до 1990 год. Во тој период се формирале текстилните гиганти како „Нонча Камишова“ во Велес, „Тетекс“ во Тетово, „Македонка“ во Штип итн., наедно Штип станува центар на текстилната индустрија во Македонија. Производството на облека во тој период имало карактер на масовно производство кое се извезувало во другите републики на тогашната СФРЈ, како и во странство. На местото на некогашните гиганти во текстилната индустрија во географскиот регион на Источна Македонија, денес работат средни и мали претпријатија за текстил. Трговијата со текстил сè повеќе се зголемува. Секако, за успешна продажба на македонскиот пазар за текстил и за облека, потребно е да се познава потрошувачот и неговите потреби. Со оваа докторска дисертација е направен обид преку анализа на вредностите на потрошувачите, нивната претстава за себе и нивните културни вредности, куповните навики за облека итн., да се опишат некои карактеристики на просечниот македонски потрошувач на модна облека. Република Македонија, како мултикултурна и мултиетничка земја, поседува шаренило на културни вредности, животен стил и куповно однесување. Секако, светските трендови не ја одминуваат земјата благодарејќи на сè поразвиените медиуми и мобилноста на населението, со што се зголемува можноста за запознавање и за прифаќање на светските глобални брендови на облека. Поврзаноста на културата и однесувањето на потрошувачите е неспорно. Пред развојот на потрошувачката култура,

културните категории беа многу поригидни отколку денес кога постои промена во природата и во нивното значење, особено во најразвиените земји. Јазикот, како дел од културата, има големо значење за потрошувачките обрасци на постапување и интерпретирање, бидејќи јазикот не е само инструмент за опишување на настаните туку и за нивно обликување. Облеката и облекувањето се важни при разграничувањето на културните категории како време, простор, пол, етникум и класа. Облеката ги претставува културните принципи, а истовремено таа се избира во зависност од културната припадност и животниот стил. Проучувањето на животниот стил на потрошувачите не само што обезбедува повеќе информации за компаниите туку и го управува долгорочниот развој на компаниите. Културните и социјални варијабли воспоставуваат надворешни граници на животните стилови специфични за една култура. Интеракцијата на групните и индивидуални очекувања и вредности создава систематски образец на однесување. Во ерата на интензивна конкуренција, трговците на мало со модна облека треба да можат да ги привлечат и да ги задржат клиентите, за да ги одржат профитите и да останат конкурентни. Луѓето ја забележуваат облеката бидејќи таа многу објаснува за личноста. Облеката помага личноста да се вклопи во групата или да се усогласи со сопствениот животен стил. Од тие причини задоволството од модната облека има големо значење. Потрошувачите ќе бидат задоволни ако има вредност облеката. Вредноста на производот не претставува вредност за потрошувачот ако тој не ја согледа како таква. Вредноста претставува потрошувачка перцепција на разликата меѓу придобивките од производот/услугата и откажувањата што морал да ги направи потрошувачот за да ги ужива споменатите придобивки. За некои потрошувачи, согледаната вредност е ниска цена, за други квалитетот итн. Најголем дел од компаниите прават огромна грешка кога не обрнуваат внимание на задоволството на своите клиенти. Одржувањето на задоволни клиенти е најдобрата конкурентска предност во однос на другите учесници на пазарот. Еколошките и етички прашања во индустријата за облека и текстил се комплексни и традиционално на нив се гледа преку фокусирање на екоматеријали или етички принципи на производство. Во ова подрачје е потребен холистички пристап за создавање на новата вредност, а од значење е и улогата на дизајнерот во конструирање нови системи за креирање вредност. Дизајнерите треба да ги поврзат потребите на корисниците, технологијата и бизнис решенијата во модел на вредност. Екодизајнот и дизајнот за животната средина вклучува еколошко размислување и особено размислување за животниот циклус на производите во индустријата за облека. Негативното влијание врз животната средина се појавува особено во неразвиените земји поради селењето на производството на текстил и облека во тие земји. Знаејќи дека преовладувачките вредности, верувања, значења, практики, симболи и сл. кај луѓето, односно потрошувачите од едно општество претставуваат манифестации на основната или примарна култура на тоа општество, анализата на поврзаноста на овие аспекти претставува неисцрпна база за истражување и за зголемување на свесноста на маркетарите за таквата поврзаност. Влијанието на културата и сите категории кои произлегуваат од неа, врз аспектите на однесувањето на потрошувачите, претставуваат постојан предизвик кој не губи во својата актуелност.

**Краток опис на применетите методи**

Кандидатката во рамките на своето теоретско истражување користи дескриптивен метод. При анализата се користени историскиот метод на собирање секундарни податоци, методот на собирање примарни податоци, методот на компарација, квантитативниот и аналитичкиот метод.

Во разработките на трудот, кандидатката консултирала релевантна и современа литература од еминентни експерти, научници и институции од областа на маркетингот и социјалните медиуми. Дел од податоците се прикажани во табели и слики.

Покрај методот на истражување на странска литература, кандидатката спровела и емпириско истражување на пазарот во Република Македонија, и тоа преку online-алатка за спроведување на истражувања Survey Monkey, како и со помош на други средства за комуникација, телефон, е-пошта и социјални медиуми

Во истражувањето, а во врска со аспектите на однесување на потрошувачите во Република Македонија и поставените цели, конципирани се следниве хипотези:

Х1 – Културните димензии индивидуализам и колективизам на потрошувачите се различно застапени во зависност од половата структура.

Х2 – Вредностите на потрошувачите различно влијаат врз изборот на модна облека кај потрошувачи од различни професии и/или различно образование.

Х3 – Земјата на потекло различно влијае на изборот на модниот бренд кај потрошувачи со различна возраст.

Х4 – Постои различно вреднување на аспектите на брендот во зависност од половата припадност. Истражувањето на терен се реализираше во периодот од јуни до септември 2015 год.

За истражување на ставовите на македонските потрошувачи беше изработен анкетен прашалник од 21 прашање кои се однесуваа на демографски податоци за респодентите, нивната преференција на вредности, културните димензии индивидуализам и колективизам, ставови поврзани со вклученоста во модата, влијанието на земјата на потекло при избор на производ итн. Прашалникот е составен од прашања со еднократен избор, со користење на 5–степена Ликертова скала и со рангирање на одговорите според мислењето на респодентот.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Од докторскиот труд на кандидатката можат да се извлечат следниве резултати:

1. Културата влијае врз изборот на облека и модни брендови бидејќи културата е широк концепт и вклучува скоро сѐ што влијае на мисловниот процес и однесувањето на индивидуите. Таа е основна детерминанта на личните потреби и однесување.

2. Психолошките карактеристики како детерминанти на однесувањето на потрошувачите имаат свое влијание врз изборот на модните брендови. Културата, покрај тоа, влијае и на различни психолошки аспекти на човековото однесување како на концептот за себе, личноста, мотивацијата, емоциите, перцепцијата, обработка на информациите итн.

3. Перцепциите, односно претставата за себе се разликува кај индивидуи со различно етнокултурно потекло. Во развиените западни општества е понагласена независната претстава за себе, додека во поголем дел од неразвиените земји е позастапена меѓузависната перцепција за себе. Ваквото разликување на

претставата за себе повлекува различни мотивации и однесувања кај потрошувачите.

4. Општествата во кои е позастапен индивидуализмот се карактеризираат со комуникација од низок контекст, па во процесот на продажба страните настојуваат побргу да дојдат до целта, а огласувачките апели во индивидуалистичките средини треба да се фокусираат на убедување.

5. Културата и културните димензии влијаат на ставовите кон ризик, а со тоа и на ризичното однесување. Потрошувачите согледуваат ризик кога немаат доволно информации за производот и неговиот квалитет, кога ги познаваат недоволно сопствените потреби и цели, кога треба да ја определат вредноста и користа од нов производ и сл.

6. Производите, исто така, треба да бидат компатибилни со културата присутна на пазарот на кој се пласираат за да постигнат конкурентска предност. Системот на мода претставува еден од начините за пренесување на културното значење на производот. Пренесувањето на културното значење од производите во животот на потрошувачите се остварува по пат на ритуали кои претставуваат примери за симболичко постапување.

7. Националната култура влијае врз односот на потрошувачите кон брендовите на модна облека. Преовладувачкиот вредносен систем е клучна компонента на националната култура. Влијанието на националната култура се изразува преку различно однесување на потрошувачите при купување модни брендови, начинот на вреднување на проширувањето на модните брендови, лојалноста кон брендовите, емоционалната приврзаност и довербата и афектот кон модните брендови.

8. Потрошувачката на модна облека зависи од животниот стил на потрошувачите. Културните и социјални варијабли воспоставуваат надворешни граници на животните стилови специфични за една култура. Животниот стил влијае врз куповното однесување на клиентите кај модната облека. За да се разбере модниот тренд, треба да се биде свесен за социокултурниот начин на живеење во опкружувањето.

9. Во модната индустрија се потребни постојани иновации заради нејзината голема мобилност, поради пократкитe периоди потребни за воведување на производството, т.е. помало време помеѓу започнување и завршување на производството и поради потребната брзина во воведувањето на промени.

10. Во поглед на модата, жените покажуваат поголема модна инвентивност, поголемо водство во мислење, поголемо трошење и поголема заинтересираност за прифаќање на новата мода во однос на мажите.

11. Задоволството со модната облека има големо значење бидејќи облеката помага личноста да се вклопи во групата на свои врсници или да се усогласи со сопствениот животен стил. Од тие причини одржувањето на задоволни клиенти е најдобрата конкурентска предност на модната компанија во однос на другите учесници на пазарот. Задоволството на потрошувачите е релативен концепт и тој секогаш е проценет во однос на определен стандард.

12. Нивото на задоволство меѓу жените и мажите во поглед на модните производи се разликува. Жените кои се свесни за мода, повеќе се фокусираат на својот надворешен изглед, додека мажите кои се посвесни за мода, повеќе се

фокусираат на тоа, кои се тие, и ја поврзуваат модата со својот личен идентитет и инкорпорирана мажественост.

13. Екодизајнот и дизајнот за животната средина вклучува еколошко размислување и особено размислување за животниот циклус на производите. Потребно е, потрошувачот да балансира помеѓу индивидуалните потреби и општествената корисност што ќе овозможи задоволување на идните потреби, на сегашните и идните генерации.

14. Кај потрошувачите од Република Македонија, самопочитувањето како вредност е највисоко оценето, а потоа следуваат способноста, безбедноста, слободата, амбицијата и чувството на постигнување. Кога избираат облека, за македонските потрошувачи е пресуден квалитетот, а потоа следуваат цената и попустите како фактор за одлучување. Културните димензии индивидуализам/колективизам кај македонските потрошувачи се различно застапени во зависност од полот, но таа разлика не е значајна.

15. Влијанието на променливите економски статус и образование, при изборот на модна облека, се оценува како слабо. Од погоре наведените наоди може да се констатира дека е пронајдена недоволна зависност меѓу вредностите, образованието, економскиот статус на потрошувачите од една страна и изборот на модна облека од друга страна.

16. Најголем процент од македонските потрошувачи, од вкупниот примерок (74%), ги одбираат брендовите кои ги преферираат само поради 2 критериума кои преовладуваат: квалитетот на шиење и квалитетот на материјалите. За другите потрошувачи пресудни се другите карактеристики на брендот како кроеви, дизајн, популарност на брендот итн.

17. Кога треба да изберат меѓу македонски бренд и странски бренд на облека со слични карактеристики, а различна цена, потрошувачите од различни возрасни групи не постапуваат значајно различно, т.е. најголем процент одресподентите (50-75%) кај сите возрасни групи го одбираат македонскиот бренд само ако е тој поевтин од странскиот бренд, при слични други карактеристики.

18. Производителите на модна облека од Македонија можат да ја остварат својата конкурентска предност со воведување на современите технолошки иновации, со помош на понови генерации на информатичка технологија, како и со производство за специјални „ниши“ определени врз база на преовладувачкиот животниот стил на потрошувачите.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Михајловска Николовска, со наслов ,,Културните и психолошки аспекти при изборот и купувањето на брендовите на модна облека, со посебен осврт на состојбите во Република Македонија“, претставува истражување во областа на економските науки, потесна област - маркетинг.

Со анализа на вредностите и застапеноста на одделни културни димензии кај македонските потрошувачи, кандидатката дава научен придонес во делот на:

1. анализата на постојната научна и економска теорија за културните и определени психолошки влијанија врз изборот на потрошувачите;

2. презентација на важноста на културните димензии и психолошките разлики кај потрошувачите при донесувањето одлука за купување облека;

3. определувањето на потрошувачките доминантни вредности при изборот на модна облека во Република Македонија;

4. анализата на преференциите на македонскиот потрошувач во процесот на избор на модна облека;

5. давањето на сугестии на производителите и трговците со облека, со цел приспособување на своите маркетинг-стратегии во согласност со специфичните карактеристики на потрошувачите на облека во Република Македонија.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Михајловска Николовска, со наслов ,,Културните и психолошки аспекти при изборот и купувањето на брендовите на модна облека со посебен осврт на состојбите во Република Македонија", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за позитивна оценка.

Проверката на докторскиот труд на кандидатката м-р Анета Михајловска Николовска е иницирана од менторот проф. д-р Снежана Р.Јовановска, на 19.5.2016 во 8,48, време на почеток 19.5.2016 во 8,49, а заврши на 19.5.2016 во 12,41 часот. Резултатот за документот (http://plagijati.mon.gov.mk/report?r=286042750) е: документот содржи 100202 зборови, од кои за 3845 **(3,84%)** е пронајдено совпаѓање во 1614 документи. Врз основа на презентираните аспекти, заклучоци и спроведената проверка на докторскиот труд во базата на плагијати Комисијата констатира дека кандидатката ја владее материјата и самостојно ги извлекува заклучните согледувања кои кореспондираат со соодветните делови и целината на докторскиот труд.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Михајловска Николовска, со наслов ,,Културните и психолошки аспекти при изборот и купувањето на брендовите на модна облека, со посебен осврт на состојбите во Република Македонија", според мислењето на Комисијата за оцена, дава значаен придонес во областа на примената на директниот маркетинг и социјалните медиуми како еден од облиците на промоција, а со тоа ги исполнува основните услови и стандарди за нејзина позитивна оценка.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Михајловска Николовска, со наслов ,,Културните и психолошки аспекти при изборот и купувањето на брендовите на модна облека со посебен осврт на состојбите во Република Македонија".

КОМИСИЈА

1. **Проф.д-р Нада Секуловска, претседател, с.р.**

2. **Проф.д-р Снежана Јовановска,ментор,с.р.**

3. **Проф. д-р Љубомир Дракулевски, член, с.р.**

4. **Проф. д-р Татјана П. Мирчевска, член, с.р.**

5. **Проф. д-р Лидија П. Ивановска, член, с.р.**

ПРЕГЛЕД
**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ**

## 1. Докторски трудови

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС / НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | М-р Есфер Алији | ,,Странските директни инвестиции и социо-економски развој во Република Македонија со посебен осврт на инвестициите во Република Турција" | **,,Foreign direct investments and the socio-economic development in the Republic of Makedonia with special focus on the investments in the Republic of Turkey"** | Проф.д-р Љубомир Кекеновски | 0202-774/3 од 03.06.2016 година |

**П Р Е Г Л Е Д**

**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Игор Наумовски | „Развојот на алтернативните канали за плаќање во македонскиот банкарски систем" | „The development of the alternative payment channels in the macedonian banking system" | доц. д-р Елена Наумовска | 16.6.2016/ 02-1106/6 |
| 2. | Марјан Бадаровски | „Влијанието на глобалната финансиска криза врз финансиските перформанси на банките во земјите од Југоисточна Европа" | „The impact of the global financial crisis on the financial performance of banks in Southeast Europe" | доц. д-р Кирил Јовановски | 16.6.2016/ 02-1106/7 |
| 3. | Амети Шпенд | „Теоретски и емпириски аспекти на деловните циклуси" | „Theoretical and empirical aspects of business cycles" | проф. д-р Михаил Петковски | 16.6.2016/ 02-1106/8 |
| 4. | Марија Стојкова | „Улогата на банките во корпоративното управување" | „The role of banks in corporate governance" | проф. д-р Горан Петревски | 16.6.2016/ 02-1106/9 |
| 5. | Бобан Јанев | „Макропруденцијалната регулација како инструмент на економската политика за одржување на макрофинансиска стабилнос" | „Macroprudential regulation as an instrument of the economic policy for sustaining macrofinancial stability" | проф. д-р Владимир Филиповски | 16.6.2016/ 02-1106/10 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Паско Балкоски | „Оценка на фискалната одржливост на земјите од Југоисточна Европа со посебен осврт на Република Македонија” | „Assessing fiscal sustainability in Southeastern European countries aiming to give an inside in the situation of the Republic of Macedonia” | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 16.6.2016/ 02-1106/11 |
| 7. | Амина Идризи | „Користите од примената на електронското банкарство во корпоративниот сектор во Македонија” | „The benefits of using e-banking services in the corporate sector in Macedonia” | доц. д-р Кирил Јовановски | 16.6.2016/ 02-1106/12 |
| 8. | Ана Булоска | „Управувањето со ризиците и структурата на корпоративното управување во банките - со посебен осврт на случајот на Република Македонија” | „Risk management and corporate governance structure in banks - with particular reference to the case of the Republic of Macedonia” | проф. д-р Владимир Филиповски | 16.6.2016/ 02-1106/13 |
| 9. | Иван Митев | „Прогресивно наспроти пропорционално оданочување на доходот на физичките лица – случајот на Република Македонија” | „Progressive versus proportional income taxation: the case of the Republic of Macedonia” | доц. д-р Сузана Макрешанска Младеновска | 16.6.2016/ 02-1106/14 |
| 10. | Ивона Михајлова | „Перцепции на купувачите за сексуалните апели во рекламните пораки во автомобилската индустрија” | „Customers' perceptions about the sexual appeals in advertising messages of the automotive industry” | проф. д-р Анита Циунова Шулеска | 16.6.2016/ 02-1106/15 |
| 11. | Александра Ивановска | „Личната продажба наспроти продажната промоција при продажба на козметички производи - перцепции на купувачите” | „Personal selling versus sales promotion in the sale of cosmetic products - customer perceptions” | проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска | 16.6.2016/ 02-1106/16 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Александра Трајчова | „Квалитетот на финансиското известување на македонските котирани компании" | „The quality of financial reporting of macedonian listed companies" | доц. д-р Атанаско Атанасовски | 16.6.2016/ 02-1106/17 |
| 13. | Ленче Алексоска | „Квалитетот на обелоденувањата на финансиските ризици во финансиските извештаи на банките во<br><br>Р. Македонија" | „The quality of financial statements risk disclosures practices of banks in the Republic of Macedonia" | доц. д-р Атанаско Атанасовски | 16.6.2016/ 02-1106/18 |
| 14. | Георги Велковски | „Улогата на информациските и комуникациските технологии за развој на паметни градови" | „The role of information and communication technologies for the purpose of developing smart cities" | проф. д-р Сашо Јосимовски | 16.6.2016/ 02-1106/19 |
| 15. | Антониела Стамевска | „Маркетингот преку социјални медиуми во старт-ап компаниите во македонија – состојба и перспективи" | „Social media marketing in start-up companies in macedonia – situation and perspectives" | проф. д-р Анита Циунова Шулеска | 16.6.2016/ 02-1106/20 |
| 16. | Маја Станкоска Дурлевиќ | „Обука на вработените во банкарскиот сектор" | „Training of the employees within the bank sector" | проф. д-р Кирил Постолов | 16.6.2016/ 02-1106/21 |
| 17. | Виктор Цицимов | „Придонесот на зелените бизниси за унапредување на менаџмент на вкупен квалитет" | „Contribution of the green businesses for promotion of the total quality management" | проф. д-р Бобек Шуклев | 16.6.2016/ 02-1106/22 |
| 18. | Ивана Маневска | „Кредитирање на претпријатијата и населението: случајот на Република Македонија" | „Enterprise and household lending: the case of the Republic of Macedonia" | проф. д-р Михаил Петковски | 16.6.2016/ 02-1106/23 |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ ТЕОРИСКА ФИЗИКА И ОПШТА ФИЗИКА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 27.4.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областите теориска физика и општа физика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот, бр. 02-664/3, донесена на 14.6.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ - Скопје, д-р Љупчо Хаџиевски, научен советник на Институтот за нуклеарни науки „Винча“, Белград, и д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областите теориска физика и општа физика, во предвидениот рок се пријави д-р Александар Ѓурчиноски, доцент на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

### 1. Биографски податоци и образование

Александар Ѓурчиноски е роден на 23 ноември 1977 година во Тетово. Основно училиште и гимназија (природно-математичка насока) завршил во родниот град со континуиран одличен успех. Како ученик редовно учествувал на натпреварите по физика, каде што има освојувано награди. Бил учесник на Меѓународната олимпијада по физика одржана во 1996 година во Осло, кога за прв пат се натпреварувале и ученици од Македонија.

Во 1996/97 година се запишал на студиите по применета физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирал на 21 септември 2005 г. со среден успех 9,72 и дипломска работа на тема „Аберација на светлината во оптичка средина што се движи рамномерно праволиниски“. Магистрирал во март 2009 г. со тема „Фидбек контрола со променливо доцнење за стабилизација на нестабилни фиксни точки“. Докторската дисертација „Фидбек контрола со временско задоцнување кај хаотични динамички системи“ ја одбранил во јуни 2011 г. Во текот на четири години (2002-2006) работел како библиотекар и технички секретар на Институтот за физика, пред да биде избран за помлад асистент (октомври 2006 г.), односно асистент (декември 2009 г.). Во октомври 2011 година е избран во звањето доцент по теориска физика и општа физика.

**Како студент, во рамките на ТЕМПУС-проектот „Осовременување на образованието и дообразование на наставниците по физика” престојувал три месеци (октомври 2000 - јануари 2001) како млад истражувач во Институтот за електроника и информациони системи при Факултетот за применети науки од**

**Универзитетот во Гент, Белгија. Како истражувач-соработник учествувал (2006-09) и во националниот проект „Фотометриски и астрометриски изучувања на астероиди и комети”. Има остварено научна соработка со Институтот за теориска физика на Техничкиот универзитет во Берлин на неколку теми во врска со контрола на комплексни системи и мрежи.**

Бил член на Управниот одбор на Друштвото на физичарите на Република Македонија и претседател на одборот за организирање на регионалните и републичките натпревари по физика за учениците од основните и средните училишта (2007 и 2008). Редовно учествува во подготвувањето на задачи за натпреварите по физика.

Области на научен интерес му се нелинеарните динамички системи и теоријата на хаосот, специјалната теорија на релативност и релативистичката оптика. Има објавено околу триесет научни трудови во меѓународни публикации и списанија, од кои повеќето се со фактор на влијание. Според базата Web of Science, неговите трудови се цитирани 131 пат.

**На Институтот за физика држел предавања и вежби за повеќе предмети (математичка физика 1 и 2, теориска механика, и теориска електродинамика со специјална теорија на релативност од теориските предмети на студиите по физика; механика и молекуларна физика, предмети од општа физика на студиите по физика; како и вежби од општа физика на студиите по математика, биологија, хемија, медицина, шумарство, градежништво и ветерина). Од изборот во звањето доцент, основни задолженија му се предметите: теориска електродинамика со специјална теорија на релативност, хаотична динамика на дискретни системи, теорија на релативност и релативност, гравитација и космологија, а четири учебни години ги држел предавањата и вежбите по предметот биофизика за тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет во Скопје.**

Во 2004 година ја добил наградата „13 Ноември“ на град Скопје за континуиран одличен успех во текот на студиите и за објавените трудови од областа на физиката. Во 2005 и 2006 г., по повод патрониот празник 24 Мај, награден е со Плакета на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, за придонесот во развојот на Универзитетот и неговата афирмација. Добитник е и на наградата „Вита Поп-Јорданова“ за Млад научник на годината во Македонија за 2006 година, што се доделува од страна на Македонската академија на науките и уметностите.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на ПМФ, во изборниот период, д-р Александар Ѓурчиноски изведувал настава на прв циклус

студии на Институтот за физика по предметите: теориска електродинамика со СТР, хаотична динамика на дискретни системи, моделирање и симулација на динамички системи, теорија на релативност и релативност, гравитација и космологија и на Медицинскиот факултет по предметите: биофизика и радијациона физика. Во овој период, тој изведувал аудиториски/лабораториски вежби на прв циклус студии на Институтот за физика по предметите: механика, теориска механика, теориска електродинамика со СТР, молекуларна физика со термодинамика, математичка физика 1 и математичка физика 2, како и на Факултетот за дизајн (ТМЕ) по предметот физика.

Кандидатот бил член на Комисија за оцена и одбрана на магистерскиот труд "Парадоксот на подморницата и неговотот решение во специјалната и општата теорија на релативност", изработен од кандидатот Кимет Јусуфи. Александар Ѓурчиноски има подготвено материјал за нови предмети од прв циклус студии на Институтот за физика: теорија на релативност, релативност - гравитација и космологија, хаотична динамика на дискретни системи и моделирање и симулација на динамички системи, како и пакет симулации за последните два предмета.

Во изборниот период, кандидатот одржал вкупно 8 научно-популарни предавања во школи одржани во организација на Македонското астрономско друштво и на Друштвото на физичарите на РМ. Исто така, има објавено 8 научно-популарни статии во стручно-методските списанија „Астрономски алманах" и „Школа млади физичари". Од наставно-образовната дејност во изборниот период, Александар Ѓурчиноски има освоено вкупно 102,6 поени (подетални информации има во Образецот кон извештајот за избор - Анекс 2). Наставно-образовните активности на кандидатот до изборот во звањето доцент се презентирани во Билтен бр. 1016 (3 октомври 2011 година).

## Научно истражувачка дејност

Области на научен интерес на кандидатот се нелинеарните динамички системи и теоријата на хаосот, специјалната теорија на релативност и релативистичката оптика. Во периодот од изборот во звањето доцент до денес, д-р Александар Ѓурчиноски има објавено 6 научни труда од областа на физичките науки во референтни научни списанија со фактор на влијание, еден труд во научното списание Bulgarian Journal of Physics и 3 труда во зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор. Кандидатот е еден од авторите на монографијата „Controlling Chimera Patterns in Networks: Interplay of Structure, Noise and Delay", Chapter 1, pp. 3-24, in *Control of Self-organizing Nonlinear Systems* (Understanding Complex Systems), edited by E. Schöll et al., (Springer International Publishing, Switzerland, 2016). Според базата Web of Science, неговите трудови се цитирани 131 пат.

Резултатите од научните истражувања се усно презентирани на 8 меѓународни конференции, на 1 национална конференција и постерски на 1 меѓународна конференција. Кандидатот одржал предавање „Variable-delay feedback control in chaotic dynamical systems" по покана на Техничкиот универзитет во Берлин на 18 декември 2012 година.

Во изборниот период, Александар Ѓурчиноски бил раководител на националниот проект „Нелинеарна динамика на комплексни системи - контрола и синхронизација" (Институт за физика, ПМФ, 2015-2018) и учесник во меѓународниот научен проект „Control of self-organizing nonlinear systems: Theoretical methods and concepts of application", (Collaborative Research Center 910, TU Berlin, 1.1.2015 - 31.12.2018).

Од научноистражувачката дејност во изборниот период, Александар Ѓурчиноски има освоено вкупно 76,48 поени (подетални информации има во Образецот кон извештајот за избор - Анекс 2). Научноистражувачките активности на кандидатот до изборот во звањето доцент се презентирани во Билтен бр. 1016 (3 октомври 2011 година).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во изборниот период, д-р Александар Ѓурчиноски бил рецензент на **71** научен труд во следниве меѓународни научни списанија: American Journal of Physics (6 статии), Astrophysics and Space Science (1 статија), European Physical Journal - Plus (2 статии), Europhysics Letters (2 статии), Indian Journal of Physics (1 статија), Journal of Aerospace Engineering (2 статии), Journal of the Optical Society of America (2 статии), Optics Letters (2 статии), Physics Essays (1 статија), Proceedings of the National Academy of Sciences, India, Section A: Physical Sciences (1 статија), Thermal Science (1 статија), Fluctuations and Noise Letters (1 статија), Optics Communications (1 статија), Physics Letters A (1 статија), Wave Motion (1 статија), Journal of Physics A: Mathematical and Theoretical (3 статии), Physica Scripta (1 статија), New Journal of Physics (1 статија), Journal of Optics (1 статија), European Journal of Physics (21 статија), Communications in Nonlinear Science and Numerical Simulation (19 статии).

Во периодот од 1 до 22 декември 2012 година, Александар Ѓурчиноски остварил научен престој при истражувачкиот центар „Контрола на самоорганизирачки нелинеарни системи – теориски методи и концепти на примена“ (SFB 910), Институт за теориска физика, Технички универзитет во Берлин.

Кандидатот е еден од авторите на „Збирката решени задачи од натпревари по физика - книга 1“ издадена од Друштвото на физичарите на Република Македонија, Скопје, 2016 година. Во периодот од 2011 до 2016 година Александар Ѓурчиновски учествувал во работата на Комисијата за изготвување на задачи за регионални и државни натпревари по физика. Бил и член на следниве факултетски комисии: Поткомисија за самоевалуација на Институтот за физика (2013/2014) и Пописна комисија на Институтот за физика (2015/2016).

Од стручно-апликативната дејсност во изборниот период, Александар Ѓурчиноски има освоено вкупно 84,5 поени (Образец кон извештајот за избор - Анекс 2). Стручно-апликативните активности на кандидатот до изборот во звањето доцент се презентирани во Билтен бр. 1016 (3 октомври 2011 година).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Александар Ѓурчиноски, на 21 јануари 2016 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александар Ѓурчиноски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александар Ѓурчиноски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор по група предмети од областите теориска физика и општа физика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р

Александар Ѓурчиноски да биде избран во звањето вонреден професор по група предмети од областите теориска физика и општа физика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

2. Д-р Љупчо Хаџиевски, научен советник на Институтот за нуклеарни науки „Винча“, Белград, с.р.

3. Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **АЛЕКСАНДАР ПЕРО ЃУРЧИНОСКИ**

**Институција:** **Институт за физика, Природно-математички факултет - Скопје**

**Научна област:** **физика**

## 1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.1** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Зимски семестар 2011/2012: биофизика (за СФ и СРТ - редовни), биофизика - акустика (за СЛ - редовни), биофизика (за СФ и СРТ - вонредни), биофизика - акустика (за СЛ - вонредни) **(вкупно 6 часа неделно)** | 3,6 |
| | Летен семестар 2011/2012: теориска електродинамика со СТР, хаотична динамика на дискретни системи **(вкупно 6 часа неделно)** | 3,6 |
| | Зимски семестар 2012/2013: биофизика (за СФ и СРТ - редовни), биофизика - акустика (за СЛ - редовни), биофизика (за СФ и СРТ - вонредни), биофизика - акустика (за СЛ - вонредни), радијациона физика (за СРТ - редовни), радијациона физика (за СРТ - вонредни), теорија на релативност и електродинамика **(вкупно 13 часа неделно)** | 7,8 |
| | Летен семестар 2012/2013: теориска електродинамика со СТР, општа фотографија (за СРТ - редовни). Општа фитографија (за СРТ - вонредни) | 4,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **(вкупно 7 часа неделно)** | |
| | Зимски семестар 2013/2014: биофизика (за СФ и СРТ - редовни), биофизика - акустика (за СЛ - редовни), биофизика (за СФ и СРТ - вонредни), биофизика - акустика (за СЛ - вонредни), моделирање и симулација на динамички системи<br>**(вкупно 9 часа неделно)** | 5,4 |
| | Летен семестар 2013/2014: теориска електродинамика со СТР, хаотична динамика на дискретни системи, теорија на релативност<br>**(вкупно 9 часа неделно)** | 5,4 |
| | Зимски семестар 2014/2015: теориска електродинамика со СТР, биофизика (за СФ и СРТ - редовни), биофизика - акустика (за СЛ - редовни), биофизика (за СФ и СРТ - вонредни), биофизика - акустика (за СЛ - вонредни)<br>**(вкупно 10 часа неделно)** | 6,0 |
| | Летен семестар 2014/2015: хаотична динамика на дискретни системи, теорија на релативност, релативност, гравитација и космологија<br>**(вкупно 10 часа неделно)** | 6,0 |
| | Зимски семестар 2015/2016: теориска електродинамика со СТР<br>**(вкупно 4 часа неделно)** | 2,4 |
| | Летен семестар 2015/2016: хаотична динамика на дискретни системи, релативност, гравитација и космологија<br>**(вкупно 7 часа неделно)** | 4,2 |
| **1.2** | **Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски)** | |
| | Зимски семестар 2011/2012: биофизика (за СФ и СРТ - редовни), биофизика - акустика (за СЛ - редовни), механика, физика (Факултет за дизајн ТМЕ), теориска механика<br>**(вкупно 12 часа неделно)** | 5,4 |
| | Летен семестар 2011/2012: теориска електродинамика со СТР, молекуларна физика со термодинамика<br>**(вкупно 6 часа неделно)** | 2,7 |
| | Зимски семестар 2012/2013: биофизика (за СФ и СРТ - редовни), биофизика - акустика (за СЛ - редовни), теориска механика, теорија на релативност и електродинамика | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | **(вкупно 6 часа неделно)** | |
| | Летен семестар 2012/2013: теориска електродинамика со СТР, молекуларна физика со термодинамика, општа фотографија (за СРТ - редовни), општа фитографија (за СРТ - вонредни)<br>**(вкупно 8 часа неделно)** | 3,6 |
| | Зимски семестар 2013/2014: биофизика (за СФ и СРТ - редовни), биофизика - акустика (за СЛ - редовни), моделирање и симулација на динамички системи<br>**(вкупно 3 часа неделно)** | 1,35 |
| | Летен семестар 2013/2014: теориска електродинамика со СТР, теориска механика, математичка физика 2<br>**(вкупно 7 часа неделно)** | 3,15 |
| | Зимски семестар 2014/2015: биофизика (за СФ и СРТ - редовни), биофизика - акустика (за СЛ - редовни), теориска електродинамика со СТР, математичка физика 1<br>**(вкупно 8 часа неделно)** | 3,6 |
| | Летен семестар 2014/2015: теориска електродинамика со СТР (стара програма), теориска механика<br>**(вкупно 4 часа неделно)** | 1,8 |
| | Зимски семестар 2015/2016: теориска електродинамика со СТР, механика<br>**(вкупно 5 часа неделно)** | 2,25 |
| | Летен семестар 2015/2016: теориска механика<br>**(вкупно 2 часа неделно)** | 0,9 |
| **1.3** | **Консултации со студенти** | |
| | Зимски семестар 2011/2012: вкупно 391 студент | 0,782 |
| | Летен семестар 2011/2012: вкупно 33 студенти | 0,066 |
| | Зимски семестар 2012/2013: вкупно 371 студент | 0,742 |
| | Летен семестар 2012/2013: вкупно 126 студенти | 0,252 |
| | Зимски семестар 2013/2014: вкупно 354 студенти | 0,708 |
| | Летен семестар 2013/2014: вкупно 41 студент | 0,082 |

| | | |
|---|---|---|
| | Зимски семестар 2014/2015: вкупно 442 студенти | 0,884 |
| | Летен семестар 2014/2015: вкупно 26 студенти | 0,052 |
| | Зимски семестар 2015/2016: вкупно 63 студенти | 0,126 |
| | Летен семестар 2015/2016: вкупно 28 студенти | 0,056 |
| **1.4** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Теорија на релативност (предавања) | 1,0 |
| | Релативност, гравитација и космологија (предавања) | 1,0 |
| | Хаотична динамика на дискретни системи (предавања) | 1,0 |
| | Моделирање и симулација на динамички системи (предавања) | 1,0 |
| | Моделирање и симулација на динамички системи (вежби) | 0,5 |
| **1.5** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| | Кимет Јусуфи (2014) - "Парадоксот на подморницата и неговото решение во специјалната и општата теорија на релативноста" | 0,3 |
| **1.6** | **Настава во школи и работилници** | |
| | Предавање: "Хаосот и стабилноста на сончевиот систем," XIII Зимска астрономска школа, ПМФ, Скопје, 25-26 јануари 2011. | 1,0 |
| | Предавање: "Дали неутрината од експериментот OPERA се движат со брзина поголема од брзината на светлината во вакумот?," XIV Зимска астрономска школа, ПМФ, Скопје, 2-3 март 2012. | 1,0 |
| | Предавање: "Во потрага по Хигсовиот бозон," XV Зимска астрономска школа, ПМФ, Скопје, 22-23 март 2013. | 1,0 |
| | Предавање: "Симулирање на математичко нишало и сродни модели со програмскиот пакет Mathematica," 38 Школа "Млади физичари", ПМФ, Скопје, 29-30 ноември 2013. | 1,0 |
| | Предавање: "Експериментот IceCUBE - неутринска опсерваторија на Антарктикот," XVI зимска астрономска школа, ПМФ, Скопје, 28-29 март 2014. | 1,0 |
| | Предавање: "Динамика на љубовни афери," 39-та Школа "Млади физичари", ПМФ, Скопје, 26 септември 2014. | 1,0 |
| | Предавање: "Што се случува во близина на црните дупки?," XVII зимска астрономска школа, ПМФ, Скопје, 27-28 март 2015. | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Предавање: "Неутриното и мистериите на модерната физика на елементарни честички," XVIII зимска астрономска школа, ПМФ, Скопје, 25-26 март 2016. | 1,0 |
| **1.7** | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание** | |
| | **А. Ѓурчиновски**, "Хаосот и стабилноста на сончевиот систем," Астрономски алманах бр. 10, стр. 31-36 (2011). | 1,0 |
| | **А. Ѓурчиновски**, "Дали неутрината од експериментот OPERA се движат со брзина поголема од брзината на светлината во вакуумот?," Астрономски алманах бр. 11, стр. 17-22 (2012). | 1,0 |
| | С. Димкоска и **А. Ѓурчиновски**, "Во потрага по Хигсовиот бозон," Астрономски алманах бр. 12, стр. (2013). | 1,0 |
| | Ј. Богданоска, Д. Јованов, В. Манчевска, и **А. Ѓурчиновски**, "Симулирање на математичко нишало и сродни модели со програмскиот пакет Mathematica,", стр. 43-56, во *Современата физика двигател на научниот развој* (38 Школа "Млади физичари", ДФРМ, Скопје, 2013) | 1,0 |
| | Ј. Богданоска и **А. Ѓурчиновски**, "Експериментот IceCUBE - неутринска опсерваторија на Антарктикот," Астрономски алманах бр. 13, стр. 5-14 (2014). | 1,0 |
| | Ј. Богданоска и **А. Ѓурчиновски**, "Динамика на љубовни афери," стр. 8-17, во *Примена на компјутерите во физика* (39 Школа "Млади физичари", ДФРМ, Скопје, 2014) | 1,0 |
| | Ј. Богданоска, В. Манчевска, и **А. Ѓурчиновски**, "Што се случува во близина на црните дупки?," Астрономски алманах бр. 14, стр. (2015). | 1,0 |
| | М. Пешевска и **А. Ѓурчиновски**, "Неутриното и мистериите на модерната физика на елементарни честички," Астрономски алманах бр. 15, стр (2016). | 1,0 |
| **1.8** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Хаотична динамика на дискретни системи (пакет симулации во CodeGear RAD Studio - Delphi, Mathematica) | 1,0 |
| | Моделирање и симулација на динамички системи (пакет симулации во Mathematica) | 1,0 |
| | **ВКУПНО** | **102,6** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

## 2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **2.1** | **Раководител на национален научен проект** | |
| | Нелинеарна динамика на комплексни системи - контрола и синхронизација (Институт за физика, ПМФ, 2015-2018) | 6,0 |
| **2.2** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | Control of self-organizing nonlinear systems: Theoretical methods and concepts of application (Collaborative Research Center 910, TU Berlin, 1.1.2015 - 31.12.2018) | 5,0 |
| **2.3** | **Дел од монографија објавен во странство** | |
| | A. Zakharova, S. Loos, J. Siebert, **A. Gjurchinovski**, J. C. Claussen, and E. Schöll, "Controlling Chimera Patterns in Networks: Interplay of Structure, Noise and Delay", Chapter 1, pp. 3-24, in *Control of Self-organizing Nonlinear Systems* (Understanding Complex Systems), edited by E. Schöll et al., (Springer International Publishing, Switzerland, 2016) | 6,0 |
| **2.4** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Th. Jüngling, **A. Gjurchinovski** and V. Urumov, "Experimental time-delayed feedback control with variable and distributed delays," Physical Review E **86,** 046213 (2012). **(IF = 2,255)** | 7,055 |
| | **A. Gjurchinovski** and V. Urumov, "Stabilization of unstable steady states and unstable periodic orbits by feedback with variable delay," Romanian Journal of Physics **58**, 36-49 (2013). **(IF = 0,526)** | 5,926 |
| | V. Urumov and **A. Gjurchinovski**, "Balkan countries presence in Science Citation Index and SCOPUS in the fields of physics and chemistry," Romanian Reports in Physics **65** (4), 1567-1578 (2013). **(IF = 1,123)** | 6,523 |
| | **A. Gjurchinovski**, "Reflection from a moving mirror - a simple derivation using the photon model of light," European Journal of Physics **34**, L1-L4 (2013). **(IF = 0,644)** | 6,644 |

| | | |
|---|---|---|
| | **A. Gjurchinovski**, T. Jüngling, V. Urumov, and E. Schöll, "Delayed feedback control of unstable steady states with high-frequency modulation of the delay," Physical Review E **88**, 032912 (2013). **(IF = 2,313)** | 5,913 |
| | **A.Gjurchinovski**, A. Zakharova, and E. Schöll, "Amplitude death in oscillator networks with variable-delay coupling," Physical Review E **89**, 032915 (2014). **(IF = 2,326)** | 7,126 |
| **2.5** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| | **A. Gjurchinovski**, V. Urumov, Z. Vasilkoski, "Desynchronization of Systems of Coupled Hindmarsh-Rose Oscillators," Bulgarian Journal of Physics **38**, 303-308 (2011). | 3,2 |
| **2.6** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | **A. Gjurchinovski**, E. Hadzieva, V. Urumov, "Variable-delay feedback control of unstable steady states with phase-dependent coupling," Proceedings of 10-th international conference ETAI, A2-1 (Ohrid, Macedonia, 2011) | 2,4 |
| | **A. Gjurchinovski**, Th. Jüngling and V. Urumov, "Control by Pyragas method with variable delay: from simple models to experiments," Proceedings of NOLTA2012, pp. 679-682 (Palma de Majorca, Spain, 2012). | 2,4 |
| | A. Zakharova, S. Loos, J. Siebert, **A. Gjurchinovski**, and E. Schöll, Chimera patterns: influence of time delay and noise, Proceedings of IFAC (International Federation of Automatic Control ) -PapersOnLine **48-18,** 007–012 (2015). | 1,8 |
| **2.7** | **Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет** | |
| | **A. Gjurchinovski**, "Variable-delay feedback control in chaotic dynamical systems" (Technische Universität Berlin, 18 december 2012) | 3,0 |
| **2.8** | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)** | |
| | V. Urumov and **A. Gjurchinovski**, "Stabilization of steady states by variable time-delayed feedback," 12th International Balkan Workshop on Applied Physics, 6-8 July 2011, Constanta, Romania. | 1,0 |
| | **A. Gjurchinovski**, E. Hadzieva, V. Urumov, "Variable-delay feedback control of unstable steady states with phase-dependent coupling," | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | 10-th international conference ETAI, Session A-2: Control systems, 16-20 September 2011, Ohrid, Macedonia. | |
| | V. Urumov and **A. Gjurchinovski,** "Contributions from the Balkans – From Boskovich to modern science archives," Symposium on "Dissemination and development of physics and mathematics on the Balkans", 17-18 October 2011, Bulgarian Academy of Sciences, Sofia, Bulgaria. | 1,0 |
| | Th. Jüngling, **A. Gjurchinovski** and V. Urumov, "Experimental control of chaos by variable and distributed delay feedback," 76th Annual Meeting of the DPG and DPG Spring Meeting, 25-30 March 2012, Berlin. | 1,0 |
| | **A. Gjurchinovski**, Th. Jüngling and V. Urumov, "Control by Pyragas method with variable delay: from simple models to experiments," 2012 International Symposium on Nonlinear Theory and its Applications (NOLTA), Palma, Majorca, Spain, October 22-26, 2012. | 1,0 |
| | E. Schöll, **A. Gjurchinovski**, and A. Zakharova, "Amplitude death in dynamical networks with time-varying delay," Tenth AIMS Conference on Dynamical Systems, Differential Equations, and Applications, Madrid, Spain, 07-11 July, 2014. | 1,0 |
| | A. Zakharova, S. Loos, J. Siebert, **A. Gjurchinovski**, and E. Schöll, "Transient amplitude chimeras: the impact of time delay and noise," DY 14: Focus Session: Chimera states: symmetry-breaking in dynamical networks (joint session DY/ BP), 79th Annual Meeting of the DPG and DPG Spring Meeting, 15-20 March 2015, Berlin (invited talk). | 1,0 |
| | A. Zakharova, S. Loos, J. Siebert, **A. Gjurchinovski**, and E. Schöll, "Chimera patterns: influence of time delay and noise," 4-th IFAC Conference on Analysis and Control of Chaotic Systems (CHAOS 2015), 26-28 August 2015, Tokyo Metropolitan University, Tokyo, Japan (invited session). | 1,0 |
| | A. Zakharova, S. Loos, J. Siebert, V. Semenov, **A. Gjurchinovski**, and E. Schöll, "Controlling coherence/incoherence patterns by noise and delay," Mini-simposium on Controlling complex networks: interplay of structure, noise, and delay (MS13), Dynamics Days Europe, Exeter, United Kingdom, 06-10 September 2015. | 1,0 |
| **2.9** | **Учество на научен/стручен собир со реферат (постер - презентација)** | |
| | Th. Jüngling, **A. Gjurchinovski** and V. Urumov, "Experimental variable-delay feedback control," XXXI Dynamics Days Europe, 12-16 September 2011, Oldenburg, Germany. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **78,487** |

**3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **3.1** | **Книга од стручна област** | |
| | *Група автори*, Збирка решени задачи од натпревари по физика - книга 1 (Друштво на физичарите на Република Македонија, Скопје, 2016) | 7,0 |
| **3.2** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| | Рецензент на **71 научен труд** во следните меѓународни научни списанија: American Journal of Physics (6 статии), Astrophysics and Space Science (1 статија), European Physical Journal - Plus (2 статии), Europhysics Letters (2 статии), Indian Journal of Physics (1 статија), Journal of Aerospace Engineering (2 статии), Journal of the Optical Society of America (2 статии), Optics Letters (2 статии), Physics Essays (1 статија), Proceedings of the National Academy of Sciences, India, Section A: Physical Sciences (1 статија), Thermal Science (1 статија), Fluctuations and Noise Letters (1 статија), Optics Communications (1 статија), Physics Letters A (1 статија), Wave Motion (1 статија), Journal of Physics A: Mathematical and Theoretical (3 статии), Physica Scripta (1 статија), New Journal of Physics (1 статија), Journal of Optics (1 статија), European Journal of Physics (21 статија), Communications in Nonlinear Science and Numerical Simulation (19 статии). | 71,0 |
| **3.3** | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | |
| | Комисија за изготвување на задачи за регионални и државни натпревари по физика (2011-2016, пет мандати) | 5,0 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **3.4** | **Студиски престој во странство** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Научен престој при истражувачкиот центар “Контрола на самоорганизирачки нелинеарни системи – теориски методи и концепти на примена” (SFB 910), Институт за теориска физика, Технички универзитет во Берлин, 1 декември - 22 декември 2012. | 0,5 |
| **3.5** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Поткомисија за самоевалуација на Институт за физика (2013/2014) | 0,5 |
| | Пописна комисија на Институт за физика (2015/2016) | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | **84,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **102,6** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **78,487** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **84,5** |
| **ВКУПНО** | **265,587** |

**Членови на Комисијата**

4. Д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.
5. Д-р Љупчо Хаџиевски, научен советник на Институтот за нуклеарни науки „Винча“, Белград, с.р.
6. Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**

**Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на**

**Наставно-научниот совет на Факултетот,**

**одржана на 02.06.2016 година.**

**1. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ружица Блажевска, дипломиран професор по хемија | „АТМОСФЕРСКА ДЕПОЗИЦИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА РАЗЛИЧНИ ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПОЧВИТЕ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА “. | „ATMOSPHERIC DEPOSITION AND DISTRIBUTION OF VARIOUS CHEMICAL ELEMENTS IN SOILS IN THE SKOPJE REGION, REPUBLIC OF MACEDONIA “ | д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-745/3 од 20.06.2016 г. |
| 2. | Зорица Рајчановска, дипломиран инженер по хемија | „СОВРЕМЕНИ МЕТОДИ ЗА ЕКСТРАКЦИЈА ЗА АНАЛИЗА НА ПРИОРИТЕТНИ СУПСТАНЦИ ВО ВОДА СО ГАСНА ХРОМАТОГРАФИЈА“ | „CONTEMPORARY EXTRACTION METHODS FOR ANALYSES OF PRIORITY SUBSTANCES IN WATER WITH GAS CHROMATOGRAPHY“ | д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-782/3 од 20.06.2016 г. |

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА НА КАТЕДРАТА ЗА БОЛЕСТИ НА ЗАБИТЕ И ЕНДОДОНТОТ

**НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, Стоматолошки факултет, објавен во весниците ,,Вечер" и ,,Лајме" од 26. 5. 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област дентална патологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-897, донесена на 33. редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Соња Апостолска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Лидија Поповска, вонреден професор, д-р Илијана Муратовска, доцент на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Марија Стевановиќ, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и д-р Маја Пандилова, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) Дентална патологија, во предвидениот рок се пријавија научен соработник Василка Ренцова и научен соработник Павлина Алексова.

**1.Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Василка Ренцова е родена на 31. 1. 1967 година, во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата "Орце Николов" во учебната 1984/85 година. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, во учебната 1985/86 година година. Дипломирала на 18. 3. 1991 година, со просечен успех 9,21. Стручниот испит го полжила во 1993 година и истата година се вработила на Клиниката за болести на забите и ендодонтот при ООЗТ Стоматолошки клиники Скопје како доктор стоматолог.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2000/2001 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје. Студиите ги завршила на 22. 3. 2004 година, со просечен успех 10. На 8. 6. 2005 година го одбранила магистерскиот труд на тема: ,,Евалуација на

инкорпорираниот флуор во тврдите забни ткива по апликација на флуор ослободувачки реставративни материјали”.

Докторска дисертација пријавила на 17. 10. 2007 година на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”- Скопје. Дисертацијата на тема: ,,Проценка на кариостатскиот потенцијал и биокомпатибилноста на материјали кои се користат во реставративната стоматологија” ја одбранила на 20. 1. 2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Славјанка Оџаклиевска, проф д-р Љупка Матовска, проф д-р Миле Царчев, проф. д-р Ицко Ѓоргоски и проф. д-р Трпе Ристоски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматолошки науки.

Во 1998 година го положила специјалистичкиот испит и се здобила со звањето специјалист по болести на забите и ендодонтот.

Во 2002 година е избрана во звањето помлад асистент на Стоматолошкиот факултет во Скопје во областа болести на забите и ендодонтот. Во 2007 година е избрана во звањето асистент на Стоматолошкиот факултет во Скопје во областа болести на забите и ендодонтот.

Во моментот е научен соработник. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1070 од 2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 764, 803, 826, 850, 867, 909, 912, 945, 986, 987, 992, 997, 998, 1009, 1045, 1054, 1057, 1070 и 1110, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет, кандидатката д-р Василка Ренџова изведува практична и теоретска настава (настава, вежби, теренска настава итн.) на прв циклус студии на студиската програма доктори по стоматологија и студиската програма доктори по дентална медицина, студиската програма за стручни стоматолошки сестри и студиската програма за стручни забни техничари од 2002 година до денес.

Ментор е на повеќе студентски теми презентирани на студентски конгреси во Републиката.

Кандидатката е коавтор на рецензиран учебник под наслов „Ендодонција“, рецензиран во Билтен 1057.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Василка Ренџова има објавено вкупно 80 научни трудови од стоматолошката област, од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 7 труда, во меѓународни научни списанија и научни

публикации, 21 труд во домашни научни списанија, 48 трудоа во зборници од научни собири, автор е на една монографија, коавтор е на три книги од стручна област и има одржано 11 пленарни предавања како поканет предавач на домашни и меѓународни собири.

Како помлад истражувач, д-р Василка Ренџова била учесник во меѓународен научноистражувачки проект: Корелација помеѓу орална хигиена, пХ на плунката и дентален плак во фреквенцијата на кариесот и негова контрола, преку современи превентивни мерки кај различна популација, Македонија и Грција (2006-2009), финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Била учесник во национален научноистражувачки проект: ,, Застапеноста на оптималното орално задравје кај возрасното население на територијата на Р. Македонија" , одобрен од Наставнонаучниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, со одлука бр. 02-2365/2 од 12.12.2014 година.

Во изборниот период, д-р Василка Ренџова учествувала во изготвување и пријавување на научен образовен меѓународен проект, 2010 со наслов ,,Превенција, етиологија, дијагностика на напредокот на денталната ерозија со професионални и индивидуални профилактички мерки (кај различна популација во Македонија и Хрватска)".

За тековниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања приложува 83 трудови кои се цитирани во АНЕКС 2 кој следува. За рецензија ги приложува следниве трудови:

1. Данило Крстевски, Катерина Јордановска, Соња Апостолска, **Василка Ренџова**, Дубравка Ангелиќ. Реминерализационото дејство на Елмекс флуид на иницијални кариозни лезии на емајлот на забот преку негова топикална апликација (study case). Vox Dentari,i god. 9, бр. 28; 32-35, 2014. Во оваа клиничка студија е испитуван ефектот на стандардниот органски аминофлуориден раствор со концентрација 1% F споредено со пониска концентрација на истиот (0,5% F).

   Резултатите покажале дека почеста апликација на аминофлуоридниот раствор со пониска концентрација обезбедува подобра заштита од кариес и покажува поголема ефикасност во намалување на дентинската хиперсензитивност.

   Трудот има апликативен карактер.

2. Татјана Матлиоска, Апостолска С, **Ренџова В**, Коцевски М, Конески Ф, Крстевски Д. Примена на SDR ( smart dentin replacement) композитот кај постериорни реставрации- приказ на случај. VII конгрес на стоматолозите

на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 531,532-постер.
Целата на трудот е да се прикажат карактеристиките на материјалот SDR (smart dentin replacement) и да се посочат придобивките од неговото користење.

Резултатите покажуваат дека клиничката примена на SDR - техниката во споредба со останатите ресавративни материјали покажа значително скратување на времето на работа, лесна апликација на материјалот, добра адаптација за ѕидовите, скратена полимеризација и одлично рабно затворање.

Примената на SDR во секојдневната пракса тука би била одлична солуција бидејќи ја поедноставува постериорната реставрација и дава сигурни и брзи резултати.

Трудот има апликативен карактер.

3. Линдихана Емини, Апостолска Соња, **Ренџова Василка**, Неџмије Ајеми. Каналната обтурација на коренските канали обтурирани со Gutta flow и Thermafil техниката оценувана со помош на микрокомпјутер томографија. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 283,284-постер.
Авторите на овој труд си поставиле за цел да го оценат процентот на празнини и простори измеѓу материјалот за оптурација и внатрешниот ѕид на коренскиот канал, кај коренски канали оптурирани со Gut-ta Flow и Thermafill техника.

Добиените резултати покажале дека се евидентираат празнини во двата материјала за обтурација. Ниеден од материјалите не покажал целосна адаптација на материјалот за оптурација со внатрешниот ѕид на коренскиот канал.

4. Сања Манчевска, Јасмина Плунцевиќ Глигоровска, **Василка Ренџова**, Филип Конески, Јулијана Николовска. Преваленција на депресија и висока анксиозност кај студентите по стоматологија во Република Македонија. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 351,352-усна.
Целта на овој труд била да се одреди преваленцијата на депресија и висока анксиозност кај студентите по стоматологија во сите фази на студирањето.

Врз основа на направените истражувања и направените резултати, авторите дошле до заклучок дека: депресијата и високата анксиозност се присутни кај студентите по стоматогија во сите фази на студирањето. Најинтензивна и најчеста појава била документирана во текот на прва и втора година. Според авторите, неопходно е да се обрне внимание на студентите во текот на раните фази на студирањето, преку организирање на советувалиште со помош на засегнатите студенти.

Трудот има апликативен карактер.

5. Костадиновска Е, Саракинова О, Димитровска С, Поп Стефановска М, Апостолска С, Јанкуловска М, Стојановска В, Омерагиќ А, **Ренџова В**. Примена на ИЦОН во терапијата на белите дамки на забите после ортодонтски третман (приказ на случај). VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 407,408-усна.
Целта на овој труд била да се отстранат белите дамки со примена на ICON (инфилтративен концепт) по ортодонтскиот третман. Врз основа на направените истражувања и добиените резултати може да се заклучи дека примената на ICON е минимално инвазивна техника која им овозможува на стоматолозите да ги третираат успешно сите лезии кои не се доволно напреднати за поинвазивни процедури, а со тоа повторно да ја вратат насмевката на своите пациенти без разлика на возраста.

Трудот има апликативен карактер.

6. **Василка Ренџова.** Менаџирање на дентнската преосетливост. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 205,206.
Авторката во овој труд дава целосен преглед на дентинската хиперсензитивност како значаен клинички проблем, причините за нејзино настанување, зачестеноста на оваа појава кај пациентите со посебен акцент на менаџирањето на дентинската преосетливост од страна на стоматологот. Според авторката долготрајното решавање на проблемот е поуспешно кога покрај контрола на болката, стратегијата на третман вклучува и елиминација или редукција на етиолошките фактори. Дентинската хиперсензитивност најдобро се решава преку комбинирана терапија во домашни услови и стоматолошка ординација.

Трудот има апликативен карактер.

7. Ристоска Стевица, Ивановски К, Поповска М, Георгиева С., Стефановска Е., Миндова С., **Ренџова В.** Корелација помеѓу ткивните нивоа на ММП-1 и клиничките параметри кај пациенти со агресивна пародонтопатија. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 553,554-постер.
Авторите во овој труд си поставиле за цел да ги детерминираат колерациите помеѓу вредностите на концентрацијата на ММП-1 во гингивалните и ткивните исечоци кај пациенти со агресивна пародонтопатија, со клиничките параметри. Врз основа на направените испитувања и добиените резултати, авторите заклучиле дека микроорганизмите од биофилот и нивните продукти ја иницираат продукцијата на колагеназите од страна на клетките на домаќинот. Со напредокот на инфламаторните процеси, нивните концентрации се

зголемуваат и доведуваат до деструкција на колагенот, губење на припојот, како и зголемена ресорпција на алвеоларната коска.

Трудот има апликативно-научен карактер.

8. Stevica Ristoska , Kiro Ivanovski, Sasho Panov, Emilija Stefanovska, **Vasilka Rendjova**, Snezana Pesevska, Sonja Mindova S,Katarina Dirjanska,Silvana Georgieva, andMaja Pandilova Correlation between the Concentration of the Matrixmetalloproteinase-1 Tissue Levels and Clinical Parameters in Periodontitis-affected Patients. RJPBCS 7(2), March – April 2016, 539-544, (IF 0,35).
   Авторите во овој труд си поставиле за цел да ги детерминираат колерациите помеѓу вредностите на концентрацијата на ММП-1 во инфламираните гингивалните ткивните исечоци кај пациенти со хронична пародонтопатија, со клиничките параметри. Добиените резултати од нивното истражување покажуваат дека микроорганизмите од биофилот и нивните продукти ја иницираат продукцијата на колагеназите ММП-1 и нивната концентрација се зголемува со развојот на инфламоторниот процес и доведува до губење на припојот, како и зголемена ресорпција на алвеоларната коска.

   Трудот има апликативно-научен карактер.

9. Апостолска С., **Ренџова В.,** Ефтимоска М., Линдихана Емини.Минимално инвазивен третман за естетски реставрации со композитни ламинати). Vox dentarii, година 5, бр 2; 23-25, септември 2015. Во оваа клиничка студија, авторите ги прикажуваат предностите од примената на префабрикуваните композитни ламинати со цел да се подобри естетскиот изглед во антериорната регија кај пациенти кои бараат поприфатливи естетски солуции од традиционалните порцелански винерии. Во трудот е претставен новиот композитен систем Componeer (coltene/whaledent), кој ја прави естетската реставрација полесна, поефикасна и воедно нуди нова оптимална, функционална и економична естетика од која придобивка имаат и пациентите и стоматолозите.

   Трудот има апликативен карактер.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката д-р Василка Ренџова учествувала во изработката на стратешкиот план за развој на стоматологијата во Р. Македонија во периодот од 2011 до 2021 година, Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010 година.

Учествувала во изработка на програмата за специјализации по предметот болести на забите и ендодонтот на Стоматолошкиот факултет, во 2010 година.

Била член на Работното претседателство на сесија усни презентации, VI и VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, мај 2012 и 2015 година во Охрид.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Aristotle University of Thessaloniki, Department of operative dentistry, Head A Karanika – Kouma и во International Center for Dental Edukation, Shaan, Ivoclar Vivadent.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на Македонското стоматолошко друштво како организационен секретар од 2010 година до денес. Била член на Научниот одбор на 6 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Научниот одбор на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтоти и Организационен одбор на 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество

Исто така, учествувала во Комисија за полагање на стручен испит за стекнување на лиценца за работа - Стоматолошка комора на Македонија.

Во 1998 година го положила специјалистичкиот испит и се здобила со звањето специјалист по болести на забите и ендодонтот.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Василка Ренцова доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО,**

**НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Василка Петре Ренџова**

**Институција: Стоматолошки факултет-Скопје**

**Научна област: дентална патологија**

**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | НАЗИВ НА АКТИВНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на прв циклус на студии**<br><br>Болести на заби, 15 часа неделно (претклиника, 1,2,3,4)<br><br>По изборот за асистент 2002- 20016 ( 15 години, 2 семестри годишно по 15 часа неделно)<br><br>Од учебната 2012/ 2016 година<br><br>- претклиничка кариологија (зимски семестар)<br><br>-претклиничка ендодонција (летен семестар)<br><br>- клиничка кариологија 1 и 2<br><br>- клиничка ендодонција 1 и 2 | 261 |
| | | |
| | **Консултации со студенти**<br><br>Доктори по дентална медицина Болести на заби и ендодонт 2002- 20016 (x 50) | 2.9 |
| | **Консултации со студенти во рамки на здравствена клиничка практика**<br><br>стажанти од 2002 до 2016 - вкупно 30 стажанти | 6 |
| | **Настава во летни школи и работилници** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Application Notes of Er: YAG and Nd: YAG Lasers in Dentistry, Скопје, 11 јуни 2009 година. | 1 |
| | „Машинска припрема на коренски канали за цементирање на композитни колчиња” Dental Meeting; Скопје, 6-7 април 2013 година | 1 |
| | „Практична употреба на дентален микроскоп Leica 320”,Скопје, март 2014 година. | 1 |
| | | |
| | **ВКУПНО ОД НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 272.9 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТ** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Учесник во меѓународен научен проект: „**Корелација помеѓу оралната хигиена пХ на плунката и денталниот плак во фреквенција на кариесот и негова контрола преку современи мерки кај различна популација ( Македонија и Грција)“ ( 2006-2009), финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија. | 5 |
| | **Учесник во национален научно истражувачки проект:** „Застапеноста на оптималното орално задравје кај возрасното население на територијата на Р. Македонија” одобрен од Наставнонаучниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје со одлука бр. 02-2365/2 од 12.12.2014 година. | 3 |
| | **Изготвување и пријавување на научен образовен меѓународен проект, 2010 година, учесник:** „Превенција, етиологија, дијагностика на напредокот на денталната ерозија со професионални и индивидуални профилактички мерки (кај различна популација во Македонија и Хрватска)”. | 1 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор/6+и.ф.** | |
| | Rendzova V., Apostolska S., Gjorgovski I. Evaluation of incorporated fluoride in dentin after aplication of three different | 4,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | fluoride- releasing restorative materials. Acta Stomatologica Naissi, 2007, vol.23, No.55;685-692. Трудот е рецензиран во билтен 987. | |
| | Apostolska S., Rendzova V., Ivanovski K., Peeva M., Elencevski S. Presence of caries with different levels of oral hygiene. Macedonian academi of sciences and arts, Contribution, Section of biological and medical sciences, XXXII, 269-281 2011. Трудот е рецензиран во билтен 1009. | 3,6 |
| | Rendjova Vasilka, Gjorgoski Icko, Ristoski Trpe, Apostolska Sonja. In vivo study of pulp reaction to glass ionomer cements and dentin adhesives. Contribution, Section of biological and medical sciences. 2012,XXXIII 1. Трудот е рецензиран во билтен 1045 | 3,6 |
| | Rendjova Vasilka, Apostolska Sonja, Gjorgoski Icko. The effect of various dental filling materials on artificially demineralized dentin. Contribution, Section of biological and medical sciences. 2012, XXXIII 1. Трудот е рецензиран во билтен 1045. | 4,8 |
| | Apostolska Sonja, Gjorgievska Elizabeta, Eftimovska Marina, Jankulovska Mira, Rendzova Vasilka, Ivanovski Kiro. Biodentine'tm – a revolutionary biomaterial for endodontic applications ( report of clinical cases). Jokul Journal; vol 63, No. 7, Jul 2013, 479-493. IF 1.604. | |
| | Eftimoska Marina, Apostolska Sonja, Rendjova Vasilka, Elencevski Saso, Popovac Aleksandra, Mirjana Peric. Effect of carisolv gel on sound, demineralized and carious dentin: in vitro study. Serbian dental journal, vol 62, No 1, 2015; 21-24. Трудот е рецензиран во билтен 1110, ноември 2015. | 3,6 |
| | Rendzova Vasilka, Apostolska Sonja, Eftimoska Marina, Elencevski Saso, Lindihana Emini, The influence of the dentin on antimicrobial effect of different restavrative materials. Apolonia – Albanian dental journal. No 32, 34-39; May 2015. Трудот е рецензиран во билтен 1110, ноември 2015. | 3,6 |
| | Sonja M Apostolska, Vasilka P Rendzova, Marina Eftimoska, Saso M Elencevski, Marija M Stevanovic, Kiro Ivanovski, Mira Jankulovska, Meri Pavlevska, Aleksandar Dimkov, Elizabeta Gjorgievska.SEM Evaluation of Dentin Surface after Different Types of Caries Removal. Research Journal of Pharmaceutical, Biological and Chemical Sciences July–August 2015 RJPBCS 6(4);1145-1152, (IF 0,35). Трудот е рецензиран во билтен 1110, ноември 2015. | 3,6 +<br>0,35 |

| | | |
|---|---|---|
| | Eftimoska M, Apostolska S, Rendzhova V, Gjorgievska E, Stevanovic M, Ivanovski K, Jankulovska M, Elenchevski S, Pavlevska M, and Dimkov A. Clinical and Histological Analyzes of the Response of the Pulp after Its Direct Capping with Calxyl, MTA and Biodentine. Research Journal of Pharmaceutical, Biological and Chemical Sciences July–August 2015 RJPBCS 6(4); 1097-1111, (IF 0,35). Трудот е рецензиран во билтен 1110, ноември 2015. | 3,6 + 0,35 |
| | Stevica Ristoska , Kiro Ivanovski, Sasho Panov, Emilija Stefanovska, Vasilka Rendjova, Snezana Pesevska, Sonja Mindova S,Katarina Dirjanska,Silvana Georgieva, andMaja Pandilova Correlation between the Concentration of the Matrixmetalloproteinase-1 Tissue Levels and Clinical Parameters in Periodontitis-affected Patients. RJPBCS 7(2), March – April 2016, 539-544, (IF 0,35). | 3,6 + 0,35 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| | Каранфилович В., Ренџова В., Стеванович М., Поповска Л. Рабното затворање кај препарации од II класа со. Македонски стоматолошки преглед во 2003, број 1-4:29-34 Трудот е рецензиран во Билтен бр. 850 | 2,4 |
| | Апостолска С., Оџаклиевска С., Ковачевска И., Ренџова В., Ристоски Т. Оклузална и цервикална микропропустливост кај композитни инлеи ИИ класа цементирани со два различни материјали. Македонски стоматолошки преглед 2005, 29: 189-193. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 912. | 2,4 |
| | Апостолска С., Оџаклиевска С. Ренџова В., Дентална ерозија и нејзина превенција со професионални и индивидуални профилактички мерки. Македонски стоматолошки преглед 2007,1-2, 69-73. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 909. | 3,2 |
| | Ренџова В., Апостолска С., Ковачевска И., Ристески Т. Отстранување на размачканиот слој во корелација со денталната и апикалната адаптација на каналното полнење. Македонски стоматолошки преглед 2006,3-4, 328-333. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987. | 2,4 |
| | Ренџова В., Оџаклиевска С., Апостолска С., Ѓорговски И. Ефектот на смолесто модифициран и конвенционален глас јономер цемент врз деминерализиран дентин. Македонски стоматолошки преглед 2007,3-4, 128-133. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987. | 2,4 |
| | Апостолска С., Ренџова В., Оџаклиевска С. Полирање на забите и неговата улога во превенција на кариесот. Македонски стоматолошки преглед 2008,1-2,32-36. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987. | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ренџова В., Апостолска С., Проценка на антибактериската активност на два глас јономер цементи и два дентин атхезиви. Македонски стоматолошки преглед 2008,3-4, 208-214. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987. | 3,6 |
| | Ренџова В. Примена на глас јономер цементите во ендодонцијата. Стоматолошка ревија; 2008-4(3): 45-46 | 4,0 |
| | Апостолска С., Ренџова В., Јанкуловска М. Ќипровски М., Муратовска И. Естетска и функционална реставрација на предни заби. Македонски Стоматолошки преглед 2009,1-2, 29-33. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987.<br><br>Апостолска С., Ренџова В., Георгиевска Е., Јанкуловска М. Клиничка евалуација од 10 и 15% карбамид пероксид средство за белење на забите. Македонски стоматолошки преглед 2010,1-2, 8-13. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1009. | 2,4<br><br>2,4 |
| | Ренџова В., Апостолска С., Ристеска С. Влијанието на флуорот ослободен од реставративниот материјал на процесот на реминерализација на дентинот. Македонски стоматолошки преглед 2011,5-6, 307-312. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1045. | 3,2 |
| | Ристоска С., Стефановска Е., Ивановски К., Ренџова В., Митиќ К. Состојба на пародонталните ткива кај пациенти со Diabetes mellitus. Македонски стоматолошки преглед 2011,5-6, 258-294. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1045. | 2,4 |
| | Apostolska S., Rendjova V., Eftimoska M., Georgievska E., Jankulovska M. Aesthetic restorations with the new composite system Componeer – Direct Composite Veneers. Mased. Dent Rev, 2012, 5,6; 193-200. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1045. | 2,4 |
| | Rendjova Vasilka, Apostolska Sonja, Ristoska Stevica. Dentin hypersensitivity–etiology and therapy (a review). Review of Faculty of dentistry – Skopje, year XXXVII, No 1-2; 104-116 (2013). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1110, ноември 2015. | 3,2 |
| | Rendzova Vasilka, Apostolska Sonja, Eftimoska Marina, Lindihana Emini, Ristoska Stevica. The effect of Nd:yag laser in dentin hypersensitivity treatment. Review of faculty of dentistry – Skopje; year XXXVIII, associate number 2015; 25-34. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1110, ноември 2015. | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Rendjova Vasilka, Apostolska Sonja, Ristoska Stevica, Eftimoska Marina, Elencevski Saso, Pancevska Sanja. In vitro dentin fluoride uptake from three fluoride containing restorative materials. Review of Faculty of dentistry – Skopje, year XXXVII, No 1-2; 30-38 (2014). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1110, ноември 2015. | 2,4 |
| | Apostolska Sonja, Rendzova Vasilka, Eftimoska Marina, Ivanovski Kiro, Jankulovska Mira, Georgievska Elizabeta, Stevanovic Marija, Elencevski Saso. Ergonomics and dental practice: preventing muskuloskeletal disorders. Review of faculty of dentistry – Skopje; year XXXVIII, associate number 2015; 110-121. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1110, ноември 2015. | 2,4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/ научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Апостолска С., Ренџова В., Георгиевска Е., Ефтимоска М., Јанкуловска М. Biodentine$^{tm}$ материјал за репарација во ендодонцијата. Стоматолошки информатор, година II, бр. 3 декември 2012; 19-22. Трудот е рецензиран во билтен 1045.<br><br>Ренџова В., Апостолска С. Клиничка евалуација на ефектот од примената на ласерот во третманот на хиперсензитивен дентин. Стоматолошки информатор, година II, бр. 3 декември 2012; 23-25. Трудот е рецензиран во билтен 1045. | 1,2<br><br>1,8 |
| | Данило Крстевски, Катерина Јордановска, Апостолска Соња, Василка Ренџова, Ангелиќ Дубравка. Реминерализационо дејство на Elmex fluid на иницијални кариозни лезии на емајлот на забот преку негова топикална апликација (study case). Vox dentarii, година 9, бр 28; 32-35, 2014. | 1,2 |
| | Апостолска С., Ренџова В., Ефтимоска М., Линдихана Емини.Минимално инвазивен третман за естетски реставрации со композитни ламинати. Vox dentarii, година 5, бр 2; 23-25, септември 2015. | 1,2 |
| | **Учество на научен стручен собир ( усна, постер-презентација) со апстракт објавен во зборник на конференција - национална** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Ренџова В., Аџисанкова И. Саливарни фактори кои влијаат на појавата на кариес. Охрид, 1998. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 764. (постер). | 1 |
| | Ренџова В., Муратовска И. Филиповска В, Филиповски В. Патохистолошки наод на латентни и егзацербирани промени. Охрид, 2000. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 764. (постер) | 1 |
| | Муратовска И, Ренџова В, Капушевска Б, Бундевска Ј. Потреба од ревизија на дефинитивно полнење поради изработка на леани надоградби. Охрид, 2000. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 764. (постер) | 1 |
| | Каранфилович В., Ренџова В., Стеванович М., Поповска Л., Телеграфчиски Б. Испитување на рабното затворање кај препарации од II класа со композит и Sonicsys- system. III конгрес на стоматолозите на Македонија. Апстракти 2002: 77. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826, усна презентација. | 1,5 |
| | Ренџова В., Аџисанкова И., Оџаклиевска С., Каранфилович В. Ослободување на јони на калциум од МТА испитувано со атомска апсорпциона спектометрија. III конгрес на стоматолозите на Македонија. Апстракти 2002: 150. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 867, усна презентација. | |
| | Каранфилович В., Ренџова В., Стеванович М., Муратовска И Паралелна ин витро студија за антимикробното дејство на Ca(OH)2. III конгрес на стоматолозите на Македонија. Апстракти 2002: 150. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 867, усна презентација. | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1,5 |
| | **Учество на научен стручен собир (усна, постер-презентација) со апстракт објавен во зборник на конференција - меѓународна** | |
| | Stevanovic M., Stevanovic MM., Rendzova V., Muratovska I., Filipovska V. Tetric flow chroma advantages. 6th Congress of the Balkan stomatological society, 2001:104. Trudot e recenziran vo bilten 803 (poster) | 1,5 |
| | Muratovska I., Odzaklievska S., Rendzova V., Petreska M., Popovska L. Clinical evaluation of Ariston PHC aplication. V Congress of the Balkan stomatological society, ( Abstracts) Thesaloniki, 2000:243. ( poster) Trudot e recenziran vo bilten 826 | 1,5 |
| | Karanfilovic V.,Stevanovic M., Rendzova V., Popovska L., Muratovska I., Stojanovska V.; Postec the highly aesthetic post clinical experience; 9th Congress of the Balkan Stomatologikal Society (Abstracts).`Ohrid: Balkan Stomatological society, 2004:114. Trudot e recenziran vo bilten 850. (poster)<br><br>Rendzova V; Stevanovic M;Muratovska I;Karanfilovic V;Stojanovska V. Our clinical experience from application of the tissue trimmer; 9th Congress of the Balkan Stomatologikal Society (Abstracts).`Ohrid: Balkan Stomatological society, 2004:113. Trudot e recenziran vo bilten 867 (poster) | 1,5<br><br>1,5 |
| | Stojanovska V., Stevanovic M., Rendzova V., Muratovska I., Karanfilovic V., Simjanovska LJ. Comparasion between shear bond strength in use of adhesive Excite and self etchin adhesive AdheSe. 9th Congress of the Balkan Stomatologikal Society (Abstracts).`Ohrid: Balkan Stomatological society, 2004:145-6. Trudot e recenziran vo bilten 867 (poster) | 1,5 |
| | V. Rendzova , M. Stevanovic, I. Gjorgovski. Enamel and dentin fluoride uptake from two different fluoride releasing dental materials. 10th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts).`Belgrade: Balkan Stomatological society, 2005:115. Trudot e recenziran vo bilten 912 (poster) | 1,5 |
| | Rendzova V., Apostolska S., Odzaklievska S., Stojanovska V. The effect of Dia-Prep plus as intra-canal medicament. 11th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts).` Sarajevo: | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Balkan Stomatological society, 2006:111. Рецензирана во билтен 912. (poster) | |
| | Apostolska S., Rendjova V., Odjaklievska S., Jovanovski N. The Effect of intracoronarrry whitening of discolorated avital teeth whit Endoperox; 11th Congress of the Balkan Stomatological Society, Sarajevo 2006 (Abstract Book, Abstracts) 429. Трудот е рецензирана во билтен 912 (poster) | 1,5 |
| | Stojanovska V., Popovska L., Rendzova V., Muratovska I. Comparasion of adhesive bond strength between hard dental tissues and glass ionomer cements. 11th Congress of the Balkan Stomatological Society, Sarajevo 2006 (Abstract Book, Abstracts) 106. Trudot e recenziran vo bilten 945. (poster) | 1,5 |
| | Apostolska S., Lesnikovski M., Rendjova V., Georgievska E. <br><br> Resent developments in aesthetics restoration with composite materials and adhesive systems. The Fourth joint international east European dental excellence seminar powered by Ivoclar Vivadent ag and the fifth international congress of new technology, Zagreb, Croatia, 09-10 November 2012. Трудот е рецензиран во билтен 1045. (poster) | 1,5 |
| | Stevica Ristoska, K. Ivanovski, S. Panov, E. Stefanovska, K. Mitik, V. Rendzova. „Tissue levels of the neutrophil collagenase (MMP-8) at patients with periodontitis and healthy controls" 18th Congress of the Balkan Stomatologikal Society (Abstracts). Skopje: Balkan Stomatological society, 2013:381 (poster presentation). | 1,5 |
| | Sonja Mihail Apostolska, Elizabeta Gjorgievska,Vasilka Rendzova, Marina Eftimovska, Kiro Ivanovski,Mira Jankulovska, Marija Stevanovic, Saso Elencevski. Biodentine'tm – A Biomaterial for Endodontic Applications – Clinical Cases. International Dental Journal 2013; 63 (Suppl. 2): 1—98, 2013 FDI World Dental Federation (usna prezentacija) | 2 |
| | Ренџова В., Апостолска С., Матовска Љ. Флуор-ослободувачки реставративни материјали и појавата на секундарен кариес. III конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006: 2. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 912. (усна презентација) | 2 |
| | Апостолска С., Ренџова В., Матовска Љ. Дијагностички тестови како средство за дијагноза на денталниот кариес и негова превенција. III конгрес по превентивна медицина на | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006: 27. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 912. (усна презентација) | |
| | Ренџова В., Апостолска С., Ѓорговски И Стевановиќ М., Ристевска С. Кариостатскиот ефект на три различни реставративни материјали. IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2006. Апстракти: 16. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 912. (усна презентација) | 2 |
| | Апостолска С., Ренџова В., Оџаклиевска С., Ефтимовска М., Муратовска И., Ковачевска И. Превентивни реставративни тераписки мерки на некариозни лезии-ерозии. IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество,2006. Апстракти: 17. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945. (усна презентација) | 2 |
| | Апостолска С., Ренџова В., Оџаклиевска С., Матовска Љ., Кипровски М. Конзервативно реставративни можности за совршена естетика- клиничка студија. IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2006. Апстракти: 24. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945. (усна презентација) | 2 |
| | Ренџова В., Апостолска С., Оџаклиевска С., Стојановска В. Примената на диа-преп плус во корелација со апикалната микропропустливост. IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2006. Апстракти: 25. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945. ( усна презентација) | 2 |
| | Стојановска В. Поповска Л., Муратовска И., Ренџова В., Симјановска Љ., Кипровски М. Ултраструктура на атхезивната површина под атхезивниот систем при употреба на подлога од калциум хидроксид. IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2006. Апстракти: 40. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945. (Постер) | 1,5 |
| | Ципунова Б., Ѓоргова Ј., Димова Ц., Ренџова В., Радојкова В. Комбиниран пристап во третманот на импактираните заби: приказ на случај. IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество. Апстракти 2006: 31. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 992. (Постер) | 1,5 |
| | Ренџова В. Апостолска С., Стојановска В. Конзервативен третман на кариозни и некариозни дефекти со течен композит. V конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2009. Апстракти 028. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987. ( усна презентација) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Стојановска В. Поповска Л., Муратовска И., Ренџова В., Пејковска Б. Адаптација на две различни подлоги од калциум хидроксид под композитна реставрација. V конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2009. Апстракти 070-постер. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 986. (Постер) | 1,5 |
| | Апостолска С., Ренџова В., Јанкуловска М. Естетско решавање на фрактурирани заби. V конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2009. Апстракти 032. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987. ( усна презентација) | 2 |
| | Ренџова В., Апостолска С. Хистолошка студија за биокомпатибилноста на различни материјали за реставрација. VI Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2012. Апстракти 154. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1045. (усна презентација) | 2 |
| | Апостолска С., Ренџова В., Ефтимовска М. Клиничка апликација на Biodentine TM во ендодонцијата. VI конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2012. Апстракти 155. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1045. (усна презентација) | 2 |
| | Ренџова В., Апостолска С. Примена на Nd:Yag ласер во терапија на дентинска хиперсензитивност. VI конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2012. Апстракти 196. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1045. (Постер) | 1,5 |
| | Ристоска С., Ивановски К., Панов С., Стефановска Е., Ренџова В., Митиќ К. Концентрација на ММП 1 (колагеназа 1) во гингивалните исечоци кај пациенти со пародонтопатија и здрави испитаници. VI конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2012, Охрид. Апстракти 50. ( усна презентација) | 2 |
| | Apostolska Sonja, Rendzova Vasilka, Gjorgievska Elizabeta, Eftimovska Marina, Ivanovski Kiro, Stevanovic M, Jankulovska Mira, Elencevski S. Endodontic perforation repair – clinical applications of mineral trioxide aggregate. Third Balkan congress for maxillofacial surgery, 2014, book of abstracts 25. Трудот е рецензиран во билтен 1091. | 2 |
| | Rendzova Vasilka, Apostolska Sonja, Stevica Ristoska, Eftimovska Marina. Pulp reaction to glass ionomer cements and detntin adhesives.Third Balkan congress for maxillofacial | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | surgery, 2014, book of abstracts 32. Трудот е рецензиран во билтен 1110 | |
| | Ристоска Стевица, Ивановски К, Поповска М, Георгиева С., Стефановска Е., Миндова С., Ренџова В. Корелација помеѓу ткивните нивоа на ММП-1 и клиничките параметри кај пациенти со агресивна пародонтопатија. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 50-постер. | 1,5 |
| | Сања Манчевска, Јасмина Плунцевиќ Глигоровска, Василка Ренџова, Филип Конески, Јулијана Николовска. Преваленција на депресија и висока анксиозност кај студентите по стоматологија во Република Македонија. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 50-усна. | 2 |
| | Линдихана Емини, Апостолска Соња, Ренџова Василка, Неџмије Ајеми. Каналната обтурација на коренските канали обтурирани со Gutta flow и Thermafil техниката оценувана со помош на микрокомпјутер томографија. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 50-усна. | 2 |
| | Татјана Матлиоска, Апостолска С, Ренџова В, Коцевски М, Конески Ф, Крстевски Д. Примена на SDR ( smart dentin replacement) композитот кај постериорни реставрации-приказ на случај. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 50-постер. | 1,5 |
| | Ренџова В, Апостолска С, Јанаќиевиќ – Ивановска Д, Ефтимоска М, Колоска В, Ристоска С. Компарација на физичките и хемиските карактеристики на материјали за директно прекривање на пулпата. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 50-усна. Трудот е рецензиран во билтен 1110. | 2 |
| | Костадиновска Е, Саракинова О, Димитровска С, Поп Стефановска М, Апостолска С, Јанкуловска М, Стојановска В, Омерагиќ А, Ренџова В. Примена на ИЦОН во терапијата на белите дамки на забите после ортодонтски третман (приказ на случај). VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 50-усна. | 2 |
| | Ефтимоска Марина, Апостолска С, Ренџова В, Георгиевска Е, Ивановски К, Стевановиќ М, Јанкуловска М, Еленчевски | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | С. МТА- клиничка примена како средство за директно прекривање и за репарација на ендодонтски перфорации. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 50-усна. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1110. | |
| | Василка Ренџова. Менаџирање на дентнската преосетливост. VII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид. Апстракти 205,206. | 1 |
| | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | Семинар со меѓународно учество на тема ,,Биоматеријали во стоматологијата", Примена на глас - јономер цементите во ендодонцијата, Скопје, 2008 година. | 3 |
| | Симпозиум со меѓународно учество на тема ,,Новини во секојдневната стоматолошка пракса" Здружение на специјалисти по детска и превентивна стоматологија на Македонија, Демир Капија, 2011. | 3 |
| | Симпозиум на здружение на стоматолози Струмица, на тема: „Современ третман на компликациите во стоматолошката пракса", Струмица, 2013. | 3 |
| | Симпозиум со меѓународно учество на Регионален одбор Битола на тема ,,Современ третман на дентинска хиперсензитивност" – Битола, 2013. | 3 |
| | Симпозиум со меѓународно учество на здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтот. Ендодонтска терапија – можност за сочувување на природниот заб, Скопје, 2014. | 3 |
| | Семинар со меѓународно учество на Стоматолошкиот факултет, УКИМ, Скопје на тема Современи аспекти во конзервативната терапија, Скопје ноември 2014. | 3 |
| | Поканет предавач на VII Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2015, Охрид со тема ,, Менаџирање и превенција на дентинската преосетливост". | 3 |
| | Симпозиум со меѓународно учество на здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтот ,,Клинички решенија при специфични ендодонтски состојби", Скопје, октомври 2015 година. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Симпозиум со меѓународно учество на стоматолошкото друштво на Албанците,, Фармацевтска основа на современата стоматологија", Кичево, декември 2015 година. | 3 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | Годишен стручен состанок со меѓународно учество, Здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтот, Неготино 2008 година. | 2 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | Здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтот, Современи системи за интраканална ретенција, Тетово, 2005 година. | 1 |
| | | |
| | **ВКУПНО ОД НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 199,05 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТ** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Студиски престој до 3 месеци** | |
| | 15.2. 2007 – 15. 3. 2007, Department of operative dentistry, Head A Karanika Kouma, Aristotelis University of Thessaloniki | 0,5 |
| | 14. 10. 2002 – 15. 10. 2002, International Center for Dental Edukation, Shaan, Ivoclar Vivadent | 0,5 |
| | **Коавтор на книга од стручна област**<br>,,Дијагностички и тераписки протоколи", Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010, рецензирана во Билтен бр. 998. | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | ,,Стратешки план за развој на стоматологијата 2011-2021", Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010 година, рецензирана во Билтен бр. 998. | 7 |
| | Сонја Еленчевска Апостолска, Василка Ренцова ,, Контрола на кариесот преку современи превентивни мерки", Скопје, 2013, рецензирана во Билтен бр. 1054. | 7 |
| | **Коавтор на позитивно рецензиран учебник**<br><br>Сонја Еленчевска Апостолска, Василка Ренцова ,, Ендодонција", учебник со позитивна рецензија објавена во Билтен бр. 1057. | 6 |
| | **Автор на монографија**<br><br>Василка Ренцова ,,Биокомпатибилност на материјалите за реставрација" , Скопје 2012, монографија, рецензирана во Билтен бр. 1045. | 8 |
| | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки**<br><br>- специјалист по болести на забите и ендодонтот | 2 |
| | | |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| | Македонско стоматолошко друштво, секретар 2010-2013 | 1 |
| | Македонско стоматолошко друштво, организационен секретар 2013 - | 1 |
| | Член на Научен одбор на 6 Конгрес со меѓународно учество | 1 |
| | Член на Научен одбор на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот | 1 |
| | Организационен одбор на 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество | 1 |
| | Член на Комисија за полагање на државен испит | 1 |
| | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | |
| | Учество во изработка на стратешки план за развој на стоматологијата 2011-2021, Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010 година. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Учество во изработка на наставна програма за специјализација од областа на дентална патологија и ендодонција | 3 |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | |
| | Благодарница по повод 50 - годишнината од основање на факултетот | 3 |
| | Благодарница по повод 10 години од осамостојувањето на Македонското стоматолошко друштво | 3 |
| | Благодарница за активно учество во организација на 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество | 3 |
| | | |
| | **ВКУПНО ОД СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 59 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **ПОЕНИ** |
|---|---|
| **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **272,9** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **199,05** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **59** |
| **ВКУПНО** | **530,95** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

`

1. Проф. д-р Соња Апостолска, претседател с.р.
2. Проф. д-р ЛидијаПоповска, член с.р.
3. Доц. д-р Илијана Муратовска член с.р.
4. Проф. д-р Маја Пандилова, член с.р.
5. Проф. д-р Марија Стевановиќ, член с.р.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и анализирајќи ја севкупната досегашна активност на кандидатите д-р Василка Ренцова и д-р Павлина Алексова, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Василка Ренцова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Василка Ренцова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област дентална патологија.

Кандидатката д-р Павлина Алексова не ги исполнува условите предвидени во член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за избор во наставно-научното звање доцент. Предвидените услови и минималниот број на поени што лицето треба да ги оствари за да може да биде избрано во звањето доцент е потребно кумулативно да бидат исполнети. Од наведените причини, тргнувајќи од фактот што кандидатката го нема исполнето условот просечен успех од најмалку 8 на студиите, рецензентската комисија не продолжи со пресметка на бројот на бодови.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Василка Ренцова да биде избрана во звањето доцент во научната област дентална патологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Соња Апостолска претседател с.р.
2. Проф. д-р ЛидијаПоповска, член с.р.
3. Доц. д-р Илијана Муратовска член с.р.
4. Проф. д-р Маја Пандилова, член с.р.
5. Проф. д-р Марија Стевановиќ, член с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет, објавен во весниците “Вечер” и ”Lajm” од 26.V 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област ортодонција, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-874, донесена на 33. Седница одржана на 7.VI 2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лидија Кануркова, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, доц. д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова, доцент на Стоматолошкиот факултет во Скопје, проф. д-р Јулијана Ѓоргова, пензиониран професор од Стоматолошкиот факултет во Скопје, проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и проф.д-р Александар Грчев, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област ортодонција, во предвидениот рок се пријавија: н.сор. д-р Билјана Ципунова, н.сор. д-р Наташа Тошеска-Спасова и н.сор. д-р Цветанка Мишевска-Бајрактарова од Катедрата за ортодонција.

1. **Биографски податоци и образование**

Кандидатката **н.сор.д-р Билјана Ципунова** е родена на 14.I 1968 година во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1985 год. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Дипломирала на Стоматолошкиот факултет во Скопје, 1990 година, со среден успех 9,54.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1991/92 година се запишала на магистерски студии на Стоматолошкиот факултет. Студиите ги завршила во 1993 година со просечен успех 9,6. На 19.V 2000 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Морфолошки карактеристики на малоклузија втора класа прво одделение“.

Докторска дисертација пријавила на Стоматолошкиот факултет во 2004 година. Дисертацијата на тема „Тераписки ефекти при малоклузија втора класа прво одделение“ ја одбранила на 26.XI 2008 година, пред Комисија во состав: проф.д-р Марија Зужелова, проф.д-р Јулијана Ѓоргова, проф.д-р Алберто Бенедети, проф.д-р Снежана Иљовска и проф.д-р Евдокија Јанкуловска. Со тоа се стекнала со научен степен-доктор на науки од научната област ортодонција.

Во 1997 година е избрана во звањето помлад асистент, а реизбрана е во 2000 година. Во звањето асистент е избрана во 2003 година, а реизбрана во истото звање е во 2006 и 2010 година.

Во моментот е научен соработник. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1091, од 31.XII 2014.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 630, 656, 665, 667, 675, 758, 763, 802, 826, 846, 892, 940, 992, 998, 1027, 1043, 1054 , 1070, 1071 и 1091. како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет-Скопје, кандидатката н.сор.д-р Билјана Џипунова изведува теоретска и практична настава на прв циклус студии на студиската програма доктор на дентална медицина и стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов „Ортодонтска морфолошка анализа и дијагностика“, издаден во Скопје, 2012. Учествувала во подготвувањето распоред за вежби за студентите по дентална медицина и за вишите забни техничари во учебните 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 , 2012/13, 2013/14, 2014/15 и 2015/16 година.

Во областа на ортодонцијата, кандидатката покажува долгогодишна активност во стручно-научната дејност. Стручната подготвеност ја стекнала преку присуство на голем број курсеви, семинари и симпозиуми организирани во земјата и во странство (39): Постедукативен курс по ортодонција. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 1993; Современа ортодонција-интердисциплинарен третман на деца со расцепи, Проф.М.Марковиќ (Србија), Скопје, 2000; Mulin-ова техника и Delaire–ова маска. Проф. Piere Verdon (Франција), Скопје,2001; Лечење на малоклузии со Herbst–ов апарат. Проф. Hans Pancherz (Германија), Белград, 2002; SWA, техника на прав лак, II дел. Проф. М.Милачиќ (Швајцарија), Белград, 2003; Divide-метода во терапија на бимаксиларна протрузија, со екстракција. Проф. Il Bong Kim (J.Кореја), Скопје, 2003; Постедукативен курс по ортодонција. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2005; Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа. Проф. Papadopulos (Грција), Скопје, 2007; Инфекции во орофацијалната регија. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2007; За хроничната орофацијална болка. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2007; Дентални фокални инфекции, профилакса и менаџмент. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2007; Клиничка ортодонција. Проф. Шашиќ (Србија) и Проф. Древеншек (Словенија), Охрид, 2007; Актуелности во ортодонција во 21. век, биотехнологија. Стоматолошка комора на РМ, Скопје, 2007; Mini screws as absolute anchorage in orthodontics. Dr. Thomas Lietz (Германија), Скопје, 2008; Миофункционално влијание на развитокот на лицевите структури врз забите. Dr.Niels Hulsnik (Холандија), Скопје, 2008; Алергии во стоматологијата. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2008; Релевантни концепти во третманот на малоклузиите. Проф. Ram Nanda (САД), Охрид, 2009; Course on Damon TM system. Dr. Rafael Espejo (Шпанија), Белград, 2009; System of self-ligating brackets: passive vs. active. Dr.M.Kuftinec (САД), Солун, 2009; Self-ligation with Discovery SL. Др. Димовска, Скопје, 2010; Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2010; Фацијални асиметрии: ортодонтско-хируршки аспект. ЗОМ со меѓународно учество, Скопје, 2010; Нови технологии, од пракса за пракса. МСД со меѓународно учество, Скопје, 2010; Оптимален модел за организирањето на примарната стоматолошка здравствена заштита кај децата до 14 години во РМ – предизвик за следната декада. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2011; Детекција, превенција и третман на импактирани заби. ЗОМ со меѓународно учество, Скопје, 2011; Современ пристап во третманот на пародонталната болест. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2011; Getting to grips with the Damon philosophy. Dr. Pieter Van Heerden (В.Британија), Скопје, 2011; Changes in treatment mechanics by the implementation of modern bracket designs. Dr. Vittorio Cacciafesta, Скопје, 2012; Современи технологии во ортодонцијата. ЗОМ со меѓународно учество, Скопје, 2013; Современи тераписки пристапи кај пациенти со ризични заболувања. Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2014; Каде оди ортодонцијата денес: дилеми, предизвици и решенија. ЗОМ со меѓународно учество, Скопје, 2014; The principles of the Alexander discipline. Др.Перковиќ (Хрватска), Куманово, 2014; Comparation of conventional and self-ligating brackets by Dentaurum. Dr.Santiago Isaza (Италија), Промедика, 2014; 8ми стоматолошки симпозиум Тиквеш, Кавадарци, 2014; Современи аспекти во терапијата на ортодонтските аномалии, ЗОМ со меѓународно учество, Дојран, 2014; Orthodontic miniscrew installation on maxillary buccal region, Prof.dr. Jin Hyoung Cho, Скопје, 2014; Современи хируршко-дијагностички концепти во стоматологијата, Стоматолошки факултет-Скопје, Скопје, 2015; Биомеханика, функција и естетика, ЗОМ со меѓународно учество, Велес, 2015.

Учествувала во подготвувањето распоред за вежби за студентите по дентална медицина и за вишите забни техничари во учебните 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 , 2012/13, 2013/14, 2014/15 и 2015/16 година

**Научноистражувачка дејност**

Н.сор. д-р Билјана Џипунова има објавено вкупно 106 научни трудови, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор, 29 трудови во меѓународни научни списанија и 75 во зборници од научни собири.

Учесник е во проектот „Асоцијација помеѓу орална и генитална афекција со ХПВ вирусот–причини за навремено вакцинирање: да или не", кој е во завршна фаза на изработка.

Активно учествувала на домашни и странски конгреси и симпозиуми: со постер-презентации учествувала на конгреси на Балканското стоматолошко друштво (Белград, 1997; Истанбул,1999; Солун, 2000; Букурешт, 2001; Кушадаси, 2002; Охрид,2004; Белград,2005; Букурешт,2011; Тирана,2012; Скопје,2013; Белград,2014; Букурешт,2015); на Европски ортодонтски конгрес (Прага, 2003), на конгресите на стоматолозите на РМ (1994, 1998, 2002, 2006 и 2012, 2015), Конгрес на лекарите на РМ (1999), на I симпозиум на ортодонти на Југославија (1996), на I интернационален ортодонтски конгрес на СЦГ (2003), на I македонски конгрес на максилофацијална и вратна хирургија (2006), на I и II конгрес на ЗОМ со меѓународно учество (2009, 2012). Уште во студентските денови активно учествувала на студентските конгреси на Југославија (1989, 1990).

Со усни презентации учествувала на конгресите на Балканското стоматолошко друштво (Солун,2000; Букурешт,2001; Кушадаси,2002; Охрид,2004; Скопје,2013), како и со пленарни предавања на Ортодонтската секција на РМ (2000), по повод Денот на здравјето (2005) и на Симпозиумот на ЗОМ со меѓународно учество (2011), на семинар организиран од Стоматолошкиот факултет во Скопје (Скопје, 2014) и на 7. Конгрес на стоматолозите на РМ со меѓународно учество (Охрид, 2015).

**За овој избор, кандидатката ги пријави трудовите за рецензија:**

90. Radojkova-Nikolovska V, Popovska M, Minovska A, Stojanovska V, **Dzipunova B**, Aleksova P, Atanasovska A, Belazelkovska A, Nikolovski B
**The influence of estrogen on the gingival health among girls.**
Acta Stomatologica Naissi Dec 2014,Vol 30, No70,p 1393-1407

Целта на испитувањето е да се одреди индексот на гингивата и вредностите на 17B естрадиол во плунката и серумот и неговото влијание на здравјето на гингивата кај девојчиња. Студијата е направена на 30 девојчиња на возраст 11-14 години со инфламација на гингивата и 30 девојчиња на иста возраст без гингивална инфламација. Добиените вредности на индексот на гингивата јасно укажуваат на присуство на гингивално воспаление. Нивото на естрогени во серумот и плунката упатуваат на позитивна корелација на индексите, особено на влијание на 17B естрадиол врз гингивалната инфламација и крварење.

Авторите заклучуваат дека добиените вредности на концентрација на хормоните во серум и плунка, укажуваат на нивното потенцијално влијание врз здравјето на гингивата, што потоа му влијае на стоматологот во превенцијата и терапијата на пародонтопатијата за време на пубертетот.

Трудот има научно-стручно значење.

**91.Dzipunova B**, Tosheska Spasova N, Radojkova Nikolovska V, Popovska M, Popovic Monevska D, Muratovska I

**The use and meaning of intermaxillary traction in orthodontic therapy.**

Mac Dent Rew 2015, XXXVIII, (1-2) :10-19

Целта на трудот е да се прикаже ефикасноста на интермаксиларните гумички кај пациенти со различни ортодонтски аномалии во сагитала, кои се користат во сите стадиуми на лекувањето, како тракција тип класа II, тип класа III, тип вкрстена влеча, бокс еластична тракција и влеча за корекција на интеринцизивната средина.

Авторите заклучуваат дека со правилен план на терапија, детално познавање на биомеханиката и дејството на еластичната влеча врз дентоалвеоларните структури и вилиците и добра соработка со пациентите, се постигнуваат одлични естетски и функционални резултати во ортодонтската терапија, корекција на антеропостериорните и вертикалните несовпаѓања, подобрување на екстраоралниот изглед и протекција на пародонталното ткиво, дури и кај пациенти кај кои се завршени растежните процеси.

Трудот има научно-стручно значење.

**92.Dzipunova B**, Tosheska Spasova N, Radojkova Nikolovska V, Popovska M, Popovic Monevska D, Muratovska I

**Contemporary aspects in adult orthodontics.**
Mac Dent Rew 2015 XXXVIII, Associate number: 122-37

Целта на трудот е да се прикажат можностите и предизвиците на адултната ортодонција, бидејќи мотивацијата и ткивниот одговор кај нив се поинакви, а проблем е и недостатокот на раст, што неретко го комплицира процесот. Потребата од орална хирургија е поголема кај адултите отколку кај младите пациенти и генерално, процесот трае подолго. Еден од основните предуслови во адултната ортодонција е здрав пародонт, во спротивно веќе ослабената коскена потпора попушта под притисокот со што напредува оштетувањето.

Презентирани се неколку возрасни пациенти, со различни ортодонтски дијагнози, и индивидуален тераписки план дизајниран според оклузалните проблеми. Повеќето пациенти се мултидисциплинарни кандидати, и така се третирани.

Авторите заклучуваат дека за целосен успех во оралната рехабилитација, есенцијално е да се постигне ефективна комуникација со пациентите за разбирање на нивните мотиви и очекувања од третманот, високо ниво на доверба и соработка, како и избор на оптимална физиолошка тераписка постапка.

Трудот има научно-стручно значење.

**93.Ципунова Б.**

**Современи аспекти во адултната ортодонција.**
Книга на апстракти, 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2015 : 203

Целта на трудот е да се прикажат современите аспекти и препораки во ортодонтскиот третман на возрасните пациенти, кај кои оваа терапија значи повеќе отколку реорганизација на изгубениот простор во денталниот лак. Авторката заклучува дека не постојат фундаментални разлики во ортодонтското исправање на забите кај деца и возрасни. Денталниот одговор е нешто побавен кај возрасните, но забите се движат во ист манир независно од возраста. Нагласува дека особено важен аспект е зачувувањето на пародонтот во добра кондиција, за постигнување на добри и стабилни резултати. Можностите на ортодонтската терапија се илустрирани преку приказ на неколку случаи. Авторот заклучува дека ортодонцијата не треба да биде привилегија само на младите пациенти, но неопходна е употреба на благи сили во контролиран пародонт.
Трудот има научно-стручно значење.

94.Панчевска С, Панчевски Г, Митиќ К, **Ципунова Б**, Тошеска Спасова Н, Јовановски С
**Дигитална фотографија во стоматологијата: клиничко значење и можности.**
Книга на апстракти, 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2015: 359.

Целта на трудот е да се прикажат предностите на употребата на дигиталната фотографија во стоматологијата. Дигиталните записи нудат повеќе намени и можности, меѓу кои евалуација на тераписката постапка, советувања со пациентот, медицинско-правна примена, дополнителна анализа, промоција на процедури и маркетинг. Во трудот се изнесени научни и технички информации, како и правила за стандардизирање на слики со цел за поедноставно менаџирање.

Авторите заклучуваат дека дигиталната фотографија ги надминува основните потреби за документирање на историјата на пациентот, туку служи и за илустрирање и едукација.

Трудот има стручно-апликативно значење.

**95.Ципунова Б**, Тошеска Спасова Н, Радојкова Николовска В, Поповска М, Симјановска Љ.
**Инклинација на мандибуларната рамнина кај пациенти со дистооклузија.**
Книга на апстракти, 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2015: 509

Целта на оваа студија е на профилен телерендгенограм, да се детерминира инклинацијата на мандибуларната рамнина кај пациенти со малоклузија II класа 1 одделение, со трајна дентиција, поделени во 4 подгрупи според поставеноста на вилиците кон кранијалната база.

Резултатите покажале дека инклинацијата на мандибуларната рамнина со сигнификантност од $p<0{,}05$ е зголемена кај испитаниците со ретропозиција на двете вилици од обата пола. Ветрикалниот и хоризонталниот краниофацијален развој е зависен од ротацијата на двете вилици, особено од мандибулата. Дополнително, типот на ротација на вилицата влијае на ерупцијата на забите.

Авторите заклучуваат дека проследувањето на овој параметар придонесува во проучувањето на диферентноста на мандибулата и импактот на нејзиниот раст врз дистооклузијата.

Трудот има научно-стручно значење.

**96.Ципунова Б**, Тошеска Спасова Н, Радојкова Николовска В, Поповска М, Муратовска И, Пеева М.
**Карактеристики на кранијалната база кај пациенти со дистооклузија.**
Книга на апстракти, 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2015: 507.

Целта на трудот е да се утврди големината на аголот на кранијалната база, како и должините на предната, задната и тоталната должина на кранијалната база кај испитаници со дистооклузија. Испитувањето е спроведено на профилни телерендгенограми на 52 испитаника со малоклузија II класа 1 одделение, на возраст 14-19 години, од двата пола, а споредени со контролна група. Според односот на вилиците кон кранијалната база, испитаниците се поделени во 4 подгрупи: антепозиција на двете вилици, антепозиција на максила и ретропозиција на мандибула, нормопозиција на максила и ретропозиција на мандибула и ретропозиција на двете вилици.

Резултатите покажале дека аголот на кранијалната база кај девојчињата е незначително намален, а кај момчињата е сигнификантно зголемен во подгрупата со ретропозиција на двете вилици. Должината на предната кранијална база е е зголемена кај сите испитаници, но несигнификантно. Должината на задната кранијална база е зголемена со различна сигнификантност кај сите испитувани подгрупи. Тоталната должина на кранијалната база покажува зголемување кое е сигнификантно само во подгрупата со антепозиција на двете вилици.

Авторите заклучуваат дека кранијалната база е морфолошко обележје во диференцирањето на подгрупите со дистооклузија и е компатибилна со оклузалниот тип.

Трудот има научно-стручно значење.

**97.Ципунова Б,** Панчевска С, Панчевски Г, Тошеска Спасова Н, Радојкова Николовска В, Муратовска И.
**Орална рехабилитација на пациенти со олигодонција: приказ на случај**
Книга на апстракти, 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2015: 511.

Олигодонцијата е ретка дентална аномалија со преваленцијата од 0,14%, а клиничките манифестации вклучуваат недостаток на шест или повеќе заби, недоволен развој на максиларниот и мандибуларниот алвеоларен гребен и редуцирана долна третина од лицето. Варијациите во денталната морфологија, редуциранта големина и аберантна форма, аномалиите во емајлот, како и доцната ерупција, додатно ја влошуваат клиничката слика. Олигодонцијата е асоцирана и со редуцирана саливарна секреција. Сето ова генерира функционални и естетски проблеми, со импакт на емоционалното здравје.

Целта на студијата е да се прикаже случај на 12-годишно девојче со олигодонција, и преземените тераписки процедури за ортодонтско-протетска рехабилитација и воспоставување на нормална орофацијална функција.

Авторите заклучуваат дека оралната рехабилитација кај индивидуите со олигодонција е долготраен процес во кој се вклучени различни специјалисти. Третманот зависи од возраста, а раната дијагноза е круцијална. Превенцијата на кариес, ортодонтскиот третман, автотрансплантацијата, денталните импланти, избегнувањето на препарации на забите и парцијалните протетски надоместоци се препорачани методи.

Трудот има стручно-апликативно значење.

**98.** Toseska-Spasova N, **Dzipunova B,** Popovska M, Radojkova-Nikolovska V, Stojanovska V, Muratovska I, Tosheska-Trajkovska K
**Carriere Distalizer.**
7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.515.

Целта на трудот е да се прикаже едноставен, ефикасен, фиксен ортодонтски апарат за третман на малоклузија II класа, наречен Carriere distalizer. Апаратот е конструиран е со помош на современа компјутерска технологија од страна на др. Luis Carriere и претставува еволуција на модуларниот сегментиран лак.
Во трудот се прикажани индикациите за примена на апаратот, неговата биомеханика и начинот на дејствување. Студијата дава детални информации за дизајнот на апаратот и начинот на поставување. Анализирани се и претставени можностите за мандибуларна анкаража**.** Анкаражата мора да биде внимателно одбрана, зависно од скелетните и неуромускулни карактеристики на пациентот, со цел да се избегне протрузија на мандибуларните инцизиви.
Авторите заклучуваат дека Carriere distalizer е неинвазивен ортодонтски апарат кој резултира со висока соработка со пациентите, кој резултира со успех за просечно време на третманот од само 3-4 месеци.
Трудот има стручно-апликативно значење.

**99.** Toseska-Spasova N, **Dzipunova B,** Radojkova-Nikolovska V, Atanasovska-Stojanovska A, Simjanovska Lj, Tosheska-Trajkovska K, Spasov Z
**Interrelation between vertical skeletal variables and lower incisor position valiables in patients with anterior mandibular crowding.**
7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.517.

Инцизалната мандибуларна збиеност не е само дискрепанца меѓу големината на забите и лакот, туку е дискрепанца меѓу повеќе варијабли.
Цел на трудот е да се процени влијанието на инцизалната мандибуларна збиеност и позицијата на долните инцизиви на краниофацијалната морфологија кај пациенти со антериорна мандибуларна збиеност. На латерални кефалометриски снимки од 100 деца со инцизална мандибуларна збиеност на возраст 9-12 години беа измерени 25 ангуларни и линеарни параметри, како индикатори на фацијалниот раст и параметри кои ја лоцираат мандибуларната инцизална позиција. Беше извршено одредување на интерелацијата помеѓу варијаблите кои ја опишуваат вертикалната скелетна позиција и варијаблите кои ја опишуваат позицијата на мандибуларните инцизиви.
Резултатите покажуваат дека селектираните варијабли се во интерелација во склоп на секој поединечен фактор, но не и помеѓу самите фактори.
Авторите заклучуваат дека постои поделба на податоците во четири главни фактори: вертикална скелетна морфологија, позиција на мандибуларните инцизиви во релација со генијалната морфологија, позиција и морфологија на мандибуларниот рамус и позиција на мандибулата во релација со кранијалната базална структура.
Трудот има научно-стручно значење.

**100.** Toseska-Spasova N, **Dzipunova B**, Kapusevska B, Kacarska M, Pancevska S, Tosheska-Trajkovska K, Spasov Z.
**Disorded eating warning dento-oral signs and symptoms.**
7[th] Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.519 (poster).

Иницијалните индикатори за нарушувања во исхраната се често евидентни во устата.
Целта на трудот е да се презентираат карактеристичните дентални и орални знаци кај пациенти со нарушување во исхраната кај кои скришното повраќање не е асоцирано со губиток на тежината.
Авторите презентираат дискретни дентални и орални знаци и симптоми на нарушување во исхраната. Резултатите покажуваат дека отворен загриз е присутен кај пациенти кои имаат самоиндуцирано повраќање. Забите кај ортодонтските пациенти со анорексија, се движат многу побавно. Долгорочната булимија резултира со промени во загризот, предизвикувајќи силна фацијална болка од ТМЗ. Брекетите може да се одлепуваат од забите како резултат на растопување на лепакот, предизвикано од стомачната киселина.
Авторите заклучуваат дека стоматолозите можат да бидат прва линија на одбрана кои ќе ги идентификуваат предупредувачките знаци и симптоми кај нарушувањата во исхраната.
Трудот има стручно-апликативно значење.

101.Симјановски С, Ставрева Н, Симјановска С, Тошеска Спасова Н, **Џипунова Б.**
**Користење на ласер во отстранување на фиброми настанати како резултат на иритативни фактори.**
Книга на апстракти, 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2015: 541.

Целта на авторите е да се презентира ласерот како софистициран начин за одстранување на фиброматозните промени на букалната лигавица, причинети од механички фактори.

Прикажани се 25 случаи со фиброматозна солитарна петелкаста промена, најчесто во моларната регија или каде што недостасуваат заби и сите се

одстранети со Er: YAG LASER 02 Fotona Laser, без сутурирање на ексцизионата рана.

5. Проф. д-р Александар Грчев, dr.sci, член
с.р.

## 2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката **н.сор.д-р Наташа Тошеска-Спасова** е родена на 8.III 1970 год. во Скопје. Средно образование завршила во УСО "Никола Карев" во Скопје во 1988/89 со просечен успех 5,00. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет во Скопје на УКИМ. Дипломирала на 30.IX 1993 година, со просечен успех 9,76.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1993/94 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 1995 година, со просечен успех 10,00. На 28.VI 2001 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Морфолошки особености на неправилноста збиеност во денталните лакови".

Докторска дисертација пријавила во 2004 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Проценка и влијанието на збиеноста на мандибуларните инцизиви и нивната позиција на краниофацијалната морфологија" ја одбранила на 26.VI 2009 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Јулијана Ѓоргова, проф. д-р Марија Зужелова, проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Александар Грчев и проф. д-р Славе Наумовски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област ортодонција.

На 25.IV 1997 година е избрана во звањето помлад асистент на Стоматолошкиот факултет во областа ортодонција. На 14.V 2003 год. е избрана за асистент на Катедрата за ортодонција, а реизбрана е во истото звање на 29.III 2006 година и на 29.XII 2010 год. Во звањето научен работник на Катедрата за ортодонција, е избрана на 24.II 2014 год.

Во моментот е научен соработник на Катедрата за ортодонција. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1091 од 31.XII 2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 677,758,759,762,826,846,878,997,962,1043,1054,1070,1091, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

### <u>Наставно-образовна дејност</u>

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет, Скопје, кандидатката н.сор.д-р Наташа Тошеска-Спасова изведува настава и вежби, на прв циклус студии на студиската програма на доктори по дентална медицина, Високата школа за забни техничари и Високата школа за стоматолошки сестри. Учествува во теоретската и практичната настава со специјализанти и работа со стажантите од областа на ортодонцијата.

Учествувала во изработката на компјутерскиот модел за испитни прашања за студентите по дентална медицина по предметот ортодонција, како и во изготвувањето на распоредот за студентските вежби по дентална медицина од 2001 до 2007 година. Учествува во подготовка на нови изборни предмети на вториот циклус студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје (2013).

Кандидатката била ментор на 5 студентски теми презентирани на конгреси и ментор на 18 специјализанти од областа ортодонција на Стоматолошкиот факултет.

Својата стручна подготвеност ја надоградува со учество на **курсеви** организирани во земјата и во странство (вкупно 21): постедукативен курс по ортодонција под раководство на проф.д-р ТодорБојаџиев, во Скопје 1993 год; курс-"Пендулум апарати "под раководство на проф.Милан Марковиќ, Белград 1998 год.; курс за MS WINDOWS 95: MS WORD, 1998; курс за MS WINDOWS 95: MS EXCELL, 1998; курс -" Интердисциплинарен третман на деца со расцепи" под раководство на проф.Милан Марковиќ во Скопје,1999 год,; курс -" Mulin-ова техника и Delaire-ова маска" под раководство на проф. Piere Verdon во Скопје,2001 год.; курс- " Лечење на малоклузии со Herbst-ов апарат" под раководство на проф. д-р Hans Pancherz во Белград 2002 год.; курс -" Divide метода во терапија на бимаксиларна протрузија со екстракција" под раководство на проф. д-р Il Bong Kim од Јужна Кореја, во Скопје 2003 год.; постедукативен курс по ортодонција -"Фацијалната П-А телерентгенометриска метода при дијагностицирањето на орофацијалните и дентофацијалните варијации" во Скопје, 27.X 2005; постедукативен курс -"Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузијата II класа, примена на noncompliance апарати во ортодонтскиот третман на малоклузијата II/1", под раководство на проф. д-р Moschos Papadopulos во Скопје, 14.V 2007; курс- Tomas-pins "Mini screws as absolute anchorage in orthodontics" под раководство на д-р Thomas Lietz, во Скопје,15.III 2008; едукативен курс-"Миофункционалното влијание на развитокот на лицевите структури врз забите" под раководство на д-р Niels Hulsink во Скопје, 31.X 2008; едукативен курс -"Релевантни концепти во третманот на малоклузиите" под раководство на проф.д-р Ram Nanda, во Охрид , 21.V 2009; курс -"Систем на самолигирачки брикети- пасивен наспроти активен "под раководство на проф.д-р Mladen Kuftinec во Солун, 23.IX 2009; курс – "Damon-пасивен самологирачки систем" под раководство на д-р Rafael Garsija Espejo во Белград 4.X 2009; курс -"Selfligating with Discovery SL", во организација на Dentaurum,Скопје, 20.IV 2010; курс- "Getting to grips with Damon Philosophy" под раководство на д-р Pieter Van Herden,Скопје, 27.XI 2011; курс-"Changes in treatment mechanics by the implementation of modern bracket desinges" под раководство на д-р Vittorio Cacciafesta, во Скопје 30-31.III 2012; курс-"Orthodontic miniscrew instalation on maxillary buccal region" под раководство на prof.d-r Jin Hyoung Cho, Скопје,април,2014; курс- "The principles of the Alexander discipline" под раководство на d-r.Sci Marko Perkovic DDS, Куманово, 24.V 2014; курс - "Споредба на конвенционалните со самолигирачките брекети на Dentaurum" под раководство на д-р Santijago Isaza, во организација на Промедика,Скопје, IX ,2014 год.

Присуствувала и на **семинари и симпозиуми** организирани од Стоматолошкиот,Медицинскиот факултет и Здружението на ортодонтите на Р.Македонија (вкупно 35): Собир на стоматолозите на Р.Македонија во Скопје, 29.IX 2000; II собир на ортодонтите на Р.Македонија во Маврово, ноември 2000 год.; Меѓународен симпозиум на ортодонтите во Крушево 3-4.XI 2006 ; Семинар "Дентални фокални инфекции-профилакса и менаџмент", во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје 30.III 2007; Меѓународен симпозиум на ортодонтите -"Клиничка ортодонција",Охрид 19.X 2007; Семинар "Инфекции во орофацијалната регија", Скопје, март 2007; Семинар "Хроничната орофацијална болка", Скопје, 2.XI 2007; Симпозиум "Актуелности во стоматологија во 21 век",

под покровителство на Био Технологија, во Скопје, 14.XII 2007; Семинар ”Биоматеријали во стоматологијата”,Скопје, 7.V 2008; Семинар”Алергии во стоматологијата”, Скопје, 24.X 2008; Симпозиум “Application notes of Er: YAG and Nd: YAG Lasers in Dentistry” Fotona, Скопје,11.VI 2009; Симпозиум на ЗОМ “Фацијални асиметрии: ортодонтско-хируршки аспекти”, во Скопје 26.III 2010; Симпозиум “Нови технологии од пракса за пракса”, Скопје, ноември, 2010; Годишен стручен состанок со меѓународно учество на Здружението на специјалисти по болести на уста и пародонтот и Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот, Скопје 27.XI 2010; Семинар ”Оптимален модел за организирањето на примарната стоматолошка здравствена заштита кај децата до 14 години во Р.Македонија- предизвик за следната декада”, Скопје,22.I 2011; “Првиот симпозиум за матични клетки и регенеративна медицина со интернационално учество”, Медицински факултет,Скопје 23.III 2011; Симпозиум за HPV инфекции и асоцирани болести, дијагноза, превенција, третман, Медицински факултет,Скопје 25.III 2011; Симпозиум на ЗОМ “Детекција, превенција и третман на импактирани заби”, Скопје 15.IV 2011; IV Стоматолошки симпозиум Тиквеш 2011, Кавадарци, 14.V 2011; Симпозиум на ЗОМ” Современи технологии во ортодонцијата”, Скопје,8.XI 2013; Симпозиум на Стоматолошкото здружение на Македонија “ Реставративно-протетски и пародонтални решенија за оптимални естетски решенија”, Велес 16.III 2014; Семинар” Хируршки аспекти во стоматологијата” Гостивар, 16.III 2014.; Симпозиум на Здружението на доктори на стоматологија-Струмица ” Естетска реставрација од конзервативен и протетски аспект”, Струмица,22.III 2014; Семинар” Современи терапески пристапи кај пациенти со ризични заболувања”, Скопје, 29. III 2014; Симпозиум ” Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата” Штип, 29. III 2014; Симпозиум на Здружението на специјалисти по ортодонција на Македонија, “Каде оди ортодонцијата денес: дилеми, предизвици и решенија”,Скопје, 10.V 2014; Симпозиум на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот на Македонија “ Ендодонтска терапија-можност за сочувување на природниот заб”,Скопје, 24.V 2014; 8. Стоматолошки симпозиум Тиквеш 2014, Кавадарци,13 IX.2014; Симпозиум на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот на Македонија “ Механички и биолошки аспекти на ендодонтската терапија”,Скопје, 27.IX 2014; Симпозиум на Здружението на специјалисти по ортодонција на Македонија “Современи аспекти во терапијата на ортодонтските аномалии”, Дојран, 25.X 2014; Симпозиум на стоматолошкото здружението на Македонија “Грешки во секојдeневна стоматолошка пракса” Куманово, 8.XI 2014; Семинар” Современи хируршки-дијагностички концепти во стоматологијата”, Стоматолошки факултет, Скопје, 28.III 2015; 9. Стоматолошки симпозиум Тиквеш 2015, Кавадарци, 12. IX 2015; Симпозиум на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот на Македонија “Клинички решенија при специфични ендодонтски состојби”, Скопје,3.X 2015 и Симпозиум на Здружението на специјалисти по ортодонција на Македонија “Биомеханика, функција и естетика”, Велес, 3.X 2015 год.

Автор е на учебното помагало “Ортодонтска морфолошка анализа и дијагностика”, рецензирано во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј”во Скопје, бр.1027 од 15.III 2012. На 17.XI 2011 год. од Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, одобрено е издавање на учебник насловен „Ортодонција II”, за студентите по дентална медицина по предметот ортодонција, во кој учествува како еден од авторите.

**Научноистражувачка дејност**

Нејзината научноистражувачка работа од областа ортодонција е потесно насочена кон проучување на морфолошките карактеристики на неправилноста

збиеност во денталните лакови, нејзиното влијание на краниофацијалната морфологија и третманот на ортодонтските неправилности во орофацијалниот систем.

Н.сор. д-р Наташа Тошеска-Спасова има објавено вкупно 94 научни трудови од соодветната област од кои 1 научен труд во научно списание со фактор на влијание, 9 трудови во меѓународни научни списанија и 84 трудови во зборници од научни собири.

Активно учествува на бројни конгреси во земјата и во странство со сопствени трудови и излагања, меѓу кои на конгресите на Европското ортодонтско друштво (EOS) (Соренто 2002, Прага 2003, Виена 2006, Лисабон 2008, Порторож 2010, Истанбул 2011), конгресите на BaSS (Истанбул 1999, Солун 2000, Кушадаси 2002, Охрид 2004, Истанбул 2007, Скопје 2013, Белград 2014, Букурешт 2015); на конгресите на стоматолозите од Македонија (1998, 2002, 2006, 2009, 2012, 2015); XV конгрес на лекарите од Македонија во Охрид (1999); Прв, Втор и Трет Конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија (ЗОМ) со меѓународно учество (Охрид 2009 ,Скопје 2012, Охрид 2016); меѓународни научни конгреси на студентите по медицина и стоматологија, како автор и ментор (Охрид 1992,1993,1999, 2007, 2011, 2013, 2016), Трансфери на наука на стоматолозите на Македонија (Дојран 1995,1996), на 4th Eurasian Congress of Health Sciences, 25-27 IX 2014, Охрид, и на VII меѓународен конгрес на нови технологии во стоматологјата 10-12 X 2014 Скопје.

Со усни презентации учествувала на меѓународните научни конгреси на студентите по медицина и стоматологија (Охрид 1992,1993), конгресите на Балканското стоматолошко друштво- BaSS, (Скопје 2013 и Белград 2014), и на Третиот конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија со меѓународно учество во Охрид, мај, 2016 год .

Има одржано пленарно предавање на ортодонтската секција на Македонија во Маврово, 2000 год. и на IV стоматолошки симпозиум Тиквеш, во Кавадарци 2011 год., во рамките на програмата на Стоматолошката комора на Р.Македонија.

Како поканет предавач од Р.Македонија има одржано пленарно предавање на јубилејниот 20. Конгрес на BaSS, во Букурешт, април 2015 год. и на 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество во Охрид јуни 2015 год., на кои има добиено Диплома и Благодарница за посебен научен придонес на конгресите.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката н.сор. д-р Наташа Тошеска-Спасова доби оценка 10 од предметот ортодонција 2 од студентите доктори на дентална медицина, како и оценка 9,15 од предметот ортодонција 1 од студентите од Високата школа за забни техничари, од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје за 2015/2016 година.

Н.сор. д-р Наташа Тошеска-Спасова учествувала како член во 2 научни проекта.

Како соработник учествувала во проектот ПР Стратегија за промоција на Универзитетскиот Стоматолошки Клинички центар", реализиран под покровителство на Министерството за здравство и соработка со маркетинг - агенцијата „Република", 2012 год.

Учесник е во научноистражувачкиот проект финансиран од средствата на УКИМ за 2014 год. - "Асоцијација помеѓу орална и генитална афекција со ХПВ вирусот-причини за навремено вакцинирање : да или не ".

**За овој избор ги пријави следниве научно-стручни трудови:**

71. **Toseska-Spasova Natasa**. Oral habits and its management in orthodontics,20 th Congress of BaSS,April 23-26.2015, Bucharest, Romania (jubilee edition), Book of Abstracts, p.136, l. 602 (plenary lectures).
Навиката е дефинирана како фиксирана или константна практика која е утврдена со постојано повторување.Оралните навики се повторувачки однесувања во оралната празнина.Во трудот се претставени етиолошките фактори, преваленцата, развојот и видовите на оралните навики.Прикажан е систематскиот преглед на класификациите на оралните навики по разни автори. Детално се презентирани клиничките екстраорални и интраорални ефекти на оралните навики врз дентофацијалниот систем. Идентификацијата и оценката на штетните оралните навики и нивниот непосреден и долгорочен ефект врз краниофацијалниот комплекс и дентицијата, треба да бидат направени што е можно порано, со цел да се минимизира нивното потенцијално штетно влијание врз дентофацијалниот комплекс.
Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

72.**Toseska-Spasova N**.,Dzipunova B.,Popovska M.,Muratovska I.,Tosheska-Trajkovska K.,Spasov Z.Craniofacial and dental characteristics of patient with cleidocranial dysplasia.20 th Congress of BaSS,April 23-26.2015, Bucharest, Romania (jubilee edition), Book of Abstracts, p.346.(poster).
Cleidocranial dysplasia (CCD) е редок конгенитален автосомен синдром, предизвикан од мутацијата на генот RUNX2, кој е лоциран кај хромозомот 6, кој е одговорен за остеобластна диференцијација. CCD е асоциран со хипоплазија /аплазија на клавикулите, задоцнето затворање на кранијалните структури, брахикефалија и бројни скелетни промени. Во трудот е даден приказ на 12 - годишно девојче заболено од овој синдром. Детално се анализирани и прикажани краниофацијалните,оралните и дентални карактеристики кај пациентот. Даден е акцент на карактеристичите ренгенолошките наоди на ортопантомографска снимка. Раната дијагноза на CCD е од круцијално значење за навремена иницијација на соодветен мултидисциплинарен третман.
Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

73.**Toseska-Spasova Natasa.**Retention, stability and relapse in orthodontics.7$^{th}$ Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.215 (plenary lectures).
Ретенција е фаза која следува по активниот ортодонтски третман со цел да се стабилизира постигнатата ортодонтска корекција или задржување на забите во идеална, функционална, естетска оклузија. Релапс е дефиниран како “враќање кон условите пред третманот”. Стабилност е состојба на постигнат еквилибриум. Во трудот е даден опширен систематски преглед на различните школи на толкувања на ретенцијата и на основните теореми за ретенцијата. Авторот дава корисни информации за принципите на ретенцијата и факторите кои влијаат на ретенцијата, како и за биолошките основи на ортодонтскиот рецидив и причинските фактори за негова појавата. Прикажани се условите кои се потребни за ретенција и планирањето на истата и детално се елаборирани информации околу третманските модалитети, видовите на ретенциони апарати и ретејнерски дизајни.
Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

74.Panchevska S.,Panchevski G.,Mitic K.,Dzipunova B.,**Toseska-Spasova N.,**Jovanovski S.Digital photography in dentistry: clinical imprtance and opportunites. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015. Book of Abstracts, p.361 (oral).
Целта на трудот е да се прикажат предностите на употребата на дигиталната фотографија во стоматологијата.Дигиталните записи нудат повеќе намени и можности, меѓу кои евалуација на тераписката постапка, советувања со пациентот, медицинско-правна примена, дополнителна анализа, промоција на процедури и маркетинг. Во трудот се изнесени научни и технички информации, како и правила за стандардизирање на слики со цел за поедноставно менаџирање.Авторите заклучуваат дека дигиталната фотографија ги надминува основните потреби за документирање на историјата на пациентот, туку служи и за илустрирање и едукација.
Трудот има стручно-апликативно значење.

75. Kacarska M**.Toseska** N.Gjorevska M. A case of multiple supernumerary teeth in a healthy individual. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.491 (poster).
Авторите презентираат исклучително редок случај на мултипни прекубројни импактирани заби кај 16 годишен здрав пациент, односно синдром-независни.На дигиталната ортопантомографија се детектирани мултипни прекубројниимпактирани заби во горната и во долната вилица.Фамилијарна инциденца на оваа аномалијапотврдивме уште кај два члена на ова семејство, сите со добра здравствена кондиција без знаци или клинички индикации за некое системско заболување или синдром. Се планира радикална терапија, етапно, во неколку фази. Авторите заклучуваат дека систематско клиничко и рентгенолошка следење на младата популација е основен предусловза рано откривање на развојни аномалии од ваков тип. Третманот е мултидисциплинарен, комбиниран, сложен поради местоположбата, компликациите и бројот на ентитети кои треба оперативно да се екстрахираат .
Трудот има стручно-апликативно значење.

76. Dzipunova B.,**Toseska-Spasova N.**Radojkova-Nikolovska V.,Popovska M.,Muratovska I.,Peeva M. Cranial base characteristics in patients with distoocclusion. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.509 (poster).
Целта на трудот е да се утврди големината на аголот на кранијалната база, како и должините на предната, задната и тоталната должина на кранијалната база кај испитаници со дистооклузија. Испитувањето е спроведено на профилни телерендгенограми на 52 испитаника со малоклузија II класа 1 одделение, на возраст 14-19 години, од двата пола, а споредени со контролна група. Според односот на вилиците кон кранијалната база, испитаниците се поделени во 4 подгрупи: антепозиција на двете вилици; антепозиција на максила и ретропозиција на мандибула; нормопозиција на максила и ретропозиција на мандибула и ретропозиција на двете вилици.
Резултатите покажале дека аголот на кранијалната база кај девојчињата е незначително намален, а кај момчињата е сигнификантно зголемен во подгрупата со ретропозиција на двете вилици.Должината на предната кранијална база е е зголемена кај сите испитаници, но несигнификантно.Должината на задната кранијална база е зголемена со различна сигнификантност кај сите испитувани подгрупи.Тоталната должина на кранијалната база покажува зголемување кое е сигнификантно само во подгрупата со антепозиција на двете вилици.Авторите заклучуваат дека кранијалната база е морфолошко обележје во диференцирањето на подгрупите со дистооклузија и е компатибилна со оклузалниот тип.

Трудот има научно-стручно значење.

77. Dzipunova B.,**Toseska-Spasova N.**Radojkova-Nikolovska V.,Popovska M.,Simjanovska Lj. Mandibular plane inclination in patients with distoocclusion. 7[th] Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.511 (poster).
Целта на оваа студија е на профилен телерендгенограм, да се детерминира инклинацијата на мандибуларната рамнина кај пациенти со малоклузија II класа 1 одделение, со трајна дентиција, поделени во 4 подгрупи според поставеноста на вилиците кон кранијалната база. Резултатите покажале дека инклинацијата на мандибуларната рамнина со сигнификантност од $p<0,05$ е зголемена кај испитаниците со ретропозиција на двете вилици од обата пола.Ветрикалниот и хоризонталниот краниофацијален развој е зависен од ротацијата на двете вилици, особено од мандибулата.Дополнително, типот на ротација на вилицата влијае на ерупцијата на забите.Авторите заклучуваат дека проследувањето на овој параметар допринесува во проучувањето на диферентноста на мандибулата и импактот на нејзиниот раст врз дистооклузијата.
Трудот има научно-стручно значење.

78.Dzipunova B.,Panchevska S.,Panchevski G.,**Toseska-Spasova N**.Radojkova-Nikolovska V. Muratovska I.Oral rehabilitation in patients with oligodontio: case report. 7[th] Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.513 (poster).
Олигодонцијата е ретка дентална аномалија со преваленцијата од 0,14%, а клиничките манифестации вклучуваат недостаток на шест или повеќе заби, недоволен развој на максиларниот и мандибуларниот алвеоларен гребен и редуцирана долна третина од лицето. Варијациите во денталната морфологија, редуцираната големина и аберантна форма, аномалиите во емајлот, како и касната ерупција, додатно ја влошуваат клиничката слика.Олигодонцијата е асоцирана и со редуцирана саливарна секреција. Сето ова генерира функционални и естетски проблеми, со импакт на емоционалното здравје.Целта на студијата е да се прикаже случај на 12-годишно девојче со олигодонција, и превземените тераписки процедури за ортодонтско-протетска рехабилитација и воспоставување на нормална орофацијална функција.Авторите заклучуваат дека оралната рехабилитација кај индивидуите со олигодонција е долготраен процес во кој се вклучени различни специјалисти.Третманот зависи од возраста, а раната дијагноза е круцијална. Превенцијата на кариес, ортодонтскиот третман, автотрансплантацијата, денталните импланти, избегнувањето на препарации на забите и парцијалните протетски надоместоци се препорачани методи.
Трудот има стручно-апликативно значење.

79.**Toseska-Spasova N**. Dzipunova B. Popovska M., Radojkova-Nikolovska V.,Stojanovska V., Muratovska I.,Tosheska-Trajkovska K.Carriere Distalizer. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.515 (poster).
Целта на трудот е да се прикаже едноставен, ефикасен, фиксен ортодонтски апарат за третман на малоклузија II класа, наречен Carriere distalizer.Апаратот е конструиран е со помош на современа компјутерска технологија од страна на др. Luis Carriere и претставува еволуција на модуларниот сегментиран лак. Во трудот се прикажани индикациите за примена на апаратот, неговата биомеханика и начинот на дејствување. Студијата дава детални информации за дизајнот на апаратот и начинот на поставување. Анализирани се и претставени можностите за мандибуларна анкаража**.** Анкаражата мора да биде внимателно одбрана, зависно од скелетните и неуромускулни карактеристики на пациентот, со цел да

се избегне протрузија на мандибуларните инцизиви.Авторите заклучуваат дека Carriere distalizer е неинвазивен ортодонтски апарат кој резултира со висока соработка со пациентите, кој резултира со успех за просечно време на третманот од само 3-4 месеци.
Трудот има стручно-апликативно значење.

80. **Toseska-Spasova N**. Dzipunova B., Radojkova-Nikolovska V.,Atanasovska-Stojanovska A.,Simjanovska Lj.,Tosheska-Trajkovska K.,Spasov Z.Interrelation between vertical skeletal variables and lower incisor position valiables in patients with anterior mandibular crowding. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.517 (poster).
Инцизалната мандибуларна збиеност не е само дискрепанца меѓу големината на забите и лакот, туку е дискрепанца меѓу повеќе варијабли.
Цел на студијата е да се процени влијанието на инцизалната мандибуларна збиеност и позицијата на долните инцизиви на краниофацијалната морфологија кај пациенти со антериорна мандибуларна збиеност. На латерални кефалометриски снимки од 100 деца со инцизална мандибуларна збиеност на возраст од 9-12 години беа измерени 25 ангуларни и линеарни параметри, како индикатори на фацијалниот раст и параметри кои ја лоцираат мандибуларната инцизална позиција. Беше извршено одредување на интерелацијата помеѓу варијаблите кои ја опишуваат вертикалната скелетна позиција и варијаблите кои ја опишуваат позицијата на мандибуларните инцизиви.Резултатите покажуваат дека селектираните варијабли се во интерелација во склоп на секој поединечен фактор, но не и помеѓу самите фактори,Авторите заклучуваат дека постои поделба на податоците во четири главни фактори: вертикална скелетна морфологија, позиција на мандибуларните инцизиви во релација со генијалната морфологија, позиција и морфологија на мандибуларниот рамус и позиција на мандибулата во релација со кранијалната базална структура.
Трудот има научно-стручно значење.

81. **Toseska-Spasova N**. Dzipunova B.,Kapusevska B.,Kacarska M.,Pancevska S.,Tosheska-Trajkovska K.,Spasov Z.Disorded eating warning dento-oral signs and symptoms. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.519 (poster).
Иницијалните индикатори за нарушувања во исхраната се често евидентни во устата.Целта на трудот е да се презентираат карактеристичните дентални и орални знаци кај пациенти со нарушување во исхраната кај кои скришното повраќање не е асоцирано со губиток на тежината. Авторите ги презентираат дискретни дентални и орални знаци и симптоми на нарушување во исхраната. Резултатите покажуваат дека отворен загриз е присутен кај пациенти кои имаат самоиндуцирано повраќање. Забите кај ортодонтските пациенти со анорексија се движат многу побавно. Долгорочна булимија резултира со промени во загризот, предизвикувајќи силнна фацијална болка од ТМЗ.Брекетите може да се одлепуваат од забите како резултат на растопување на лепакот, предизвикано од стомачната киселина.
Авторите заклучуваат дека стоматолозите, може да бидат прва линија на одбрана кои ќе ги идентификуваат предупредувачките знаци и симптоми кај нарушувањата во исхраната
Трудот има стручно-апликативно значење.

82. Stojanovska V., Muratovska I., Popovska M., Radojkova-Nikolovska V. Kapusevska B., Atanasovska-Stojanovska A,.Zabokova-Bilbilova E., **Toseska-Spasova N**.In vitro SEM analysis of internal adaptation for pulpal protection under composite restoration. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.529 (poster).

Целта на трудот е да се евалуира ин витро интерфацијалниот микро простор над поставените препарати за заштита на пулпиното ткиво.Употребени се 40 екстрахирани човечки трети моларни заби. На забните примероци им беа препарирани длабоки оклузални кавитети а потоа рандомизирано беа поделени во две групи:1)-со светлосно-полимеризирачки калциум хидроксид(Dycal LC),2)-со глас јономер(Fuji II LC).Потоа кавитетите биле обтурирани со компетен адхезивен систем- 37% H3PO4, adhesive - Exciteand composite -Tetric Ceram, според мануфактурните пропозиции.Примероците беа поставени во апарат за вакумирање со цел да се обложат созлатна прашина за анализа на СЕМ со зголемување од 1000-3000x.Добиените фотографии од СЕМ покажаа ултрастуктура помеѓу дентинот, подлогите икомпозитните реставрации. Беа видени микропростори и дисконтинуитет кај поставените подлоги од калциум хидроксид. Кај реставрациите со подлоги од глас -јономер, ултрастуктуралната анализа покажала интерфацијален простор од 8-15μ и делумно формиранхибриден слој. Авторите заклучиле дека забните примероци со заштитна подлога од глас-јономер покажале парцијалноформиран хибриден слој и подобра адаптација на дното од длабоките кавитети.
Трудот има научно-стручно значење.

83. S.Simjanovski, N.Stavreva, S.Simjanovska**, N. Toseska-Spasova,** B.Dzipunova.Usage of the laser in the removal of the fibroma like a result of iritation factors. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.543 (poster).
Целта на авторите е да се презентира ласерот како софистициран начин за одстранување на фиброматозните промени на букалната лигавица, причинети од механички фактори.Прикажани се 25 случаи со фиброматозна солитарна петелкаста промена, најчесто во моларната регија или каде што недостасуваат заби и сите се отстранети со Er: YAG LASER 02 Fotona Laser, без сутурирање на ексцизионата рана.Авторите заклучуваат дека фиброматозните промени во оралната празнина мора да се одстранат до здраво, за да се избегнат рецидиви. Истовремено, мора да се отстранат сите иритирачки фактори и да се направи патохистолошка анализа. Ласерското отстранување е супериорна метода, која обезбедува одлична хемостаза без сутура, а нема оток или болка после интервенцијата.
Трудот има стручно-апликативно значење.

84. Durmishi C. Popovska M.,Minovska A., Radojkova-Nikolovska V. **Toseska-Spasova N.,**Ivanovska-Stojanovska M.,Nikolovski B.Influence of socodental adhesive paste on epithelisation process at periodontal separation. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.573 (poster).
Цел на трудот е да се проследи епителизацијата при периостална сепарација, преку цитолошка анализа со помош на параметри од индикативен карактер во процесот на заздравување. Проследени се 60 пациенти со инсуфициентна зона на прикрепена гингивакај кои е изведена хируршка интервенција - периостална сепарација. Кај сите испитаници, по хируршката интервенција следена е епителизацијата постоперативно 3., 7. и 14. ден, со анализа на одредени параметри, индикативни за епителизацијата. Кај првата група од 30 пациенти аплицирана е станиолова фолија и заштитен завој, а кај втората група аплициран е Solcodental adhesive паста и заштитен завој. Резултатите од цитоморфолошката анализа покажаа поволна епителна клеточна присатност во втората група наспроти задоволителнта епителна клеточна присатност во првата група. Авторите заклучиле дека Solcodental adhesive пастата поволно влијае врз процесот на заздравување, предизвикувајќи ефикасна епителна клеточна пролиферација.

Трудот има научно-стручно значење.

85. Radojkova-Nikolovska V., Popovska M.,Minovska A., Dzipunova B., **Toseska-Spasova N.,** Atanasovska-Stojanovska A.,Stojanovska V., Muratovska I.,Aleksova P.,Nikolovski B. Gingivitis desqamative chronica-case report. 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.583 (poster).

Целта на авторите е да презентираат случај со хроничен десквамативен гингивит кој не бил точно дијагностициран и неуспешно бил лекуван повеќе од 7 месеци. Проследен е комплетниот дијагностички процес на 49-годишна пациентка со јатрогено предизвикана менопауза. Ординирана е системска кортикостероидна терапија, која довела до ремисија на промените подолг период што во потполност ја оправдува примената на системски кортикостероиди.Авторите заклучуваат дека е сосема оправдана примената на системската кортикотерапија при лекување на хроничен десквамативен гингивит.

Трудот има стручно-апликативно значење.

86. Zana Jusf Osmani, Popovska M., Radojkova-Nikolovska V.,Mitic K.,.Dzipunova B., **Toseska-Spasova N.,** Stojanovska V., Nikolovski B. Helicobacter pylori in supragingival plaque and saliva: is it diagnostic value for gastric infection? . 7th Macedonian Dental Congress with international participation, Ohrid 11-14 june 2015.Book of Abstracts, p.587 (poster).

Целта на трудот е да се најде поврзаноста меѓу пациентите со потврден Helicobacter pilory во желудникот и наодот на Helicobacter pilory во денталниот плак и плунката. За таа цел, проследени се вкупно 60 пациенти со диспептични тегоби, од кои 30 со потврдено присуство на Helicobacter pilory и 30 без позитивен наод. Кај сите пациенти е одредено присуството на Helicobacter pilory во плунката и во супрагингивалниот дентален плак.Резултатите покажале дека кај пациентите со регистриран Helicobacter pilory во биоптичните примероци е докажана превалентна присутност на оваа бактерија и во денталниот плак.

Трудот има научно-стручно значење.

87. **Наташа Тошеска-Спасова.** Carriere Distalizer.Vox Dentarii,Година 4, број 3, декември 2014, стр.18-19.

Целта на трудот е да се прикаже едноставен, ефикасен, фиксен ортодонтски апарат за третман на малоклузија II класа, наречен Carriere distalizer . Апаратот е конструиран е со помош на современа компјутерска технологија од страна на др. Luis Carriere и претставува еволуција на модуларниот сегментиран лак. Во трудот се прикажани индикациите за примена на апаратот, неговата биомеханика и начинот на дејствување. Студијата дава детални информации за дизајнот на апаратот и начинот на поставување. Анализирани се и претставени можностите за мандибуларна анкаража**.** Анкаражата мора да биде внимателно одбрана, зависно од скелетните и невромускулни карактеристики на пациентот, со цел да се избегне протрузија на мандибуларните инцизиви. Авторите заклучуваат дека Carriere distalizer е неинвазивен ортодонтски апарат кој резултира со висока соработка со пациентите, кој резултира со успех за просечно време на третманот од само 3-4 месеци.

Трудот има стручно-апликативно значење.

88. Dzipunova B.,**Tosheska Spasova N**. Radojkova-Nikolovska V.,Popovska M.,Popovic Monevska D.,Muratovska I. The use and meaning of intermaxillary traction in orthodontic therapy.Macedonian Dental Review,Year XXXVIII No.1-2, 2015, page 10-19.

Целта на трудот е да се прикаже ефикасноста на интермаксиларните гумички кај пациенти со различни ортодонтски аномалии во сагитала, кои се користат во сите стадиуми на лекувањето, како тракција тип класа II, тип класа III, тип вкрстена влеча, бокс еластична тракција и влеча за корекција на интеринцизивната средина.Авторите заклучуваат дека со правилен план на терапија, детално познавање на биомеханиката и дејството на еластичната влеча врз дентоалвеоларните структури и вилиците и добра соработка со пациентите, се постигнуваат одлични естетски и функционални резултати во ортодонтската терапија, корекција на антеропостериорните и вертикалните несовпаѓања, подобрување на екстраоралниот изглед и протекција на пародонталното ткиво, дури и кај пациенти кај кои се завршени растежните процеси.
Трудот има научно-стручно значење.

89. **Dzipunova B.,Tosheska Spasova N**. Radojkova-Nikolovska V.,Popovska M.,Popovic Monevska D.,Muratovska I.Contemporary aspects in adult orthodontics. Macedonian Dental Review,Year XXXVIII Associate number, 2015, page 122-137.
Целта на трудот е да се прикажат можностите и предизвиците на адултната ортодонција,бидејќи мотивацијата и ткивниот одговор кај нив се поинакви, а проблем е и недостатокот на раст, што неретко го комплицира процесот.Потребата од орална хирургија е поголема кај возрасните во однос кај младите пациенти и генерално, процесот трае подолго. Еден од основните предуслови во адултната ортодонција е здрав пародонт, во спротивно веќе ослабената коскена потпора попушта под притисокот со што напредува оштетувањето.
Презентирани се неколку адултни пациенти, со различни ортодонтски дијагнози, и индивидуален тераписки план дизајниран според оклузалните проблеми. Повеќето пациенти се мултидисциплинарни кандидати, и така се третирани. Авторите заклучуваат дека за целосен успех во оралната рехабилитација, есенцијално е да се постигне ефективна комуникација со пациентите за разбирање на нивните мотиви и очекувања од третманот, високо ниво на доверба и соработка, како и избор на оптимална физиолошка тераписка постапка.
Трудот има научно-стручно значење.

90.S.Spasovski, Z.Belazelkovska, M.Popovska, A.Atanasovska-Stojanovska,V.Radojkova-Nikolovska, I.Muratovska, **N.Toseska-Spasova,** B.Dzipunova, B.Nikolovski. Clinical therapeutic effects of the application of Doxycycline in the treatment of periodontal disease. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences.2016 Mar 15; 49(1): 152-157.
Целта на трудот е да се компарираат тераписките ефекти од апликацијата на Doxycycline ординиран во комплетна доза од 100 mg еднаш дневно 30 дена и субдоза од 20 mg двапати дневно 75 дена, во третманот на пародонталната болест. Испитувањето е направено на 60 пациенти, кај кои е спроведен и конзервативен третман. Резултатите покажуваат дека вредностите на денталниот плак, гингивалната инфламација и гингивалното крварење во групата со субдоза се слабо пониски споредено со групата во која е ординирана цела доза. Авторите заклучуваат дека пациентите кои примаат субдоза од Doxycycline покажуваат позитивни тераписки ефекти во однос на гингивалната инфламација и крварење, со што овој начин на ординирање може да биде метод на избор во терапијата на пациентите со пародонтална болест.
Трудот има научно-стручно значење.

91. Popovska M.,Fidovski J., Radojkova-Nikolovska V.,Dimova C.,Popovska L.,Mijoska A.,**Toseska-Spasova N.,** Dzipunova B.The effects of NBF gingival gel in

the treatment of recurrent oral ulcers: case report. J Int Dent Med Res 2016; 9: (1), pp.81-85.
Целта на трудот е да се прикажат ефетите од NBF-гингивалниот гел во третманот на рекурентните орални улцерации.Прикажан е 18 годишен пациент со повторувачки лезии на јазикот,усните и образите 2-3 пати годишно, пропратени со силни болки, отежната исхрана и орална хигиена. Клинички се забележуваат 3 лезии: од кои 2 на буклната мукоза и една на јазикот. Афтите лежат на инфилтрирана и едематозна површина, имаат ирегуларни рабови и се со млечно бела покривка. На пациентот му е ординирана апликација на NBF гел, 3 пати по јадење со претходно испирање со 12% Chlorhexidine gluconate. Забележано е видно подобрување на симпомите на пациентот и клиничката симптоматологија.
Авторите заклучуваат дека топикалната аплкикација на NBF-гингивалниот гел на рекурантите афти покажува позитивни кинички ефекти на епителизацијата и субјективните симптоми.
Трудот има стручно-апликативно значење.

92. **Toseska-Spasova N.,** Dzipunova B., Popovska M., Radojkova-Nikolovska V., Atanasovska-Stojanovska A.Extraction controversies in othodontics. 3 th Congress of the Macedonian Orthodontic Society with international participation, May 12-15, 2016 Ohrid, Macedonia. Absract book , p.141 (oral).
Одлуката за екстракција на забите е една од најкритичните и најконтраверзни одлуки во ортодонтскииот третман и е во голема мера зависна од личното искуство на лекарот. Целта на трудот **е** да се прикажат различните опции на екстракционата ортодонтска терапија и контраверзиите околу истата. Авторите детално ги анализираат предностите на неекстракциониот пристап, предностите на екстракциониот пристап и доказите за штетните ефекти на екстракцијата. Трудот дава корисни информации за преваленцата на ортодонтските екстракции, потребата од екстракции и факторите кои влијаат на изборот на забите за екстракција. Презентирани се и детално опишани индикациите, предностите и недостатоците на екстракциите на различни заби, како и различните екстракциски процедури во ортодонцијата. Екстракциите се оправдани како средство за корекција на збиеноста на забите, во услови кога растот не може да обезбеди помош. Сепак, дебатата екстракција/неекстракција продолжува, што укажува дека се потребни повеќе објективни информации.
Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

93. Dzipunova B., **Toseska-Spasova N.,** Kirkov A., Radojkova-Nikolovska V., Popovska M. Combined orthodontic and orthognatic surgery in treatment of progenia. 3 th Congress of the Macedonian Orthodontic Society with international participation, May 12-15, 2016 Ohrid, Macedonia. Absract book , p.113 (oral).
Целта на трудот е да се прикаже случај со многу комплексна дентовилична аномалија, каде беше извршена ортогната хируршка интервенција(BSSO), со претходен ортодонтски треман. Прикажано е 24 годишно момче со нагласена максиларна збиеност, максиларна компресија, билатерален вкрстен загриз, лингвоинклинација на мандибуларни инцизиви, отворен загриз, проген загриз, деструиран 25 и веќе екстрахирани 35, 36, 45 и 46. Екстраорално конкавен профил, зголемена долна лицева висина, нарушени функции на џвакање, голтање и говор, и многу лош надворешен изглед.
По извшената ртг и кефалометриска анализа, по санацијата на кариозните лезии, и пародонтолошкиот третман беше извршене лакова нивелација со фиксна ортодонтска терапија. По ортодонтскиот третман, беше изведена мандибуларна ортогната хиругија (BSSO), со неколку неделна фиксација. Беа постигнати солидна оклузија и добар лицев профил. Авторите заключуваат дека

мултидисциплинарниот пристап е неопходен за постигнување на коректна и балансирана функционална оклузија и добар естетски изглед.
Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

94. Atanasovska-Stojanovska A., Georgievska E., Popovska M., **Toseska-Spasova N.,** Milevski M. Orthodontic conditioned labial frenectomu perfomed with two different techniques conventional surgery anddiode laser. 3 th Congress of the Macedonian Orthodontic Society with international participation, May 12-15, 2016 Ohrid, Macedonia. Absract book , p.195 (poster).
Ниската коронарна инсерција на лабијалниот френулум е честа причина за диастема медиана помеѓу централните максиларни инцизиви и потребно е негово отстранување пред ортодонтски третман, што може да биде изведено со различни техники. Цел на оваа студија е да се направи споредба помеѓу пре-, транс- и постоперативните параметри на френектомии извршени со конвенционална хирургија и со диоден ласер. Во студијата беа вклучени 36 пациенти, со индикација за френектомија, поделени во две експериментални групи: првата 18 пациенти, третирани со конвенционална хируршка метода, а втората група 18 пациенти со примена на диоден ласер. Резултатите покажаа дека френектомијата извршена со диоден ласер ги елиминира интраоперативното крварење и поставувањето на сутури, значајно го скратува времето на интервенција и дава помала постоперативна болка и дискомфорт кај пациентите, додека, пак, конвенционалната хируршка френектомија резултира со нешто побрзо заздравување на оперативната рана. Авторите заклучија дека и двете методи, доколку се правилно и прецизно изведени, нудат солидни и позитивни резултати, а конечната одлука за изборот на техниката останува на терапевтот врз основа на индикацијата, во консултација со пациентот.
Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Н.сор.д-р Наташа Тошеска-Спасова активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Н.сор.д-р Наташа Тошеска-Спасова за време на целиот свој професионален развој, со перманентните усовршувања и следењето на најновите технологии во ортодонцијата, со својот ангажман придонесува за афирмација на својата потесна специјалност.

Член е на: Македонската стоматолошка комора, Македонската лекарска комора, Македонското стоматолошко друштво (МСД), Здружението на ортодонтите на Македонија (ЗОМ), Балканското стоматолошко здружение (BaSS), Евроазиското здружение на ортодонтите (ЕАО), Европското ортодонтско друштво (EOS) и Светската асоцијација на стоматолози(FDI). Член е на Комисијата за стручни прашања на Стоматолошката комора на Македонија.

Била член на Организациониот одбор на 20. Конгрес на стоматолозите на РМ во Охрид, 1988 год., член на организациониот одбор на Првиот конгрес на ЗОМ со меѓународно учество во Охрид, 2009 год. и член на Научниот одбор на 20. Јубилеен конгрес на BaSS во Букурешт, 2015 год.

Била претседавач на две усни сесии на 18. Конгрес на BaSS во Скопје, 2013 год. на една сесија на 19. Конгрес на BaSS во Белград, 2014 год. и на усна сесија на 20. Јубилеен конгрес на BaSS во Букурешт, 2015 год.

Како соработник учествувала во проектот “ПР Стратегија за промоција на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар”, реализиран под покровителство на Министерството за здравство и соработка со маркетинг агенција “Република“, 2012 год. Учесник е во научно истражувачкиот проект финансиран од средствата на УКИМ за 2014 год. “Асоцијација помеѓу орална и

генитална афекција со ХПВ вирусот-причини за навремено вакцинирање: да или не “.

Учествувала во воведување на нова клиничка метода во областа на ортодонцијата (Self-ligating brackets system).

Учествувала на промотивните активности на Стоматолошкиот факултет на Денот на наука на УКИМ во 2012, 2013 и 2016 год. Има одржано повеќе предавања во разни културно-информативни центри.

Во 1998 година ги завршила курсевите MS WINDOWS 95: MS WORD и MS EXCELL.

Во 2007, 2008, 2009, 2010 и 2015 год.била претседател на Комисијата за вршење попис за расход на основни средства и ситен инвентар на ЈЗУ Стоматолошки клинички центар. На предлог на Деканатската управа, во 2011 год. била член на Комисијата за попис на опрема и инстументариумот за практичните вежби за студентите на сите судиски програми на Стоматолошкиот факултет. Член е на Комисијата за стручни прашања на Македонската стоматолошка комора, 2014.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во траење од еден месец на Клиничкиот центар во Љубљана, Словенија, на Клиниката за ортодонција, под менторство на проф.д-р Мартина Древеншек и др.Маја Мулеј Ведлин, во период од 4.IV до 30.IV 2016 год.

Добитник е на Пофалница по повод јубилејот 40 години Стоматолошки факултет во Скопје во 1999, Благодарница од Македонското лекарско друштво во 2000 година, Благодарница од Македонското лекарско друштво, во 2009 година, Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје по повод јубилејот 50 години постоење во 2009 год, Благодарница од Институтот за медицинска и експериментална биохемија при Медицинскиот факултет во 2013 год., Благодарница од Македонското стоматолошко друштво по повод 10 години од осамостојувањето во 2014 год., Диплома за посебен научен допринос на 20. Јубилеен Конгрес на BaSS во Букурешт 2015 год.и Благодарница од Македонското стоматолошко друштво за активна партиципација во реализацијата на 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество во Охрид, 2015 год.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката н.сор. д-р Наташа Тошеска-Спасова во учебната 2015/2016 година, доби позитивна оценка (9.65) од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Наташа (Насе) Тошеска-Спасова**

**Институција:** **Стоматолошки факултет – Скопје**

**Научна област :** **ортодонција**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Вежби I циклус студии: предклиничка ортодонција(2+3)**<br>1997/1998, 1998/1999, 1999/2000, 2000/2001, 2001/2002, 2002/203, 2003/2004, 2004/2005<br>0,03*3 часа*2 групи*15 недели*1 семестар*8 години | ***21.6*** |
| 2. | **Вежби I циклус студии: клиничка ортодонција (2+2)**<br>1997/1998, 1998/1999, 1999/2000, 2000/2001, 2001/2002, 2002/203, 2003/2004, 2004/2005<br>0,03*2 часа*3 групи*15 недели*2 семестри*8 години | ***43.2*** |
| 3. | **Вежби I циклус студии: ортодонција I (4+2)**<br>2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014,2014/2015,2015/2016<br>0,03*2 часа*3 групи*15 недели*1 семестар*11 години | ***29.7*** |
| 4. | **Вежби I циклус студии: ортодонција II (2+2)**<br>2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016<br>0,03*2 часа*3 групи*15 недели*1 семестар*11 години | ***29.7*** |
| 5. | **Вежби за ВЗТ: ортодонција (2+3)**<br>2002/2003, 2003/2004, 2004/2005, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015<br>0,03*3 часа*1 група*15 недели*2 семестри*13 години | ***35.1*** |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Настава I циклус студии: ортодонција 1 (4+2) за студенти по дентална медицина** (2013/2014) 0,04*3 часа*1 семестар*1 година | ***0.12*** |
| **7.** | **Настава I циклус студии: ортодонција I (1+3) за високостручни забни техничари** (2014/2015) 0,04*5 часа*1 семестар*1 година | ***0.2*** |
| **8.** | **Настава I циклус студии: ортодонција II (2+3) за високостручни забни техничари** 2014/2015, 2015/2016 0,04*4 часа 1 год; и 8 часа 1 год. 0,04*4+0,04*8 | ***0.16*** ***0,36*** |
| **9.** | **Настава I циклус студии: ортодонција I (1+3) за ВСС** 2015/2016 0,04*4* 1 година | ***0.16*** |
| **10.** | **Настава за специјализанти** 2015/2016 0,04*35 * 1 година | ***1.4*** |
| **11.** | **Настава во школи и работилници (курсеви)-учесник** (21) | ***21*** |
| **12.** | **Настава во школи и работилници (семинари, симпозиуми) - учесник** (35) | ***35*** |
| **13.** | **Изработка на семинарски труд/студентска тема (*0,03)** 5 | ***0.15*** |
| **Краток опис на содржината** | Содржината на Практикумот е систематизирана во 12 вежби:<br>Вежба 1. Вовед за дентални мостови<br>Вежба 2. Моделирање на тело на горен бочен мост<br>Вежба 3. Завршно моделирање на горен бочен мост<br>Вежба 4. Моделирање врски за долен бочен мост<br>Вежба 5. Моделирање на тело на долен бочен мост (втора варијанта)<br>Вежба 6. Моделирање врски за горен фронтален мост<br>Вежба 7. Моделирање на тело на горен фронтален мост по прва варијанта<br>Вежба 8. Моделирање целосно фасетиран мост<br>Вежба 9. Моделирање мост за метал – керамичка конструкција<br>Вежба 10. Припрема за леење и леење на мостовите. Поставување на штифтови<br>Вежба 11. Обработка на металните конструкции<br>Вежба 12. Изработка на заштитен мост од акрилат<br>Содржината проследена во сите вежби, а напишана на македонски јазик, е распределена по логичен редослед кој го прави овој Практикум едноставен, јасен и разбирлив за студентите. Секоја методска единица поставена во соодветна вежба е прегледна и јасна. Практикумот е збогатен со слики со што наставната материја станува лесна и разбирлива за секој студент. |
| **Оцена на Практикумот за усогласеност со предметната програма** | Содржината на Практикумот е во корелација со предметната програма за студентите од студиските програми од дентална медицина, прв циклус студии и студентите од додипломски студии на стручни забни техничари при Стоматолошкиот факултет. |
| **Оцена на Практикумот** | Поаѓајќи од горенаведениот краток опис на содржината, Практикумот може да се оцени дека се сврстува во практикум кој е прв од ваков вид по предметот стоматолошка фиксна протетика, напишан темелно и осмислено, и е надополнет со прецизни, јасни илистрации што ја дообјаснуваат обработената материја. Имајќи ги предвид сите наведени карактеристики на Практикумот, кој е со специјалност за совладување на материјалот од претклиничка фиксна протетика, тој се сврстува во материја која е интересна и потребна за студентите за кои е наменет. Овој Практикум наполно кореспондира со наставната содржина предвидена за едукација на предвидените студенти. |

| | |
|---|---|
| **Категоризација** | Практикум. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот содржи материјал кој по обемот и содржината во целост одговара на наставната програма по предметите: претклиничка фиксна протетика 2 и технологија на фиксни протези (мостови), наменет за студентите на Факултетот по дентална медицина кои ја слушаат наставата за прв циклус студии во VI семестар по стоматологија и студентите од студиската програма за додипломски студии на стручни забни техничари од III семестар при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Адаптираноста на стилот на пишување со јасност и прецизност, како и надополнувањето со бројни илустрации и шеми го прават овој учебник соодветен и лесен за совладување.<br>Заради сето ова, чест и задоволство е да се биде рецензент на ваков Практикум, кој ќе им овозможи на студентите полесен и интересен начин на совладување на главните постулати од полето на претклиничка фиксна протетика.<br>Од сето горенаведено, мојот заклучок е дека овој Практикум заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен и отпечатен како практикум по предметите: претклиничка фиксна протетика 2 и технологија на фиксни протези (мостови), наменет за студентите на Факултетот по дентална медицина кои ја слушаат наставата за прв циклус студии во VI семестар по стоматологија и студентите од студиската програма за додипломски студии на стручни забни техничари од III семестар на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од авторот проф. д-р Билјана Капушевска со соработници. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема. |

Рецензент

Проф. д-р Јадранка Бундевска, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ПРАКТИКУМОТ „ПРЕТКЛИНИЧКА ФИКСНА ПРОТЕТИКА 2 - ФИКСНИ ПРОТЕЗИ (МОСТОВИ)“ од авторот БИЛЈАНА КАПУШЕВСКА и соработници**

**(посебен дел од рецензијата од доц. д-р Сашо Еленчевски)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Содржината на Практикумот е напишана на македонски јазик. Целокупното градиво е распределено по логичен редослед кој го прави едноставен и достапен до студентите. Секоја наставна единица е прегледно изложена и јасно и прецизно поставена. Секоја вежба од Практикумот е збогатена со илустрации и цртежи, со што наставната материја станува лесна и разбирлива за секој студент. Овој најнов и современ приод во обработката на тематските содржини го олеснува совладувањето на материјата предвидена со наставната програма.<br>Содржината на Практикумот е следна:<br>Вежба 1. Вовед за дентални мостови<br>Вежба 2. Моделирање на тело на горен бочен мост<br>Вежба 3. Завршно моделирање на горен бочен мост<br>Вежба 4. Моделирање врски за долен бочен мост<br>Вежба 5. Моделирање на тело на долен бочен мост (втора варијанта)<br>Вежба 6. Моделирање врски за горен фронтален мост<br>Вежба 7. Моделирање на тело на горен фронтален мост по прва варијанта<br>Вежба 8. Моделирање целосно фасетиран мост<br>Вежба 9. Моделирање мост за метал – керамичка конструкција<br>Вежба 10. Припрема за леење и леење на мостовите.<br>Поставување на штифтови<br>Вежба 11. Обработка на металните конструкции<br>Вежба 12. Изработка на заштитен мост од акрилат |
| **Оцена на Практикумот за усогласеност со предметната програма** | Содржината на Практикумот кореспондира со наставната програма по предметот преткиничка фиксна протетика за студентите на Факултетот по дентална медицина кои ја слушаат наставата за прв циклус студии во VI семестар по стоматологија, како и предметот технологија на фиксни протези (мостови) за студентите од студиската програма за додипломски студии на стручни забни техничари од III семестар при Стоматолошкиот факултет во Скопје. |
| | Методските единици во вид на вежби се напишани на осмислен начин, надополнети со |

| | |
|---|---|
| **Оцена на Практикумот** | прецизни, јасни илустрации што ја дообјаснуваат обработената материја. Сублимираното, стручно и разбирливо презентирање на предвидените практични вежби, согласно со наставните единици, го прави материјалот лесно достапен за студентот, со можност за полесно совладување на материјата. Заради сето ова, општата педагошка оцена за овој Практикум е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од сите посочени студиски програми за додипломска настава. |
| **Категоризација** | Практикум. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот содржи материјал кој по обемот и содржината во целост одговара на наставната програма по предметот претклиничка фиксна протетика за студентите на Факултетот по дентална медицина кои ја слушаат наставата за прв циклус студии во VI семестар по стоматологија, како и предметот технологија на фиксни протези (мостови) за студентите од студиската програма за додипломски студии на стручни забни техничари од III семестар при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Адаптираноста на стилот на пишување со јасност и прецизност, како и надополнувањето со бројни илустрации го прават овој практикум соодветен и лесен за совладување.<br>Заради сето ова, чест и задоволство е да се биде рецензент на ваков практикум, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, нов поглед и полесен и интересен начин на совладување на мануелноста во полето на изработка на денталните мостови.<br>Од сето горенаведено, мојот заклучок е дека овој Практикум заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен и отпечатен како практикум по предметите: претклиничка фиксна протетика 2 и технологија на фиксни протези (мостови), наменет за студентите на Факултетот по дентална медицина кои ја слушаат наставата за прв циклус студии во VI семестар по стоматологија и студентите од студиската програма за додипломски студии на стручни забни техничари од III семестар на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од авторот проф. д-р Билјана Капушевска со соработници. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема. |

Рецензент

Доц. д-р Сашо Еленчевски с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 20300 – ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ И СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на ~~18~~16.6.2016 год., на одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област 20300 – електроенергетски мрежи и системи.

На распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник” (бр. 6074 од 27.5.2016 год.), се пријави кандидатот д-р Јовица Вулетиќ, дипл. ел. инж, асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии. По разгледувањето на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

# 1. Биографски податоци и образование

Јовица Вулетиќ е роден на 22.2.1982 година во Скопје. Основно образование завршил во Скопје, а средно образование во училиштето „Орце Николов“ во Скопје. Во учебната 2000/2001 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката индустриска електроенеретика и автоматизација. Последниот семестар од студиите го поминал како студент на размена на „Helsinki University of Technology“ во Финска. Дипломирал во мај 2007 година со средна оценка од предметите 9,02 со дипломски труд со наслов „Видови топологии на енергетски преобразувачи применети кај обновливи извори на енергија“, под менторство на проф. д-р Гога Цветковски.

Во последните четири години од своите студии добивал дипломи за завршена година на студиите со просек над 9,00. Поседува низа сертификати, признанија и дипломи за освоени високи места (прво и второ место) на републички и градски смотри од областа електроника.

Магистрирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии во август 2010, под менторство на проф. д-р Ристо Ачковски, со средна оценка од предметите 10,00 и ~~со~~ магистерски труд со наслов „Анализа на изворите на виши хармоници и нивната распределба во дистрибутивните мрежи“.

Докторирал на истиот Факултет во мај 2016, под менторство на проф. д-р Мирко Тодоровски, со дисертација со наслов „Квалитет на електрична енергија од аспект на хармоници кај активни дистрибутивни мрежи“.

По дипломирањето работел во „ESKO – Фонко”. Од октомври 2007 до октомври 2012 е ангажиран како демонстратор/соработник на Институтот за преносни електроенергетски системи (ПЕЕС). Од октомври 2012 до мај 2015 работел како помлад асистент, а од мај 2015 до денес како асистент на Институтот за преносни електроенергетски системи.

# 2. Наставно-образовна дејност

Од почетокот на неговиот ангажман во 2007 до денес, Јовица Вулетиќ е задолжен за изведување на аудиториски и лабораториски вежби по следниве предмети: преносни и дистрибутивни системи, електрично осветление, режими на работа на ЕЕС, менаџмент на ЕЕС, дистрибутивни системи, нисконапонски енергетски инсталации и осветление, компјутерски подржано проектирање на електрични инсталации, квалитет на електрична енергија и FACTS – уреди во ЕЕС.

# 3. Научноистражувачка дејност

Од почетокот на неговиот ангажман во 2007 година до денес, Јовица Вулетиќ има објавено 24 научни труда, од кои 6 во меѓународни списанија со импакт-фактор, 2 на меѓународни стручни собири и 16 на домашни стручни собири.

## 3.1 Научни трудови

[1] J. Vuletic and M. Todorovski, "Reduction of Losses and Harmonic Distortion in Distribution Networks with Different Load Models by Placing Shunt Capacitors using Integer Genetic Algorithm", *Przegląd Elektrotechniczny*, R. 91, pp. 84-87, NR 6/2015. doi:10.15199/48.2015.06.16

Оптималното поставување кондензатори во дистрибутивните мрежи претставува долгогодишен предмет на интерес кај голем број истражувачи. Постапката воведува намалување на загубите во мрежите, поправка на напонскиот профил и факторот на моќност. Во трудот е изложена постапка за оптимално поставување кондензатори во дистрибутивни мрежи со примена на генетски алгоритам кој работи со целобројни променливи и користи принцип на пенализација. При оптимизацијата се уважени голем број технички и оперативни ограничувања за различни модели на потрошувачите. Резултатите покажуваат значителни разлики во остварените заштеди со примена на мерката во зависност од моделот на потрошувачите. Дополнително, потенцирани се предностите и недостатоците воведени со примената на конкретниот генетски алгоритам.

[2] J. Vuletić and M. Todorovski, "Optimal Capacitor Placement in Distorted Distribution Networks with Different Load Models Using Penalty Free Genetic Algorithm", *International Journal of Electrical Power & Energy Systems, Elsevier*, Vol. 78, pp. 174-182, June 2016.

Во трудот е изложена постапка за оптимално поставување кондензатори во дистрибутивни мрежи при несинусоидални работни услови кога се користат различни модели на потрошувачи. Воведен е генетски алгоритам без пенали кој се одликува со висока корисничка ориентираност и способност за работа со голем број ограничувања. Резултатите покажуваат дека алгоритамот многу успешно се справува со сложени и силно ограничени проблеми.

[3] J. Angelov, J. Vuletić, R. Ačkovski and M. Todorovski, "An Extension in Cable Modeling for Grounding System", *IEEE Transactions on Industry Applications*, Vol. 51, No. 6, pp. 5086-5094, Nov.-Dec., 2015.

Кога се моделира одреден проблем, многу често се поставуваат низа прашања поврзани со комплексноста на моделите што се користат при решавање на конкретниот проблем. Во трудот е направено проширување на класичниот модел на електроенергетски кабли за анализи во заземјувачки системи.

Проширувањето на моделот опфаќа низа практични апекти за кои искуството покажало дека постои реална потреба од нивно уважување. Резултатите изложени во трудот го потврдуваат тоа.

[4] J. Vuletić and M. Todorovski, "Optimal Capacitor Placement in Radial Distribution Systems Using Clustering Based Optimization", *International Journal of Electrical Power & Energy Systems, Elsevier*, Vol. 62, pp. 229-236, November 2014.

Воведена е нова метода за решавање на проблемот на оптимално поставување кондензатори во дистрибутивни мрежи. Методата се одликува со исклучително висока пресметковна брзина споредено со методи кои решаваат ист/сличен проблем и користат принцип на пребарување. Резултатите се уникатни и повторливи што се смета како значителна предност на методата, а решенијата на конкретен проблем се далеку подобри споредено со останатите методи кои се користат за негово решавање.

[5] J. Angelov, J. Vuletik, M. Todorovski and R. Ackovski, "Equivalent circuit of single-core cable line with ground return wire and variable earth resistivity along its path", *Przegląd Elektrotechniczny*, R. 90, pp. 100-104, NR 12/2014. doi: 10.12915/pe.2014.12.23

[6] J. Angelov, J. Vuletik, M. Todorovski and R. Ackovski, "Equivalent Circuit of Single-Core Cable Line with Ground Return Wire and Variable Earth Resistivity Along its Path", *SAEM 2014 - The 5th International Symposium on Applied Electromagnetics*, Paper No. 5-24, Skopje, Macedonia, June 8-11, 2014.

Во двата труда се разгледува распределбата на потенцијали во заземјувачки системи кога се користат еднојадрени енергетски кабли со проводно јаже вкопано во ровот со кабелот. Во анализите се земаат предвид и состојби кога специфичната отпорност на земјата се менува по должината на кабелот.

[7] S.Cundeva, R.Neumann, M.Bollen, Z.Kokolanski, J.Vuletic, A.Krkoleva, S.Djokic, K.Van Reusel, K.Stockman. „Immunity against Voltage Dips – Main recommendations to Stakeholders of the CIGRE/CIRED/UIE Joint Working Group C4.110", *International Journal of Emerging Sciences (IJES)*, Vol.1, No.4. December 2011

Во трудот се дадени низа препораки за зајакнување на имунитетот на електроенергетската опрема при појава на напонски јами. Препораките се изведени од работата на работната група C4.110 во СИГРЕ и се однесуваат на сите засегнати страни (производители на опрема, производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија и сл.)

[8] J. Vuletic, M. Todorovski, "Optimal Capacitor Placement in Distribution Networks For Energy Loss Reduction Under Distorted Conditions Using Integer Genetic Algorithm", *ISEF 2013 - XVI International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering*, Ohrid, Macedonia, September 12-14, 2013.

Во трудот е изложена постапка за оптимално поставување кондензатори во дистрибутивни мрежи при несинусоидални работни услови, со примена на генетски алгоритам кој работи со целобројни променливи и користи принцип на пенализација. При оптимизацијата се уважени голем број технички и оперативни ограничувања. Резултатите покажуваат значителни разлики во остварените заштеди со примена на мерката во зависност од моделот на потрошувачите. Дополнително, потенцирани се предностите и недостатоците воведени со примената на конкретниот генетски алгоритам.

[9] Р.Ачковски, М.Тодоровски, Ј.Вулетиќ, Ј.Ангелов. „Оценка на топлинското стареење на изолацијата кај енергетските кабли”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2009

Во трудот е направен осврт кон процесите на загревање и ладење на енергетските кабли, како и кон процесот на топлинското стареење на нивната изолација. Потоа е изложена нумеричка постапка со која се овозможува проценка на релативното топлинско стареење на изолацијата на еден енергетски кабел под дејство на променлив дијаграм на оптоварување. Постапката овозможува и утврдување на максималното струјно оптоварување со кое при променлив дијаграм на оптоварување се постигнува иста брзина на стареењето на кабелот со онаа што се остварува кога е тој оптоварен со своето дозволено трајно струјно оптоварување. Со тоа се овозможува максимално искористување на кабелот така што тој да го оджливее својот нормален животен век за којшто бил предвиден од страна на производителот.

[10] Р.Ачковски, М.Тодоровски, Ј.Вулетиќ. „Избор на начинот на заземјување на металната ограда кај постројките за висок напон”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2009.

Металната ограда на една постројка има задача да го спречи пристапот на надворешните лица да влезат во кругот на постројката односно трансформаторската станица и да бидат изложени на опасностите од електричен удар или предизвикување опасност во самата постројка. Оградата се заземјува со сопствен заземјувач од надворешната страна кој може да биде галвански поврзан или одвоен од мрежестиот заземјувач на постројката. Во трудов е презентирана нумеричка постапка, базирана на теоријата на спрегнатите заземјувачи, со која се овозможува по пресметковен пат да се утврди кој од споменатите два начина е поповолен, т.е. во кој случај опасностите од појава на превисоки напони на допир/чекор се помали. Постапката е илустрирана на конкретен случај од практиката.

[11] А.Крколева, Р.Ачковски, Ј.Вулетиќ, Ј.Ангелов. „Моделирање на преодни процеси при комутации со Matlab/Simulink”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид 2009.

Моделирањето на елементите и влијанието на преодните процеси врз опремата во електроенергетските мрежи е особено важно, поради импликациите кои овие процеси ги воведуваат во мрежите. Во денешно време, анализата со примена на софтверски алатки значително го олеснува решавањето на проблеми од овој тип. Во трудот е презентирана постапка за решавање на преодни процеси при комутации во една мрежа со примена на Matlab/Simulink. Анализите и резултатите го потенцираат влијанието на овие појави и погодноста од користење софтверски алатки за решавање вакви проблеми.

[12] М.Тодоровски, Р.Ачковски, Ј.Вулетиќ. „Примена на Matlab за оптимизација на режимите на работа на ЕЕС”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2009.

Во трудот се разгледувани оптимизационите алатки на Matlab наменети за решавање на проблеми зададени во матрична форма, кои се решаваат со линеарно или квадратно програмирање. Со примена на овие алатки е решаван проблемот на економски диспечинг во кој се одредува оптимална работа на генератори во поглед на минимизација на вкупните трошоци. Потоа, проблемот на оптимални текови на моќност каде на економскиот диспечинг е придодена и преносната мрежа која е моделирана со помош на еднонасочниот модел на мрежата, како и проблемот на одредување на максималната пропусна моќ на

дадена преносна мрежа. Примената на наведените алатки за решавање на проблеми во електроенергетските системи е илустирана на соодветно избрани примери во кои има елементарни случаи, но и случаи од поголеми вистински или тест-системи со што е покажана применливоста на наведените постапки во практиката.

[13] Р.Ачковски, М.Тодоровски, Ј.Вулетиќ. „Практична постапка за оптимален избор на заземјувачи на столбовите во СН дистрибутивни мрежи со заземјена неутрална точка”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2009.

Со просторното ширење на дистрибутивните мрежи доаѓа до зголемување на струјата на доземен спој и кога таа ќе ја достигне граничната вредност се преминува кон заземјување на неутралната точка на мрежата преку мал активен отпор. Во новите услови на работа, од заземјувачите на трафостаниците, како и од заземјувачите на столбовите се бара да исполнуваат и дополнителни услови за безбедност (напони на допир и чекор), како и услови на сигурност на работата на релејната заштита, така што е потребно да се изврши нивно прилагодување на новонастанатата состојба. Во трудот се презентира практична постапка за оптимален избор на заземјувачите на столбовите од СН надземни водови. Постапката базира на претходно пресметани и изготвени табели/дијаграми од кои на едноставен начин може да се отчита какви дополнителни зафати и појачувања на заземјувачите се неопходни за да бидат задоволени потребните технички услови на безбедност и сигурност.

[14] J.Vuletic, R.Ackovski, M.Todorovski. „Analiza izvora visih harmonika I njihovo sirenje u distributivnim mrezama” *VII Savetovanje o elektrodistributivnim mrezama Srbije – CIRED*, Vrnjacka Banja 2010

Во трудот се разгледува метод за одредување на вишите хармоници на напоните и струите во индустриски дистрибутивни мрежи. Во него се изложени основите за анализа на електроенергетски мрежи во сложенопериодичен принуден режим и е даден осврт на главните проблеми предизвикани од вишите хармоници. Дадени се начини за моделирање на изворите на виши хармоници, трансформаторските станици, надземните водови и кабли и на кондензаторските батерии и филтри. Врз основа на предложениот метод, развиена е симулациска алатка која е применета за решавање на конкретни проблеми во индустриска дистрибутивна мрежа во која се разгледувани случани со различно оптоварување, како и случаи со различни позиции на изворите на хармоници и различни режими на нивната работа.

[15] Ј.Вулетиќ, М.Тодоровски, Р.Ачковски. „Анализа и влијанија на изворите на виши хармоници во дистрибутивните мрежи-Прв дел”, *VII Советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011.

Помеѓу останатите проблеми опфатени во обласата на квалитет на електрична енергија се и проблемите поврзани со деформација на синусните криви на напоните и струите во електроенергетските мрежи. Трудот посочува на најкарактеристичните влијанија од вишите хармоници во мрежите и начините на нивна елиминација. Трудот е организиран и поделен во два дела. Во првиот дел се изложени главните проблеми кои потекнуваат од постоењето хармоници во електричните мрежи, додека во вториот дел се прикажани најчесто употребуваните начини на елиминација на влијанијата од виши хармоници во електричните мрежи.

[16] Ј.Вулетиќ, Р.Ачковски, М.Тодоровски. „Анализа и влијанија на изворите на виши хармоници во дистрибутивните мрежи-втор дел”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011

Во трудот е прикажана постапка со која е овозможено по пресметковен пат да се анализира ширењето на вишите хармоници во дистрибутивните мрежи кое потекнува од различни потрошувачи – извори на хармоници. За таа цел, дистрибутивната мрежа се решава во сложенопериодичен режим, при што се пресметуваат напоните и струите за секој присутен хармоник одделно (принцип на суперпозиција) со помош на методот на независни напони. Трудот е организиран и поделен во три дела. Во првиот дел се прикажани моделите на изворите на хармоници и моделите на елементите од електроенергетскиот. Во вториот дел е даден краток опис на изработената софтверска алатка во Matlab, со осврт кон предностите и недостатоците за конкретниот начин на анализа. На крајот е прикажано решение на конкретна дистрибутивна мрежа каде што се препорачани и предлог-решенија за минимизација на влијанијата од хармоници и нивно доведување во граници пропишани со стандардот EN 50160.

[17] Ј.Вулетиќ, М.Тодоровски, Р.Ачковски. „Влијанија на енергетските преобразувачи од аспект на хармоници кај индустриските мрежи”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011

Се анализира пример на една индустриска мрежа, во која треба да се воведе регулација на брзината на дел од електромоторните погони. Со помош на програма изработена во Matlab, по пресметковен пат се одредува вкупното хармониско изобличување на напоните и струите во мрежата, во зависност од тоа преку каков енергетски преобразувач се напојува регулираниот погон. Исто така, анализирана е оптовареноста на елементите во мрежата и врз основа на показателите е одлучено за изборот на преобразувач и потребата од дополнителни мерки за намалување на нивото на хармоници во пропишани граници (согласно со EN 50160).

[18] Ј.Вулетиќ, С. Чундева, А. Крколева, Ж. Коколански, С. Ѓокиќ. „Имунитет на опремата и инсталациите на напонски пропади - Главни препораки од работната група UIE “Power quality” до мрежните оператори и регулаторните тела”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011

Во трудот се разгледува група препораки насочени кон мрежните оператори и регулаторните тела со цел зголемување на имунитетот на опремата и инсталациите на напонски пропади. Препораките се изработени од работната група C4.110 во СИГРЕ.

[19] А. Крколева, С. Чундева, Ј.Вулетиќ, Ж. Коколански, С. Ѓокиќ. „Имунитет на опремата и инсталациите на напонски пропади - Главни препораки од работната група UIE “Power quality” до институциите за стандардизација”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011

Група препораки насочени кон институциите за стандардизација со цел зголемување на имунитетот на опремата и инсталациите на напонски пропади. Препораките се изработени од работната група C4.110 во СИГРЕ.

[20] Ж. Коколански, А. Крколева, С. Чундева, Ј.Вулетиќ, С. Ѓокиќ, В. Димчев. „Имунитет на опремата и инсталациите на напонски пропади - Главни препораки од работната група UIE “Power quality” до индустриските потрошувачи и производителите на опрема”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011

Во трудот се дадени група препораки насочени кон производителите на опрема и големите индустриски потрошувачи со цел зголемување на имунитетот на опремата и инсталациите на напонски пропади. Препораките се изработени од работната група C4.110 во СИГРЕ.

[21] Ј.Вулетиќ, Ј.Ангелов, М.Тодоровски. „Примена на FACTS уреди за редна и напречна компензација на реактивна моќност во електроенергетски мрежи”, *VIII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2013

Во трудот се разгледува примена на современи уреди за редна и напречна компензација на реактивна моќност. Постапките се применети на реална мрежа (дел од електроенергетскиот систем на Р. Македонија). Анализите и резултатите ја потенцираат ефикасноста од применетите уреди и мерки.

[22] Ј.Ангелов, Ј.Вулетиќ, М.Тодоровски, Р.Ачковски. „Навремено откривање на грешки кај енергетски трансформатор со редовни профилактички испитувања”, *VIII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2013

Во трудот е изложена постапка со која преку редовно испитување и следење на состојбата на изолационот систем кај енергетските трансформатори, може навремено да се детектираат грешки и/или нарушување на одредени индикатори и параметри преку кои се квантифицира состојбата на испитуваниот уред. Постапката е илустрирана на реален енергетски транформатор и резултатите покажуваат како може да се дејствува превентивно со цел штедење на опремата и материјални ресурси.

[23] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски. „Намалување на загуби и вкупно хармониско изобличување во дистрибутивни мрежи за различни модели на потрошувачите со поставување кондензатори и примена на генетски алгоритам без пенали“, *IX советување на МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 27-29 септември 2015.

Во трудот е прикажана постапка за оптимален избор и локација на кондензаторски батерии во дистрибутивни мрежи при несинусоидални услови со примена на генетски алгоритми без пенали. Кај генетските алгоритми, вообичаено, за дефинирање на функцијата на цел се користи методот на пенализација. Иако тој е релативно лесен за имплементација, со себе воведува низа недостатоци кои стануваат особено изразени кај оптимизациски проблеми со голем број ограничувања. Во трудот е изложен генетски алгоритам што користи специјална процедура при процесот на селекција на хромозоми, со што целосно се избегнува методот на пенализација.

Модифицираниот генетски алгоритам обезбедува дополнително распрегнување од проблемот и на корисникот му овозможува на значително полесен начин да се справи со оптимизациски проблеми кои содржат голем број ограничувања, без притоа да води сметка за нивното нарушување. Предложениот генетски алгоритам е применет за оптимално поставување кондензатори при несинусоидални услови во една тест- дистрибутивна мрежа.

[24] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски. „Оптимално поставување на дисперзирани генератори напојувани преку енергетски преобразувачи во дистрибутивни мрежи со примена на кластер метода“, *IX советување на МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 27-29 септември 2015.

Во трудот е прикажана постапка за оптимално поставување на дисперзирани генератори спрегнати преку енергетски преобразувачи во дистрибутивни мрежи со примена на кластер-метода која е заснована на принцип на пребарување. Дисперзираното производство го сочинуваат мали извори на електрична енергија кои вообичаено се приклучуваат во дистрибутивната мрежа. Нивното присуство воведува низа предности и недостатоци, поради кои постои потреба од повторно анализирање на работните режими на дистрибутивните мрежи.

Разгледуван е проблемот на оптимално поставување и одредување големина на дисперзирани генератори спрегнати преку енергетски преобразувачи во тест-

дистрибутивни мрежи, со цел постигнување на минимални загуби, одржување на зададен напонски профил и вкупно хармониско изобличување на напоните во мрежата.

## 3.2. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Јовица Вулетиќ има учествувано во бројни испитувања на високонапонска опрема во Лабораторијата за висок напон при Институтот за ПЕЕС во текот на неговиот работен ангажман. Од јануари 2012, тој активно учествува и во стручно-апликативната дејност што ја изведува Лабораторијата за висок напон при теренски услови на работа. Како позначајни објекти каде што извршувал испитувања се издвојуваат: ХЕЦ Козјак, ХЕЦ Вруток, ХЕЦ Тиквеш, ХЕЦ Шпиље, ФЕНИ Индустри, ОКТА – Скопје, Југохром, како и во трафостаниците 110/35/10 kV во состав на ЕЕС на Република Македонија.

Во текот на учебната 2009/2010 работел на изработка на распореди за часови и испитни сесии. Учествувал во промотивни активности на Факултетот (отворени денови на ФЕИТ во 2013, 2014, 2015 и 2016, свечено доделување дипломи во 2014 и 2015 ).

Во 2013 година бил член на Организационен одбор за меѓународното советување ISEF 2013, „XVI International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering“.

Во 2015 бил член на Организационен одбор за 9.то Советување на МАКО – СИГРЕ.

**Оценка од самоевалуација**

Во согласност со Извештајот од Комисијата за самоевалуација на Факултетот, кандидатот наставните обврски секогаш ги извршува професионално, совесно, квалитетно и стручно, што е потврдено со позитивните оценки кои кандидатот ги доби од спроведените анонимни студентски анкети.

**З А К Л У Ч О К**

Во својата досегашна активност, кандидатот ас. д-р Јовица Вулетиќ, во подолг временски период, постигнувал одлични резултати во научноистражувачката дејност. Покрај тоа, со особен успех и квалитет ги извршувал своите наставни активности при што посебно треба да се нагласи неговиот коректен однос кон студентите и своите колеги.

Врз основа на претходно изнесеното, како и врз основа на податоците дадени во Анекс 2 кон овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека д-р Јовица Вулетиќ со неговата вкупна дејност во целост ги исполнува условите за избор во звањето за кое конкурира, пропишани со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје. По сите три основи, наставната, научно-истражувачката и апликативната дејност, како и севкупно, остварил поголем број на поени од минималниот потребен број за избор во звањето доцент.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, кандидатот ас. д-р Јовица Вулетиќ, дипл. ел. инж., да го избере во звањето доцент

по предметите од наставно-научната област 20300 – електроенергетски мрежи и системи.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ристо Ачковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Рубин Талески, член, с.р.
3. Проф. д-р Мирко Тодоровски, член, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Јовица Игњат Вулетиќ**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **20300 – електроенергетски мрежи и системи**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на вежби (аудиториски, лабораториски)** | |
| | Електрично осветление (зимски семестар, 2008/09, 2 часа) | 0,9 |
| | Нисконапонски електрични инсталации и осветление (зимски семестар, 2008/09, 2 часа) | 0,9 |
| | Компјутерски подржано проектирање на електрични инсталации (зимски семестар, 2008/09, 2 часа) | 0,9 |
| | Квалитет на електрична енергија (летен семестар, 2008/09, 2 часа) | 0,9 |
| | Преносни и дистрибутивни системи (летен семестар, 2008/09, 2 часа) | 0,9 |
| | Електрично осветление (зимски семестар, 2009/10, 2 часа) | 0,9 |
| | Нисконапонски електрични инсталации и осветление (зимски семестар, 2009/10, 2 часа) | 0,9 |
| | Компјутерски подржано проектирање на електрични инсталации (зимски семестар, 2009/10, 2 часа) | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Дистрибутивни системи (зимски семестар, 2009/10, 2 часа) | 0,9 |
| | Квалитет на електрична енергија (летен семестар, 2009/10, 2 часа) | 0,9 |
| | Преносни и дистрибутивни системи (летен семестар, 2009/10, 2 часа) | 0,9 |
| | Технички системи на управување (летен семестар, 2009/10, 2 часа) | 0,9 |
| | Електрично осветление (зимски семестар, 2010/11, 2 часа) | 0,9 |
| | Нисконапонски електрични инсталации и осветление (зимски семестар, 2010/11, 2 часа) | 0,9 |
| | Дистрибутивни системи (зимски семестар, 2010/11, 2 часа) | 0,9 |
| | Квалитет на електрична енергија (летен семестар, 2010/11, 2 часа) | 0,9 |
| | Преносни и дистрибутивни системи (летен семестар, 2010/11, 2 часа) | 0,9 |
| | Режими на работа на ЕЕС (летен семестар, 2010/11, 2 часа) | 0,9 |
| | FACTS-уредиво ЕЕС(летен семестар, 2010/11, 2 часа) | 0,9 |
| | Електрично осветление (зимски семестар, 2011/12, 2 часа) | 0,9 |
| | Нисконапонски електрични инсталации и осветление (зимски семестар, 2011/12, 2 часа) | 0,9 |
| | Дистрибутивни системи (зимски семестар, 2011/12, 2 часа) | 0,9 |
| | Квалитет на електрична енергија (летен семестар, 2011/12, 2 часа) | 0,9 |
| | Преносни и дистрибутивни системи (летен семестар, 2011/12, 2 часа) | 0,9 |
| | Режими на работа на ЕЕС (летен семестар, 2011/12, 2 часа) | 0,9 |
| | FACTS-уреди во ЕЕС(летен семестар, 2011/12, 2 часа) | 0,9 |
| | Електрично осветление (зимски семестар, 2012/13, 2 часа) | 0,9 |
| | Нисконапонски електрични инсталации и осветление (зимски семестар, 2012/13, 2 часа) | 0,9 |
| | Дистрибутивни системи (зимски семестар, 2012/13, 2 часа) | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Компјутерски подржано проектирање на електрични инсталации (зимски семестар, 2012/13, 2 часа) | 0,9 |
| | Квалитет на електрична енергија (летен семестар, 2012/13, 2 часа) | 0,9 |
| | Преносни и дистрибутивни системи (летен семестар, 2012/13, 2 часа) | 0,9 |
| | FACTS-уредиво ЕЕС(летен семестар, 2012/13, 2 часа) | 0,9 |
| | Електрично осветление (зимски семестар, 2013/14, 2 часа) | 0,9 |
| | Нисконапонски електрични инсталации и осветление (зимски семестар, 2013/14, 2 часа) | 0,9 |
| | Дистрибутивни системи (зимски семестар, 2013/14, 2 часа) | 0,9 |
| | Компјутерски подржано проектирање на електрични инсталации (зимски семестар, 2013/14, 2 часа) | 0,9 |
| | Квалитет на електрична енергија (летен семестар, 2013/14, 2 часа) | 0,9 |
| | Преносни и дистрибутивни системи (летен семестар, 2013/14, 2 часа) | 0,9 |
| | FACTS уредиво ЕЕС(летен семестар, 2013/14, 2 часа) | 0,9 |
| | Електрично осветление (зимски семестар, 2014/15, 2 часа) | 0,9 |
| | Дистрибутивни системи (зимски семестар, 2014/15, 2 часа) | 0,9 |
| | Нисконапонски електрични инсталации и осветление (летен семестар, 2014/15, 2 часа) | 0,9 |
| | Компјутерски подржано проектирање на електрични инсталации (зимски семестар, 2014/15, 2 часа) | 0,9 |
| | Квалитет на електрична енергија (летен семестар, 2014/15, 2 часа) | 0,9 |
| | Преносни и дистрибутивни системи (летен семестар, 2014/15, 2 часа) | 0,9 |
| | FACTS уредиво ЕЕС(летен семестар, 2014/15, 2 часа) | 0,9 |
| | Електрично осветление (зимски семестар, 2015/16, 2 часа) | 0,9 |
| | Дистрибутивни системи (зимски семестар, 2015/16, 2 часа) | 0,9 |
| | Нисконапонски електрични инсталации и осветление (летен семестар, 2015/16, 2 часа) | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Компјутерски подржано проектирање на електрични инсталации (зимски семестар, 2015/16, 2 часа) | 0,9 |
| | Квалитет на електрична енергија (летен семестар, 2015/16, 2 часа) | 0,9 |
| | Преносни и дистрибутивни системи (летен семестар, 2014/15, 2 часа) | 0,9 |
| 2 | **Консултации со студенти** | |
| | Учебна 2008/09 (57 студенти) | 0,114 |
| | Учебна 2009/10 (73 студенти) | 0,146 |
| | Учебна 2010/11 (74 студенти) | 0,148 |
| | Учебна 2011/12 (90 студенти) | 0,180 |
| | Учебна 2012/13 (125 студенти) | 0,250 |
| | Учебна 2013/14 (113 студенти) | 0,226 |
| | Учебна 2014/15 (160 студенти) | 0,320 |
| | Учебна 2015/16 (230 студенти) | 0,460 |
| | | |
| 3 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Одредување на карактеристични големини на типски заземјувачи (од кандидатот Секуловски Мирослав, март 2014) | 0,1 |
| | Анализа на приликите во заземјувачкиот систем на СН електроенергетски мрежи при појава на куса врска со земја (од кандидатот Угриновска Ангела, јуни 2014) | 0,1 |
| | Пресметување на напони и текови на моќности во дистрибутивни мрежи со дисперзирани генератори (од кандидатот Арсовска Александра, јуни 2014) | 0,1 |
| | Примена на линеарно програмирање за пресметка на вкупниот пренесен капацитет на интерконекции од ЕЕС со преносна мрежа моделирана со еднонасочен модел (од кандидатот Спасиќ Никола, јуни 2014) | 0,1 |
| | Компензација на реактивна моќност и регулација на напони во дистрибутивни мрежи со користење на управливи кондензаторски батерии и податоци од мерења | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | пренесени на далечина (од кандидатот Крстеска Ангела, септември 2014) | |
| | Компензација на реактивна моќност во дистрибутивни мрежи со метод на пребарување базиран на групирање на кондензатори по јазли (од кандидатот Милановски Мелвин, септември 2014) | 0,1 |
| | Координација на работата во ЕЕС систем составен од термоцентрали и хидроцентрали со преносна мрежа моделирана со еднонасочниот модел (од кандидатот Димитровски Виктор, септември 2014) | 0,1 |
| | Решавање на проблеми од областа на динамичката стабилност во ЕЕС со примена на софтверскиот пакет MatDyn (од кандидатот Алексовска Кате, септември 2014) | 0,1 |
| | Пресметка на струи на куси врски во високонапонски преносни мрежи со примена на софтверскиот пакет PSS/E (од кандидатот Станковски Слободан, декември 2014) | 0,1 |
| | Симулација и анализа на преодни процеси во електроенергетски системи (од кандидатот Митков Јане, јануари 2015) | 0,1 |
| | Одредување на пренапоните при упад на бранови од атмосферско потекло во високонапонски постројки со примена на методот на Монте Карло во Matlab/Simulink (од кандидатот Ромачев Масларов Коста, јануари 2015) | 0,1 |
| | Пресметка на дистрибутивни фактори во преносни електроенергетски мрежи со примена на еднонасочниот модел (од кандидатот Мишевски Мартин, мај 2015) | 0,1 |
| | Аналитички методи за пресметка на загубите на моќност и енергија во дистрибутивните мрежи (од кандидатот Талеска Елена, јуни 2015) | 0,1 |
| | Режими на работа на ЕЕС со водови за висок еднонасочен напон (од кандидатот Јовановски Дарко, јуни 2015) | 0,1 |
| | Доверливост на дистрибутивните електроенергетски мрежи (од кандидатот Поп-Андонов Михајло, септември 2015) | 0,1 |
| | Пресметка на изнесени потенцијали кај спрегнати заземјувачи (од кандидатот Рамани Артан, септември 2015) | 0,1 |
| | Регулација на напони во преносни мрежи со помош на оптимизација на режимот на работа (од кандидатот Угриновски Марјан, декември 2015) | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Режими на работа на ЕЕС со флексибилни регулациони уреди за управување со тековите на активна моќност (од кандидатот Антевски Мартин, декември 2015) | 0,1 |
| | Режими на работа на ЕЕС со флексибилни регулациони уреди за управување со тековите на активна моќност (од кандидатот Лопатички Кристијан, февруари 2016) | 0,1 |
| | Примена на напречни FACTS уреди за регулација на напоните и тековите на моќност во преносни мрежи (од кандидатот Петроски Александар, март 2016) | 0,1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 51,5 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Одбранета докторска теза** | 8,0 |
| 2 | **Одбранета магистерска теза** | 4,0 |
| 3 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | [1] J. Vuletic and M. Todorovski, “Reduction of Losses and Harmonic Distortion in Distribution Networks with Different Load Models by Placing Shunt Capacitors using Integer Genetic Algorithm”, *PrzeglądElektrotechniczny*, R. 91, pp. 84-87, NR 6/2015. doi:10.15199/48.2015.06.16[0,9*(6+0,244)] | 5,620 |
| | [2] J. Vuletić and M. Todorovski, “Optimal Capacitor Placement in Distorted Distribution Networks with Different Load Models Using Penalty Free Genetic Algorithm”, *International Journal of Electrical Power & Energy Systems, Elsevier*, Vol. 78, pp. 174-182, June 2016.[0,9*(6+3,430)] | 8,489 |
| | [3] J. Angelov, J. Vuletić, R. Ačkovski and M. Todorovski, “An Extension in Cable Modeling for Grounding System”, *IEEE Transactions on Industry Applications*, Vol. 51, No. 6, pp. 5086-5094, Nov.-Dec., 2015.[0,6*(6+2,050)] | 4,828 |
| | [4] J. Vuletić and M. Todorovski, “Optimal Capacitor Placement in Radial Distribution Systems Using Clustering Based Optimization”, *International Journal of Electrical* | 8,489 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Power & Energy Systems, Elsevier*, Vol. 62, pp. 229-236, November 2014.[0,9*(6+3,430)] | |
| | [5] J. Angelov, J. Vuletik, M. Todorovski and R. Ackovski, “Equivalent circuit of single-core cable line with ground return wire and variable earth resistivity along its path”, *PrzeglądElektrotechniczny*, R. 90, pp. 100-104, NR 12/2014. doi: 10.12915/pe.2014.12.23[0,6*(6+0,244)] | 3,746 |
| **4** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | [1] S.Cundeva, R.Neumann, M.Bollen, Z.Kokolanski, J.Vuletic, A.Krkoleva, S.Djokic, K.Van Reusel, K.Stockman. „Immunity against Voltage Dips – Main recommendations to Stakeholders of the CIGRE/CIRED/UIE Joint Working Group C4.110” *International Journal of Emerging Sciences (IJES)* Vol.1, No.4. December 2011[0,6*3] | 1,800 |
| **5** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собирсо меѓународен уредувачки одбор** | |
| | [1] J. Angelov, J. Vuletik, M. Todorovski and R. Ackovski, “Equivalent Circuit of Single-Core Cable Line with Ground Return Wire and Variable Earth Resistivity Along its Path”, *SAEM 2014 - The 5th International Symposium on Applied Electromagnetics*, Paper No. 5-24, Skopje, Macedonia, June 8-11, 2014.[0,6*3] | 1,800 |
| | [2] J.Vuletic, M.Todorovski, “Optimal Capacitor Placement in Distribution Networks For Energy Loss Reduction Under Distorted Conditions Using Integer Genetic Algorithm”, *ISEF 2013 - XVI International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering*, Ohrid, Macedonia, September 12-14, 2013.[0,9*3] | 2,700 |
| **6** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | [1] Р.Ачковски, М.Тодоровски, Ј.Вулетиќ, Ј.Ангелов. ,,Оценка на топлинското стареење на изолацијата кај енергетските кабли”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2009[0,6*2] | 1,200 |
| | [2] Р.Ачковски, М.Тодоровски, Ј.Вулетиќ. ,,Избор на начинот на заземјување на металната ограда кај постројките за висок напон”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2009[0,8*2] | 1,600 |
| | [3] А.Крколева, Р.Ачковски, Ј.Вулетиќ, Ј.Ангелов. ,,Моделирање на преодни процеси при комутации со Matlab/Simulink”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2009[0,6*2] | 1,200 |
| | [4] М.Тодоровски, Р.Ачковски, Ј.Вулетиќ. ,,Примена на Matlab за оптимизација на режимите на работа на ЕЕС”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2009[0,8*2] | 1,600 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | [5] | Р.Ачковски, М.Тодоровски, Ј.Вулетиќ. „ Практична постапка за оптимален избор на заземјувачи на столбовите во СН дистрибутивни мрежи со заземјена неутрална точка”, *VI советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид 2009[0,8*2] | 1,600 |
| | [6] | J.Vuletic, R.Ackovski, M.Todorovski.„Analiza izvora visih harmonika I njihovo sirenje u distributivnim mrezama” *VII Savetovanje o elektrodistributivnim mrezama Srbije – CIRED*, Vrnjacka Banja 2010[0,8*2] | 1,600 |
| | [7] | Ј.Вулетиќ, М.Тодоровски, Р.Ачковски. „Анализа и влијанија на изворите на виши хармоници во дистрибутивните мрежи-Првдел”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011[0,8*2] | 1,600 |
| | [8] | Ј.Вулетиќ, Р.Ачковски, М.Тодоровски. „Анализа и влијанија на изворите на виши хармоници во дистрибутивните мрежи-Втордел”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011[0,8*2] | 1,600 |
| | [9] | Ј.Вулетиќ, М.Тодоровски, Р.Ачковски. „Влијанија на енергетските преобразувачи од аспект на хармоници кај индустриските мрежи”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид 2011[0,8*2] | 1,600 |
| | [10] | Ј.Вулетиќ, С. Чундева, А. Крколева, Ж. Коколански, С. Ѓокиќ. „Имунитет на опремата и инсталациите на напонски пропади - Главни препораки од работната група UIE “Power quality” до мрежните оператори и регулаторните тела”, *VII Советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид 2011[0,6*2] | 1,200 |
| | [11] | А. Крколева, С. Чундева, Ј.Вулетиќ, Ж. Коколански, С. Ѓокиќ. „Имунитет на опремата и инсталациите на напонски пропади - Главни препораки од работната група UIE “Power quality” до институциите за стандардизација”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011[0,6*2] | 1,200 |
| | [12] | Ж. Коколански, А. Крколева, С. Чундева, Ј.Вулетиќ, С. Ѓокиќ, В. Димчев. „Имунитет на опремата и инсталациите на напонски пропади - Главни препораки од работната група UIE “Power quality” до индустриските потрошувачи и производителите на опрема”, *VII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2011[0,6*2] | 1,200 |
| | [13] | Ј.Вулетиќ, Ј.Ангелов, М.Тодоровски. „Примена на FACTS уреди за редна и напречна компензација на реактивна моќност во електроенергетски мрежи”, *VIII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2013[0,8*2] | 1,600 |
| | [14] | Ј.Ангелов, Ј.Вулетиќ, М.Тодоровски, Р.Ачковски. „Навремено откривање на грешки кај енергетски трансформатор со редовни профилактички испитувања”, *VIII советување МАКО – СИГРЕ*, Охрид, 2013[0,6*2] | 1,200 |
| | [15] | Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски. „Намалување на загуби и вкупно хармониско изобличување во дистрибутивни мрежи за различни модели на потрошувачите со поставување кондензатори и примена на генетски алгоритам без пенали“, *IX советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 27-29 септември 2015[0,9*2] | 1,800 |

| | | |
|---|---|---|
| | [16] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски. „Оптимално поставување на дисперзирани генератори напојувани преку енергетски преобразувачи во дистрибутивни мрежи со примена на кластер метода“, *IX советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 27-29 септември 2015[0,9*2] | 1,800 |
| | **Вкупно** | 73,1 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Називнаактивноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | |
| | Извештајодпрофилактичкииспитувањанастаторски и роторскинамоткинагенераторитево ХЕ Тиквеш<br><br>(арх.број: 03-2884/1-ФЕИТ и 11-3823/6-ЕЛЕМ, јули 2012) | 1,0 |
| | Извештај од испитувања на изолационите системи на напонските и струјните мерни трансформатори во РЕК Битола, рудник Суводол<br><br>(арх.број: 03-2884/1-ФЕИТ и 11-3823/6-ЕЛЕМ, октомври 2012) | 1,0 |
| | Извештај од испитувања на изолационите системи на напонските и струјните мерни трансформатори во РЕК Битола, рудник Брод-Гнеотино<br><br>(арх.број: 03-2884/1-ФЕИТ и 11-3823/6-ЕЛЕМ, октомври 2012) | 1,0 |
| | Извештај од профилактички испитувања на статорски и роторски намотки на генераторите во ХЕ Шпиље<br><br>(арх.број: 03-2884/1-ФЕИТ и 11-3823/6-ЕЛЕМ, септември 2012) | 1,0 |
| | Извештај од профилактички испитувања на статорски и роторски намотки на генераторите во ХЕ Козјак<br><br>(арх.број: 03-2884/1-ФЕИТ и 11-3823/6-ЕЛЕМ, мај 2012) | 1,0 |
| | Извештај од испитувања на изолациониот систем на регулациониот трансформатор бр.4 во Скопски легури - | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Скопје (арх. број: 03-2112/2-ФЕИТ на Барање од 15/08/2012, септември 2012) | |
| | Извештај од испитувања на изолационите системи на енергетските и печните трансформатори во FENI INDUSTRIES Кавадарци<br><br>(арх. број: 05-1649/2-ФЕИТ и 1205/659/28-FENI, септември 2012) | 1,0 |
| | Извештај од проверка на функционалноста на одводници на пренапони во ОКТА Рафинерија на нафта<br><br>(арх. број: 03-644/1-ФЕИТ и 0701-163/1-ОКТА, септември 2012) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолациониот систем на мерна ќелија во Johnson Matthey<br><br>(арх. број: 03-3336/1-ФЕИТ и 803-0302 Johnson Matthey, декември 2012) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолацијата кај три енергетски трансформатори со атмосферски импулсен напон за потребите на МАКИТЕЛ – Скопје<br><br>(арх. број: 03-316/2-ФЕИТ на Барање од 06/02/2012, мај 2012) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолацијата на енергетски трансформатор 10/0,4 kV 400 kVA со атмосферски импулсен напон за потребите на МАКИТЕЛ – Скопје<br><br>(арх. број: 03-316/2-ФЕИТ на Барање од 06/02/2012, мај 2012) | 1,0 |
| | Извештај од профилактичко испитување на изолационите системи на генераторите во ХЕ Глобочица, мерните трансформатори во поле Г1 и Г2 и регулационен трансформатор (арх. број: 03-116/2-ФЕИТ и 11-210/2-ЕЛЕМ, јули 2014) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолацијата на енергетски трансформатори со моќност 30 kVA и 50 kVA со атмосферски импулсен напон за потребите на Раде Кончар ТЕП – Скопје<br><br>(арх. број: 03-672/1-ФЕИТ на Барање од 19/03/2014, мај 2014) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолацијата на енергетски трансформатори со моќност 250 kVA, 400 kVA и 630 kVA со | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | атмосферски импулсен напон за потребите на Раде Кончар ТЕП – Скопје<br><br>(арх. број: 03-672/1-ФЕИТ на Барање од 19/03/2014, мај 2014) | |
| | Извештај од мерење отпор на изолација на енергетски трансформатори 35/1, 6/1 и 6/0,4 kV/kV за потребите на Arcellor Mittal – Скопје<br><br>(арх. број: 03-2132/2-ФЕИТ и 10006637Arcellor Mittal, јули 2014) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолациониот систем на комбинирани мерни трнасформатори во ТС Валандово за потребите на ДАСС Инженеринг – Охрид<br><br>(арх. број: 03-104/3-ФЕИТ и 2/14-ДАСС, март 2014) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолационите системи на струјни мерни трансформатори во поле Г1, Г2 и Г3 во ХЕ Шпиље<br><br>(арх. број: 03-116/2-ФЕИТ и 11-210/2-ЕЛЕМ, октомври 2014) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолационите системи на струјни мерни трансформатори во поле Г1, Г2, Г3 и Г4 во ХЕ Тиквеш<br><br>(арх. број: 03-116/2-ФЕИТ и 11-210/2-ЕЛЕМ, декември 2014) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолационите системи на струјни и напонски мерни трансформатори во ТС Север за потребите на ЕЛЕМ Енергетика – Скопје<br><br>(арх. број: 03-116/2-ФЕИТ и 11-210/2-ЕЛЕМ, декември 2014) | 1,0 |
| | Извештај од мерење на парцијалните празнења кај енергетски трансформатор 110/6 kV/kV 16 MVA за потребите на Бучим – Радовиш<br><br>(арх. број: 03-983/3-ФЕИТ и 165/06/2015-Бучим, јуни 2015) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолацијата на енергетски трансформатори со моќност 160 kVA, 630 kVA и 1000 kVA со атмосферски импулсен напон за потребите на Раде Кончар Сервис – Скопје | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | (арх. број: 03-670/1-ФЕИТ на Барање од 30/03/2015, април 2015) | |
| | Извештај од испитување на потпорни полимерни изолатори BIA-12, BIA-24 и BIA-36 според IEC 60660 за потребите на Братство ИНОХ ДОО – Скопје<br><br>(арх. број: 03-1588/1-ФЕИТ и 03-99/1-ИНОХ, октомври 2015) | 1,0 |
| | Извештај од профилактичко испитување на изолациониот систем на генератор 1 во ХЕ Шпиље – Дебар<br><br>(арх. број: 03-1265/3-ФЕИТ и 11-2537/5-ЕЛЕМ, септември 2015) | 1,0 |
| | Извештај од испитување на изолационите системи на струјни и напонски мерни трансформатори во ТС Север за потребите на ЕЛЕМ Енергетика – Скопје<br><br>(арх. број: 03-1265/3-ФЕИТ и 11-2537/5-ЕЛЕМ, октомври 2015) | 1,0 |
| | | |
| 2 | **Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот** | |
| | Отворен ден на ФЕИТ (2013, 2014, 2015 и 2016) | 2,0 |
| | Доделување дипломи на ФЕИТ (2014, 2015) | 1,0 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3 | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| | Организационен одбор за IX советување на МАКО-СИГРЕ, септември 2015 | 0,5 |
| | | |
| 4 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Организационен одбор за XVI International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering, ISEF 2013, септември 2013 | 1,0 |
| | | |
| 5 | **Член на факултетска комисија** | |
| | Комисија за попис на ФЕИТ (2014) | 0,5 |
| | Комисија за попис на ФЕИТ (2015) | 0,5 |
| | | |
| | **Вкупно** | 29,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 51,5 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 73,1 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 29,5 |
| **Вкупно** | 154,1 |

**ЧленовинаКомисијата**

1. Проф. д-р Ристо Ачковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Рубин Талески, член, с.р.
3. Проф. д-р Мирко Тодоровски, член, с.р.

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 20300 - ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ И СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ**

Во врска со конкурсот за избор на помлад асистент при Институтот за преносни електроенергетски системи, објавен од Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (објавен во весникот „Дневник" бр. 6074 и во „Коха" на 27.5.2016 година), со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 16.6.2016 година, определена е Комисија за изготвување на Реферат за избор на еден помлад асистент при Институтот за преносни електроенергетски системи, во состав: проф. д-р Рубин Талески, проф. д-р Ристо Ачковски и вон. проф. д-р Мирко Тодоровски.

На распишаниот конкурс се пријави кандидатот м-р Петар Крстевски. По разгледувањето на доставената документација од кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Петар Крстевски е роден на 5.1.1988 година во Битола. Основно и средно образование завршил во Ресен.

Во учебната 2006/2007 година се запишал на додипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката електроенергетски системи. Дипломирал во јуни 2010 година со средна оценка 10,00.

Во учебната 2010/2011 се запишал на магистерски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката електроенергетски системи. Магистрирал во февруари 2012 година со средна оценка 10,00 со темата „Моделирање на регионалниот ЕЕС на Југоисточна Европа за проценка на задушувања – ден однапред", под менторство на проф. д-р Рубин Талески.

Од февруари 2012 година е запишан на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", под менторство на проф. д-р Рубин Талески, каде ги положил сите предвидени испити и моментално работи на докторската дисертација.

Кандидатот е награден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ со Пофалница за постигнат најдобар успех во студирањето и со Плакета од ФЕИТ за извонредни резултати и успешно завршени студии со просек 10. Кандидатот Петар Крстевски го добил и признанието „Инженерски прстен“, кое го доделува претседателот на Република Македонија, како најдобар дипломиран студент на ФЕИТ за учебната 2009/2010 година.

Петар Крстевски е член на IEEE од 2013 година и член на МАКО СИГРЕ од 2010 година. Кандидатот бил член на Организационите одбори на 8. и 9. Советување на МАКО СИГРЕ во 2013 и 2015 година.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од февруари 2012 до денес, кандидатот е ангажиран како демонстратор/соработник докторанд на Институтот за преносни електроенергетски системи каде што е задолжен за изведување на аудиториски и лабораториски вежби по следниве предмети: *електрични мрежи, компјутерски методи во електроенергетиката, високонапонски мрежи и системи, менаџмент на ЕЕС, пазари на електрична енергија, режими на работа на ЕЕС, управување и диспечинг на ЕЕС, планирање на ЕЕС, технички системи на управување, програмирање и алгоритми и основи на електротехника 2.*

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Петар Крстевски се јавува како автор или коавтор на 19 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија.

[1] R. Taleski, J. Angelov, **P. Krstevski**, A. Krkoleva, A. Paunoski, K. Naumoski, „Model Creator for Day Ahead Congestion Forecast“, 15th WSEAS International Conference on Systems, Corfu, July 2011.

Во услови на либерализација и интеграција на пазарите на електрична енергија од особена важност е креирањето на регионални модели на преносната електроенергетска мрежа кои се користат во процедурите за оперативно планирање на работата на интерконектираните системи. Овие постапки вклучуваат пресметка на прекугранични преносни капацитети и проценка на задушувања ден однапред, а се користат и при регионално планирање на електроенергетските системи. Во овој труд е даден опис на постапката за

формирање на регионален модел на интерконектиран електроенергетски систем.

[2] Љ. Николоски, К. Најденкоски, Г. Рафајловски, **П. Крстевски**: „Обработка и приказ на измерените податоци за квалитет на електричната енергија“ 7. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, октомври 2011.

Со појавата на мерни инструменти кои вршат континуирани мерења на различни електрични големини со цел проценка на квалитетот на електричната енергија кај потрошувачите се јавува потреба од примена на различни техники за обработка на измерените податоци, со цел да се добијат правилни индикатори за различните аспекти на квалитетот на електричната енергија. Во овој труд се прикажани техники на обработка на податоците и се прикажани резултати од реални измерени податоци.

[3] **P. Krstevski**, J. Angelov, R. Taleski, A. Krkoleva, K. Naumoski and A. Paunoski: „Facilitating DACF by Implementation of Integrated Software Solutions “,9th International Conference on the European Energy Maket 2012, Florence, Italy, 10-12 May 2012.

Во активностите на операторите на преносните системи спаѓа и постапката на проценка на задушувања за ден однапред. Во овој труд е прикажано решение, дадено во облик на постапка и имплементирано како софтвер, кое ја олеснува и автоматизира гореспоменатата постапка на проценка на задушувања – ден однапред.

[4] **P. Krstevski**, R. Taleski, J. Angelov, A. Krkoleva, K. Naumoski, A. Paunoski, “Creation of regional electric transmission network models by using database related software solution”, Advanced Aspects of Theoretical Electrical Engineering Sozopol '2012, Sozopol, Bulgaria.

Развојот и интеграцијата на регионалните пазари на електрична енергија и создавањето на големи континентални електроенергетски мрежи кои вклучуваат висок процент на обновливи извори на енергија ја истакнуваат потребата за користење на регионални модели на преносните мрежи и системи во широк спектар на анализи. Во овој труд е прикажано софтверско решение развиено со примена на бази на податоци кое овозможува создавање на регионални од националните модели на електроенергетските системи. Ова решение е развиено во координација со операторите на преносните системи од неколку земји од Југоисточна Европа и е приспособено на нивните потреби.

[5] **P. Krstevski**, J. Angelov, A. Krkoleva, K. Naumoski, A. Paunoski, N. Sijakovic, R. Taleski, V. Borozan, “Regional Transmission Network Modeling for Power Flow Analysis”, POEM, 19–21 November 2012, Limassol, Cyprus.

Со најновите трендови на развој во областа електроенергетика се појавува потреба за разгледување на електроенергетските системи во регионални рамки.

Во трудот е презентиран пристап кон формирање на регионален модел на преносна мрежа во форма погодна за примена на методи за пресметка на текови на моќност. Формирањето на моделот и обработката на податоци вклучуваат и посебни техники со цел да се овозможи ефикасно спроведување на итеративните пресметки на текови на моќност и елиминација на грешки во влезните податоци. Презентирани се и резултати од предложениот пристап на конкретен пример.

[6] **П. Крстевски**, Р. Талески: „Моделирање на интерконектирани електроенергетски системи за анализи на текови на моќност“, 8. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2013.

Во овој труд е прикажана постапка за креирање на модели на регионални интерконектирани електроенергетски системи. Постапката изложена во трудот е имплементирана во софтвер за оперативно планирање на работата на електроенергетските системи наменет за преносните систем-оператори. Решението содржи механизми за проверка на податоците на мрежните модели од аспект на тополошка структура, обезбеденост на сите потребни податоци и проверка на можноста за извршување на итеративните постапки за одредување на текови на моќности итн. Разработената постапка е применета и на конкретни примери од кои дел се опфатени и во трудот, со што е прикажана нејзината ефективност и точност.

[7] **П. Крстевски**, Р. Ачковски: „Анализа на доверливоста на радијални дистрибутивни мрежи со примена на Монте Карло симулации“ 8. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2013.

За разлика од аналитичките методи за анализа на доверливоста во дистрибутивните системи, со примена на оваа симулациска постапка се овозможува целосно и автентично моделирање на случајните појави кои резултираат со испади на елементите од дистрибутивните мрежи и предизвикуваат прекини во напојувањето на крајните корисници. Таа, исто така, овозможува одредување на статистичката распределба на бројот на прекините во мрежата и нивното времетраење – показатели коишто се неопходни за попрецизна проценка на штетите кај крајните корисници поради испадите и прекините во напојувањето. Врз основа на опишаниот метод е изготвена компјутерска програма пишувана во Matlab. Со нејзина помош се пресметуваат индексите на доверливост на поголем број конкретни примери, преземени од реалните дистрибутивни мрежи.

[8] **П. Крстевски**, А. Крколева Матеска, Р. Талески, К. Наумоски, А. Пауноски: „Постапка за формирање на прогнозирани модели на интерконектирани електроенергетски системи за проценка на задушувања“ 8. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2013.

Во овој труд е претставена постапка за креирање на прогнозирани регионални мрежни модели за анализи на текови на моќност, врз база на постоечки мрежни модели. Во постапката се поаѓа од фактот што во една електрична мрежа за временски период од неколку дена најчесто

настануваат само промени на инјектираните моќности од потрошувачите и производните единици и настануваат промени на состојбата (вклучен/исклучен) на елементите од мрежата. На овој начин, со задавање на овие податоци е овозможено полуавтоматизирано креирање на повеќе прогнозирани мрежни модели. Моделите можат да се зачувуваат во база на податоци или во датотеки во стандардниот UCTE-формат за размена на податоци и да се користат во постапките на проценка на задушувања или за други цели.

[9] **P. Krstevski,** A.Krkoleva, R.Taleski: "Modeling of Interconnected Electric Transmission Networks for Congestion Management" 16th International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering 12-14. September 2013, Ohrid, Macedonia.

Трудот обработува решение за создавање на регионални модели на интерконектирани преносни електроенергетски системи за пресметки на текови на моќност. Креирањето на моделите е засновано на податоци обезбедени од различни оператори на преносни системи во стандарден формат за размена на податоци за оваа намена. Разработена е примената на регионалните модели во процесот на управување и елиминирање на задушувања во интерконектираната мрежа. Решението е применето на конкретен пример и се изведени заклучоци за ефикасноста и применливоста на целата постапка.

[10] A. Krkoleva, V. Borozan, **P. Krstevski,** R. Taleski: "Provision of Ancillary Services by Implementing Epidemic Algorithms" 16th International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering 12-14. September 2013, Ohrid, Macedonia.

Трудот се однесува на концептот на интелигентни мрежи со нагласка на контролните стратегии кои се развиени врз база на епидемиски алгоритми или поточно кажано – алгоритми за соседска комуникација. Во трудот се опфатени трите важни аспекти на интелигентните мрежи, а тоа се: променетата улога на потрошувачите во однос на обезбедувањето на помошни услуги, можноста за примена на децентрализирани контролни стратегии кои се базираат на дистрибуирани алгоритми и можноста за размена на информации и други бенефити кои произлегуваат од примената на информациско-комуникациските технологии. Трудот дава опис на нов пристап на организирање на потрошувачите при обезбедување на помошни услуги со имплементација на алгоритми за соседска комуникација.

[11] P. Krstevski, V. Borozan, A. Krkoleva Mateska, A. B. Skanlund, M.H. Rennesund, J. Wolst, J. Angelov, E. Magnus, R. Taleski: "Investigating the Conditions for Establishing a Regional Power Exchange" 12th International Conference on the European Energy Market 2015, Lisbon, Portugal, 19-22 May 2015. doi: 10.1109/EEM.2015.7216728

Овој труд се однесува на можностите и бариерите за формирање на регионална берза на електрична енергија во т.н. мини-регион составен од

Македонија, Албанија, Црна Гора и Косово кој е дел од регионот на Југоисточна Европа. Анализите се базираат на Европскиот модел на пазарот на електрична енергија и ги опфаќаат трите фундаментални функции на пазарите на електрична енергија: тргување со енергија, тргнување однапред и балансирање. Ова истражување овозможува утврдување на потребните чекори за реализација на идејата за формирање на регионална берза на електрична енергија во дел или во целиот регион на Југоисточна Европа. Од истражувањето се идентификуваат очекуваните придобивки од формирањето на регионалната берза на електрична енергија во мини-регионот и се испитува оправданоста на потребата од понатамошна интеграција на пазарите на електрична енергија.

[12] A. Krkoleva Mateska, A. B. Skanlund, **P. Krstevski**, V. Borozan, M.H. Rennesund, J. Wolst, J. Angelov, E. Magnus, R. Taleski: "Options for Day-Ahead Market and Power Exchange in Republic of Macedonia" 12th International Conference on the European Energy Market 2015, Lisbon, Portugal, 19-22 May 2015, doi: 10.1109/EEM.2015.7216735

Во овој труд се прикажани можностите за организација на берза на електрична енергија како начин на организирање на пазар за тргување со електрична енергија - ден однапред во Република Македонија.

Истражувањето е засновано врз европските упатства за раководење и критериуми за високо ниво на ефикасност и транспарентност, како и ефикасна распределба на улоги и задачи на клучните играчи на пазарот. Притоа се земени предвид и локалните услови на пазарот и усвоените енергетски стратегии. Од разгледаните опции издвоено е најсоодветно решение за организација на берзата на електрична енергија. Пошироката цел на истражувањето е да се идентификуваат и можните начини на интеграција на идната македонска берза во Европскиот внатрешен пазар на електрична енергија и да се одредат потребните чекори за нејзино спроведување.

[13] **P. Krstevski**, A. Krkoleva Mateska, J. Angelov, V. Borozan, R. Taleski : Regional Transmission Network Modelling for Facilitating Congestion Management, *Przeglad Elektrotechniczny*, no. 06/2015, pp. 65 – 68, doi:10.15199/48.2015.06.11

Задушувањата во интерконектираните преносни електроенергетски мрежи спаѓаат меѓу главните пречки за понатамошен развој на пазарите на електрична енергија во Европа и создавањето на единствен европски пазар на електрична енергија. Поради ова се применуваат повеќе мерки и процедури за управување со задушувања кои се вклучени во самиот дизајн на пазарот и во начинот на оперативно планирање на работата на системот. Трудот обработува проблематика на примена на регионалните модели на електроенергетските системи во процедурите за управување со задушувањата.

[14] **П. Крстевски**, В. Борозан, А. Крколева Матеска, Ј. Ангелов, Р. Талески: „Истражување на модели на берза на електрична енергија во Република Македонија", 9. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2015.

Целта на овој труд е да се истражи можно решение за организација на пазарот ден однапред и улогата на берзата на електрична енергија во Република Македонија. Решението опфаќа начини на организација на пазарот и начини на распределба на улоги, функции и одговорности помеѓу понудувачите на услуги пазарот (на пример, берзи на електрична енергија, брокери, клириншки куќи итн.), операторот на преносниот систем, регулаторните тела и играчите на пазарот. Покрај тоа, во трудот се одредува улогата и одговорностите на берзата и се дефинираат потребите за регулација.

[15] А. Крколева Матеска, **<u>П. Крстевски</u>**, В. Борозан, Ј. Ангелов, Р. Талески: „Истражување на можностите за формирање регионална берза на електрична енергија", 9. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2015.

Целосната либерализација на пазарите на електрична енергија и нивната регионалната интеграција се основен услов за овозможување на поефикасно функционирање на електроенергетските системи. За да се овозможи регионална интеграција на пазарите на електрична енергија и формирање на регионални берзи на електрична енергија, потребно е да бидат исполнети одредени услови. Во овој труд се идентификувани условите за формирање на регионална берза на електрична енергија. Покрај тоа испитано е и исполнувањето на идентификуваните услови за Република Македонија и други земји од регионот на Југоисточна Европа.

[16] М. Дема, А. Крколева Матеска, **<u>П. Крстевски</u>**, В. Борозан: „Анализа на можностите за примена на интелигентни броила како предуслов за реализирање на интелигентни електроенергетски мрежи", 9. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2015.

Додека интелигентните броила претставуваат индивидуални уреди инсталирани во објекти на потрошувачите на електрична енергија, со цел мерење на нивната потрошувачка, тие исто така можат да се користат при надзор и управување на електроенергетските мрежи. Всушност, интелигентните броила спаѓаат во клучните технологии кои придонесуваат за преобразување на современите дистрибутивни мрежи во интелигентни мрежи. Земјите членки на Европската унија е потребно да обезбедат имплементација на интелигентните броила според Третиот пакет на законодавство за внатрешен пазар на енергија на ЕУ. Иако имаат заедничка цел, сепак начинот на воведување на интелигентните броила во земјите во ЕУ е различен. Во рамките на трудот, покрај анализата на правната рамка и искуствата од овие земји, образложени се и можностите за примена на интелигентните броила во Република Македонија

[17] А. Дејкоска, Е. Колевска, **<u>П. Крстевски</u>**, А. Крколева Матеска, В. Борозан: „Обврски и пазарни функции на современ оператор на дистрибутивен систем", 9. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2015.

Во поново време, целосната либерализација на пазарот, новите технологии, дистрибуираното производство на електрична енергија, како и можностите потрошувачите да преземаат активна улога на пазарот

преку функциите на управување со потрошувачката и агрегирање во таканаречени виртуелни електрани, се овозможува менување на некои од постоечките и појавување на нови обврски и пазарни функции на операторот на дистрибутивниот систем. Во трудот е прикажан преглед на моменталните обврски и пазарни функции на операторот на дистрибутивен систем во Република Македонија кои произлегуваат од постојната правна рамка и релевантните подзаконски акти и лиценци, во услови на целосно либерализиран пазар на електрична енергија во Република Македонија.

[18] М. Ташовска, **П. Крстевски**, А. Крколева Матеска, О. Мирчевски, В. Манев, В. Борозан: „Интегрирана регулација на напоните и реактивните моќности во дистрибутивните системи“, 9. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2015.

Со интеграцијата на сè поголем број на производители на електрична енергија во рамките на дистрибутивните системи и заострувањето на критериумите на квалитетот на напонот кај потрошувачите, се јавува потреба од примена на интегрирана регулација на напоните и реактивните моќности која е предмет на обработка во овој труд. Во трудот е опишан пристап за решавање на проблемот на регулација на напоните и реактивните моќности во трите основни домени на планирање и оперативно водење и управување со режимите на работа на дистрибутивната мрежа, и тоа: среднорочно планирање, краткорочно (оперативно) планирање и управување во реално време. Прикажани се и придобивките од примената на интегрираната регулација на напоните и реактивните моќности.

[19] Љ. Илиоски, А. Крколева Матеска, **П. Крстевски**, В. Борозан: „Алгоритми за подредување на јазли и гранки во радијални дистрибутивни мрежи“, 9. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2015.

Подредувањето се користи кај речиси сите наменски методи за пресметка на напони и текови на моќности во радијални мрежи и мрежи со мал број на контури, кои се карактеристични за дистрибутивните системи. Постапката на подредување на јазлите е применета на конкретен пример - IEEE тест-мрежа.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

По дипломирањето од септември 2010 до крајот на 2012 година, Петар Крстевски бил член на тимовите за реализација на повеќе научно-истражувачки или стручни проекти.

[1] „South East European Transmission System Operators Challenges“, 2010 – 2012, проект финансиран од EU FP7.

[2] „Republic of Macedonia Green Growth and Climate Change Analytic and Advisory Support Program“, 2012, проект финансиран од Светска банка.

[3] „Capacity Building of the Energy Regulatory Commission for Implementation of the New Energy law “, јануари 2012 – декември 2014, корисник Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, проект финансиран од Министерство за надворешни работи на Норвешка.

[4] „Technical Assistance for an Institutional Framework for Establishing a National/Regional Power Exchange “, февруари 2014 – јануари 2017, корисник Министерство за економија на Република Македонија, проект финансиран од Министерство за надворешни работи на Норвешка.

[5] „Примена на техники за оптимална распределба на моќности во интерконектиран ЕЕС во услови на отворен пазар на електрична енергија“, јуни 2014 – септември 2016, проект финансиран од ФЕИТ.

[6] „Technical Assistance for Implementation of the Third energy package Compliant Legislation in the Republic of Macedonia “, мај 2015 – јануари 2017, корисник: Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, проект финансиран од Министерство за надворешни работи на Норвешка.

[7] Студии за „Анализи на приклучоци на мали електрани на дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија“, 2014 – 2016, корисник: ЕВН Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Пријавениот кандидат целосно ги исполнува условите за избор предвидени со конкурсот. Тој во својата досегашна работа има постигнато завидни достигнувања како во наставниот процес, така и во својата стручна и научноистражувачка дејност. Потврда за тоа е позитивната оценка што кандидатот ја добил на анонимната студентска анкета за квалитет на реализираната настава, организирана во рамките на процесот на самоевалуација на Факултетот. Кандидатот, исто така, има освоено највисоки просечни оценки во текот на целото свое досегашно студирање. Затоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го избере кандидатот м-р Петар Крстевски, дипл. ел. инж., за помлад асистент по предметите од наставно-научната област електроенергетски мрежи и системи.

Рецензентска комисија

1. проф. д-р Рубин Талески, претседател, с.р
2. проф. д-р Ристо Ачковски, член, с.р.
3. вон. проф. д-р Мирко Тодоровски, член, с.р.

**Преглед**

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од 34-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 24.06.2016 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор | Одлука на ННС на ФЗНХ |
|---|---|---|---|---|
| Лидија Пљакова | „Агроекономска анализа на ефектите кај берачите на дивորастечки растенија и нивното влијание врз руралниот развој на Општина Чашка" | Agro economic analysis of the effects pickers in wild plants and their impact on rural development in the municipality of Caska | Проф. д-р Миле Пешевски | Бр. 02-1304/14 од 24.06.2016 година |
| Соња Димитриевска | „Фенотипска карактеризација на домашниот бивол" | Phenotypic characterization of domestic buffalo" | Проф. д-р Ѓоко Буневски | Бр. 02-1304/15 од 24.06.2016 година |
| Јована Блажевска | „Производно-технолошки потенцијали на сортата Темјаника во Тиквешкото виногорје" | Production-technological potentials of variety temjanika in Tikveš vineyard region | Проф. д-р Михаил Петков | Бр. 02-1304/16 од 24.06.2016 година |

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ГРАФИКА, ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ И ЦРТАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ГРАФИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на 13.4.2016 год., формира Рецензентска комисија во состав: ред. проф. м-р Зоран Јакимовски, претседател, ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, член и ред. проф. д-р Трајче Блажевски, член.

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 1.4. и 31.3.2016 год. за избор на наставник во сите звања по предметите графика, графички техники и цртање, на студиската програма графика на Факултетот за ликовни уметности се пријави кандидатката вонр. проф. м-р Славица Јанешлиева–Бачварска.

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатката, како и следењето на нејзината досегашна педагошка и ликовна дејност, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Вонр. проф. м-р Славица Јанешлиева–Бачварска е родена 1973 година во Скопје. Средно училиште „Јосип Броз Тито“ завршила во Скопје, а втората година од средното образование ја завршила во гимназијата “Roozvelt High School” во градот Сиетл, држава Вашингтон, САД. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1996 година,на отсекот графика, во класата на проф. Зоран Јакимовски, со насоки графички дизајн и рачно изработена хартија (со просек 9,70). Добитник е на наградата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за најдобар студент во генерацијата. Магистрирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во 1998 година, област:графика, под менторство на проф. Димитар Малиданов, на тема „Реминисценции“ (со просек 10).

Во периодот од 1998 до 2006 год. работела како самостоен уметник, а од 2001 до 2006 како регистриран самостоен уметник Т.П. со бенефиции од Министерството за култура на Република Македонија.

Во 2002 година работела како хонорарен професор по ликовна уметност во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје во наставата на меѓународната матура и во редовната настава.

Работела на дизајн и подготовка на повеќе каталози, книги и слично за разни установи и институции.

Од 2006 година е во редовен работен однос на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како наставник во звањето доцент, а од 2011 во звањето вонреден

професор по предметите графика, графички техники и цртање на студиската програма графика. Во овој период била претседател и член на повеќе работни комисии при ФЛУ.

Од 2008 до 2010 година била продекан на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Во истиот период била и Еразмус - координатор за ФЛУ при УКИМ.

Учествувала на повеќе ликовни колонии, симпозиуми и работилници во земјата и во странство, а остварила и три студиски престои.

Член на ДЛУМ е од 1997 година.

Била претседател и член на национални комисии од областа на ликовната уметност и дизајнот, меѓу кои комисиите за наградата „Денес", „Биеналето на млади" во МСУ и др. Во 2014 год. таа била претседател, а во 2015 член на Комисијата за националниот конкурс „Јанг арт" на Агенцијата за млади и спорт на РМ. Од 2012 година е претседател на Управниот одбор на Музејот на современа уметност во Скопје.

**Творечки активности (во периодот од 2011 до 2016 год.)**
***Самостојни изложби:***

**2015** -Битола, *Славица Јанешлиева* (во рамки на мултимедијалниот настан „Писмо за Кристи", НУ Завод и музеј

**2013** -Битола, *Хаику*, (со Л. Цветковски) Културен центар „Магаза", НУ Завод и музеј

**2012** -Скопје, *Втечатоци*, Мултимедијален центар „Мала станица", Национална Галерија на Македонија

**2011** -Њујорк, САД, *Сенки*, Галерија МЦ

***Групни изложби:***

**2016** -Битола, *Огледало, лице в лице*, НУ Завод и музеј и Меѓународно графичко триенале Битола

-*Македонија: Трансфигурирање – современи уметници од Македонија* (публикација), колекција Imago Mundi на Лучано Бенетон

-Скопје, *Во потрага по заедничко тло*, Галерија на МКЦ

**2015** -Скопје, *Есенција на егзистенција*, Национална галерија на Македонија, објект Мала Станица

-Скопје, *Мал формат 2015*, Културно информативен центар

-Скопје, *Годишна изложба на ДЛУМ*, Национална галерија на Македонија, објект Мала Станица

-Скопје, *МиниАртура*, Галерија на НЛБ Тутунска Банка

-Баку, Азербејџан, *Во потрага по заедничко тло*, Центар за современа уметност

-Битола, *Во прво лице*, Магаза, НУ Завод и Музеј

-Загреб, *Есенција на егзистенција*, Галерија „Лауба"

-Битола, *8-мо Меѓународно графичко триенале - Антологија на македонска графика*, НУ Завод и Музеј

-Варна, Бугарија, *18-то Меѓународно графичко биенале*, Градска галерија „Борис Георгиев"

-Скопје, *Во прво лице*, Мала станица, Национална галерија на Македонија

-Скопје, *Изложба од конкурсот на Министерството за култура за откуп на уметнички дела од областа на визуелните уметности во 2014 година*, Чифте- амам, Национална галерија на Македонија

**2014** -Прага, *Трансфигурирање*, Културен центар на Чешка

-Брисел и Нисм, Белгија, *17-то Меѓународно биенале на минијатура на хартија*, Музеј на минијатури и УЛБ Култура

-Белград, *2 меѓународно триенале на графика – УЛУС*, Уметнички павиљон „Цвјета Зузориќ"

-Лоџ, Полска, *15-то триенале на мали графички форми*, Градска галерија

-Нови Сад, Србија, *7 x ЈУ графика*, Галерија Рајко Мамузиќ

-Скопје, *Солидарноста – недовршен проект, Постојана поставка*, МСУ

**2013** -Скопје, *Поколение XXX*, Музеј на град Скопје

-Белград, *VII EX YU графика*, галерија СКЦ

-Виена, *Леб и сол*, галерија Palais Porcia

-Скопје, *Уметникот и диктатурата: Транзициска авторитарност, состојба по 1991*, Бела ноќ, Чифте амам, НГМ

-Ним, Белгија, *Изложба на современа уметност - Couleurs*, Музеј на мал формат

-Ужице, Србија, *XI Меѓународно графичко биенале на сува игла*, Градска галерија

-Неапол, Италија, *Рефлексија; Бело-црно или не?!*, САМ – Касорија музеј на современа уметност

-Херцег Нови, Црна Гора, *Будење – 46-ти Зимски салон*, Музеј и Уметничка галерија „Јосип-Бепо Бенковиќ"

-Скопје, *Сликарски велигден*, Галерија на НЛБ Тутунска банка

**2012** -Скопје, *Life action / Game Action 2*, Мала Станица, НГМ

-Скопје, *The Ultimate Golden Collection of Personal Memories 1960-2010, vol.1*, „90-ти: Македонска ликовна уметност 1990-2000: Еуфорија", Бела ноќ, МКЦ

-Белгија, *16 меѓународно биенале на минијатура на хартија*, Музеј на минијатури

-Битола, *VII интернационално графичко триенале,* Завод, музеј и галерија

-Романија, *Интернационален салон на мала графика*, Музеј Флореан

-Анкара, Турција, *Интерурбан*, Галерија ,,Кара"

-Скопје, *Стратегии на сеќавањето 1*, Кооперација, Бул. 8-ми Септември 12/1-9

-Скопје, *Аквизиции 2000-2011*, Музеј на современата уметност

-Скопје, *Ревијална изложба*, ДЛУМ, Музеј на град Скопје

**2011** -Скопје, *Фрагменти* (Македонска ликовна сцена 1991-2011), Музеј на современата уметност

-Подгорица, Црна Гора, *Радост на живеењето*, Уметнички павилјон

-Скопје, *Разменување погледи (со Станимир Неделковски)*, МГС

-Ужице, Србија, 10-то Графичко биенале на сува игла, Градска галерија

-Скопје, *Приватно / Јавно – заземање простор/правење на простор*, интервенции во јавен простор
-Скопје, *Life action / Game Action*, Мала Станица, НГМ
-Скопје, *Акварел 2011*, Општина Карпош
-Белград, *1-во Меѓународно триенале на графика – УЛУС*, Уметнички павиљон „Цвјета Зузориќ“

***Награди:***

2015 -Скопје, *Мал формат 2015*, Културно информативен центар – **Награда „Константин Мазев“**
-Скопје, *Годишна изложба на ДЛУМ*, **Награда за графика „Димче Николов“**

***Откупени дела за колекции:***

-Откуп на конкурсот на Министерството за култура за откуп на уметнички дела од областа на визуелните уметности во 2014 година, за колекцијата на Музеј на современата уметност, Скопје

**Конференции:**

2016 -Солун, *Сеќавање на минатото – градење на иднината*, излагање на конференцијата

***Научно истражувачки / уметничко истражувачки проекти:***

2016 -Соработник во проект „Сеќавање на минатото – градење на иднината“, раководител на проектот НВО Jugend- & Kulturprojekt e.V. од Дрезден
2015 -Автор на проктот „Уметничка книга“, со финаниска помош од Министерство за култура на Република Македонија
2014 -Соработник во проектот на ФЛУ „Креативно гледање низ просторот“, реализиран со финаниска помош од УКИМ.
2013 -Автор на проектот на ФЛУ „Визуелно размислување“, реализиран со финансиска помош од УКИМ.
2011 -Соработник во проектот на ФЛУ „Воведување нови методски едници во наставата по графички дизајн“, реализиран со финаниска помош од УКИМ.

**Куратор/кокуратор:**

2016 -Солун, *Помеѓу земја и небо*, (изложба на студентски дела), Галерија во поранешен воен камп Кодра во Каламарија
2015 -Скопје, *Уметност-книга-уметност*, (изложба на студентски дела) Галерија на ФЛУ, реализирана со финансиска помош од Министерство за култура на Репубика Македонија
-Солун, *Изложба на студентска графика „Драгутин Аврамовски –Гуте“ (избор)*, Галерија на центар за графика, општина Неаполис Сикис, реализирана со финансиска помош од Министерство за култура на Репубика Македонија
2014 -Скопје, *Визуелно размислување*, (изложба на студентски дела) Галерија на ФЛУ, Сули ан, реализирана со финаниска помош на УКИМ

2012 -Скопје, *The Ultimate Golden Collection of Personal Memories 1960-2010, vol.1*, „90-ти: Македонска ликовна уметност 1990-2000: Еуфорија“, Бела ноќ, МКЦ

**Творечка активност**

Вонр. проф. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска има богата стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност. Таа е афирмирана ликовна уметница, една од носителите на главните струења во македонската ликовна сцена[1], која се карактеризира со нов сензибилитет, свежи идеи и силна верба во сопствената уметност и улога во општеството[2]. Во творештвото се карактеризира со исклучителна дарба за ликовна нарација и изграден препознатлив и специфичен авторски израз. Со својата ликовна автентичност, вон. проф. м-р Јанешлиева-Бачварска е присутна како на нашата така и на меѓународната ликовна сцена во континуитет веќе од дваесет години со постигнати извонредни резултати. Од нејзиниот избор за вонреден професор па до денес (2011 - 2016 год.) има реализирано четири самостојни (или вкупно 22) и четириесет и пет групни (или вкупно околу 200) изложби во земјата и надвор од неа, добитник е на две национални награди (или вкупно 10 национални и 2 меѓународни награди).

Во целокупниот творечки ракопис на Јанешлиева-Бачварска, нагласено интимистичкиот лирски дискурс е позициониран наспроти ангажираниот карактер на делата. Тие го одразуваат немирниот истражувачки дух на оваа авторка, која постојано го потврдува своето место како една од најиндивидуалните автори не само во графиката, туку и во рамките на современата македонска ликовна уметност воопшто.[3]

Новината и свежината на нејзините дела не е само во нивната содржина туку и во структуралното истражување на материјалното, на формата и на просторот (опросторување на графиката) како и суптилното комбинирање и хармонизирање на графичките техники, комбинирањето на непредметни и енформелни структури, текстови, нетипична употреба на фотографии, третманот на гестот (*Впечатоци*, 2012) и симболиката на елементите итн.,

За досегашниот уметнички израз на вонр. проф. м-р Славица Јанешлиева – Бачварска значајно е да се потенцираат две особености. Најпрвин нејзината впечатлива раскажувачка леснотија, а потоа извонредното чувство за визуелизација на нарацијата, односно преточувањето на приказната во објект, во претстава, во боја, односно во материјализирана супстанца. Делата на Јанешлиева ги истражуваат насоките на личното и општото, делот и целината, премостувајќи вообичаени шеми и традиционални граници, перманентно чепкајќи по сопствената и/или општата меморија (*Сенка*, 2011 и *Тишина*, 2012).

Во своето досегашно графичко творештво пак таа помести некои битни граници во македонската графика, прозвучи со впечатлива и пред

[1] Вилиќ, Небојша (2016). *Status #100 – 55/45: Лесна и тешка артилерија*, блог, https://www.facebook.com/notes/neboj%C5%A1a-vili%C4%87/status-100-5545-%D0%BB%D0%B5%D1%81%D0%BD%D0%B0-%D0%B8-%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B0-%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0/10153555545138220
[2] Теодосиевски, Златко. (2013) *Хаику* (каталог), НУ Завод и Музеј Битола
[3] Чанкуловска-Михајловска, Маја. *Впечатоци* (каталог), Национална галерија на Македонија

се специфична визуелна пленливост и технички перфекционизам редок во современата македонска графика[4].

Од бројните групни претставувања треба да се издвојат учествата по покана и со селекција од меѓународните жири-комисии: *18 меѓународно графичко биенале*, Варна, Бугарија (2015), *2 меѓународно триенале на графика – УЛУС*, Белград и *15 триенале на мали графички форми*, Лоѕ, Полска (2014), *Будење – 46 Зимски салон*, Херцег Нови, Црна Гора (2013), *16 Меѓународно биенале на минијатура на хартија*, Белгија; *VII интернационално графичко триенале,* Битола; *Интерурбан*, Анкара, Турција (2012) и *10 Графичко биенале на сува игла*, Ужице, Србија (2011).

Вонр. проф. м-р Јанешлиева-Бачварска учествува и на поважните претставувања на македонската современа уметност во странство, меѓу кои: *Во потрага по заедничко тло*, Центар за современа уметност, Баку, Азербејџан и *Есенција на егзистенција*, Галерија „Лауба“, Загреб (2015), во организација на Националната галерија на Македонија; *Трансфигурирање*, Културен центар на Чешка, Прага (2014) и *Леб и сол*, Виена (2013), во организација на НГМ.

Во 2015 год. таа е добитник на наградите „Димче Николов“ и „Константин Мазев“.

Нејзините дела се наоѓаат во неколку домашни и меѓународни збирки, како во Музејот на современата уметност во Скопје, Националната галерија на Македонија во Скопје, Националната и универзитетска библиотека во Скопје, Музеј на градот Јуваскула во Финска, збирката на Светска банка во Вашингтон, колекцијата „Имаго мунди“ на Лучијано Бенетон, Музејот на минијатура, Вироинвал во Белгија, Музејот на градот Ужице, во Тама арт универзитетот во Токио, АМАК -колекција, Шамаље, Франција итн.

**Наставно-образовна дејност и дејност од поширок интерес**

Како наставник по предметите графика, графички техники и цртање на студиската програма графика, вонр. проф. м-р Јанешлиева-Бачварска во периодот од 2011 година до денес успешно ја реализира наставната програма покажувајќи континуиран ангажиран и инвентивен пристап. Секогаш е подготвена за имплементирање на нови методи во наставата преку користење современи техничко-технолошки средства и литература, како и за проширување на студиската програма според индивидуалните потреби на студентите од прв и втор циклус на студии. Исто така, покрај редовната настава, таа со голем ентузијазам ги вклучува студентите и во уметничко-истражувачки проекти кои се проследени со соодветни предавања и работилници. Таа е и иницијатор за организирање различни студентски изложби во и вон просториите на ФЛУ (од локално до меѓународно ниво), кои воедно се и составен дел во процесот на формирање на идните ликовни творци. Така таа е автор на уметничко-истражувачките проекти „Уметничка книга“ (2015), финансиран од Министерството за култура на РМ и „Визуелно размислување“ (2013) финансиран од УКИМ, и соработник е во проектите „Креативно гледање

[4] Теодосиевски, Златко. (2012*) Записи од подземјето: Славица Јанешлиева*, http://teodosievski.blog.mk/files/2013/01/%D0%97%D0%90%D0%9F%D0%98%D0%A1%D0%98.pdf

низ просторот“ (2014) и „Воведување на нови методски единици во наставата по графички дизајн“ (2011),финансирани од УКИМ.

Во 2015 год. е поканета за соработник во меѓународниот проект „Сеќавање на минатото – градење на иднината“ раководен од НВО Jugend- & Kulturprojekt e.V. од Дрезден, а финансиран од фондот „Европа за граѓаните“ на Европската Унија. Како резултат на оваа соработка, студентите од 3-та и 4-та година на студиската програма графика во 2016 година учествуваат на меѓународната изложба „Помеѓу земја и небо“ во Солун, галерија ,,Кодра“. Во рамките на истиот проект, вонр. проф. Јанешлиева-Бачварска на меѓународната конференција учествува со излагањето „Модерни и современи рефлексии на Втората светска војна“. Во 2015 година,таа ги курира и ги организира двете изложби на студентите од студиската програма графика и тоа: „Уметност-книга-уметност“ во галеријата на ФЛУ и „Студентска графика „Драгутин Аврамовски – Гуте (избор) 1988-2015“ во галеријата на Центарот за графика во општината Неаполис Сикис во Солун (по покана од деканот на ФЛУ при Универзитетот ,,Аристотел“ во Солун, проф. Ксенис Сакинис). И двете изложби се реализирани со финансиска помош од Министерството за култура на РМ. Во 2014 год. ја реализира студентската изложба „Визуелно размислување“ во галеријата на ФЛУ во Сули ан.

Според студентската анонимна анкета спроведена во летниот семестар во учебната 2013/2014 година во рамките на процесот на самоевалуација на ФЛУ, вонр. проф. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска е позитивно оценета со просечна оценка 9,73.

Во периодот по изборот за вонреден професор, м-р Јанешлиева-Бачварска е претседател и член на повеќе комисии и работни тела на ФЛУ, меѓу кои и координатор од обласа графика (втор циклус), Комисија за ревидирање на студиски програми од прв циклус, Комисија за ревидирање на студиски програми од втор циклус, Комисија за соработка со странство, Комисија за евалуација, Комисија за еквиваленција итн.

Со својата ангажирана наставна и творечка дејност, континуираните истражувања и работењето на полето на ликовните уметности, бројните самостојни и групни претставувања, како и со карактеристичната креативност, иницијативност, исполнителност и посветеност при пренесувањето и споделувањето на знаењата, вонр. проф. м-р Јанешлиева-Бачварска придонесува во заедничките заложби за поквалитетна настава и популаризација на нашата најстара високообразовна институција од областа на ликовната уметност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Земајќи ги предвид ангажираноста и досегашната работа на кандидатката вонр. проф. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска, постигнатите резултати во научно-образовната, стручно-уметничката, стручно-апликативната и дејностите од поширок интерес, како и нејзиниот колегијален однос кон вработените на Факултетот, Рецензентската комисија смета дека таа целосно ги исполнува условите за избор во повисоко наставно-научно звање. Затоа, ни причинува особена чест и задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на

Факултетот за ликовни уметности во Скопје да му предложиме вонр. проф. м-р Славица Јанешлиева-Бачварска да ја избере во звањето редовен професор по предметите: графика, графички техники и цртање, на студиската програма графика на ФЛУ.

Рецензентска комисија

Ред. проф. м-р Зоран Јакимовски, претседател с.р.

Ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, член с.р.

Ред. проф. д-р Трајче Блажевски, член с.р.

***Анекс 2***

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Славица Атанас Јанешлиева-Бачварска***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Факултет за ликовни уметности - Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***Ликовна уметност, ГРАФИКА***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Графика 7, 2011/2012, зимски, 6x15x0.04 | 3,6 |
| | Графика –з.и., 2011/2012, летен, 10x15x0.04 | 6 |
| | Графика 7, 2012/2013, зимски, 6x15x0.04 | 3,6 |
| | Графика –з.и., 2012/2013, летен, 10x15x0.04 | 6 |
| | Графика 1 и 2, 2012/2013, зимски/летен, 3x15x0.04(x2) | 3,6 |
| | Графика 1 и 2, 2013/2014, зимски/летен, 3x15x0.04(x2) | 3,6 |
| | Графика 3 и 4, 2013/2014, зимски/летен, 4x15x0.04 (x2) | 4,8 |
| | Графика 3 и 4, 2014/2015, зимски/летен, 4x15x0.04 (x2) | 4,8 |
| | Графика 5 и 6, 2014/2015, зимски/летен, 7x15x0.04 (x2) | 8,4 |
| | Графика 5, 2015/2016, зимски, 7x15x0.04 | 4,2 |
| | Графика 6, 2015/2016, летен, 7x8x0.04 | 2,24 |
| | Графика 7, 2015/2016, зимски, 7x15x0.04 | 4,2 |
| | Графика –з.и., 2015/2016, летен, 10x8x0.04 | 3,2 |
| | Графички техники 7, 2011/2012, зимски, 3x15x0.04 | 1,8 |
| | Графички техники 7, 2012/2013, зимски, 3x15x0.04 | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Графички технкики 1 и 2, 2012/2013, зимски/летен, 2x15x0,04 (x2) | 2,4 |
| | Графички технкики 1 и 2, 2013/2014, зимски/летен, 2x15x0,04 (x2) | 2,4 |
| | Графички технкики 3 и 4, 2013/2014, зимски/летен, 2x15x0,04(x2) | 2,4 |
| | Графички технкики 3 и 4, 2014/2015, зимски/летен, 2x15x0,04(x2) | 2,4 |
| | Графички технкики 5 и 6, 2014/2015, зимски/летен, 3x15x0,04(x2) | 3,6 |
| | Графички технкики 5, 2015/2016, зимски, 3x15x0,04 | 1,8 |
| | Графички техники 7, 2015/2016, зимски, 3x15x0.04 | 1,8 |
| | Графички технкики 6, 2015/2016, летен, 3x8x0,04 | 0,96 |
| | Цртање 1 и 2, 2012/2013, зимски/летен, 5x15x0,04 (x2) | 6 |
| | Цртање 1 и 2, 2013/2014, зимски/летен, 5x15x0,04 (x2) | 6 |
| | Цртање 3 и 4, 2013/2014, зимски/летен, 4x15x0,04 (x2) | 4,8 |
| | Цртање 3 и 4, 2014/2015, зимски/летен, 4x15x0,04 (x2) | 4,8 |
| **2.** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | Графика 1 и 2, 2012/13, зимски/летен, 4x15x0,05 (x2) | 6 |
| | Подготовка и Изработка на маг. труд, 2012/13, зимски/летен, 2x15x0,05(x2) | 3 |
| | Графички практики 1 и 2, 2011/12, зимски/летен, 1x15x0,05 (x2) | 1,5 |
| | Графички практики 1 и 2, 2013/14, зимски/летен, 1x15x0,05 (x2) | 1,5 |
| | Графички практики 1 и 2, 2013/14, зимски, 1x15x0,05 | 0,75 |
| | Графички практики 1 и 2, 2013/14, зимски, 1x8x0,05 | 0,4 |
| **3.** | **Настава во школи и работилници** | |
| | Раководител (2015 – „Уметничка книга“, 2013 – „Визуелно размислување), 1,5x2 | 3 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Соработник (2014 – „Креативно гледање низ просторот“), 1x1 | 1 |
| **4.** | **Одржување на вежби** | |
| | Графика 7, 2011/2012, зимски, 7x15x0.03 | 3,15 |
| | Графика –з.и., 2011/2012, летен, 10x15x0.03 | 4,5 |
| | Графика 7, 2012/2013, зимски, 6x15x0.03 | 2,7 |
| | Графика –з.и., 2012/2013, летен, 10x15x0.03 | 4,5 |
| | Графика 1 и 2, 2012/2013, зимски/летен, 3x15x0.03(x2) | 2,7 |
| | Графика 1 и 2, 2013/2014, зимски/летен, 3x15x0.03(x2) | 2,7 |
| | Графика 3 и 4, 2013/2014, зимски/летен, 5x15x0.03 (x2) | 4,5 |
| | Графика 3 и 4, 2014/2015, зимски/летен, 5x15x0.03 (x2) | 4,5 |
| | Графика 5 и 6, 2014/2015, зимски/летен, 7x15x0.03 (x2) | 6,3 |
| | Графика 5, 2015/2016, зимски, 7x15x0.03 | 3,15 |
| | Графика 6, 2015/2016, летен, 7x8x0.03 | 1,68 |
| | Графика 7, 2015/2016, зимски, 7x15x0.03 | 3,15 |
| | Графика –з.и., 2015/2016, летен, 10x8x0.03 | 2,4 |
| | Графички техники 7, 2011/12, зимски, 4x15x0.03 | 1,8 |
| | Графички техники 7, 2012/13, зимски, 4x15x0.03 | 1,8 |
| | Графички технкики 1 и 2, 2012/2013, зимски/летен, 2x15x0,03 (x2) | 1,8 |
| | Графички технкики 1 и 2, 2013/2014, зимски/летен, 2x15x0,03 (x2) | 1,8 |
| | Графички технкики 3 и 4, 2013/2014, зимски/летен, 2x15x0,03(x2) | 1,8 |
| | Графички технкики 3 и 4, 2014/2015, зимски/летен, 2x15x0,03(x2) | 1,8 |
| | Графички технкики 5 и 6, 2014/2015, зимски/летен, 3x15x0,03(x2) | 2,7 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Графички технкики 5, 2015/2016, зимски, 3x15x0,03 | 1,35 |
| | Графички техники 7, 2015/2016, зимски, 3x15x0.03 | 1,35 |
| | Графички технкики 6, 2015/2016, летен, 3x8x0,03 | 0,72 |
| | Цртање 1 и 2, 2012/2013, зимски/летен, 5x15x0,03 (x2) | 4,5 |
| | Цртање 1 и 2, 2013/2014, зимски/летен, 5x15x0,03 (x2) | 4,5 |
| | Цртање 3 и 4, 2013/2014, зимски/летен, 4x15x0,03 (x2) | 3,6 |
| | Цртање 3 и 4, 2014/2015, зимски/летен, 4x15x0,03 (x2) | 3,6 |
| | Графика 1 и 2 (2 ц.), 2012/13, зимски/летен, 6x15x0,03 (x2) | 5,4 |
| | Подготовка и Изработка на маг. труд, 2012/13, зимски/летен, 4x15x0,03(x2) | 3,6 |
| | Графички практики 1 и 2, 2011/12, зимски/летен, 1x15x0,03 (x2) | 0,9 |
| | Графички практики 1 и 2, 2013/14, зимски/летен, 1x15x0,03 (x2) | 0,9 |
| | Графички практики 1 и 2, 2013/14, зимски, 1x15x0,03 | 0,45 |
| | Графички практики 1 и 2, 2013/14, зимски, 1x8x0,03 | 0,24 |
| **5.** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Предавања – „Уметничка книга“, 2015 | 1 |
| | Предавања – „Визуелно размислување“, 2013 | 1 |
| | Предавања – „Воведување нови методски единици во наставата по графички дизајн“, 2011 | 1 |
| | Вежби – „Уметничка книга“, 2015 | 0,5 |
| | Вежби – „Визуелно размислување“, 2013 | 0,5 |
| | Вежби – „Воведување нови методски единици во наставата по графички дизајн“, 2011 | 0,5 |
| **5.** | **Консултации со студенти** | |
| | 2011/12 (12+4=16x0,002) | 0,024 |
| | 2012/13 (9+15+1=25x0,002) | 0,05 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | 2013/14 (13+17+1=31x0,002) | 0,062 |
| | 2014/15 (11+15=26x0,002) | 0,052 |
| | 2015/16 (11+13+1=25x0,002) | 0,05 |
| **6.** | **Ментор на дипломска работа** | |
| | 26 дипломски работи (2011-2, 2012-11, 2013-13=26x0,2) | 5,2 |
| 7. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| | 9 магисерски (2011-1, 2012-1, 2014-6 и 2015-1=9x0,3) | 2,7 |
| **8.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | 36 дипломски (2011-6, 2012-3, 2013-2, 2014-9, 2015-11 и 2016-5=36x0,1) | 3,6 |
| | **Вкупно** | **225,118** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учество на научен/стручен собир со реферат (орална презентација)** | |
| | Меѓународна конференција „Сеќавање на минатото-градење на иднината“, дел од истоимениот проект, Jugend - & Kulturprojekt E.V., Europe for Citizens проект, Солун, 2016 | 1 |
| | **Вкупно** | **1** |

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство)** | |
| | 2011 -Њујорк, САД, *Сенки*, Галерија МЦ | 7 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| **2.** | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во земјата по повик од национална установа)** | |
| | **2013** -Битола, *Хаику* (со Л. Цветковски), Културен центар „Магаза“, НУ Завод и музеј | 5 |
| | **2012** -Скопје, *Ӣечаӣоци*, Мултимедијален центар „Мала станица“, Национална Галерија | 5 |
| **2.** | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела во земјата** | |
| | **2015** -Битола, *Славица Јанешлиева* (во рамки на мултимедијалниот настан „Писмо за Кристи“), НУ Завод и музеј | 4 |
| **3.** | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација (во странство)** | |
| | 2015 -Баку, Азербејџан, *Во ӣоӣраīа ӣо заедничко ӣло*, Центар за современа уметност | 4 |
| | 2015 -Загреб, *Есенција на еїзисӣенција*, Галерија „Лауба“ | 4 |
| | 2015 -Варна, Бугарија, *18 Меѓународно īрафичко биенале*, Градска галерија „Борис Георгиев“ | 4 |
| | 2014 -Прага, *Трансфиīурирање*, Културен центар на Чешка | 4 |
| | 2014 -Брисел и Ним, Белгија, *17 Меѓународно биенале на минијаӣура на харӣија*, Музеј на минијатури и УЛБ Култура | 4 |
| | 2014 -Белград, *2 Меѓународно ӣриенале на īрафика – УЛУС*, Уметнички павиљон „Цвјета Зузориќ“ | 4 |
| | 2014 -Лоџ, Полска, *15 Меѓународно ӣриенале на мали īрафички форми*, Градска галерија | 4 |
| | 2014 -Нови Сад, Србија, *7 x ЈУ īрафика*, Галерија Рајко Мамузиќ | 4 |
| | 2013 -Белград, *VII EX YU īрафика*, галерија СКЦ | 4 |
| | 2013 -Виена, *Леб и сол*, галерија Palais Porcia | 4 |
| | 2013 -Ним, Белгија, *Изложба на современа умеӣносӣ - Couleurs*, Музеј на мал формат | 4 |
| | 2013 -Ужице, Србија, *XI меѓународно īрафичко биенале на сува иīла*, Градска галерија | 4 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| | 2013 -Неапол, Италија, *Рефлексија; Бело-црно или не?!*, САМ – Касорија музеј на современа уметност | 4 |
| | 2013 -Херцег Нови, Црна Гора, *Будење – 46 Зимски салон*, Музеј и Уметничка галерија „Јосип-Бепо Бенковиќ“ | 4 |
| | 2012 -Белгија, *16 Меѓународно биенале на минијатура на хартија*, Музеј на минијатури | 4 |
| | 2012 -Романија, *Интернационален салон на мала графика*, Музеј Флореан | 4 |
| | 2012 -Анкара, Турција, *Интерурбан*, Галерија Кара | 4 |
| | 2011 -Подгорица, Црна Гора, *Радост на живеењето*, Уметнички павилјон | 4 |
| | 2011-Ужице, Србија, 10 Меѓународно графичко биенале на сува игла, Градска галерија | 4 |
| | 2011-Белград, *1 Меѓународно триенале на графика – УЛУС*, Уметнички павилјон „Цвјета Зузориќ“ | 4 |
| **4.** | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација (во земјата)** | |
| | 2016 -Битола, *Огледало, лице в лице*, НУ Завод и музеј и Меѓународно графичко триенале Битола | 2 |
| | 2016 -Скопје, *Во потрага по заедничко тло*, Галерија на МКЦ | 2 |
| | 2015 -Скопје, *Есенција на егзистенција*, Национална галерија на Македонија, објект Мала Станица | 2 |
| | 2015 -Битола, *Во прво лице*, Магаза, НУ Завод и Музеј | 2 |
| | 2015 -Битола, *8-мо Меѓународно графичко триенале - Антологија на македонска графика*, НУ Завод и Музеј | 2 |
| | 2015 -Скопје, *Во прво лице*, Мала станица, Национална галерија на Македонија | 2 |
| | 2014 -Скопје, *Солидарноста – недовршен проект, Постојана поставка*, Музеј на современа уметност | 2 |
| | 2013 -Скопје, *Поколение XXX*, Музеј на град Скопје | 2 |
| | 2013 -Скопје, *Уметникот и диктатурата: Транзициска авторитарност, состојба по 1991*, Бела ноќ, Чифте-амам, Национална галерија на Македонија | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| | 2012 -Скопје, *Life action / Game Action 2*, ,,Мала станица", НГМ | 2 |
| | 2012 -Скопје, *The Ultimate Golden Collection of Personal Memories 1960-2010, vol.1*, „90-ти: Македонска ликовна уметност 1990-2000: Еуфорија", Бела ноќ, МКЦ | 2 |
| | 2012 -Битола, *VII Меѓународно графичко триенале,* НУ Завод, музеј и галерија | 2 |
| | 2012 -Скопје, *Стратегии на сеќавањето 1*, Кооперација, Бул. 8-ми Септември 12/1-9 | 2 |
| | 2012 -Скопје, *Аквизиции 2000-2011*, Музеј на современата уметност | 2 |
| | 2011 -Скопје, *Фрагменти* (Македонска ликовна сцена 1991-2011), Музеј на современата уметност | 2 |
| | 2011 -Скопје, *Разменување погледи (со Станимир Неделковски)*, Музеј на град Скопје | 2 |
| | 2011 -Скопје, *Приватно / Јавно – заземање простор/правење на простор*, интервенции во јавен простор | 2 |
| | 2011 -Скопје, *Life action / Game Action*, ,,Мала станица", НГМ | 2 |
| | **Вкупно** | **137** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** | |
| | 2012 – студиска програма за графика – 2 циклус | 1 |
| **2.** | **Објавено дело во каталог од нацонална ликовна манифестација** | |
| | **2016** -Скопје, *Во потрага по заедничко тло*, Галерија на МКЦ<br><br>**2015** -Скопје, *Есенција на егзистенција*, Национална галерија на Македонија, објект ,,Мала станица"; -Скопје, *Мал формат 2015*, Културно информативен центар; -Скопје, *Годишна изложба на ДЛУМ*, Национална галерија на Македонија, објект Мала Станица; -Скопје, *МиниАртура*, Галерија на НЛБ Тутунска Банка; -Битола, *8-мо Меѓународно графичко* | 10 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | *триенале - Антологија на македонска графика*, НУ Завод и Музеј<br><br>**2013** -Скопје, *Поколение XXX*, Музеј на град Скопје<br><br>**2012** -Скопје, *Аквизиции 2000-2011*, Музеј на современата уметност<br><br>**2011** -Скопје, *Фрагменти* (Македонска ликовна сцена 1991-2011), Музеј на современата уметност; -Скопје, *Разменување погледи (со Станимир Неделковски)*, МГС (x1) | |
| **3.** | **Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација** | |
| | **2016 -** *Македонија: Трансфигурирање – современи уметници од Македонија*, колекција Imago Mundi на Фондација Бенетон, Fabrica, 2015, **ISBN:** 978-88-98764-81-5<br><br>**2015** -Баку, Азербејџан, *Во потрага по заедничко тло*, Центар за современа уметност; -Загреб, *Есенција на егзистенција*, Галерија „Лауба"<br><br>**2014** -Брисел и Ним, Белгија, *17 Меѓународно биенале на минијатура на хартија*, Музеј на минијатури и УЛБ Култура; -Белград, *2-ро Меѓународно триенале на графика – УЛУС*, Уметнички павиљон „Цвјета Зузориќ"; -Лоџ, Полска, *15-то триенале на мали графички форми*, Градска галерија<br><br>**2013** -Ужице, Србија, *XI меѓународно графичко биенале на сува игла*, Градска галерија; -Херцег Нови, Црна Гора, *Будење – 46-ти Зимски салон*, Музеј и Уметничка галерија „Јосип-Бепо Бенковиќ"<br><br>**2012** -Белгија, *16-то Меѓународно биенале на минијатура на хартија*, Музеј на минијатури; -Битола, *VII меѓународно графичко триенале,* Завод, музеј и галерија; -Анкара, Турција, *Интерурбан*, Галерија Кара<br><br>**2011** -Ужице, Србија, 10 Графичко биенале на сува игла, Градска галерија; -Белград, *1-во Меѓународно триенале на графика – УЛУС*, Уметнички павилјон „Цвјета Зузориќ" (x2) | 26 |
| **4.** | **Член на национална жири комисија** | |
| | 2015 – Комисија за национален конкурс „Јанг арт 2015", конкурс на Агенција за млади и спорт на Република Македонија, член | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | 2014 – Комисија за национален конкурс „Јанг арт 2014“, конкурс на Агенција за млади и спорт на Република Македонија, претседател | 1 |
| | **Вкупно** | **39** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | |
| | 2015 -Скопје, *Мал формаш 2015*, Друштво на ликовни уметници на Македонија, Културно -информативен центар – **Награда „Константин Мазев“** | 3 |
| | 2015 -Скопје, *Годишна изложба,* -Скопје, *Годишна изложба на ДЛУМ*, **Награда за графика „Димче Николов“**, Друштво на ликовни уметници на Македонија, **Награда за графика „Димче Николов“** | 3 |
| 2. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| | 2015 -автор на проектот „Уметничка книга“, со финаниска помош од Министерство за култура на Република Македонија | 1 |
| | 2015 –автор на проектот *Изложба на сшуденшска ірафика „Драіушин Аврамовски –Гуше“ (избор)*, Галерија на центар за графика, општина Неаполис Сикис, во соработка со Аристотел универзитетот од Солун, реализирана со финансиска помош од Министерство за култура на Репубика Македонија | 1 |
| 3. | **Член на факултетска комисија** | |
| | Комисија за соработка со странство, Конкурсна комисија, Комисија за проверка на знаењата и умеењата, Комисија за самоевалуација, Комисија за формирање на докторски студии, Комисија за настава, Комисија за еквиваленција, Комисија за студиски програми... (x0,5) | 4 |
| 4. | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | 2014 и 2012 (x0,2) | 0,4 |
| 5. | **Координатор на студиска програма** | |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Координатор на област – графика (2 циклус) | 1 |
| | **Вкупно** | **13,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **225,118** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **1** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **137** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **39** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **13,4** |
| **Вкупно** | **415,518** |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

7. **Ред. проф. Зоран Јакимовски, с.р.**

8. **Ред. проф. Мирко Вујисиќ, с.р.**

9. **Ред. проф. Трајче Блажевски, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Душан Пејчев | **Реставрација и конзервација на три маслени слики од Вангел Коџоман“** | Restoration and conservation of three oil paintings by Vangel Kodzoman | Проф. м-р Блаже Кузмановски | 02-121/3-3 од 16.6.2016 год. |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СОНОЛОГИЈА СО МУЛТИМЕДИЈА, ЕСТЕТИКА НА МУЗИКАТА И СОЦИОЛОГИЈА НА МУЗИКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 13 мај 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: естетика на музиката, сонологија со мултимедија и музикологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 03-528/2, донесена на 14 јуни 2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. Живоин Глишиќ и проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области естетика на музиката. сонологија со мултимедија и музикологија, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Трена Јорданоска.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Трена Јорданоска е родена на 26 март 1984 година, во Скопје. Средно образование завршила во МБУЦ „Илија Николовски – Луј" во Скопје, на Одделот за пијано, во класата на проф. Надежда Пожарицкаја-Пејсахова. Со високо образование се стекнала на Факултетот за музичка уметност – Скопје, на Одделот за музикологија и од третата година на Одделот за сонологија. Дипломирала на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во 2006 година, со просечен успех 9.78.

Кандидатката активно се служи со македонскиот, српскиот и англискиот јазик.

Во учебната 2006/2007 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за музичка уметност – Скопје. Студиите ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10. Во рамките на овие студии таа го изработила трудот „Проблеми на методологија на изработка на музичка критика во македонската музичка култура во 21 век" и магистерскиот труд „Местото и улогата на Ладислав Палфи во појавата на професионалниот пијанизам во Македонија".

Докторска дисертација пријавила на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во 2008/2009 година. Дисертацијата на тема: „Дигиталните медиуми и стратификацијата на музичката култура на тинејџерската популација во Скопје, главниот град на Република Македонија, во 2009 година" ја одбранила на Факултетот за музичка уметност – Скопје во 2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Димитрије Бужаровски, вонр. проф. д-р Петар Атанасов, вонр. проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, вонр. проф. д-р Ганка Цветанова и вонр. проф. д-р Аида Ислам. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на музички науки.

На 16 ноември 2011 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во областите: сонологија со мултимедија, естетика на музиката и социологија на музиката.

Во моментот е доцент на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во областите: сонологија со мултимедија, естетика на музиката и социологија на музиката. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1018 од 1 ноември 2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1018, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за музичка уметност, кандидатката доц. д-р Трена Јорданоска изведувала настава, вежби, снимања и аудиомонтажа на прв циклус студии на студиската програма сонологија со мултимедија и настава по предметот естетика на музиката во академската 2011/12 година; настава на прв циклус студии на студиската програма сонологија со мултимедија и настава по предметот естетика на музиката 3, 4, 5 и 6 во академската 2012/13 година; настава на прв циклус студии на студиската програма сонологија со мултимедија 7 и 8 во академската 2013/14 година; настава на прв циклус студии по предметот естетика на музиката 1, 2, 3 и 4 и предметот основи на методологија на научното истражување 1 и 2 во академската 2014/15 година; и настава на прв циклус студии на студиската програма сонологија со мултимедија 3 и 4 и настава по предметот естетика на музиката 1, 2, 3 и 4 во академската 2015/16 година.

Кандидатката остварува наставно-образовна дејност и на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, Србија, каде што изминатите 10 години изведувала настава и вежби по стручно-уметничките предмети на студиската програма за општа музичка педагогија на основните академски студии (ОАС). Во периодот меѓу двата конкурса, на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш кандидатката по одлуки на Сенатот на Универзитетот во Ниш е ангажирана за ангажирање настава во звањето визитинг-професор и изведувала настава и вежби по стручно-уметничките предмети вокална литература, анализа на музичките стилови и дигитална обработка на звукот во академската 2011/12 година; настава по предметот вокална литература 3 и 4 во академската 2012/13 година; настава по предметите вокална литература 1 и 2, и естетика на музиката 1 и 2 во академската 2013/14 година; настава по предметите вокална литература 3 и 4, вокална литература семинар 1 и 2, анализа на музичките стилови 1 и 2, и естетика на музиката 1 и 2 во академската 2014/15 година; и настава по предметите анализа на музичките стилови 1 и 2, и естетика на музиката 1 и 2 во академската 2015/16 година.

Во рамките на наставно-образовниот процес, таа изведувала консултативни активности за подобрување на индивидуалниот резултат на студентот, и за изработка на семинарските работи и проекти на студентите.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 4 дипломски трудови одбранети на ФМУ во Скопје (кандидати: Филис Синаноска, Марина Станишковска, Дарко Радевски и Влатко Јовановски), 12 магистерски трудови, од кои 10

одбранети на ФМУ во Скопје (кандидати: Мујесер Илјази, Горан Диниќ, Магдалена Божиновска, Жанета Дивјаковска, на мастер студии Димитар Поп Алексов, Даниела Хаџи-Тоневска, Златко Миладиновски, Јана Коловска, Моника Ѓока и Илза Рустеми) и 2 одбранети на Факултетот за уметности во Ниш (кандидати Иван Н. Стојановиќ и Марко Ковиќ), и на 1 докторска дисертација одбранета на ФМУ во Скопје (кандидатка: Тереза Крцоска).

## Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Трена Јорданоска има објавено вкупно 16 научни трудови од повеќе области на музикологијата, социологијата и естетиката на музиката, од кои една монографија објавена во странство, 6 труда во референтни меѓународни научни списанија, од кои едно е индексирано во Arts and Humanities Citation Index на Thomson Reuters, две во интернационалната база на апстракти на музичка литература РИЛМ (RILM) и едно во SCIndeks, еден труд во стручно списание индексирано во РИЛМ и 3 труда во популарно списание, од кои едното во странство, 4 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор и еден труд објавен во зборник на трудови од научен собир.

Во научната дејност на кандидатката се вбројува книгата *Детски музички игри од Косово* (Lojërat muzikore të fëmijëve në Kosovë), во коавторство со м-р Арниса Реџепи, објавена во 2013 година во издание на Албанолошкиот институт од Приштина. За книгата е објавена рецензија на проф. д-р Акил Коци во списанието за уметност, музичка култура и музикологија *Контрапункт* во рамките на *Газета55* од Тирана, Албанија. Книгата е промовирана на 25 февруари 2015 година на Факултетот за уметности при Универзитетот во Приштина, од страна на проф. Беса Шема и проф. Индира Чипа од Факултетот за уметности во Приштина и проф. Беса Лужа од Албанолошкиот институт во Приштина.

Кандидатката е автор на следните 4 труда објавени во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор:

(2012) "Teaching Music Theory and History in Higher Education." In *Music, Culture and Identity, XVIII IRAM Conference. IRAM/ISPPI (5 May 2012).*

(2014) „Povezivanje tradicije i eksperimenta – elektronska i kompjuterska muzička dela Dimitrija Bužarovskog." U *Balkan Art Forum Umetnost i kultura danas, Zbornik radova sa naučnog skupa (Niš 11–12 oktobar 2013)*, ur. D. Žunić, M.M. Đurđanović, 285–301. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.

(2015) Panel diskusija – Stavovi profesora razredne nastave u Nišu o sadržajima udžbenika za muzičku kulturu u trećem razredu osnovne škole u školskoj 2013/2014 godini: „Statistička obrada podataka istraživanja o stavovima profesora razredne nastave o udžbenicima za muzičku kulturu." U *Balkan Art Forum (BARTF) Niš, 10–11 oktobar 2014, Drugi naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Duh vremena i problemi interpretacije – Zbornik radova sa naučnog skupa*, ur. D. Stojanović, D. Zdravić Mihailović, 403–412. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.

(2015). „Музикализирани естетички дискурс – водич кроз естетички перформанс *Музичка питања: тамо где се теорија и пракса сусрећу* од Димитрија Бужаровског (приказ)." U *Balkan Art Forum (BARTF) Niš, 10–11 oktobar 2014, Drugi naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Duh vremena i problemi interpretacije – Zbornik radova sa naučnog skupa*, ur. D. Stojanović, D. Zdravić Mihailović, 83–90. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.

Д-р Трена Јорданоска била поканета од редакторот и модератор проф. д-р Анета Серафимова како еден од шесте излагачи на *Осмата научна средба „Св. Климент Охридски" – легат и фасцинација*, организирана од Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје на 7 декември 2015 година. Д-р Трена Јорданоска се претставила со трудот „Од Пофалата до Псалтирот – современа музичка трансформација на традицијата" кој се занимава со врската меѓу кирилометодиевската и Климентовата традиција и македонското музичко творештво од втората половина на XX век низ две антологиски дела на македонска музичка култура, ораториумите *Пофала*

*Кирилу и Методију* (1969) од Томислав Зографски и *Радомировиот псалтир* од Димитрије Бужаровски (1999).

Кандидатката е коавтор (со проф. д-р Димитрије Бужаровски и проф. д-р Милена Ѓурковиќ-Пантелиќ) на научноистражувачкиот труд "Razvoj pevskega glasu pri predšolski populaciji iz Šabca v Srbiji" (2013) и автор на трудот "Od IRAM-a do BuzAr-a – zgodovina digitalnega arhiviranja glasbene kulturne dediščine v Makedoniji/From IRAM to BuzAr – a history of digital archiving of music cultural heritage in Macedonia" (2014), објавени во списанието *Glasba v šoli in vrtcu* (бр. 17 и 18) од Љубљана, кое е индексирано во најзначајната интернационална база на апстракти на музичка литература, РИЛМ.

Кандидатката е коавтор (со проф. д-р Димитрије Бужаровски) и на трудовите "Macedonian Music Culture during World War Two Revisited" и "Macedonian Composers during World War Two Revisited", објавени во првото издание на списанието на Архивот Бужаровски, *BuzAr Journal* во 2014, и во првото издание на референтното списание *Facta Universitatis, Series Visual Arts and Music* на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, индексирано во SCIndeks, во 2015.

Во 2014 година кандидатката го објавува трудот "Orient and Occident Encounters in Dimitrije Buzarovski's Oratorio 'Radomir's Psalms'" во јубилејното 50. издание на *Musicological Annual/Muzikološki zbornik* – едно од најзначајните музиколошки списанија кое се издава од 1965 година и е индексирано во Arts and Humanities Citation Index на Thomson Reuters. Списанието е во издание на Одделот за музикологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана.

Кандидатката е автор и на следниве трудови објавени во списанија:

(2014) "YouTube Extension of Music Memory" објавен во меѓународното списание *Култура/Culture* 7 во издание на MiAn.

(2014) „Метатеориски продор во музичкиот феномен: Три капитални теориски дела од д-р Димитрије Бужаровски објавени во Србија" објавен во списанието *Музика* во издание СОКОМ;

(2012) „'Вечерта на Бужаровски' - исклучителен музички настан" објавен во *Нова Македонија* бр. 22621, 4 јули.

(2012). „Рецензија - Сликовита прошетка низ музичкото творештво на Бужаровски, Кон отворањето на фестивалот на Сојузот на музичките уметници 'Златна лира' со 'Ретроспективниот концерт од опус 1 до опус 62' на Димитрије Бужаровски" објавен во *Нова Македонија* бр. 22723, 7 ноември.

(Arnisa Rexhepi dhe Trena Jordanoska, 2014). "Krijimi i një përmbledhjeje me lojëra muzikore të fëmijëve në Kosovë." *Kontrapunkt* (gazeta55.al) nr. 48, 6 prill.

Кандидатката одржала пленарни предавања на две меѓународни конференции и една домашна научна средба, како и на 7 секциски предавања на меѓународни конференции. Во рамките на *Balkan Art Forum (BARTF) Niš, 9–10 oktobar 2015, Treći naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Kriza u umetnosti – umetnost u krizi*, доц. д-р Трена Јорданоска била претседавач на сесијата *Krize autorstva, krize izvođaštva; Kriza umetničkih institucija*.

Пленарни:

(2012) "Teaching Music Theory and History in Higher Education," *Music, Culture and Identity, XVIII IRAM Conference.* IRAM/ISPPI, May 5.

(2013) "Orient and Occident Encounters in Dimitrije Buzarovski's Oratorio 'Radomir's Psalms'," *Sacralization of the Profane and Profanation of the Sacred: Music as a Means and an Object (Glasba kot sredstvo in predmet v procesih sakralizacije profanega in profanacije sakralnega)*, The Fifth International Symposium of the Department of Musicology (Peti mednarodni simpozij Oddelka za muzikologijo), 5.-7. junij. Filozofska fakulteta, Univerza v Ljubljani, 5 junij.

(2015) „Од *Пофалата* до *Псалтирот* – современа музичка трансформација на традицијата," *Осма научна средба по повод патрониот празник на НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје, „Св. Климент Охридски" –*

*легат и фасцинација, 7.12.2015*, редактор и модератор Анета Серафимова, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

Секциски:

(Dimitrije Bužarovski and Trena Jordanoska, 2012) “Reinterpretacija makedonske glasbene kulture v času druge svetovne vojne/Macedonian Music Culture during World War Two Revisited,” *Mednarodni simpozij “Kultura v času druge svetovne vojne 1939–1945”/International Interdisciplinary Scholarly Symposium “Culture during the World War Two 1939–1945”*, 7–8 junij. Muzej narodne osvoboditve Maribor/National Liberation Museum Maribor (MNOM)/Inštitut glasbenoinformacijskih znanosti pri Centru za interdisciplinarne in multidisciplinarne raziskave in študije Univerze v Mariboru/Institute for Musicinformation Science at the Centre for Interdisciplinary & Multidisciplinary Research & Studies of the University of Maribor (IGIZ/IMIS CIMRS UM).

(Trena Jordanoska and Dimitrije Bužarovski, 2012) “Reinterpretacija makedonskih skladateljev v času druge svetovne vojne/Macedonian Composers during World War Two Revisited,” *Mednarodni simpozij “Kultura v času druge svetovne vojne 1939–1945”/International Interdisciplinary Scholarly Symposium “Culture during the World War Two 1939–1945”*, 7–8 junij. Muzej narodne osvoboditve Maribor/National Liberation Museum Maribor (MNOM)/Inštitut glasbenoinformacijskih znanosti pri Centru za interdisciplinarne in multidisciplinarne raziskave in študije Univerze v Mariboru/Institute for Musicinformation Science at the Centre for Interdisciplinary & Multidisciplinary Research & Studies of the University of Maribor (IGIZ/IMIS CIMRS UM).

(2013) „Povezivanje tradicije i eksperimenta – elektronska i kompjuterska muzička dela Dimitrija Bužarovskog,“ *Balkan Art Forum (BARTF) Niš, 11–12 oktobar 2013, I naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.

(2013) Panel – Digital extension of music memory. Music as a collective cultural memory: “YouTube Extension of Music Memory,” *1st Annual CCCS Conference “Cultural Memory”,* Centre for Culture and Cultural Studies, 5–7.9. Skopje.

(2014) Panel diskusija – Stavovi profesora razredne nastave u Nišu o sadržajima udžbenika za muzičku kulturu u trećem razredu osnovne škole u školskoj 2013/2014 godini: „Statistička obrada podataka istraživanja o stavovima profesora razredne nastave o udžbenicima za muzičku kulturu,” *Balkan Art Forum (BARTF) Niš, 10–11 oktobar 2014, Drugi naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Duh vremena i problemi interpretacije*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.

(2014) „Музак – просторна музика,” *Научни симпозијум Традиционална естетска култура IX: Простор*, 7.11. Универзитет у Нишу, Факултет уметности/Центар за научноистраживачки рад САНУ и Универзитета у Нишу.

(2015) „Muzika u studentskim protestima i *autonomnoj zoni* u Makedoniji, novembar 2014. – februar 2015,” *Balkan Art Forum (BARTF) Niš, 9–10 oktobar 2015, Treći naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Kriza u umetnosti – umetnost u krizi*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.

(2015) „Динамика промена тинејџери – музика – медији,” *Традиционална естетска култура X: Медији*, 6.11. Универзитет у Нишу, Факултет уметности/Центар за научноистраживачки рад САНУ и Универзитета у Нишу.

Кандидатката одржала предавање во чест на основоположникот на македонската пијанистичка уметност Ладислав Палфи (1924–2008) на Факултетот за музичка уметност – Скопје на 24 ноември 2014 година.

Д-р Трена Јорданоска учествувала како член во 8 научни проекти во рамките на Архивот Бужаровски BuzAr и 1 научен проект во рамките на Факултетот за уметност во Ниш:

(2011), изработка на видеоколекција со детски музички игри од Косово;

(2011), изработка на видеоколекција со детски музички игри кај албанската популација во Полог;

(2012–), дигитализација и анотација на творештвото на композиторот Димитрије Бужаровски;

(2011), видеопортрети на доајените на македонската музичка уметност: *Средби со Јордан Цаневски*;

(2012), три аудиопортрети на македонски музички уметници – педагози и нивните студенти: интервју со виолинистот Љубиша Кировски и неговите студенти; виолончелистот Живко Фирфов и неговите студенти и пијанистот Тодор Светиев и неговите студенти;

(2012/13), видеоциклус *Млади уметници*;

(2013), циклус документарни видеа *Доајени*: Иван Кочаров, Снежана Анастасова-Чадиковска и Евушка Трпкова-Елезовиќ;

(2015), коавтор на документарниот филм *Колекцијата Ендендијк*;

(2014), stavovi profesora razredne nastave u Nišu o sadržajima udžbenika za muzičku kulturu u trećem razredu osnovne škole u školskoj 2013/2014 godini. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.

Кандидатката била ментор на 2 магистерски труда (кандидатки Даниела Хаџи-Тоневска и Илза Рустеми) на Факултетот за музичка уметност – Скопје и коментор на 2 магистерски труда (кандидати Иван Н. Стојановиќ и Марко Ковиќ) на Факултетот за уметност во Ниш.

Во стручно-уметничката дејност на кандидатката д-р Трена Јорданоска спаѓа визуелната анимација за естетичкиот перформанс на Димитрије Бужаровски: „Muzička pitanja (estetički performans): Tamo gde se teorija i praksa susreću," електронски објавен во 2015 година во *Balkan Art Forum (BARTF) Niš, 10–11 oktobar 2014, Drugi naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Duh vremena i problemi interpretacije – Zbornik radova sa naučnog skupa*, ur. D. Stojanović, D. Zdravić Mihailović. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu. Во 2012 година, кандидатката изработува видео за македонските пијанисти и педагози по повод промоцијата на книгата *Македонската пијанистичка уметност и педагогија* од проф. д-р Аида Ислам. Во продукција на одделот и насоката за сонологија со мултимедија и Архивот Бужаровски во академските 2013/14 и 2015/16 година, под раководство на кандидатката доц. д-р Трена Јорданоска се изработени 6 музички видеа промовирани во Концертната сала на ФМУ во Скопје.

Кандидатката д-р Трена Јорданоска се јавува како снимател на Ретроспективниот концерт на Димитрије Бужаровски во 2012 година и на видеохрониката на Архивот Бужаровски во 10 кратки видеа:

1. Launch of the book by Vesna Maljanovska *Music TV Screen*, UKIM FM Concert Hall, November 22, 2011

2. First Performance of Dimitrije Buzarovski's Double Concerto op. 61, Macedonian Philharmonic Orchestra, soloists: Ljubisa Kirovski- violin, Maja Kirovska-Shutevska - piano, conductor: Borjan Canev, Dom na ARM, March 29, 2012

3. Music, Culture and Identity, XVIII IRAM International Conference with the Institute for Sociological Political and Juridical Research, May 5, 2012

4. Dimitrije Buzarovski Ouverture op. 54, Macedonian Philharmonic Orchestra, conductor: Borjan Canev, Dom na ARM, May 17, 2012

5. Buzarovski's Evening, Fantasia op.55a, "Mane" Sonata op.57, Etude for violin solo op.59, Cabaret op.62a, Ivana Acimoski-Zikic - violin, Aleksandar Jakovljevic - cello, Dragana Djordjevic - piano, Ana Acimovic - piano, Skopje Summer Festival, Skopje City Museum, June 25, 2012

6. Кратки филмови за интервјуата со виолинистот и професор Љубиша Кировски и неговите студенти; виолончелистот и професор Живко Фирфов и неговите студенти и пијанистот и професор Тодор Светиев и неговите студенти

7. A Buzarovski Retrospective, Opening of festival "Golden Lyre", Dimitrije Buzarovski piano, video performance, October 15, 2012

8. IRAM Internet Student Radio 10th Anniversary, January 24, 2003 – January 24, 2013

9. Radio programs, Summer semester, 2015

10. Launch of Endendijk Collection, 23 November, 2015

Таа, исто така, е вклучена и во аудиоснимањата и монтажите на 4 концерти реализирани во продукција на Архивот Бужаровски: 1. концерт на камерниот оркестар „Солисти на ФМУ" (ноември 2011); 2. концерт на студентите на ФМУ во рамките на манифестацијата „Есенски музички свечености" (ноември 2011); 3. концерт на студентите од одделот за пијано (ноември 2011); и 4. француско-германска вечер по повод 40-годишнина од пријателство (февруари 2012).

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во периодот меѓу двата конкурса, кандидатката доц. д-р Трена Јорданоска остварува широка стручно-апликативна дејност. Најпрво, таа е дел од тимот автори на статии (во редакција на д-р Димитрије Бужаровски и соработниците д-р Викторија Коларовска-Гмирја, д-р Аида Ислам, д-р Стефанија Лешкова и д-р Трена Јорданоска) во најзначајниот извор и најголем речник/енциклопедија за музиката во светот – *Grove Music Online* во рамките на Oxford Music Online, Oxford University Press. Во онлајн изданието од 2014 и 2015 година е направено големо проширување на единиците за Македонија при што е триплиран бројот на единици, воедно двојно е проширен и обемот на постојните, а најважното остварување во ова најново издание е што кај сите нови и проширени единици се појавува терминот Република Македонија (дури и на најавата за новите единици за Југоисточна Европа на главната страница на речникот, во наведувањето на земјите од Балканот се појавува името Македонија). Кандидатката д-р Трена Јорданоска се јавува како самостоен автор на 8 статии објавени во 2014 година: Живко Фирфов, Александар Линин, Ладислав Палфи, Фимчо Муратовски, музичката култура во градовите Штип и Тетово; и ажурираните и проширени статии: Тодор Скаловски и Димитрије Бужаровски; и 6 статии објавени во 2015 година: „Македонија/Macedonia“ (Уметничка музика и традиционална музика), Никола Бадев, Александар Сариевски, Васка Илиева и Есма Реџепова. Најважната статија „Македонија/Macedonia“, всушност, содржи 3 дела: воведен дел со историски и географски назнаки за земјата, дел за уметничката музика и дел за традиционалната музика со 7 целини за тонските низи и скали, метарот/ритамот, текстот, инструментите, орото (танцот), полифонијата и развојот по Втората светска војна.

Од посебна важност е учеството на кандидатката како соработник во 4 книги на проф. д-р Димитрије Бужаровски објавени во Србија, со изработка на големиот број дијаграми, табели и графикони, техничкото уредување на текстот и индексот, попрецизно:

Dijagrame, tabele, grafikone, tehničko uređenje teksta i indeksa u: Bužarovski, Dimitrije. 2012. *Istraživačke metodologije aplicirane u muzikologiji*. „Nota“ Knjaževac.

Unos teksta i izrada indeksa imena u: Bužarovski, Dimitrije. 2013. *Istorija estetike muzike*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.

Dijagrame, tabele, grafikone, tehničko uređenje teksta i indeksa u: Bužarovski, Dimitrije. 2014. *Muzikonomija: Uvod u muzički menadžment, ekonomiju i marketing*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu/ Centar za naučnoistraživački rad SANU i Univerziteta u Nišu.

Dijagrame, tabele, grafikone, tehničko uređenje teksta i indeksa u: Bužarovski, Dimitrije. 2015. *Sonologija*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu/ Centar za naučnoistraživački rad SANU i Univerziteta u Nišu.

Таа, исто така, графички ја обработува и споменатата книга *Детски музички игри од Косово* која ја објавува со м-р Арниса Реџепи во 2013 година во издание на Албанолошкиот институт од Приштина.

Кандидатката е одговорна и за дизајнирањето и одржувањето на интернет- страниците mmc.edu.mk и, од 2012 година, buzar.mk.

Кандидатката била член на комисијата на 12., 13. и 14. Меѓународен фестивал на млади пијанисти во Шабац при Арт студио Шабац во 2012, 2013 и 2014 година.

Д-р Трена Јорданоска редовно е вклучена во промотивните активности на Факултетот за музичка уметност – Скопје, за чија цел е вклучена во изработка на промотивни спотови за концертите на ансамблите на ФМУ и текст за концертна програма, а била и главен координатор на ФМУ на Отворениот ден на УКИМ во 2014 година:

(2011), изработка на спот по повод одбележувањето на 45-годишнината од основањето на ФМУ со концертот на симфонискиот оркестар и хорот на ФМУ (7 декември);

(2012), изработка на спот за концертот на симфонискиот оркестар и хорот на ФМУ (14 мај);

(2012), изработка на радиоспот за концертот на симфонискиот оркестар на ФМУ (3 декември);

(2013), изработка на спот за концертот на симфонискиот оркестар, хорот и солисти од класите по соло-пеење на ФМУ (6 декември);

(2013), концерт во чест на проф. м-р Милан Фирфов (Скопје, 25 март 1943; Скопје, 28 април 2012), текст во концертната програма, 29 октомври;

(2014), главен координатор на Отворениот ден на УКИМ, 11 април.

Кандидатката доц. д-р Трена Јорданоска заедно во проф. д-р Димитрије Бужаровски, ги изготвува предметните програми на прв циклус студии за предметите: сонологија со мултимедија 1–4, основи на дигитално архивирање 1 и 2, естетика на музиката 1–4, социологија на музиката 1 и 2, и основи на методологија на научното истражување 1 и 2, во 2012 година; и предметните програми на докторски студии: музички науки, истражувачки методологии применети во музичките науки, истражувачки методологии применети во музичката интерпретација, естетика на музиката и музикономија, во 2014 година.

Во 2012 година кандидатката е ангажирана и како член на Комисија за вештачење по предмет на Основен суд Скопје 2 – Скопје.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Таа е уредник на меѓународното списание со отворен достап *BuzAr Journal*. Во 2015 година, таа е именувана од страна на ректорот на Универзитетот во Ниш, проф. д-р Драган Антиќ за член на Уредувачкиот одбор на најновата серија *Visual Arts and Music* на научното списание *Facta Universitatis*, кој го издаваат Универзитетот во Ниш и Факултетот за уметности во Ниш.

Покрај ова, кандидатката била член на Советот на Меѓународниот фестивал на млади пијанисти во Шабац во 2012, 2013 и 2014 година и на Советот на Меѓународниот ART in DUO, ART in TRIO фестивал на камерна музика во Шабац при Арт студио Шабац во 2012 година.

Кандидатката д-р Трена Јорданоска, почнувајќи од 2007 година, е единствен член на Националниот комитет на Македонија во РИЛМ (http://www.rilm.org/globalNetwork/country.php?country=Macedonia) со внесени над 30 апстракти од македонски трудови од областа на музичките науки во периодот помеѓу двата конкурса.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката доц. д-р Трена Јорданоска, во зимскиот семестар на академската 2015/16, доби позитивна оценка (9.73) од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

Останатите достапни податоци од самоевалуцијата на Факултетот за музичка уметност – Скопје за доц. д-р Трена Јорданоска се: 2011/12 – зимски семестар (5), летен семестар (4.97); 2012/13 – летен семестар (4.98); 2013/14 – зимски семестар (9.81), летен семестар (10); 2014/15 – зимски семестар (9.82), летен семестар (9.91).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија заклучи дека се работи за еден извонреден кандидат кој во изминатиот период има постигнато импресивни резултати и на образовен

и на научен и на стручно-апликативен план. Ова најнапред го докажува фактот дека кандидатката д-р Трена Јорданоска, покрај тоа што многу успешно изведува настава по споменатите предмети и менторство на вториот циклус студии на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во последните пет академски години, од Сенатот на Универзитетот во Ниш е бирана како визитинг-професор на Факултетот за уметности во Ниш за предметите естетика на музиката, вокална литература и музички стилови, а во претходните пет академски години учествувала како соработник и асистент на истиот Факултет. Нејзината научноистражувачка дејност е исто така пример за работа на еден редок научник во подрачјето на музикологијата кој издава бројни трудови во земјата и во странство, меѓу кои секако се истакнуваат повеќето единици во најистакната историско-енциклопедиска светска институција за музичка култура *Речникот Гроув*, а не помалку е важно и издавањето на книгата за детските игри на албански јазик во Косово. Нејзината стручно-апликативна дејност изобилува со активности кои се комплементарни на нејзината образовна и научна дејност, во кои се издвојуваат бројните аудио и видеопроекти и графичката обработка на четирите книги издадени од д-р Димитрије Бужаровски во Србија, кои со оглед на проблематиката (статистика, акустика, електроакустика) бараа употреба на тригонометриски функции и логаритамски координатни системи. Бројните наводи за активностите на д-р Трена Јорданоска несомнено ја потврдуваат ширината на нејзиното знаење во теориските и апликативните научни дисциплини на музикологијата, што е од посебна важност за квалитетот на наставата што ја изведува.

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 2.6.2014 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: *Планирање и имплементација на електронско учење во основните и средните училишта,* поднесена од кандидатката м-р Гордана Андонова, пријавена на Институтот за педагогија-менаџмент во образованието. Комисијата за оцена во состав: проф. д-р Снежана Адамческа (ментор), проф. д-р Зоран Велковски, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Вера Стојановска и проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ, во законскиот рок поднесе извештај за оцена на докторската дисертација. Заради констатираните слабости на трудот беше определен дополнителен рок од шест месеци за негово ревидирање според посочените сугестии и забелешки. Согласно со Одлуката од Наставно-научниот совет бр. 0903/2663/11 од 14.4.2015 година, м-р Гордана Андонова до членовите на Комисијата поднесе нова преработена верзија. Комисијата со должно внимание го разгледа трудот и констатира дека кандидатката направила одредени интервенции во текстот на трудот, но за негова финална и прифатлива верзија е потребно да се постапи потемелно и во согласност со понудените сугестии и забелешки. На кандидатката м-р Андонова ѝ беше даден рок од три месеци да постапи според забелешките и сугестиите и нив да ги внесе во текстот на трудот. На 22.3.2016 година, кандидатката достави нова верзија на докторската дисертација.

Комисијата во наведениот состав, со внимание уште еднаш ја прегледа и ја оцени третата ревидирана верзија на докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Гордана Андонова под наслов: „Планирање и имплементација на електронско учење во основните и средните училишта “ е заснована на теоретско и емпириско истражување елаборирано на 311 страници компјутерски обликуван текст. Глобалната структура на трудот се состои од неколку дела: Теоретски пристап кон проблемот на истражување, Методологија на истражувањето, Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето и Заклучни согледувања и констатации, Предлози и сугестии за понатамошни истражувања, Преглед на користена литература и Прилози со инструментариумот користен за емпириско истражување.

Нашите согледувања упатуваат на фактот дека оваа трета верзија на трудот нема значајни подобрувања во однос на претходната. Во оваа

верзија се содржани дополнувања кои трудот го прават пообемен, но со бројни недоследности и недоречености кои како комисија ги сугериравме при прегледот и анализата на дисертацијата. Приложуваме дел од забелешките кои беа содржани во нашиот извештај за претходната верзија на трудот. Сугестиите за доработка се однесуваа на следниве аспекти и димензии на трудот:

- *присутни се цитати без наведени извори или со некомплетни податоци за изворите , пример, стр. 36, стр. 39, итн.;*
- *во текстот се сретнуваат бројни јазични и печатни грешки;*
- *користен е различен фонт, неизедначен по вид и големина;*
- *од технички аспект, текстот изгледа полошо во однос на претходната верзија, на пример, во оваа верзија нема десна маргина, итн.;*
- *нумерацијата на табелите и во оваа верзија е неконзистентна (повторно има дупли табели број 1, број 2, итн.), што создава конфузност при следењето на текстот;*
- *обемот на страници во преработената верзија е премал за докторска дисертација и е сведен на само 150 страници;*
- *хипотетската рамка е изменета, но нагласено конфузна. По општата, посебните и поединечните хипотези следува текст, во вид на резултати, а тоа ја отежнува истражувачката смисла на хипотезите;*
- *поголем дел од хипотезите не се соодветно формулирани или претпоставуваат влијание на одделни фактори врз подобрување на квалитетот во образовниот процес иако такви резулати не се добиени со емпириското истражување;*
- *нејасна е големината на примерокот и конечниот број на испитаници. Предлагаме изработка и внесување на прегледни табели за структурата на примерокот;*
- *недоволно е објаснета примената на техниката на набљудување, не е дефиниран временскиот примерок и резултатите и не е приложен соодветниот инструмент;*
- *најголема слабост на трудот е во однос на дополнително направената статистичка анализа. Страниците со статистички податоци се внесени во претходниот текст, без никакво појаснување и коментар. Потполно е нејасно за какви податоци и варијабли станува збор. Редовите и колоните се означени само со сигнатури. Потребно е да се појасни содржината на табелите;*
- *недостасува каков било коментар на пресметаните статистички вредности. По страниците со табели следат непрецизни заклучоци со термините „во глобала", „во голема мера" итн., без осврт на статистичкото тестирање на хипотезите;*
- *неопходна е подлабока, соодветна, посеопфатна и аргументирана анализа на податоците кои заради недостаток на опипливи и мерливи информации методолошки се некорисни и педагошки непродуктивни.*

Комисијата по опсежната и аналитичка оценка на последната понудена верзија на трудот ги констатира следниве сериозни забелешки кои упорно се повторуваат и значително влијаат врз квалитетот на трудот:

- *јазичните и печатните грешки во одредена мера се надминати, но се уште присутни. Постојат слабости во стилот на пишување и пасоси без логичка структура што е* ***несоодветно*** *за научен труд и принципите на академското пишување;*
- *структурата на трудот наместо да се подобри, сега е* ***поконфузна*** *во однос на претходните. Двапати е ставена библиографија, прилозите наместо на крај се поставени во самиот текст, а на крајот од трудот под назив предлог-инструменти се презентирани статистички податоци. Со ваква структура трудот е* ***неприфатлив;***

- *текстот технички не е добро обликуван, нема десна маргина кај дел од текстот, насловите и поднасловите почнуваат на крајот на претходната страница итн. Овие забелешки беа дадени и во претходниот извештај, но повторно* ***не е постапено*** *по нив;*
- *во однос на примерокот не се дадени прегледни табели за неговата структура и големина иако тоа беше забелешка и во претходните извештаи. Примерокот за анкетирање во оваа верзија е составен од по 10 испитаници (наставници, родители и ученици) од три пригодно избрани училишта од ист регион, така што не може да се смета за репрезентативен, иако е дефиниран како таков (стр.193). Не е разграничено кој и каков е примерокот за анкета, за набљудување и за анализа на содржина. Нема податоци за временскиот примерок на набљудување. Истото беше сугерирано како забелешка и во минатите извештаи, но* ***воопшто не е постапено*** *по овие забелешки;*
- *сè уште се присутни цитати со некомплетни податоци за изворите. И ова беше претходна забелешка по која* ***не е постапено****;*
- *табелите немаат назив или е некаде изместен, а нумерацијата е ставена под наместо над табелата;*
- ***не е постапено*** *ни во однос на дополнително направената статистичка анализа. Страниците со статистички податоци се внесени во претходниот текст, без потребното појаснување и коментар. Нејасно е за какви податоци и варијабли станува збор. Редовите и колоните се означени само со сигнатури. Не е појаснета содржината на табелите;*
- *недостасуваат коментари на пресметаните статистички вредности. Ова е забелешка и од претходниот извештај по која* ***не е постапено****.*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов: „Планирање и имплементација на електронско учење во основните и средните училишта“, поднесена од кандидатката м-р Гордана Андонова, не ги задоволува критериумите согласно со Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Универзитетски гласник бр.7 од 25.9.2001 год). Последнава ревидирана верзија сè уште содржи поголем број слабости на кои беше укажано и во претходните извештаи. Слабостите на трудот во најголем дел се однесуваат на отстапувањата од принципите на академскиот стил на пишување, несоодветни компарации и цитати, нејасни графички прикази и несоодветни и недоволни толкувања на статистичките вредности.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација не го дава очекуваниот научен придонес по однос на планирањето и имплементацијата на електронско учење во основните и средните училишта. Од трудот тешко можат да се идентификуваат најуспешните модели на концептот електронско учење кои како успешни практики би можеле да се промовираат и применуваат во училиштата во нашата земја бидејќи отсуствува подлабока педагошка анализа на конкретни наставни ситуации, дидактичка апаратура, концепциски пристапи за афирмација и промоција на ИКТ во современата настава и електронското учење како престижна практика.

Согласно со наведените причини, докторската дисертација под наслов*: Планирање и имплементација на електронско учење во основните и средните училишта,* поднесена од *м-р Гордана Андонова,* е оценета **негативно** и **не се** предлага јавна одбрана на трудот.

**КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Снежана Адамческа, с.р.**
2. **Проф. д-р Зоран Велковски, с.р.**
3. **Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, с.р.**
4. **Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.**
5. **Проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ, с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Ива Петрунова | „Градот во транзиција - социолошки, социо-просторни и архитектонски промени (примерот на Скопје)“ | „City in Transition-Sociological, Urban Space and Architectonic Changes (Example of Skopje)“ | Проф. д-р Илија Ацески | 21. VI 2016<br>10-2556/15 |
| 2. | М-р Љупчо Цветковски | „Социолошка анализа на противречноста изразена преку слободната волја и оправданието кај христијаните“ | „Sociological Analysis of the Contradiction Expressed Through Free Will and Justification of Christians“ | Проф. д-р Зоран Матевски | 21. VI 2016<br>10-2557/15 |
| 3. | М-р Александар Петановски | „Градот на новата колективност: Урбаните станбени фрагменти на градот Скопје како основа за нова интегративна концептуализација на градот“ | „City of the New Collective; The Urban Fragments of the City of Skopje as a Base for a New Integrative Conceptualization of the City“ | Проф. д-р Илија Ацески | 21. VI 2016<br>10-2562/15 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Даниела Неделкова | „Достапноста на концепти како фактор за глобалното ниво на стилот на мислење, креативниот увид и аналитичкото мислење“ | „The Effect of Accessibility of Concepts on Global Level of Thinking Styles, Creative Insight and Analytical Thinking“ | проф. д-р Елена Ачковска Лешковска | 23. VI 2016 година Бр. 10-1000/16 |
| 2. | Газменд Гудачи | „Состојба со лица без државјанство во мешовитите миграциски текови: Случајот на Република Македонија“ | „The status of Stateless Persons in Mixed Migration Flows: The Case on the Republic of Macedonia“ | проф. д-р Лидија Георгиева | 23. VI 2016 година Бр. 10-949/16 |
| 3. | Магда Јовановски | „Брендирањето на работодавачот во функција на регрутацијата, изборот и задржувањето на кадрите“ | „Employer Branding Aimed at Recruitment, Selection and Employee Retention“ | проф. д-р Елисавета Сарџоска | 23. VI 2016 година Бр. 10-979/16 |
| 4. | Кристина Илиевска | „Менаџирањето со човечки ресурси и кариерниот развој на софтвер инженерите од организациите од ИТ секторот“ | „Managing Human Resources and Career Development of Software Engineers in IT Organizations“ | проф. д-р Трајан Гоцевски | 23. VI 2016 година Бр. 10-1019/16 |
| 5. | Катерина Глигорова | „Ангажираност на вработените и рамнотежата помеѓу работата и семејството“ | „Employee Engagement and Work-Family Balance“ | проф. д-р Лена Дамовска | 23. VI 2016 година Бр. 10-1025/16 |
| 6. | Бојан Попоски | „Анализа на улогата и значењето на Курдското прашање за геополитиката на Средниот Исток“ | „Analysis of the Role and the Importance of the Kurdish Issue for the Geopolitics of the Middle East“ | проф. д-р Тони Милески | 23. VI 2016 година 10-1023/16 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Натали Рајчиновска Павлеска | „Концептуалната уметност во творештвото на Марсел Дишан, Јозеф Бојс и Art and Language од почетокот до крајот на 20-тиот век“ | „Conceptual art in the work of Marcel Duchmap, Joseph Beuys and Art and Language from the Beginning to the End of the Century“ | проф. д-р Владимир Величковски | 23. VI 2016 година 10-957/16 |
| 8. | Кристофер Јовковски | „Функционалистичкиот дизајн на Високата школа за дизајн во Улм и нејзиното влијание за време на постоењето од 1953 до 1968“ | „Functionalist Design of the School of Design in Ulm and its Influence During its Existence from 1953 and 1968“ | проф. д-р Владимир Величковски | 23. VI 2016 година 10-1034/16 |
| 9. | Елизабета Ташковска | „Развој и имплементација на системот за управување со животната средина во одбранбениот сектор“ | „Development and Implementation of Environmental Management System in the Defense Sector“ | проф. д-р Тони Милески | 23. VI 2016 година 10-1015/16 |
| 10. | Анкица Влашиќ | „ИКТ во функција на комуникација меѓу воспитувачите и родителите во детските градинки“ | „ICT in Function of Communication between Educators and Parents in Kindergartens“ | проф. д-р Вера Стојановска | 23. VI 2016 година 10-1031/16 |
| 11. | Виолета Сачевска | „Оспособеноста на наставниците од редовната настава за работа со деца со посебни образовни потреби“ | „The Competence of Teachers in Regular Classes for Working with Children with Special Educational Needs“ | проф. д-р Вера Стојановска | 23. VI 2016 година 10-1011/16 |
| 12. | Ивана Марковска | „Управување и организација на наставата во првиот образовен циклус“ | „Management and Organization of Teaching in the First Educational Cycle“ | проф. д-р Лена Дамовска | 23. VI 2016 година 10-1042/16 |
| 13. | Катерина Петровиќ | „Родови стереотипи во однос на пристапот до вработување-перцепции на младите“ | „Gender stereotypes in terms of access of employment - perceptions of young people“ | проф. д-р Маја Геровска Митев | 23. VI 2016 година 10-1014/16 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 64. редовна седница одржана на 20.4.2016, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, д-р Соња Китановска-Кимовска, доцент и д-р Катерина Ѓурчевска-Атанасовска, доцент, во врска со пријавата на м-р Сања Гавриловска на конкурсот за избор во звањето виш лектор по англиски јазик.

Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му го поднесеме следниов

## И З Е В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден виш лектор по англиски јазик објавен на 8.3.2016 година во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ се пријави м-р Сања Гавриловска.

**Биографски податоци**

М-р Сања Гавриловска е родена во Скопје на 30.3.1961 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со континуиран одличен успех. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје на Катедрата за англиски јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока во 1985 година со просечен успех 9,2.

По дипломирањето, кандидатката м-р Сања Гавриловска работела како професор по англиски јазик на определено време во Работничкиот универзитет „Кочо Рацин“ и во средното училиште „Орце Николов“, а од 1990 почнала да работи како професор на неопределено време во Градежно-машинскиот центар „Чеде Филиповски-Даме“, но и надополнувала часови во гимназијата „Зеф Љуш Марку“ во Скопје.

Од ноември 1993 година се вработила на Филолошкиот факултет како предавач по англиски јазик на нематичните факултети.

**Наставно-образовна дејност**

Од 1993 година, м-р Сања Гавриловска работи како предавач по англиски јазик на повеќе нематични факултети на УКИМ. Во учебната година 1993/1994 година на Правниот факултет на УКИМ во Скопје се воведува предметот англиски јазик за чија настава беше ангажирана м-р Сања Гавриловска, како и за изготвување на наставната програма, избор на учебници и подготвување на наставен материјал. Треба да се истакне дека ангажманот за изведување на наставата по овој предмет на Правниот факултет подразбира сериозен ангажман ако се има предвид бројот на студенти кои го слушаат овој предмет.

Во учебната 1999/2000 кандидатката започнала да изведува настава по англиски јазик на Правниот факултет само во втората академска година,

едновремено била ангажирана да ја покрива и наставата по англиски јазик на Ветеринарниот факултет во Скопје.

Во 2002/2003 година завршила со ангажманот на Правниот факултет и започнала да изведува настава на Катедрата за превод и толкување на Филолошкиот факултет по предметот англиски јазик како втор странски јазик.

Од 2008 година на Катедрата за превод и толкување е ангажирана со 14 и 16 часа по предметите англиски јазик 1Б, 2 Б, 3Б и 4Б, како и стручните предмети - право и политички науки. Била член на голем број комисии за одбрана на дипломски трудови и изработила интерна скрипта за предметот стручна терминологија-политика.

**Стручно усовршување**

Кандидатката м-р Сања Гавриловска учествувала на повеќе научни семинари за стручно усовршување:

1. јули 1979, следела настава по англиски јазик на Chelsea College, во Лондон, во траење од еден месец;

2. март 1995, учествувала на семинар English for Specific Purposes, во Скопје, во организација на Британскиот совет;

3. јули 1995, следела настава на постдипломските студии на групата за применета лингвистика на Државниот универзитет во Портлан, Орегон, САД (PSU);

4. март 1996, учествувала на семинарот ELT-Seminar/Workshop, во организација на Британскиот совет во Скопје;

5. јуни 1997, следела настава на Hammersmith Grammar School, во Лондон, во траење од еден месец;

6. октомври 1999, учествувала на Првиот семинар за англиски јазик во струката со реферат на тема: „Сложени лексеми во правната терминологија";

6. мај 2001, учествувала на семинар за ESP во Охрид, во организација на Американската амбасада во Скопје;

7. јуни 2001, учествувала на семинар за ESP во Битола, во организација на Американската амбасада во Скопје;

8. јули 2001, го одбранила магистерскиот труд „Именски сложенки во правната терминологија", под менторство на д-р Марија Јанева-Михајловска на Филолошкиот факултет во Скопје;

9. февруари 2002, учествувала на семинар за ESP во Струмица, во организација на Катедрата за преведување и толкување.

**Стручни трудови и преводи**

Во 2002 година, во коавторство со проф. д-р Даница Цветановка и предавач Мери Лазаревска, м-р Сања Гавриловка ја изработи граматичката вежбанка за право, политички студии и новинарство (Workbook for Law, Politicc and Journalism) објавена во Скопје, а која е изработена како резултат на трите одржани семинари во 2001 и 2002 година организирани од страна на

Американската амбасада во Скопје и раководени од проф. д-р Кетрин Куп. Ова е прва граматичка вежбанка на англискиот јазик во струка издадена во Република Македонија.

Како резултат на нејзиното повеќегодишно искуство како предавач по англиски јазик на Правниот факултет на УКИМ, м-р Сања Гавриловска го составува и учебникот: English for Law Students, наменет за тамошните студенти. По заминувањето од Правниот факултет и преминувањето на Катедрата за превод и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, м-р Сања Гавриловска го користи овој учебик на часови по стручен предемет - право.

Ги има објавено следниве научни трудови во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во Скопје:

- (2009), „Потекло и подем на англискиот јазик во функција на струката“;

- (2010), „Основни карактеристика на англискиот правен јазик“;

- (2011), „Именски сложенки во правната терминологија“.

Во март 2012 го објавила својот магистерски труд под наслов „Именски сложенки во правната терминологија“.

**Стручно-апликативна дејност**

Во 2009 година била член на Работната група за воведување на постдипломски студии за преведување на Катедрата за превод и толкување. Била член и на две рецензентски комисии за избор во звање, во ноември 2010 за избор на лектор м-р Катарина Ѓурчевска и во мај 2011 за избор на помлад асистент м-р Милена Саздовска. Во февруари 2009 била член на Комисијата за изработка на студиските предметни програми на Катедрата за превод и толкување. Во 2009 година била и член на Комисијата за евалуација на студиските програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Била дел од тимот кој го лекторирал преводот од македонски на англиски јазик на студиската и предметната програма на ПиТ за 2010 година.

Како добар педагог кој воспоставува извонредна соработка и дијалог со студентите, м-р Сања Гавриловска доби **позитивна оценка од спроведената анкета на студентите** што истовремено ги нагласува и нејзините високи човечки квалитети.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од гореизложеното се гледа дека м-р Сања Гавриловска мошне успешно навлегла во спецификите на наставата по англиски јазик на Катедрата за преведување и толкување, како и на наставата на нематичните факултети. Во нејзината личност имаме не само сериозен научен работник туку и извонреден педагог, кој сето свое знаење и искуство го насочува кон поквалитетна, посовремена и поадекватна настава во рамките на англискиот јазик на Катедрата за преведување и толкување каде што предава. Таа има одличен однос како кон студентите, така и кон колегите од матичната Катедра што се гледа во нејзината иницирана комуникативност, спремност за соработка, толерантност и крајна ангажираност во извршувањето на работните задачи. Затоа имаме чест и

задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет да ја избере м-р Сања Гавриловска во звањето виш лектор по предметите: англиски јазик 1Б, 2Б, 3Б и 4Б.

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

2. Д-р Соња Китановска-Кимовска, доцент, с.р.

3. Д-р Катерина Ѓурчевска-Атанасовска, доцент, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **САЊА ДРАГАН ГАВРИЛОВСКА**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ,,БЛАЖЕ КОНЕСКИ”-СКОПЈЕ**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: англиски јазик**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Англиски јазик 4Б (0+12), летен семестар, 2012 | 7,2 |
| | Стручна терминологија 2 (право) (1+1) летен семестар, 2012<br>Англиски јазик 3Б (0+12) зимски семестар 2012 | 1,2<br>7,2 |
| | Англиски јазик 4Б (0+12), летен семестар, 2013 | 7,2 |
| | Стручна терминологија 1 (политика) (1+1) зимски семестар 2012<br>Стручна терминологија 2 (право), (1+1) летен семестар 2013<br>Англиски јазик 3Б (0+12), зимски семестар 2013 | 1,2<br>1,2<br>7,2 |
| | Стручна терминологија 1 (политика) (1+1) зимски семестар 2013 | 1,2 |
| | Англиски јазик 4Б (0+12), летен семестар, 2014 | 7,2 |
| | Стручна терминологија 2( право) (1+1), 2014 | 1,2 |
| | Англиски јазик 3Б (0+12), зимски семестар 2014 | 7,2 |
| | Стручна терминологија 1(политика) (1+1), зимски семестар 2014 | 1,2 |
| | Англиски јазик 4Б (0+12), летен семестар 2015 | 7,2 |
| | Стручна терминологија 2 (право) (1+1), летен семестар 2015 | 1,2 |
| | Англиски јазик 3Б (0+12), зимски семстар 2015 | 7,2 |
| | Стручна терминологија 1 (политика), (1+1), зимски семестар 2015 | 1,2 |
| | Консултации за предметот англиски јазик 4Б за летниот семестар 2012 (119 студенти) | 0,238 |
| | Консултации за предметот стручна терминологија 2(право), летен семестар ( 103) | 0,206 |
| | Консултации за предметот англиски јазик 3Б зимски семестар 2012 (111) | 0,222 |
| | Консултации за предметот англиски јазик 4Б, летен семестар 2013 (107) | 0,214 |
| | Консултации за предметот стручна терминологија 1(политика), зимски семестар 2012 | 0,182 |

| | | |
|---|---|---|
| | Консултации за предметот стручна терминологија 2 (право) за летниот семестар 2013 (83) | 0,166 |
| | Консултации за предметот англиски јазик 3Б, зимски семестар 2013 | 0,248 |
| | Консултации за предметот стручна терминологија 1 (политика) за зимски семестар 2013 (87) | 0,174 |
| | Консултации за предметот англиски јазик 4Б, летен семестар 2014 (118) | 0,236 |
| | Консултации за предметот стручна терминологија (право), летен семестар 2014 (84 студенти) | 0,168 |
| | Консултации за предметот англиски јазик 3Б, зимски семестар 2014, (36)<br>Консултации за предметот стручна терминологија 1(политика) за зимски семестар 2014 (67)<br>Консултации за англиски јазик 4Б за летниот семестар 2015 (27)<br>Консултации за предметот стручна терминологија 2(право), летен семестар 2015 (39)<br>Консултации за предметот англиски јазик 3Б, зимски семестар 2015 (49)<br>Консултации за предметот стручна терминологија 1(политика), зимски семестар 2015 | 0,072<br>0,134<br>0,054<br>0,078<br>0,098<br>0,026 |
| | Член на комисии за одбрана на дипломски трудови:<br>1. Марина Стаменова 2. Љуба Атанасовска 3. Маријана Ѓорѓиева 4. Олгица Стефановска 5. Катерина Стоименовска 6. Ивана Плушкоска 7. Бисерка Шемовска 8. Делфина Спиркоска 9. Јована Јакимовска 10. Славица Кузмановска 11. Адем Адеми 12. Христина Шишковска 13. Горан Манчев 14. Маја Симоновска 15. Александра Димова 16. Андријана Андреева 17. Десана Ефтимова 18. Симона Марковска 19. Биљана Коскарова 20. Бојана Додевска 21.Мелова Благица 22. Јована Димовска 23. Адријана Бицоска 24. Мартин Ангеловски 25. Фросина Стефановска 26. Милан Деребан 27. Загорка Бацова 28. Зорица Манева 29. Никола Чекичевски 30. Стефан Ефремов 31. Елена Негриевска 32. Мишо Димитриевски 33. Емилија Нешевска 34.Викторија Јосифова 35. Симона Георгиевска 36. Гала Ковачевиќ 37. Стојанче Стојанов | Поени : 3,7 |
| | **Вкупно** | 73,4 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Трудови објавени во зборник на трудови на в. о. институција: 3 | 6 |
| | Учество на симпозиумот “Повекејазичниот и интеркултурен дијалог” | 0,5 |
| | Учество на симпозиумот “Блаже Конески” декември 2011 | 0,5 |
| | С.Гавриловска, “Именски сложенки во правната терминологија” (монографија во издание на авторот), Скопје, 2012 | 8 |
| | Проект за воведување постдипломски студии за преведување на Катедрата за ПиТ, 2008/2009 (член на работна група) | 3 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (декември 2015) | 6 |
| | Учество на меѓународна конференција (без реферат), октомври 2015 | 0,5 |
| | Учество на меѓународен семинар (без реферат), февруари 2016 | 0,5 |
| | Учество на меѓународна конференција (без реферат), март 2016 | 0,5 |
| | **Вкупно** | 31,5 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Член на две рецензентски комисии за избор во звање (2х 0,2): м-р Ѓурчевска Катарина, м-р Саздовска Милена, | 0,4 |
| | Комисија за изработка на студиски и предметни програми на на Катедрата за превод и толкување, 2009 | 0,5 |
| | Лекторирање превод на дел од книга (студиска и предметна програма на ПиТ, за 2010) | 0.5 |
| | Комисија за евалуација на студиските програми на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје | 0,5 |
| | Комисија за библиотечен фонд, 2008 | 0,5 |
| | Комисија за попис на основни средства на Факултетот, 2009 | 0,5 |
| | Комисија за попис на библиотечен фонд, 2010<br>Комисија за попис на основни средства на Факултетот, 2011<br>Член на Наставно- научен совет, 2009/2010<br>Член на Наставно-научен совет, 2010/2011<br>Превод на сценарио за филм (книга)<br>Член на комисии за попис на библиотечен фонд 2012, 2013 и 2015 , 3х0,5 | 0,5<br>0,5<br>1<br>1<br>3<br>1,5<br>Вкупно: 10,4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 73,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 28,5 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 10,4 |
| **Вкупно** | 115 ,3 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, претседател, с.р.
2. Д-р Соња Китановска-Кимовск, член, с.р.
3. Д-р Катерина Ѓурчевска-Атанасовска , член, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ ЛЕКТОР ПО СОВРЕМЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже конески“ во Скопје, на својата 64. редовна седница одржана на 20.4.2016, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор и д-р Билјана Наумоска-Саракинска, доцент, во врска со пријавата на м-р Марија Маџар-Рибар на конкурсот за избор во звањето виш лектор по современ англиски јазик.

Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му го поднесеме следниов

## И З Е В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден виш лектор по современ англиски јазик објавен на 8.3.2016 година во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ се пријави м-р Марија Маџар-Рибар.

### Биографски податоци

М-р Марија Маџар-Рибар е родена во Скопје во 1951 година. Основно училиште и втор клас гимназија завршила во Скопје. Матурирала во Мичиген, САД.

Студирала англиски јазик и литература на Филозофскиот факултет во Скопје и дипломирала во јуни 1974 година.

### Наставно-научна дејност и усовршувања

Од септември 1974 до 1989 година работела во Центарот за стански јазици каде што предавала англиски јазик на ученици од основните училишта, средните и возрасни слушатели. По потреба предавала и македонски јазик на странци.

**Во академската 1978/1979** година ги посетувала последипломските студии од областа на лингвистика на Калифорнискиот државен универзитет во Чико, САД. Истовремено работела како тутор по англиски јазик и предавала македонски јазик на две различни групи универзитетски студенти и наставници. Во мај 1979 магистрирала со одличен успех.

**Во август 1982** година успешно го завршила летниот курс за странски студенти на Универзитетот на Копенхаген, Данска.

**Во периодот март 1983-декември 1985** престојувала во Мелбурн, Австралија, каде што била International Teaching Fellow. Предавала македонски јазик во 15 различни основни и средни училишта. Одржала предавања на македонски јазик на универзитетите Монаш, Ла Троуб и Технолошкиот институт „Фуцкрај“. Вовела студии со наслов ***Мултикултурни студии и македонскиот јазик*** на ТИФ со помош на Катедрата за хуманитарни науки. Сите материјали и тестови ги подготвувала сама. Организирала и водела семинари за учителите по македонски јазик во државата Викторија, Австралија. Била активна и во македонската заедница. Организирале *Денови на македонската култура во 1983 година*. Одржала предавање за Блаже Конески, истакнатиот македонски лингвист и поет на ***Семинарот за јужнословенските јазици во Сиднеј.*** Сите три години била наградувана за истакнат педагошки работник од страна на Министерството за образование на Викторија.

**Во периодот 1986-септември 1989** предавала англиски јазик во Центарот за странски јазици во Скопје.

**Во октомври 1989** била избрана во звањето предавач по предметот англиски јазик за настава на нематичните факултети. Предавала англиски јазик во прва година на Филолошкиот факултет (југословенска и компаративна книжевност, германски и француски јазик). Истата година предавала и на Земјоделскиот факултет. Во академската 1990/91 предавала на Филозофскиот факултет (групи: педагогија, психологија, класични студии, ОНО и социјална работа и социјална политика, и на трета година студенти на Земјоделскиот факултет, како и на ПМФ – група географија.

Членувала во Сојузот на друштвата за применета лингвистика на Југославија (АЈУСАЛ) и била негов секретар три години. Соработувајќи со AILA, припремале состаноци, конференции, конгреси за методиката на јазикот, социолингвистика, психолингвистика, контрастивна анализа, теорија на предавање и учење на

странскиот и мајчиниот јазик.  Била активен член на организационите одбори за орипрема на конференциите:

- ***Јазичките контакти во југословенската заедница (Охрид 21-23 мај 1982);***
- ***Маркираноста во Синхронијата и Дијахронијата – XIX годишна конференција на Societas Linguistica Europeae (Охрид, 31.8 – 4.9.1986);***
- ***Јазикот и Културата (Охрид, 27 -29 мај 1988).***

Била секретар на редакцијата на Зборникот трудови поднесени на конференцијата ***Јазикот во јавната комуникација (Скопје, 21-23 ноември 1979).*** Била резензент на учебникот по англиски јазик: *Rainbow за* I детски степен, издаден од Центарот за странски јазици – Скопје.

**Октомври 1989 – мај 1992:**

Активности и учества на научни конгреси и собири.  Преведувала трудови и текстови за потребите на Институтот за судска медицина и криминологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

**Халкидики, 15 -21 април 1990:**

**Присустувала на *9. Светски конгрес на применета лингвистика AILA 1990*.**

**Охрид, август 1990:**

Семинар за мажкедонски јазик, литература и култура.

**Охрид, 27.8 – 1.9.1990:**

Учествувала на Семинарот за наставници по англиски јазик.

**Скопје, мај 1991:**

Била избрана за претседател на Друштвото за применета лингвистика на Македонија.

Заедно со другите членови организиралле предавања од областа на лингвистиката. Гости- предавачи биле: проф. Бојкема (од Универзитетот Лајден во Холандија),  проф. Благоја Корубин и  проф. Зузана Тополњинска.

**Охрид, август 1991:**

Семинар за македонски јазик, литература и култура.

**Охрид, 6 – 16 април 1992:**

Била инструктор по англиски јазик Business English за првата сесија предавања на последипломските студии од областа на менаџментот **MBA** (**Master of Business Administration**), организирани од Холандскиот меѓународен институт за менаџмент и Македонскиот центар за развој на менаџментот и човечките ресурси.

**Братислава, Чехословачка, јули 1992:**

Учествивала на летниот семинар за наставници по англиски јазик TESOL. Семинарот го водела и на истиот предавале професори од Хантер Колеџ (Hunter College, New York).

Торонто, Канада,
**ноември 1992 – април 1993:**

Користела студиски престој во Универзитетската библиотека на Универзитетот во Торонто. Се занимавала со истражувачка работа од областа на социолингвистиката.

**Лето 1993:**

Била наставник – волонтер за предавање англиски јазик во Школата за експериментално образование (SEE School).

**Јуни 1993 – септември 1997:**

Предавала македонски јазик во државното училиште Гледхил (Gledhil). Наставата била организирана од Интернационалната школа за современи јазици и Министерството за образование на Торонто.

**Министерство за образование на Торонто,**

**октомври 1994 – септември 1997:**

Предавала англиски јазик во струка (ESP) – во областа на банкарството, медицината, стоматологијата и правните науки.

**Март 1995 – септември 1997:**

Била постојан консекутивен судски преведувач на Онтарио, Канада. Преведувала од англиски на македонски јазик и обратно во провинциските и федералните судови, болници и Министерството за емиграција и државјанство на Канада. За овие потреби има припремено соодветна терминологија на англиски и македонски јазик.

**Универзитетот во Торонто – 1995:**

Студирала два предмета – англиски јазик и драмски уметности на Катедрата за образование и методика. По успешно положените испити добила дозвола да предава англиски јазик во сите државни и приватни училишта во Онтарио, Канада.

**Министерство за образование на Торонто,**

**октомври 1995 – септември 1997:**

Постојано предавала англиски јазик (напреден степен), TOFEL, предуниверзитетски курсеви и граматика, во Институтот „Оуквуд“ (Oakwood), центарот Бикфорд (Bikford) и Центарот за универзитетските студенти. Сите материјали за сите предавања ги изготвувала сама. Користела британски, канадски и американски учебници, книги, списанија, аудио - и видеокасети и други наставни помагала.

**Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје,**

**ноември 1997:**

Се вработила како виш предавач по англиски јазик на Одделот за настава на нематичните факултети при Катедрата за англиски јазик и книжевност.

**7 – 8 мај 1998:**

Член е на Организациониот одбор на ***MALA 98: јазикот и општеството на прагот на***

***XXI век.*** На истиот конкурс учествувала со реферат ***Поновите македонски иселеници во Онтарио – Канада и нивниот мајчин јазик.***

**20 – 21 мај 1999:**

Учествувала на ***IV научен собир на млади македонисти*** со реферат ***Јазичниот израз на поновата генерација македонски иселеници во Онтарио, Канада,***

**2 октомври 1999:**

Била една од организаторите  на Научниот собир ***Англискиот јазик во функција на струката на универзитетите во Република Македонија – прашања, проблеми, дилеми,*** во Организација на Здружението на англисти во Македонија. На истиот собир настапила со реферат – соопштение ***Застапеноста на англискиот јазик во струката на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје во академската 1998/99 година.***

**Академска 2001/2002:**

Виш предавач по предметот современ англиски јазик – прва година на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

**Охрид 10 – 13 мај 2001:**

Учествувала на семинарот за универзитетски наставници по англиски јазик во струката организиран од страна на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Скопје**.**

**Пловдив, Бугарија, 24 – 27 мај 2001:**

Настапила на Меѓународната конференција за наставници по англиски јазик **IATEFL**.

**Битола, март 2002:**

Заедно со м-р Марија Златковска учествувала на Научниот собир „*Македонско – британски врски*“, со реферат: ***Поновите текови во наставата по англиски јазик во функција на струката на Универзитетот во Скопје.***

**САД,  6 – 21 април 2002:**

Како гостинка на американската влада присуствувала на меѓународната конференција

**TESOL** во Солт Лејк Сити. Во текот на патувањето посетила голем број универзитети во градовите Вашингтон, Филаделфија, Бостон и Балтимор.

**Битола, јуни 2002:**

Присуствувала на стручниот семинар што се одржувал под раководство на г-ѓа Кетрин Куп од Њујорк, а во организација на Амбасадата на САД во Скопје, при што ги изведувала завршните подготовки за објавувањето на ***Работната тетратка по граматика на англиски јазик во струката на студентите по природни и технички науки (Workbook for Science and Technology Students),*** којашто подоцна во 2004 г. беше користена на техничките факултети во Србија, Панама и Казкстан (Прилог 1).

**Академска 2002/2003 и 2003/2004:**

Виш предавач по предметот Современ англиски јазик – трета година на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

**Охрид, 25 – 27 октомври 2002:**

Настапила на регионалната конференција за наставници по англиски јазик **ЕЛТАМ.**

**Грац, Австрија, 9 – 13 ноември 2002:**

Учествувала на Меѓународнот семинар за настава по странски јазици организиран од Европскиот центар за модерни јазици **ECML.**

**Струга, јуни 2004 и Скопје, 2005:**

Учествувала на наставно-стручната работилница што повторно се одржала под раководство на г-ѓа Кетрин Куп од Њујорк, а во организација на Амбасадата на САД во Скопје. На оваа работна средба (во коавторство) ја ревидирала и содржински ја надополнила претходно објавената ***Работна тетратка по граматика на англиски јазик како јазик во струката за студентите по природни и технички науки.*** Го изготвиле практикумот ***Grammar+ Review Practice for Science and Technology Students.*** Истиот, од 2005 г. почна да се користи од страна на студентите по природни и технички науки во Македонија. (Прилог 2)

**Будимпешта, Унгарија, 9 – 11 февруари 2006:**

Учествувала на Меѓународната конференција за стандардизација на испитите ***Into-Europe - European Standards in Language Assessment Conference.***

**Даблин, Ирска, 11 – 13 мај 2006:**

Учествувала на работилницата за учење јазици во разни области ***Event in Ireland – Language Case Study*** организирана од Европскиот центар за модерни јазици и Катедрата за применета лингвистика на Универзитетот во Даблин.

**2003 – 2007:** Била учесник на проектот за академско пишување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во соработка со Британскиот совет.

**Скопје, септември 2008:**

Учество без реферат на Меѓународната конференција по повод прославата на 50-годишнината на постоењето на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

**Скопје, октомври 2008:**

Учествувала без реферат на Петтата меѓународна конференција на ЕЛТАМ.

**Скопје, јануари 2009:**

Одржала предавање и семинар за потребите на домашните спортски здруженија и федерации – **Семинари за ВТС** на Факултетот за физичка култура.

**јуни – август 2010:**

Учествувала во меѓународниот онлајн - проект *English for Specific Purposes (ESP) Best Practices* – организиран од Универзитетот Орегон, САД.

**Белград, Србија, 20 – 22 април 2011:**

Учествувала со реферат ***“Mother Tongue Proficiency in an Immigrant Language Situation”*** на Петтата меѓународна конференција за канадски студии *Modern Canada: Prejudices, Stereotypes, Authenticity,* организирана од Друштвото за канадски студии и Универзитетот Мегатренд.

Во академската 1997/98 предавала Англиски јазик на Стоматолошкиот факултет, ПМФ – групите: хемија, биологија и био-хемија и на Машинскиот факултет – екологија. Покрај работата со околу 520 студенти на соодветните факултети, особено била ангажирана со подготвувањето материјали соодветни за наставата по екологија, биологија и био-хемија.

Од октомври 1998 предавала англиски јазик во функција на струката на Стоматолошки факултет, ПМФ – хемија, Машински факултет и Факултетот за физичка култура. И покрај основните помагала – учебници за стоматологија и машинското инженерство, изготвувала материјали главно од енциклопедиски текстови и современи списанија, со јазични вежби со особен осврт на англиските терминолошки карактеристики во овие научни полиња. Изготвувањето тестови, подготвувањето за колоквиуми и изведувањето на испитите бараат огромен

ангажман. Повеќе години предавала **деловен англиски јазик** на Економскиот факултет.

Од **декември 2004 е** постојан член на Катедрата за англиски јазик и книжевност, виш лектор по предметот современ англиски јазик. Изведува лекторска настава по САЈ III според старата програма, т.е. САЈ 5 и САЈ 6 според ЕКТС. Покрај тоа предава Академско пишување 1 и 2, 3 и 4. Во последниве години предава и Превод од англиски на македонски и обратно 5 и 6 во рамките на САЈ. Сето свое знаење и искуство го насочува кон поквалитетна, посовремена и поадекватна настава на современиот англиски јазик, како и јазикот во струката на факултетите каде предавала.

Како добар педагог кој воспоставува извонредна соработка и дијалог со студентите, м-р Марија Маџар-Рибар доби **позитивна оценка од спроведената анкета на студентите,** што истовремено ги нагласува и нејзините високи човечки квалитети.

## СПИСОК НА ТРУДОВИ


1. *The Place of Morphology in Teaching English as a Foreign Language,* California State University. Chico, 1979. (магистерски труд)

2. Programmed Instruction to the short story "Cat in the Rain" by Hemingway, modern Instructional Techniques, Chico, 1988.

3. "Наставата на странскиот јазик во споредба со мајчиниот јазик предавање и учење вокабулар", Годишњак Савеза друштава за примењену лингвистику Југославије, Загреб, 1980 – 1981.

4. „Добредојдовте во Македонија", *Материјали за мултикултурно образование ,* CMES, Викторија, 1983.

5. "Macedonian - level 9 & 10, *Syllabus Construction Booklet,* Education Department Victoria, Melbourne, 1983.
6. "Macedonian - level 11 & 12, *Syllabus Construction Booklet*, Education Department Victoria, Melbourne, 1984.

7. *Букварче за Македончињата во Австралија, Мелбурн 1984.*
8. „Денови на македонската култура", Македонија, Скопје 1985.
9. „Македонскиот јазик – редовен матурски предмет", Македонија, Скопје 1985.

10. Томиќ, Стефановски, Маџар, „Стандардот како чувар на националниот идентитет”, Употребно Југославије, Љубљана, 1989.

11. „Владеењето на мајчиниот јазик кај децата на македонските иселеници во Австралија”, *Јазикот и културата*, Скопје, 1989.

12. Лектор на монографијата *The World of Our Challenge,* од М. Поповски, Охрид 1990.

13. Коректор на *Македонско – Англискиот Речник,* од О. Томиќ, Љ. Стефановски, М. Мишиќ, З. Мурговски, Н. Гогова, Скопје: Култура, 1994.

14. Превод од англиски на македонски јазик на учебното помагало ASSIMIL *Нов Англиски Без Мака,* од А. Буглер, Белград; Нолит (учебник од 578 страни).

15. Лектор на монографијата *Krushevo*, од М. Поповски, Битола 1998.

16. „Поновите македонски иселеници во Онтарио – Канада и нивниот мајчин јазик”. МАЛА 98.

17. „Јазичнииот израз на поновите македонски иселеници во Онтарио - Канада”, IV Научен собир на млади македонисти , 1999.

18. „Застапеноста на англискиот јазик во функција на струката на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во академската 1998/99. ЗАМ 1999.

19. Маџар-Рибар, М. и М. Златковска, „Понови текови во наставата по англиски јазик во функција на струката на Универзитетот во Скопје”, Научен собир *Македонско-британските врски*, организиран од Друштвото за наука и уметност, Битола и Македонско-британското здружение, Битола, по повод 150-годишнината од отворањето на Британскиот конзулат во Битола, 15.-16 март 2002.

20. Madzar-Ribar, M., Zlatkovska, M., Popovska, S. and V. Petkovska, *Workbook for Science and Technology Students*, Office of Public Affairs, Embassy of the United States, Skopje, 2002

21. Практикум по англиски јазик за студентите по природни и технички науки English for Specific Purposes *Grammar+ Review Practice for Science and Technology Key to the Exercises*, Skopje, Macedonia, 2005.

22. Madzar-Ribar, Marija "Mother Tongue Proficiency in an Immigrant Language Situation" Belgrade, Serbia: *Volume// Modern Canada: Prejudices, Stereotypes, Authenticity*, 2012

## ЗАКЛУЧОК

Од изнесените био-библиографски податоци се гледа дека м-р Марија Маџар-Рибар перманентно работи на сопственото стручно и научно усовршување. Резултатите од тоа се евидентни во квалитетот на наставната работа, како и во квалитетот на публикациите од областа на јазикот во струката.

Во споменатиот список на трудови привлекуваат внимание прирачниците за обука на македонскиот и англискиот јазик како странски јазик, како и трудовите од доменот на теоријата на методиката по странски јазик. Сите тие сведочат за преданоста на авторката на таа проблематика и на драгоцениот багаж на искуства што таа го внесе во работата на проектот: Академско пишување на универзитетско ниво.

Имајќи ја предвид научната, стручната и наставно-педагошката активност на кандидатката, Рецензентската комисија е на мислење дека м-р Марија Маџар-Рибар ги исполнува сите законски услови предвидени со Законот за високото образование и има особена чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му предложи м-р Марија Маџар-Рибар да ја избере во звањето виш лектор по предметот современ англиски јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

2. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, с.р.

3. Д-р Билјана Наумоска-Саракинска, доцент, с.р.

**ПРИЛОГ 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Марија Петар Маџар**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Наставно-научна област: англистика**

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии**<br>(Катедра за англиски јазик и книжевност) | |
| | **2012/2013 зимски семестар** | |
| | Современ англиски јазик 5 (0+4), 3 групи, (15x4x0,04=2,4) x 3 = 7,2 | **7,2** |
| | Современ англиски јазик 1-Академско пишување (0+2), (15x2x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2012/2013 летен семестар** | |
| | Современ англиски јазик 6 (0+4), 3 групи, (15x4x0,04=2,4) x 3 = 7,2 | **7,2** |
| | Современ англиски јазик 2-Академско пишување (0+2), (15x2x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2013/2014 зимски семестар** | |
| | Современ англиски јазик 5 (0+4), 2 групи, (15x4x0,04=2,4) x 2 = 4,8 | **4,8** |

| | | |
|---|---|---|
| | Современ англиски јазик 5 – Превод (0+2), 2 групи,<br><br>(15x2x0,04=1,2) x 2 = 2,4 | **2,4** |
| | Современ англиски јазик 1-Академско пишување (0+2), (15x2x0,04=1,2) | **1,2** |
| | Англиски јазик во струка - Стоматолошки факултет (2+1), (15x3x0,04=1,8) | **1,8** |
| | **2013/2014 летен семестар** | |
| | Современ англиски јазик 6 (0+4), 2 групи, (15x4x0,04=2,4) x 2 = 4,8 | **4,8** |
| | Современ англиски јазик 6 – Превод (0+2), 2 групи,<br><br>(15x2x0,04=1,2) x 2 = 2,4 | **2,4** |
| | Современ англиски јазик 2-Академско пишување (0+2), 15x2x0,04=1,2 | **1,2** |
| | Англиски јазик во струка – Академија ја судии и јавни обввинители (0+2), (15x2x0,04=1,2 | **1,2** |
| | **2014/2015 зимски семестар** | |
| | Современ англиски јазик 5 (0+4), 2 групи, (15x4x0,04=2,4) x 2 = 4,8 | **4,8** |
| | Современ англиски јазик 5 – Превод (0+2), 2 групи,<br><br>(15x2x0,04=1,2) x 2 = 2,4 | **2,4** |
| | Современ англиски јазик 1-Академско пишување (0+2), (15x2x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2014/2015 летен семестар** | |
| | Современ англиски јазик 6 (0+4), 2 групи, (15x4x0,04=2,4) x 2 = 4,8 | **4,8** |
| | Современ англиски јазик 6 – Превод (0+2), 2 групи,<br><br>(15x2x0,04=1,2) x 2 = 2,4 | **2,4** |
| | Современ англиски јазик 2-Академско пишување (0+2), (15x2x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2015/2016 зимски семестар** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Современ англиски јазик 5 (0+4), 2 групи, (15x4x0,04=2,4) x 2 = 4,8 | **4,8** |
| | Современ англиски јазик 5 – Превод (0+2), 2 групи,<br>(15x2x0,04=1,2) x 2 = 2,4 | **2,4** |
| | Современ англиски јазик 1-Академско пишување (0+2), (15x2x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2015/2016 летен семестар** | |
| | Современ англиски јазик 6 (0+4), 2 групи, (15x4x0,04=2,4) x 2 = 4,8 | **4,8** |
| | Современ англиски јазик 6 – Превод (0+2), 2 групи,<br>(15x2x0,04=1,2) x 2 = 2,4 | **2,4** |
| | Современ англиски јазик 2-Академско пишување (0+2), (15x2x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **Вкупно бодови за одржување настава од прв циклус студии** | **70.2** |
| **2** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | 2012/2013 зимски семестар (Јазици, бизнис и меѓународна трговија), Деловен англиски јазик 1 (4+0), (11 x 4 x 0,05 = 2,2) | **2,2** |
| | 2012/2013 летен семестар (Јазици, бизнис и меѓународна трговија), Англиски јазик 2 (4+0), (4 x 6 x 0,05 = 1,2) | **1,2** |
| | **Вкупно бодови за одржување настава од втор циклус студии** | **3,4** |
| **3** | **Консултации со студенти** | |
| | 2012/2013 зимски семестар, (150 студенти x 0,002 = 0,31) | **0,31** |
| | 2012/2013 летен семестар, (150 студенти x 0,002 = 0,31) | **0,31** |
| | 2013/2014 зимски семестар, (190 студенти x 0,002 = 0,38) | **0,38** |
| | 2013/2014 летен семестар, (190 студенти x 0,002 = 0,38) | **0,38** |
| | 2014/2015 зимски семестар (120 студенти x 0,002 = 0,24) | **0,24** |
| | 2014/2015 летен семестар, (120 студенти x 0,002 = 0,24) | **0,24** |
| | 2015/2016 зимски семестар (140 студенти x 0,002 =0,28) | **0,28** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2015/2016 летен семестар (140 студенти x 0,002 =0,28) | **0,28** |
| | **Вкупно бодови за одржани консултации** | **2,42** |
| **4** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | 33кандидати x 0,1=3,3 | **3,3** |
| | **Вкупен број бодови за член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **3,3** |
| **5** | **Позитивно рецензиран практикум, коавтор** | |
| | Madzar-Ribar, M., Zlatkovska, M., Popovska, S. and V. Petkovska, *Workbook for Science and Technology Students*, Office of Public Affairs, Embassy of the United States, Skopje, 2002 | **3** |
| **6** | **Практикум во употреба на универзитет во странство (универзитети во Србија, Панама, Казахстан), коавтор** | |
| | Madzar-Ribar, M., Zlatkovska, M., Popovska, S. and V. Petkovska, *Workbook for Science and Technology Students*, Office of Public Affairs, Embassy of the United States, Skopje, 2002<br><br>3 земји x 2 | **6** |
| **7** | **Изменет и дополнет практикум, коавтор** | |
| | Madzar-Ribar, M., Zlatkovska, M., Popovska, S. and V. Petkovska, *Grammar +, Review Practice for Science and Technology, English for Specific Purposes*, 2005 | **1** |
| **8** | **Промена и дополнување на пакет материјали за одреден предмет** | |
| | 2012/2013 зимски семестар, Пакет материјали за Современ англиски јазик 5 | **0,5** |
| | 2012/2013 зимски семестар, Пакет материјали за САЈ 1 – Академско пишување 1 | **0,5** |
| | 2012/2013 зимски семестар, Пакет материјали за втор циклус студии<br><br>Деловен англиски јазик 1 (Јазици, бизнис и меѓународна трговија) | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2012/2013 летен семестар, Пакет материјали за Современ англиски јазик 6 | **0,5** |
| | 2012/2013 летен семестар, Пакет материјали за САЈ 2 – Академско пишување 2 | **0,5** |
| | 2012/2013 летен семестар, Пакет материјали за втор циклус студии Деловен англиски јазик 2 (Јазици, бизнис и меѓународна трговија) | **0,5** |
| | 2013/2014 зимски семестар, Пакет материјали за Современ англиски јазик 5 | **0,5** |
| | 2013/2014 зимски семестар, Пакет материјали за САЈ 1 – Академско пишување 1 | **0,5** |
| | 2013/2014 зимски семестар, Пакет материјали за САЈ 5 Превод | **0,5** |
| | 2013/2014 зимски семестар, Пакет материјали за англиски јазик во струка – Стоматолошки факултет – Стручни забни техничари | **0,5** |
| | 2013/2014 летен семестар, Пакет материјали за Современ англиски јазик 6 | **0,5** |
| | 2013/2014 летен семестар, Пакет материјали за САЈ 1 – Академско пишување | **0,5** |
| | 2013/2014 летен семестар, Пакет материјали за САЈ 6 Превод | **0,5** |
| | 2013/2014 летен семестар, Пакет материјали за англиски јазик во струка – Академија за судии и јавни обвинители | **0,5** |
| | 2014/2015 зимски семестар, Пакет материјали за Современ англиски јазик 5 | **0,5** |
| | 2014/2015 зимски семестар, Пакет материјали за САЈ 5 Превод | **0,5** |
| | 2015/2016 зимски семестар, Пакет материјали за САЈ 1 – Академско пишување 1 | **0,5** |
| | **Вкупно бодови за промена и дополнување на пакет материјали за одреден предмет** | **8,5** |
| | **Вкупен број бодови за наставно-образовна дејност** | **97,82** |

## II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Учество во национален научен проект** | |
| | Од 2003 до 2007: учесник во Проектот за академско пишување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во соработка Британскиот совет. | **3** |
| **2** | **Учество во меѓународен научен проект** | |
| | ***TESOL 2002: Language and the Human Spirit*, *36th Annual TESOL Convention*, Salt Lake City, Utah, 8th-13th April, 2002** | **1** |
| | Меѓународна конференцијаза стандардизација на испитите ***Into-Europe - European Standards in Language Assessment Conference***, Будимпешта, Унгарија, 9-11 февруари 2006 | **3** |
| | Работилницата за учење јазици во разни области ***Regional Event in Ireland – Language Case Study*** организирана од Европскиот центар за модерни јазици и Катедрата за применета лингвистика на Универзитетот Даблин, Даблин, Ирска, 11-13 мај 2006 | **3** |
| | *English for Specific Purposes (ESP) Best Practices*, Меѓународен онлајн проект во организација на Универзитетот Орегон, САД јуни-август 2010. | **2.5** |
| | **Меѓународен проект TOEFL TOEIC Филолошки факултет, Скопје 11-12 ноември 2013** | **1** |
| **3** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Madzar-Ribar, Marija (март 2012) “Mother Tongue Proficiency in an Immigrant Language Situation”, Belgrade, Serbia: *Volume// Modern Canada: Prejudices, Stereotypes, Authenticity* | **3** |
| **4** | **Учество во научен /стручен собир со реферат** | |
| | Маџар-Рибар, М. и М. Златковска, „Понови текови во наставата по англиски јазик во функција на струката на Универзитетот во Скопје“, Научен собир *Македонско-британските врски*, организиран од Друштвото за наука и уметност, Битола и Македонско-британското здружение, Битола, по повод 150-годишнината од отворањето на Британскиот конзулат во Битола, 15.-16. март 2002 | **1** |
| | **Одржано предавање на семинар за потребите на домашни спортски здруженија и федерации – Семинари за ВТС на Факултетот за физичка култура, Скопје, јануари 2009.** | |

| | | |
|---|---|---|
| | | **0,5** |
| | "Mother Tongue Proficiency in an Immigrant Language Situation" на Петтата меѓунарона конференција за канадски студии *Modern Canada: Prejudices, Stereotypes, Authenticity,* организирана од Друштвото за канадски студии во Србија и Универзитетот Мегатренд, Белград, Србија, 20 - 22 април 2011 | **2** |
| | "Проблемите со пишувањето на македонските имиња во биометриските документи во Република Македонија" на Меѓународната научна конференција **Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето,** организирана од Катедрата за преведување и толкување, Филолошки факултет „Блаже Конески" Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, 26 – 28 септември 2012. | **2** |
| **5** | Учество во научен /стручен собир без реферат | |
| | VIII македонско-северноамериканска конференција Охрид, 7-8 јули 2012 | **0,5** |
| | **Седма меѓународна конференција на ЕЛТАМ, Скопје, 27-28 октомври 2012** | **0,5** |
| | **Промоција на фотокописко издание " 60 години од објавувањето на англиската *Граматиката на македонсиот литературен јазик* од Хорас Лант," Скопје,1952 (*Grammar of the Macedonian Literary Language* by Horace Lunt, Skopje 1952), Скопје, 5 ноември 2012.** | **0,5** |
| | **Јазични стандарди за подобар академски квалитет: Советување за акдадемската примена на измените на Законот за високо образование, во доменот на меѓународните дипломи по англиски јазик во организација на Британскиот совет и Филолошкиот факултет „Блаже Конески" Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, 27 март 2013** | **0,5** |
| | ***E-Teacher Scholars'* Conference, Меѓународна онлајн конференција во организација на Универзитетот Мериленд, Балтимор, САД, 11-12 август 2012** | **0,5** |
| | ***International Conference "English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice",* Department of English Language and Literature, Blaze Koneski Faculty of Philology, Ss Cyril and Methodius University, 11$^{th}$-13$^{th}$ March 2016** | **0,5** |
| **6** | **Учество на научната и стручна јавната расправа за новото издание на Правописот на македонскиот јазик, Скопје, декември 2015** | **0,5** |
| | Вкупен број бодови за научноистражувачка дејност | **25,5** |

# III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | Евалуација на нивото на познавање на англискиот јазик кај кандидати на кои Филолошкиот факултет им издава потврда за познавање на аглискиот јазик како странски јазик од 1998 год. (18x0,25=4.25) | **4,5** |
| **2** | Превод на научна статија (10 страници) од македонски на англиски јазик, Плунчевиќ Глигороска, Јасмина: „Истражување за влијанието на ФА врз когнитивните функции кај луѓето во зависност од нивната возраст“, март 2012 | **0,25** |
| | Превод на стручна статија (32 страници) од хрватски на македонски јазик World Health Organization: „Koraci Prema Zdravlju – Evropski okvir za unapređenje tjelesne aktivnosti za zdravlje“, февруари 2011 | **0,5** |
| **3** | Лектура на прирачникот по англиски јазик за I одделение (58 страници), БОР, август 2008 | **0,5** |
| | Лектура на англиски јазик Ciconkov, Risto: *Energy Saving* јули 2010 | **1** |
| | Лектура на англиски јазик на проектот (49 страници) *Ss Cyril and Methodius University Business Start-Up Centre Capacity Building Towards Knowledge Based Economy - Phase II,* декември 2010 | **0,5** |
| | Семинари за англискиот јазик во функција на струката, во мај, 2001, Охрид, февруари 2002, Струмица и јуни 2002, Битола и стручни работилници за англискиот јазик во функција на струката, во 2004, Струга и во 2005 год., Скопје (5x0,5) | **2,5** |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| **1** | Постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно акредитирана од Министерството за правда на РМ од 2000 год.<br><br>(15x0,2=3) | **3** |
| **2** | Изготвување наставна програма по англиски јазик за IX одделение, деветгодишно основно образование (претседател на комисијата), БРО, 2008 | **3** |
| | **Учество во Комисии и тела на државни и други органи** | |

| | | |
|---|---|---|
| **3** | Претседател на Државната матурска предметна комисија за англиски јазик во учебните 2008/2009 -2016/2017 ( 7x1=7) | 7 |
| **4** | Акредитиран устен испитувач и оценувач на Универзитетот Кембриџ, Велика Британија, за ESOL испитте – PET и FCE (меѓународно признати испити за познавање на англискиот јазик) од 2001 год.<br><br>(15 x0,5 = 7,5) | **7,5** |
| **5** | Обука за акредитиран устен испитувач и оценувач на Универзитетот од Кембриџ што се спроведува секоја година, Велика Британија, од 2001 г.<br><br>(15 години x 0,5) | **7,5** |
| **6** | *Child protection e-learning course* Меѓународен онлајн проект во организација на Британскиот совет и Универзитетот Кембриџ, Велика Британија, февруари 2013 | **0,5** |
| 7 | Член на ЕЛТАМ во 2009 - 2013 (4x0,5=2) | **2** |
| | | |
| | **Вкупен број бодови за стручно-апликативната дејност** | **40,25** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА<br><br>МАРИЈА МАЏАР ЗА РЕИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ ЛЕКТОР | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **97,82** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **25,5** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **40,25** |
| **Вкупно** | **163,57** |

Рецензентска комисија

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, с.р.

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска, доцент, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 64. редовна седница одржана на 20.4.2016, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор и д-р Катерина Ѓурчевска-Атанасовска, доцент, во врска со пријавата на м-р Марија Златковска на конкурсот за избор во звањето виш лектор по англиски јазик.

Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на еден виш лектор по англиски јазик објавен на 8.3.2016 година во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ се пријави м-р Марија Златковска.

**Биографски податоци**

Родена е на 5.4.1955 год. во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. На групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје дипломирала во јуни 1977 год. Во 1990 год. ги завршила постдипломските студии на Филолошкиот факултет во Белград, на групата наука за јазикот, отсек: лингвистичка англистика.

Во периодот од 1977 до 1980 год. била вработена како наставник во англиски јазик на определено време во Средното училиште за внатрешни работи „Елисие Поповски - Марко” (1 учебна година) и на покусо време во гимназијата „Јосип Броз - Тито”, Центарот за странски јазици и Работничкиот универзитет „Кочо Рацин”.

Во март 1981 год. се вработила во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје како стручен преведувач. Во јануари 1986 год. била избрана за виш стручен преведувач, а во јануари 1991 год. за одговорен работник на Групата за превод. Во текот на нејзиното 13-годишно искуство во Институтот, вршела во голем обем меѓународна кореспонденција и стручни преводи од повеќе области, а најмногу од областа на сеизмологијата и градежништвото.

Во февруари 1994 год. се вработила на Филолошкиот факултет, Катедра за англиски јазик и книжевност, како предавач по англиски јазик. Во јуни 1997 год. била избрана и во февруари 2000 год. преизбрана во звањето виш предавач, во јануари 2005 год. во звањето виш лектор по англиски јазик на нематичните факултети, а во ноември 2008 год. во звањето виш лектор по англиски јазик. Во септември 2012 год. била преизбрана во звањето виш лектор по англиски јазик.

**Наставно-образовна дејност**

Како наставник на нематичните факултети била ангажирана на Градежниот факултет (1994/95-1999/2000), Природно-математичкиот

факултет, Институт за хемија (1994/95-1996/97), Медицинскиот факултет, Институт за радиологија (1994/5-1995/96), Шумарскиот факултет (1994/5-1995/96), Природно-математичкиот факултет, Институт за информатика (1994/95-2010/11) и Факултетот за електротехника и информатички технологии (1998/99-2010/11). Оваа настава ја наложила потребата да навлезе во специфичноста на целите на наставата на англискиот јазик во струка, како во методиката, така и во стручната терминологија од различните области, а особено од областа на информатиката и електротехниката. Искуството од 17 години како наставник по англиски јазик во струка и 30 години како преведувач биле од голема важност за нејзиното следно назначување во академската 2011/2012 год. како наставник по предметите: преведување од македонски на англиски јазик (Б) и обратно 1 и 2 и преведување од англиски (В) на македонски јазик 1 и 2, на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет, и таа настава ја одржува до денес. Покрај тоа, била назначена за одговорен наставник за предметите: преведување од македонски на англиски (Б) јазик и обратно со практична јазична редакција 3 и 4 и преведување од англиски (В) на македонски јазик со практична јазична редакција 3 и 4 во зимскиот и летниот семестар во 2012/13 год. и во зимскиот семестар во 2013/14 год.

Наставата по англиски јазик на студентите од групата информатика на Природно-математичкиот факултет кои го немале изучувано англискиот јазик, односно почетен курс, ја наложила неопходноста да се подготви соодветен учебник со кој, во два семестра со по 2 часа неделен фонд, би се заокружило познавањето на англискиот јазик во струката. Од тие причини, го подготвила учебникот и под наслов: *English for Computer Science - Beginners' Course,* кој го издал Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 1998 год. Овој учебник се користел и на Техничкиот универзитет во Битола.

Од академската 1998/99 год. започнала со изведување настава на Електротехничкиот факултет по учебникот од д-р Евица Конечни *English for Electrical Engineering and Electronics Students,* издаден во 1987 год. Со оглед на тоа што овој учебник бил наменет за студентите по електротехника и електроника, а во меѓувреме се отвориле отсеци за информатика, имало потреба тој да се преработи и дополни во поглед на стручно-јазичниот контекст, на што работела повеќе години. Од тоа, во 2000 год., произлегол пакетот материјали под наслов *English for Students of Computer Science and Electrical Engineering*, кој го користела и за наставата по напреден англиски јазик на студентите од групата Информатика на Природно-математичкиот факултет, и кој го преработила во 2006 год. Овој пакет се користел и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, ФИНКИ, на нашиот Универзитет, како и на Техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Амбасадата на САД во Скопје, со спонзорство на Владата на САД, организирала семинари за англискиот јазик во функција на струката за наставниците од Отсекот за настава на англиски јазик на нематичните факултети, и тоа во: мај 2001 во Охрид, февруари 2002 во Струмица и во јуни 2002 во Битола, под водство на г-ѓата Кетрин Куп, специјалист за англиски јазик во струка од Њујорк. Од овие семинари произлегла серијата работни тетратки со граматички вежби за англискиот јазик во струка, кои ги издала Амбасадата на САД во Скопје во октомври 2002 год. Марија Златковска учествувала во подготовката на работната тетратка за студентите по природни и технички науки

*Workbook for Science and Technology Students*. Таа се користела на техничките факултети во нашата земја, но и во Србија, Панама и Казахстан.

Повторно под водство на г-ѓата Кетрин Куп, биле организирани стручни работилници во 2004 год. во Струга и во 2005 год. во Скопје, кога го ревидирале и содржински го надополниле претходно издадениот практикум и го изготвиле *Grammar +, Review Practice for Science and Technology, English for Specific Purposes*.

Кога во академската 2011/2012 год. започнала со настава на Катедрата за преведување и толкување недостасувале материјали по кои можела да работи. Затоа, паралелно со изведувањето на наставата, подготвила пакет материјали за преведување од македонски на англиски јазик и обратно 1 и 2, и преведување од англиски (В) на македонски јазик 1 и 2, под наслов: *Translation from Macedonian into English and vice versa 1* и *Translation from Macedonian into English and vice versa* 2, со помош на кои насочено и систематизирано се преведуваат јазичните структури во двете насоки главно од областа на техниката (информатика, електроника, телекомуникации, градежништво итн.) и природните науки.

Од 2012 година до денес била член на комисија за оцена и одбрана на 31 дипломска работа, на следниве студенти: Марија Тодоровска, Тамара Младеновска, Ивана Витанова, Елена Десподовска, Аријана Коскарова, Ива Петрова, Мартин Тоневски, Таше Стрезовски, Јана Цветковска, Елена Ивановска, Кристина Тодороска, Софија Јанева, Моника Трајковска, Христина Пелева, Кристијан Магденовски, Марија Терџиманова, Маја Симоновска, Ивана Атанасовска, Илина Костовска, Симона Арсова, Дијана Недева, Данче Бачева, Наталија Јованова, Љубица Лазова, Бојана Јосифовска, Клаудија Филипова, Кристина Коколанска, Наташа Трикиќ, Маја Војинова, Кристина Атанасовска и Стефанија Петровска.

**Научноистражувачка дејност**

Научноистражувачка дејност на Марија Златковска повеќе години била насочена кон агентивните именки во англискиот и македонскиот јазик на сите јазични рамништа, и кон јазикот на информатиката, не само како потреба во наставата, туку и како лингвистички феномен интересен за проучување, и во оваа област имала плодна соработка со наставниците од Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет.

На Првиот меѓународен конгрес на применета лингвистика, МАЛА ’98, во мај 1998 год., го презентирала трудот: „Едно од влијанијата на развојот на компјутерската технологија врз јазикот: продуктивноста и значењето на суфиксот -*able* ”. Трудот бил објавен во Зборникот на трудови од Конгресот.

Од долгогодишната соработка со проф. д-р Ѓорѓи Јованчевски од Институтот за информатика при ПМФ произлегол нивниот труд „Информатичките термини во македонскиот јазик”, кој го презентирала на Научниот собир *Македонскиот јазик во јавното општење*, во февруари 1999 год., во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков” во Скопје. Трудот бил објавен во Зборникот на трудови од Собирот.

Од нејзиното второ поле на интерес, повторно во соработка со наставници од Институтот за информатика, проф. д-р Катерина Здравкова и м-р Ана Мадевска, произлегол трудот од областа на вештачката интелигенција, со наслов „Automatic Generation of Agentive Nouns in English and Macedonian” (Автоматско

генерирање на агентивни именки во македонскиот и англискиот јазик), кој беше презентиран на Меѓународната конференција за вештачка и компјутерска интелигенција, Секција за обработка на корпуси и природни јазици, одржана во Монастир, Тунис во 2000 год. во организација на Друштвото за иновации и технологија од Тунис. Трудот бил објавен во Зборникот на трудови од Конференцијата.

На научно-стручниот собир на тема: *Англискиот јазик во функција на струката на Универзитетите во Република Македонија - прашања, проблеми, дилеми,* што се одржал на Филолошкиот факултет во Скопје, на 2.10.1999 год., во организација на Здружението на англисти на Македонија, го презентирала рефератот „Едно искуство во изведување испити". Трудот бил објавен во зборникот на трудови од собирот.

На Десеттата конференција на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик (IATEFL) од Бугарија, во Пловдив, Бугарија, во 2001 год. го презентирала рефератот "The Frames of Factitive Agents".

Заедно со м-р Марија Маџар - Рибар, учествувала на Научниот собир *Македонско-британските врски*, организиран од Друштвото за наука и уметност, Битола и Македонско-британското здружение, Битола, по повод 150-годишнината на отворањето на Британскиот конзулат во Битола, одржан во март 2002 год. во Битола. Го презентирале трудот „Понови текови во наставата по англиски јазик во функција на струката на Универзитетот во Скопје ".

Како резултат на постојаната научна соработка со колегите од Институтот за информатика на ПМФ, произлегол и рефератот во коавторство со проф. д-р Катерина Здравкова и м-р Арбана Кадриу „Prediction of Translation Equivalent of Agentive Nouns in English and Macedonian " (Предвидување на преводнен еквивалент на агентивните именки во англискиот и македонскиот јазик), кој бил презентиран на 27. Конференција за информациски технологии, одржана во Цавтат, Хрватска во 2005 год. и објавен во зборникот трудови.

Повторно во соработка со проф. д-р Катерина Здравкова, била вклучена во билатералниот проект финансиран од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија, во соработка со Институтот „Јожеф Штефан" од Љубљана, Словенија, кој траеше од 1.1.2005 до 31.12.2006 год., под наслов: „Gathering, Annotation and Analysis of Macedonian-Slovene Language Resources " (Обединување, означување и анализа на македонско-словенечките јазични ресурси). Со овој проект се создале нови електронски јазични ресурси за македонскиот јазик, односно корпус кој се состои од дигитализиран и анотиран македонски превод на Орвеловата „1984". Ресурсите се компатибилни со повеќејазичната податочна база на „MULTEX-East " (Multilingual Text Tools and Corpora for Central and Eastern European Languages), проект започнат во 1995 год., кој до 2005 год. имал произведено електронски јазични корпуси за бугарскиот, хрватскиот, чешкиот, англискиот, естонскиот, унгарскиот, литванскиот, рускиот, романскиот, словенечкиот и српскиот јазик. Направен е почетен експеримент во учење и евалуација на автоматски препознавач (тагер) на видови зборови за создадениот македонски корпус. Како резултат е добиен првиот електронски анотиран корпус во македонскиот јазик со впарување на реченици од македонското и англиското издание на „1984", а со тоа и израмнување со корпусите од другите јазици. Марија Златковска учествувала и во финалниот извештај за проектот во делот на заклучоците од

манулната проверка на точноста на впарувањето, во кој дала преглед на недоследностите и грешките и причините поради кои тие се јавуваат, главно на нивото на синтаксичката анализа на единиците на дискурсот и во поглед на интерпункцијата.

На Меѓународната конференција *Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето*, што се одржал на Филолошкиот факултет во Скопје, 26-27 септември 2012 година, го презентирала трудот „Recommendations for the Improvement of Sentence Aligners”, што го подготвила во коавторство со проф. д-р Катерина Здравкова, и кој е објавен во зборникот на трудови од конференцијата. Во истиот зборник се објавени уште два труда што ги подготвила во коавторство: Troshanska, I. and M. Zlatkovska. “The Effectiveness of Pre-Class Translation Assignments in the Learning Process” и Saltirovska, K. and M. Zlatkovska. “A Case Study on Student Performance in Macedonian to English Translation of Passive Constructions”.

Трудот во коавторство со д-р Соња Китановска-Кимовска под наслов “Toward Objective Assessment of Student Technical Translation Competence” го презентирала на Меѓународната конференција *English Studies of at the Interface of Disciplines: Research and Practice*, што ја организирала Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески”, Скопје, 11-13 март 2016 година. Апстрактот на трудот бил објавен во зборникот на конференцијата.

**Учество на научни/стручни собири без реферат**

Во 1997 год. ја следела Единаесеттата серија предавања Вилем Матезиус, во Прага, Чешка Република, организирана од Центарот за истражување и образование по семиотика и лингвистика „Вилем Матезиус“ и Институтот за формална и применета лингвистика од Прага. Серијата предавања содржела курсеви кои ги извеле еминентни лингивсти од САД, В. Британија, Германија, Италија, Данска и Чешка, од следниве области: лексикографија, семантика, анализа на дискурсот, математичка и компјутерска лингвистика, прагматика, неуролингвистика, генеративна граматика и др.

Како гостин на Владата на САД, Биро за образование и култура, а во организација на Институтот за меѓународно образование, престојувала во САД во април 2002 год. Притоа и било овозможено следење на најголемата меѓународна конференција посветена на наставата по англиски јазик „TESOL”, која се одржала во Солт Лејк Сити, 8-14 април 2002 год. Исто така, посетила повеќе високообразовни институции, како Универзитетот на Пенсилванија во Филаделфија, Универзитетот на Мериленд во Балтимор, Универзитетот Џорџтаун во Вашингтон и др., кадешто се сретнала и имала стручни дискусии за академски и педагошки прашања со специјалисти кои се занимаваат со проучувањето и примената на наставни програми и материјали за јазикот во струка.

Учествувала на Третата меѓународна конференција на Здружението на преведувачи на Република Македонија, одржана на 24 октомври 2015 година во Тетово.

**Стручно-апликативна дејност**

Испитувач е за евалуација на нивото на познавање на англискиот јазик на кандидати на кои Филолошкиот факултет им издава потврда за познавање на англискиот јазик како странски јазик од 1994 година.

Извршила лектура на англиски јазик и превод на делови од македонски на англиски јазик на веб-страниците на Машинскиот факултет во 2005 год. и Електротехничкиот факултет во 2006 год.

Била член на комисија за спроведување испит по англиски јазик 1Б, бр. 09-1119/2 од 5.9.2012.

**Дејности од поширок интерес**

Од 1990 год. е постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно, поставен од Републичкиот секретаријат за правосудство и управа.

Од 1995 до 2015 година била ангажирана во работата на ИАЕСТЕ Македонија, членка на Меѓународната организација за размена на студенти од техничките факултети (International Association for the Exchange of Students for Technical Experience), со испитување на познавањата на англискиот јазик на студентите кои се пријавуваат за размена, при што има испитано околу 700 студенти.

Била член на Организациониот одбор на Првиот меѓународен конгрес на применета лингвистика, *МАЛА '98: Јазикот и општеството на прагот на XXI век*, организиран од Македонското друштво на применета лингвистика, во Скопје, во мај 1998 год.

Од 2001 год. е акредитиран испитувач и оценувач за добивање Сертификат за познавање на англискиот јазик (FCE) што го издава Универзитетот од Кембриџ, Велика Британија, и секоја година е ангажирана во минимум две испитни сесии. За оваа цел секоја година посетува обука во организација на Британскиот совет од Скопје.

На 24.2.2013 година успешно го завршила електронскиот Курс на Британскиот Совет за заштита на децата, кој е неопходен за сите акредитирани испитувачи на Универзитетот од Кембриџ.

Со решение бр. 04-448/3 од 24.4.2012 год. била избрана за член на комисија за избор во звање на м-р Сања Гавриловска.

Учествувала на Советувањето за академската примена на измените на Законот за високо образование, во доменот на меѓународните дипломи по англиски јазик, што се одржало на Филолошкиот факултет на 27.3.2013 година.

Била координатор на Работната група на Катедрата за преведување и толкување за подготвување програма за преведувачки работилници што ги понудил Филолошкиот факултет во март 2014 година.

Од 2014 година, претседател е на Поткомисијата за евалуација за англиски јазик на Катедрата за преведување и толкување (Одлука бр. 02-869/85 од 6.2.2014 г.). Била член на неколку факултетски комисии, и тоа: Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2012/2013 г. (Одлука бр. 09-101/13, од 2013), Централна комисија за попис на Филолошкиот факултет за 2013 г. (Одлука бр. 05-17715/2 од 12.12.2013), Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за преведување и толкување за 2011 (Решение бр. 05-1938/1 од 14.12.2011), 2014 (Одлука бр. 05-2375/1 од 1.12.2014) и 2015 г.

Како добар педагог кој воспоставува извонредна соработка и дијалог со студентите, м-р Марија Златковска доби **позитивна оценка од спроведената анкета на студентите** што истовремено ги нагласува и нејзините високи човечки квалитети.

## СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ


1. *Рестриктивне релативне реченице у енглеском и македонском језику - Контрастивна анализа*, магистерски труд , Филолошки факултет, Белград, 1990.
2. Zlatkovska, M. *English for Students of Computer Science (Beginners' Course)*, Institute of Computer Science, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, "Ss Cyril and Methodius" University, Skopje, 1998.
3. Zdravkova, K., Madevska A. and M. Zlatkovska, "Automatic Generation of Agentive Nouns in English and Macedonian", *Proceedings of the International Conference on Artificial and Computational Intelligence, Corpora and Natural Language Processing*, Monastir, Tunisia, 2000.
4. Златковска, М. „Едно искуство во изведување испити", Зборник на трудови од научно-стручниот собир на тема *Англискиот јазик во функција на струката на универзитетите во Република Македонија - прашања, проблеми и* дилеми, одржан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје, 2.10.1999 год., во организација на Здружението на англисти на Република Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2000, стр.79-85.
5. Златковска, М и А. Лазарова, „Едно од влијанијата на развојот на комјутерската технологија врз јазикот: продуктивноста и значењето на суфиксот -*able*", Зборник на трудови од Првиот меѓународен конгрес на применета лингвистика на Македонија, *Јазикот и општеството на прагот на XXI век*, *МАЛА 98,* организиран од Сојузот на друштвата за применета лингвистика на Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески" и Друштвото за применета лингвистика на Македонија, Скопје, 2000, стр.319-326.
6. Златковска, М и Ѓ. Јованчевски, „Информатичките термини во македонскиот јазик", Зборник на трудови од научниот собир: *Македонскиот јазик во јавното општење*, 18.-19.2.1999 година, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2000, стр. 266-282.
7. Zlatkovska, M., "The Frames of Factitive Agents", *Tenth National IATEFL Bulgaria Conference*, Plovdiv, May 25th-27th, 2001.
8. Маџар-Рибар, М. и М. Златковска, „Понови текови во наставата по англиски јазик во функција на струката на Универзитетот во Скопје", Научен собир *Македонско-британските врски*, организиран од Друштвото за наука и уметност, Битола и Македонско-британското здружение, Битола, по повод 150-годишнината од отворањето на Британскиот конзулат во Битола, 15-16 март 2002.
9. Madzar-Ribar, M., Zlatkovska, M., Popovska, S. and V. Petkovska, *Workbook for Science and Technology Students*, Office of Public Affairs, Embassy of the United States, Skopje, 2002.
10. Kadriu, A., M. Zlatkovska, K. Zdravkova, "Prediction of Translation Equivalents of Agentive Nouns in English and Macedonian", *Proceedings of 27th Conference of Information Technology Interface ITI 2005*; Cavtat, Croatia, 2005.
11. Zlatkovska, M. and K. Zdravkova, "Recommendations for the Improvement of Sentence Aligners", *Proceedings of the International Scholarly Conference "Language and Culture Interactions via Translation and Interpreting"*, held on 26th-27th September, 2012, "Blazhe Koneski" Faculty of Philology, "Ss. Cyril and Methodius" University, Skopje, 2015, pp. 177-194.

12. Troshanska, I. and M. Zlatkovska, "The Effectiveness of Pre-class Translation Assignments in the Learning Process", *Proceedings of the International Scholarly Conference "Language and Culture Interactions via Translation and Interpreting"*, held on 26th-27th September, 2012, "Blazhe Koneski" Faculty of Philology, "Ss. Cyril and Methodius" University, Skopje, 2015, pp. 447-456.
13. Saltirovska, K. and M. Zlatkovska, "A Case Study on Student Performance in Macedonian to English Translation of Passive Constructions", *Proceedings of the International Scholarly Conference "Language and Culture Interactions via Translation and Interpreting"*, held on 26th-27th September, 2012, "Blazhe Koneski" Faculty of Philology, "Ss. Cyril and Methodius" University, Skopje, 2015, pp. 551-564.
14. Zlatkovska, M. and S. Kitanovska-Kimovska, "Toward Objective Assessment of Student Technical Translation Competence", *Book of Abstracts of the International Conference "English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice"*, Department of English Language and Literature, Blaze Koneski Faculty of Philology, Ss. Cyril and Methodius University, 11th-13th March 2016, p. 73.

## ЗАКЛУЧОК

Досегашните достигнувања на м-р Марија Златковска на стручно и научно ниво, напредувањето во научната работа, успешното изведување на наставата по предметот англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, потоа одбранетиот магистерски труд, како и објавените статии и трудови, даваат цврста гаранција дека станува збор за афирмиран виш лектор по англиски јазик.

Имајќи ја предвид научната, стручната и наставно-педагошката активност на кандидатката, Рецензентската комисија е на мислење дека м-р Марија Златковска ги исполнува сите законски услови предвидени со Законот за високото образование и има особена чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му предложи м-р Марија Златковска да ја избере во звањето виш лектор по предметот англиски јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

2. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, с.р.

3. Д-р Катерина Ѓурчевска-Атанасовска, доцент, с.р.

**ПРИЛОГ 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Марија Ѓорѓи Златковска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: англистика**

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| | **2012/2013 зимски семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 1 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 1 (0+8), 2 групи, (14x15x0,03=6,3) | 6,3 |
| | **2012/2013 летен семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 2 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 2 (0+8), 2 групи, (14x15x0,03=6,3) | 6,3 |
| | **2013/2014 зимски семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 1 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 1 (0+8), 2 групи, (14x15x0,03=6,3) | 6,3 |
| | **2013/2014 летен семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 2 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 2 (0+8), 2 групи, (14x15x0,03=6,3) | 6,3 |
| | **2014/2015 зимски семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 1 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 1 (0+8), 2 групи, (14x15x0,03=6,3) | 6,3 |
| | **2014/2015 летен семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 2 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 2 (0+8), 2 групи, (14x15x0,03=6,3) | 6,3 |
| | **2015/2016 зимски семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 1 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 1 (0+8), 2 групи, (14x15x0,03=6,3) | 6,3 |
| | **2015/2016 летен семестар** | |
| | Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 2 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 2 (0+8), 2 групи, (14x15x0,03=6,3) | 6,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно поени за настава од прв циклус студии** | **50,4** |
| **2.** | **Одговорен наставник за предмет** | |
| | **2012/2013 зимски семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 3 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 3 | 1 |
| | **2012/2013 летен семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 4 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 4 | 1 |
| | **2013/2014 зимски семестар**<br>Преведување од македонски на англиски (Б) ј. и обратно 3 и Преведување од англиски (В) на македонски ј. 3 | 1 |
| | **Вкупно поени за одговорен наставник за предмет** | **3** |
| **3.** | **Консултации со студенти** | |
| | 2012/2013 зимски семестар (124x0,002) | 0,25 |
| | 2012/2013 летен семестар (124+60x0,002) | 0,37 |
| | 2013/2014 зимски семестар (130+60x0,002) | 0,37 |
| | 2013/2014 летен семестар (130+60x0,002) | 0,37 |
| | 2014/2015 зимски семестар (145x0,002) | 0,29 |
| | 2014/2015 летен семестар (157x0,002) | 0,31 |
| | 2015/2016 зимски семестар (115x0,002 ) | 0,23 |
| | 2015/2016 летен семестар (118x0,002 ) | 0,23 |
| | **Вкупно поени за консултации со студенти** | **2,42** |
| **4.** | **Подготовка на нов предмет, вежби** | |
| | Предмет: Англиски јазик, Факултет за електротехника и информациски технологии, ФЕИТ, Скопје, 1988 | 0,5 |
| | Предмет: Преведување од македонски на англиски (Б) јазик и обратно 1 и Преведување од англиски (В) на македонски јазик 1, ПиТ, 2011 | 0,5 |
| | Предмет: Преведување од македонски на англиски (Б) јазик и обратно 2 и Преведување од англиски (В) на македонски јазик 2, ПиТ, 2012 | 0,5 |
| | **Вкупно поени за подготовка на нов предмет** | **1,5** |
| **5.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа**<br>31 кандидат x 0,1 | **3,1** |
| **6.** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник, автор**<br>Zlatkovska, M. *English for Students of Computer Science (Beginners' Course)*, Institute of Computer Science, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, "Ss Cyril and Methodius" University, Skopje, 1998 | **8** |
| **7.** | **Учебник во употреба на друг универзитет, Технички факултет, Универзитет во Битола**<br>Zlatkovska, M. *English for Students of Computer Science (Beginners' Course)*, Institute of Computer Science, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, "Ss Cyril and Methodius" University, Skopje, 1998 | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| **8.** | **Позитивно рецензиран практикум, коавтор**<br>Madzar-Ribar, M., Zlatkovska, M., Popovska, S. and V. Petkovska, *Workbook for Science and Technology Students*, Office of Public Affairs, Embassy of the United States, Skopje, 2002 | **3** |
| **9.** | **Практикум во употреба на универзитет во странство (Универзитети во Србија, Панама, Казахстан), коавтор**<br>Madzar-Ribar, M., Zlatkovska, M., Popovska, S. and V. Petkovska, *Workbook for Science and Technology Students*, Office of Public Affairs, Embassy of the United States, Skopje, 2002<br>3 земји x 2 | **6** |
| **10.** | **Изменет и дополнет практикум, коавтор**<br>Madzar-Ribar, M., Zlatkovska, M., Popovska, S. and V. Petkovska, *Grammar +, Review Practice for Science and Technology, English for Specific Purposes*, 2005 | **1** |
| **11.** | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>Предмет: Англиски јазик, Факултет за електротехника и информациски технологии, ФЕИТ, Скопје и Институт за информатика, Природно-математички факултет, Скопје<br>*English for Students of Computer Science and Electrical Engineering*, 2000 | **1** |
| **12.** | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>Предмет: Преведување од македонски на англиски (Б) јазик и обратно 1 и Преведување од англиски (В) на македонски јазик 1<br>*Translation from Macedonian into English and vice versa 1*, 2011 | **1** |
| **13.** | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>Предмет: Преведување од македонски на англиски (Б) јазик и обратно 2 и Преведување од англиски (В) на македонски јазик 2<br>*Translation from Macedonian into English and vice versa 2*, 2012 | **1** |
| **12.** | **Пакет материјали за одреден предмет, изменет и дополнет**<br>Предмет: Англиски јазик, Факултет за електротехника и информациски технологии, ФЕИТ, Скопје и Институт за информатика, Природно-математички факултет, Скопје<br>*English for Students of Computer Science and Electrical Engineering*, 2006 | **0,5** |
| **13.** | **Пакет материјали за одреден предмет во употреба на друг универзитет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип**<br>*English for Students of Computer Science and Electrical Engineering*, 2006 | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| **14.** | **Пакет материјали за одреден предмет во употреба на друг факултет, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, ФИНКИ, Скопје**<br>*English for Students of Computer Science and Electrical Engineering*, 2006 | **0,5** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ ЗА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **84,92** |

## II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Труд објавен во зборник на трудови од конференција со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | **Zlatkovska M. and K. Zdravkova, “Recommendations for the Improvement of Sentence Aligners”, *Proceedings of the International Scholarly Conference “Language and Culture Interactions via Translation and Interpreting”*, held on 26th-27th September, 2012, “Blazhe Koneski” Faculty of Philology, “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, 2015, pp.177-194** | 2,7 |
| | **Troshanska, I. and M. Zlatkovska, “The Effectiveness of Pre-class Translation Assignments in the Learning Process”, *Proceedings of the International Scholarly Conference “Language and Culture Interactions via Translation and Interpreting”*, held on 26th-27th September, 2012, “Blazhe Koneski” Faculty of Philology, “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, 2015, pp.447-456** | 2,7 |
| | **Saltirovska, K. and M. Zlatkovska, “A Case Study on Student Performance in Macedonian to English Translation of Passive Constructions”, *Proceedings of the International Scholarly Conference “Language and Culture Interactions via Translation and Interpreting”*, held on 26th-27th September, 2012, “Blazhe Koneski” Faculty of Philology, “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, 2015, pp.551-564** | 2,7 |
| | Kadriu, A., M. Zlatkovska, K. Zdravkova, "Prediction of Translation Equivalents of Agentive Nouns in English and Macedonian", *Proceedings of 27th Conference of Information Technology Interface ITI 2005*; Cavtat, Croatia, 2005 | 2,4 |
| | Zdravkova, K., Madevska A. and M. Zlatkovska, “Automatic Generation of Agentive Nouns in English and Macedonian”, *Proceedings of the International Conference on Artificial and Computational Intelligence, Corpora and Natural Language Processing*, Monastir, Tunisia, 2000 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Златковска, М и А. Лазарова, „Едно од влијанијата на развојот на комјутерската технологија врз јазикот: продуктивноста и значењето на суфиксот -*able*”, *Зборник на трудови од Првиот меѓународен конгрес на применета лингвистика на Македонија, Јазикот и општеството на прагот на XXI век, МАЛА 98,* одржан на Филолошкиот факултет во Скопје, 8-10 мај, 1998, во организација на Сојузот на друштвата за применета лингвистика на Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески” и Друштвото за применета лингвистика на Македонија, 2000, стр.319-326. | 2,7 |
| | **Вкупно поени за трудови објавени во зборник на трудови од конференција со меѓународен уредувачки одбор** | **15,6** |
| **2.** | Апстракт објавен во зборник од меѓународна конференција | |
| | **Zlatkovska, M. and S. Kitanovska-Kimovska, “Toward Objective Assessment of Student Technical Translation Competence”. *Book of Abstracts of the International Conference “English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice”,* Department of English Language and Literature, Blaze Koneski Faculty of Philology, Ss. Cyril and Methodius University, 11th-13th March 2016, p.73** | **1** |
| **3.** | Труд објавен во зборник на трудови од научен собир | |
| | Златковска, М., „Едно искуство во изведување испити”. *Зборник на трудови од научно-стручниот собир на тема Застапеноста на англискиот јазик во функција на струката на универзитетите во Република Македонија - прашања, проблеми и* дилеми, одржан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, Скопје, 2.10.1999 год., во организација на Здружението на англисти на Република Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески”, Скопје, 2000, стр. 79-85 | 2 |
| | Златковска, М и Ѓ. Јованчевски, „Информатичките термини во македонскиот јазик”, Зборник на трудови од научниот собир: *Македонскиот јазик во јавното општење*, 18-19.2.1999 година, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков”, Скопје, 2000, стр. 266-282 | 1,8 |
| | Вкупно поени за трудови објавени во зборник на трудови од научен собир | **3,8** |
| **4.** | Учество во научен/стручен собир со реферат, усна презентација | |
| | **Zlatkovska, M. and S. Kitanovska-Kimovska. “Toward Objective Assessment of Student Technical Translation Competence. *International Conference “English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice”,* Department of English Language and Literature, Blaze Koneski Faculty of Philology, Ss. Cyril and Methodius University, 11th-13th March 2016.** | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Zlatkovska, M. and K. Zdravkova, “Recommendations for the Improvement of Sentence Aligners”, *International Scholarly Conference “Language and Culture Interactions via Translation and Interpreting”*, Department of Translation and Interpreting, “Blazhe Koneski” Faculty of Philology, “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, 26th-27th September, 2012** | 1 |
| | Златковска, М. „Едно искуство во изведување испити”, *Научно-стручен собир на тема Застапеноста на англискиот јазик во функција на струката на универзитетите во Република Македонија - прашања, проблеми и дилеми*, одржан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, Скопје, 2.10.1999 год., во организација на Здружението на англисти на Република Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески”, Скопје | 1 |
| | **Златковска, М и Ѓ. Јованчевски, „Информатичките термини во македонскиот јазик”, Научнен собир: *Македонскиот јазик во јавното општење*, 18-19.2.1999 година, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков”, Скопје** | 1 |
| | **Златковска, М и А. Лазарова, „Едно од влијанијата на развојот на комјутерската технологија врз јазикот: продуктивноста и значењето на суфиксот -*able*”, *Прв меѓународен конгрес на применета лингвистика на Македонија*, *Јазикот и општеството на прагот на XXI век*, *МАЛА 98*, организиран од Сојузот на друштвата за применета лингвистика на Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески” и Друштвото за применета лингвистика на Македонија, Скопје, 8-10 мај 1998** | 1 |
| | Вкупно поени за учество во научен/стручен собир со реферат, орална презентација | **5** |
| **5.** | **Учество во научен/стручен собир, усна презентација** | |
| | Маџар-Рибар, М. и М. Златковска, „Понови текови во наставата по англиски јазик во функција на струката на Универзитетот во Скопје”, Научен собир *Македонско-британските врски*, организиран од Друштвото за наука и уметност, Битола и Македонско-британското здружение, Битола, по повод 150-годишнината од отворањето на Британскиот конзулат во Битола, 15-16 март 2002 | 1 |
| | Zlatkovska, M. “The Frames of Factitive Agents”, *Tenth National IATEFL Bulgaria Conference*, Plovdiv, May 25th-27th 2001 | 1 |
| | **Вкупно поени за учество во научен/стручен собир, орална презентација** | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | Учество во меѓународен научен проект<br>***Gathering, Annotation and Analysis of Macedonian-Slovene Language Resources*** **" (Обединување, означување и анализа на македонско-словенечките јазични ресурси), проект финансиран од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија, во соработка со Институтот „Јожеф Штефан" од Љубљана, Словенија, 1.1.2005 - 31.12.2006 год.** | **5** |
| 7. | Учество на меѓународен научно-стручен собир | |
| | ***Third International Conference of the Macedonian Translators Association*****, Tetovo, October 24, 2015** | 1 |
| | ***TESOL 2002: Language and the Human Spirit, 36th Annual TESOL Convention*****, Salt Lake City, Utah, 8th-13th April, 2002** | 1 |
| | ***Eleventh Vilem Mathesius Lecture Series*****, Vilem Mathesius Center, Charles University, Prague, in cooperation with with the Institute for Formal and Applied Linguistics, Faculty of Mathematics and Physics, Charles University, Prague, November 10th-21st, 1997** | 1 |
| | Вкупно поени за учество на меѓународен научно-стручен собир | **3** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **35,4** |

## III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Евалуација на нивото на познавање на англискиот јазик кај кандидати на кои Филолошкиот факултет им издава потврда за познавање на аглискиот јазик како странски јазик, од 1994 г. (22 години x 0,25) | **5,5** |
| 2. | Лектура на англиски јазик и превод на делови од македонски на англиски јазик на веб-страницата на Машинскиот факултет, Скопје, 2005 г. | **1,5** |
| 3. | Лектура на англиски јазик и превод на делови од македонски на англиски јазик на веб-страницата на Електротехничкиот факултет, Скопје, 2006 г. | **1,5** |
| 4. | Член на комисија за спроведување испит по Англиски јазик 1Б, Одлука бр.09-1119/2 од 05.09.2012 г. | **0,5** |
| 5. | Семинари за англискиот јазик во функција на струката, во мај, 2001, Охрид, февруари 2002, Струмица и јуни 2002, Битола и стручни работилници за англискиот јазик во функција на струката, во 2004, Струга и во 2005 год., Скопје (5x0,5) | **2,5** |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | Постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно акредитирана од Министерството за правда на РМ, од 1990 год. (26 години x 0,2) | **5,2** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Евалуација на нивото на познавање на англискиот јазик на членовите на Меѓународна организација за размена на студенти (IAESTE), Македонија што се спроведува секоја година, 1995-2015 г.<br>(20 години x 0,5) | **10** |
| 3. | Член на организациониот одбор на *Првиот меѓународен конгрес на применета лингвистика на Македонија, Јазикот и општеството на прагот на XXI век*, организиран од Сојузот на друштвата за применета лингвистика на Македонија, МАЛА 98, Филолошки факултет „Блаже Конески" и Друштвото за применета лингвистика на Македонија, Скопје, 8-10 мај 1998. | **1** |
| 4. | Акредитиран устен испитувач и оценувач на Универзитетот од Кембриџ, Велика Британија, во минимум две сесии секоја година, од 2001 г. (15 години x 0,5) | **7,5** |
| 5. | Обука за акредитиран устен испитувач и оценувач на Универзитетот од Кембриџ што се спроведува секоја година, Велика Британија, од 2001 г. (15 години x 0,5) | **7,5** |
| 6. | Електронски курс на Британскиот совет за заштита на децата, 24.02.2013 г. | **0,5** |
| 7. | Советување за академската примена на измените на Законот за високо образование, во доменот на меѓународните дипломи по англиски јазик, Филолошки факултет, 27.03.2013 г. | **0,5** |
| 8. | Координатор на Работната група на ПИТ за подготвување програма за преведувачки работилници што ги понуди Филолошкиот факултет, март 2014 г. | **0,5** |
| 9. | Член на Рецензентска комисија за избор во звање на м-р Сања Гавриловска, Решение бр. 04-448/3 од 24.04.2012 г. | **0,2** |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| 10. | Претседател на Поткомисија за англиски јазик на ПИТ за евалуација, од 2014 г. (3 години x 0,5) | **1,5** |
| 11. | Член на Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2012/2013 г. | **0,5** |
| 12. | Член на Централна комисија за попис за 2013 г. | **0,5** |
| 13. | Член на Комисија за попис на библиотечниот фонд на ПИТ за 2011, 2014 и 2015 г. (3x0,5) | **1,5** |
| | **ВКУПЕН БРОЈ ПОЕНИ ЗА СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **48,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА МАРИЈА ЗЛАТКОВСКА ЗА РЕИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ ЛЕКТОР | Поени |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **84,92** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **35,40** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **48,40** |
| **Вкупно** | **168,72** |

Рецензентска комисија

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Јованка Лазаревска, редовен професор, с.р.

Д-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска, доцент, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОТРЕСНОТО ИНЖЕНЕРСТВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Научниот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, бр. 09-730/1, донесена на 12.5.2016 година, одредени сме за Рецензентска комисија за избор на еден асистент од областа на земјотресното инженерство.
На распишаниот конкурс од страна на УКИМ-ИЗИИС, Скопје, објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" од 12.5.2016 година, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Борјан Петрески, дипломиран градежен инженер.
По прегледот на доставената документација, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Лидија Крстевска, претседател, проф. д-р Владо Мицов и проф. д-р Роберта Апостолска, го изготви и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот м-р Борјан Петрески е роден на 18.6.1991 година во Охрид. Средно образование завршил во ПСУ „Јахја Кемал" во Струга со одличен успех и признание за првенец на генерација. Во учебната 2010/2011 година се запишал на Градежниот факултет во Скопје. Дипломирал на 12.8.2014 година, со просечен успех 9,31. За време на додипломските студии, избран е за соработник-демонстратор на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции при Градежниот факултет во Скопје.
Во учебната 2014/2015 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Империјал колеџот во Лондон. Студиите ги завршил на 1.11.2015 година, стекнувајќи се со диплома на Империјал колеџ со заслуги и научен степен магистер на науки од областа на земјотресното инженерство. Магистерскиот труд со наслов: *Подобрено оценување и проектирање на челични моментни рамки подложени на товар од реален земјотрес* го одбранил на 8.9.2015 година.
Кандидатот активно се служи со македонскиот, англискиот и турскиот јазик.
Во моментов е во редовен работен однос во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје.
Рецензентската комисија ги имаше предвид наставните, научните и стручните активности и остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на поднесената документација која е од важност за изборот.

**2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ -Градежен факултет, Скопје, кандидатот м-р Борјан Петрески изведувал аудиторни вежби на прв циклус студии на студиската програма градежништво на предметите од Катедрата за бетонски и дрвени конструкции: армиран бетон, основи на дрвени конструкции, технологија на бетон и градежни конструкции.

**Научноистражувачка дејност**
М-р Борјан Петрески има објавено еден научен труд од областа на градежништвото во зборници од научни собири. Во јули 2013 година учествувал на научната конференција GFOS ISUCCES во Осиек, Хрватска, каде што неговиот труд бил избран меѓу најдобрите 3 труда и награден со објавување во меѓународното научно списание e-GFOS journal. Учесник бил и на 15. Меѓународен научен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија во Струга во 2013 година и на семинарот „Автопатиштата, клуч за понатамошен економски развој на РМ" во Скопје, 2014 година.
За време на постдипломските студии на Империјал колеџот во Лондон, кандидатот бил активно вклучен во неколку научноистражувачки проекти, од кои произлегува како најзначаен научен труд неговата магистерска теза со наслов: *Подобрено оценување и проектирање на челични моментни рамки подложени на товар од реален земјотрес*. Учествувал и на голем број дневни семинари организирани во рамки на Империјал колеџот и Институтот на градежни инженери на Велика Британија (ICE).
Во моментот, кандидатот м-р Борјан Петрески во рамките на своите работни обврски е ангажиран во изработка на научните студии: *'Развивање на програм за мониторирање вибрации во конструкции во реално време'* и *'Оптимизација на димензионирањето на елементи изложени на биаксијално совивање'*, како и на моделирање на геофизичките и сеизмолошки карактеристики на Скопската Котлина.
Во периодот од 2013 година до денес, кандидатот м-р Борјан Петрески објавил како автор или коавтор, неколку научни трудови и учествувал на повеќе научноистражувачки проекти:

**Список на трудови за рецензија**
1. Poposka, M., **Petreski, B.**, Cvetanovski, P. and Popovski, D., 2014. EXPERIMENTAL PROCEDURE FOR SLIP FACTOR DETERMINING AT CONNECTIONS WITH PRELOADED BOLTS. e-GFOS, 5(8), pp.37-43.

**Список на научноистражувачки проекти**
1. **Petreski, B**., 2015.IMPROVED ASSESSMENT AND DESIGN OF STEEL MOMENT FRAMES UNDERREALISTIC EARTHQUAKE LOADING. Imperial College London, MSc Dissertation Thesis.

**2. Petreski**, **B**., Raynal, V., Franco Bastos, I.F., Chakmakjian, S., 2015. CONCEPTUAL BRIDGE DESIGN. Imperial College London, MSc Dissertation Project.

**3. Petreski, B**., 2015. NONLINEAR ANALYSIS OF A FOUR-STOREY STEEL FRAME STRUCTURE UNDER EARTHQUAKE LOADING. Imperial College London.

**4. Petreski, B**., Han B., 2015. SITE RESPONSE ANALYSIS USING EERA SOFTWARE. Imperial College London.

**5.** Potamianos, D., Franco Bastos, I.F., **Petreski, B.**, Chakmakjian, S., 2015. SEISMIC DESIGN CHECK FOR A STEEL FRAME TO EUROCODE 8. Imperial College London.

**6. Petreski, B**., 2015. STRUT AND TIE METHOD ANALYSIS OF CROSSHEAD BEAM AND COMPARISON OF THE SHEAR RESISTANCE WITH EC2 AND MCFT. Imperial College London.

**7. Petreski, B**., 2014. FEA ANALYSIS OF CONCRETE GRAVITY DAM DISPLACEMENT UNDER HYDRAULIC FORCES. Imperial College London.

**8.** Jiaqing, J., **Petreski**, **B**., Theofilou, M., 2014. HAZARDS AND RISKS ASSESSMENT FOR BLENHEIM, MARLBOROUGH REGION, NEW ZEALAND. Imperial College London.

**Стручно-апликативна активност**

М-р Борјан Петрески активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје со учество во комисиите за изработка на стручна мислења за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на новопроектираните објекти во Република Македонија. Како член на повеќе комисии за изработка на стручни мислења работел на оценување на различни типови конструкции како: спортски сали, индустриски објекти, висококатници, инженерски објекти (потпорни ѕидови и сл.) и објекти за семејно домување.

Кандидатот м-р Борјан Петрески учествувал и во еден проект за определување на динамичките карактеристики на висококатници во Република Македонија со мерења на амбиентални и принудни вибрации.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, досегашната професионална активност и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот м-р Борјан Петрески.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Борјан Петрески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област земјотресно инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на УКИМ-ИЗИИС, Скопје, м-р Борјан Петрески да биде избран во звањето асистент во научната област земјотресно инженерство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Д-р Лидија Крстевска, редовен професор с.р.**

**2. Д-р Владо Мицов, редовен професор с.р.**

**3. Д-р Роберта Апостолска, редовен професор с.р**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СОРАБОТНИЧКОТО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МАКЕДОНСКО-БАЛКАНСКИ КНИЖЕВНОИСТОРИСКИ ВРСКИ ПРИ

## ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 17.3.2016 година, за избор на истражувач во соработничкото звање асистент-истражувач во Одделението за македонско-балкански книжевноисториски врски, и врз основа на Одлуката на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, бр. 04-85/13 од 11.4.2016, донесена на 2. седница одржана на 11.4.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, научен советник, д-р Валентина Миронска-Христовска, научен советник и д-р Соња Стојменска-Елзесер, научен советник, сите три членови од Институтот за македонска литература во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на истражувач во соработничко звање – асистент-истражувач во Одделението за македонско-балкански книжевно-историски врски при Институтот за македонска литература во Скопје, во предвидениот рок се пријави м-р Дарин Ангеловски, асистент-истражувач од истото Одделение, како единствен кандидат.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Дарин Ангеловски е роден на 20.5.1977 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во 1995 година. Дипломирал на Филозофскиот факултет при УКИМ, Институт за класични студии, на 30.10.2007 година, со просечен успех 8,35 и се стекнал со стручниот назив дипломиран класичен филолог.

Во учебната 2008/2009 година се запишал на вториот циклус студии на Институтот за македонска литература во Скопје, на студиската програма културолошки студии (во книжевноста). Магистрирал на 27.11.2012 година, со просечен успех 10. Одбранетиот магистерски труд е на тема: *Идентитетот во услови на транзиција врз примери од македонската и од бугарската проза.*

По стекнувањето на потребните ЕКТС-кредити од положени испити, докторски семинари, годишни конференции и работилници, предвидени со студиската програма културолошки студии при УКИМ, м-р Дарин Ангеловски пријавил докторска дисертација на 12.2.2015 година. Дисертацијата е на тема: *Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина*.

На 9.5.2013 година, со вработувањето во Институтот за македонска литература, м-р Дарин Ангеловски е избран во соработничкото звање асистент-истражувач во Одделението за македонско-балкански книжевно-историски врски. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1052 од 15.4.2013 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот, српскиот, бугарскиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1052 од 15.4.2013 година, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

### Научноистражувачка дејност

М-р Дарин Ангеловски е автор на книгата *Идентитетите и транзицијата* (ЗККМ, Скопје, 2014), во која ги проследува појавата и развојот на теориите на идентитетот од најстари времиња до современото доба. Во делото, посебен акцент е ставен на влијанијата што ги имаат транзициските процеси врз концептот на идентитетот согледувани преку примери од современата македонска и бугарска прозна продукција. На тој начин, авторот, преку консеквентно спроведена книжевно-културолошка анализа, укажува на специфичните општествени процеси, кои влијаат во конструирањето на идентитетите, а кои несомнено се должат на истовременото минување на балканските земји низ двојниот процес на транзиција и глобализација кои се со противречни ставови.

М-р Дарин Ангеловски, објавил 21 научни и стручни трудови во национални и меѓународни научни списанија и списанија од областа на културата. Кандидатот од последниот избор има објавено вкупно 7 научни трудови од областите на книжевните врски, класичната филологија и културолошките студии. Поголемиот дел од трудовите се рецензирани во меѓународни научни списанија и во зборници на трудови од научни собири:

- „Лирските рефлексии на Дана Подрацка и Маргита Иваничкова“. *Македонско –словачки книжевни, културни и јазични врски*. (ур. М. Јакимовска-Тошиќ и др.) Нитра 28-29 ноември 2013. Нитра: Универзитет „Константин филозоф“ во Нитра, Филолошки факултет. 201-203.

- „Македонската и хрватската научна мисла во проектот ‘Филолошки студии’. *Македонско – хрватски книжевни културни и јазични врски*. 27-29 септември 2013. (ур. Маја Јакимовска-Тошиќ) Охрид 27-29 септември 2013. Скопје: Институт за македонска литература. 611-620.
- „Његош во македонската културна средина (1945-2000)“. *Научен собир „Македонија за Његош“*. (ур. Весна Мојсова-Чепишевска). 14-15 ноември 2013 година. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“. 133-147. (Коавторство со Јасмина Мојсиева-Гушева)
- „Интеркултурната поетика како чин на спознавачко дејствување“.*Спектар* бр.62,XXXI, 2013, 97-102.

Во текот на конкурсниот период, од последниот избор, м-р Дарин Ангеловски учествувал како соработник – истражувач во 2 научни проекта:

- *Интеркултурна историја на македонска литература – аспекти и толкувања* со студија во која ги проследува на книжевните допири помеѓу различните култури во античкиот период што се одвивале во македонската културна средина.
- Интердисциплинарниот меѓународен славистички проект *Филолошки студии* со следниве научни и стручни трудови:

„Рецепцијата на хомерската поезија во најстари времиња“ *Филолошки студии*. Бр. 13. Декември 2015, 51-62. <http://philologicalstudies.org/dokumenti/2015-1/4_angelovski_darin.pdf> пристапено на: 18.3.2016

„Некои имаголошки постапки во македонската и во бугарската литература на дијаспората од периодот на транзиција“. *Филолошки студии*, бр. 12. Ноември 2014. 210-219. <http://philologicalstudies.org/dokumenti/2014/Literature%20in%20intercultural %20context/17.%20Angelovski.pdf> пристапено на 18.3.2016.

„Идентитетот во романите за Крале Марко на Слободан Мицковиќ и на Владимир Левчев“. *Филолошки студии*, бр. 11. Октомври 2013. 154-165. http://philologicalstudies.org/dokumenti/2013/The%20%E2%80%98word%E2%80%99%20in%20historical-cultural%20contexts/11.tom1.rub3%20D.Angelovski.pdf пристапено на: 18.3.2016.

Кандидатот учествувал на меѓународни и домашни научни собири и одбележувања на книжевни јубилеи:

- 2-3.7.2015. „Интеркултурните хоризонти во романот `Се случи на први септември

(или некој друг ден)` од Павол Ранков“. *II меѓународна научна конференција Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски*, МАНУ, Скопје.

- 11.5.2015. „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина од XIX век“. *Годишна конференција на Школата за докторски студии*, Филозофски факултет, Скопје.
- 2.6.2014. „Љубовта и соништата во романот *Дафнид и Хлоја* од Лонг“. *Меѓународна научна конференција „За љубовта“*, Здружение за компаративна литература на Македонија (ЗККМ), Скопје.

- 12.3.2014. „Калокагатхија во сократичките логоси на Ксенофонт“. *Научен собир „Античкиот идеал на Калокаīатхија“*, Филозофски факултет, Скопје.
- 14-15.11.2013. „Његош во македонската културна средина (1945-2000)“. *Одбележување на 200-īодишнината од раѓањето на Петар II Петровиќ Његош*, Филолошки факултет, Скопје.
- 27-29.9. 2013. „Македонската и хрватската научна мисла во проектот ‘*Филолошки студии*’. *Меѓународен научен собир Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*, Охрид.

**Стручно-апликативна дејност**

Од последниот избор, кандидатот има објавено вкупно 5 стручни трудови:

- „Меѓународна научна конференција ‘За љубовта’: Здружение за компаративна книжевност на Македонија; Здружение на класични филолози „Антика“; Скопје, Република Македонија 6 јуни 2014“. *Филолошки студии*. бр. 13. Декември 2015, 343-347. http://philologicalstudies.org/dokumenti/2015-2/25_angelovski_d_recenzija.pdf пристапено на 18.3.2015
- „Размислувања за античкиот идеал на *Kalokagathia*“.*Филолошки студии*,бр. 12.Ноември 2014, 710-712
- <http://philologicalstudies.org/dokumenti/2014/Reviews%20and%20Information/51.%20Angelovski.pdf> пристапено на: 18.3.2016.
- „За литературата со љубов и посветеност: Стојменска-Елзесер, Соња: ‘Со посвета’, Скопје, Дијалог“. *Спектар* XXXII, 2014, 169-171.
- „Студии за магичниот реализам: Јасмина Мојсиева-Гушева, Магичен реализам, Дијалог, Скопје, 2012“. *Спектар* бр.62, XXXI, 2013, 215-217.
- „Десет години Филолошки студии: Филолошки студии: 10/2012, Институт за македонска литература – Скопје и Ри-Графика“. *Спектар* бр.61, XXXI, 2013, 217-221.

М-р Дарин Ангеловски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за македонска литература како секретар на Меѓународното славистичко електронско списание „Филолошки студии” www.philologicalstudies.org

Кандидатот, како секретар и како извршен уредник, учествувал во работата на организационите одбори и издавањето зборници на трудови од:

- Меѓународната научна конференција „Популарна култура: поглед одоздола“ (2014);
- Меѓународна научна конференција „За љубовта“ (2014);
- Меѓународен научен собир „Македонско – хрватски книжевни, културни и јазични врски“ (2013).

Во изборниот период, м-р Дарин Ангеловски учествувал во изготвување на пријавата за објавување на зборникот на научни трудови „За љубовта“ пред Министерството за култура на РМ.

Во 2015 година, кандидатот остварил научноистражувачки престој во Софија, Р. Бугарија, каде што прибирал граѓа за докторската дисертација во основниот

фонд на Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија и во фондовите на Бугарскиот историски архив – БИА.

М-р Дарин Ангеловски е член на Здружението за класични филолози „Антика“ и на Здружението за компаративна книжевност на Македонија (ЗККМ)

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на м-р Дарин Ангеловски. Имајќи го предвид целокупниот ангажман на кандидатот, презентираните податоци за научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот во периодот од изборот до денес покажува континуиран стручен и научен напредок во доменот на областа во која се избира.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Дарин Ангеловски поседува научни и стручни квалитети да биде преизбран во звањето асистент-истражувач во Одделението за македонско-балкански книжевно-историски врски. Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, м-р Дарин Ангеловски да биде преизбран во соработничкото звање – асистент-истражувач во Одделението за македонско-балкански книжевно-историски врски.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, с.р.

Проф. д-р Валентина Миронска-Христовска, с.р.

Проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СОРАБОТНИЧКОТО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО XIX ВЕК ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Вечер" и „Koha" од 17.3.2016 година, за избор на истражувач во соработничкото звање асистент-истражувач / сите научни звања во Одделението за македонска литература во XIX век, и врз основа на Одлуката на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, бр. 04-85/14, донесена на 11.4.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Валентина Миронска-Христовска, научен советник, д-р Ленка Татаровска, научен советник и д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, научен советник, сите три членови од Институтот за македонска литература во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 1 истражувач во соработничко звање асистент-истражувач во Одделението за македонска литература во XIX век, во предвидениот рок како единствен кандидат се пријави м-р Славчо Ковилоски, асистент-истражувач од истото Одделение.

### 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Славчо Ковилоски е роден на 13.10.1978 година во Скопје. Средно образование завршил во СУГС „Браќа Миладиновци" во Скопје, во 1996/97 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Филозофскиот факултет, Институт за историја. Дипломирал на 20.11.2002 година, со просечен успех 7,84.

Кандидатот активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик.

Во учебната 2008/2009 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на интердисциплинарните културолошки студии во книжевноста на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Студиите ги завршил 2010 година, со просечен успех 10,00, со 64 ЕКТС-кредити. На 23.6.2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Патописот во македонскиот XIX век.*

По стекнувањето на потребните ЕКТС-кредити од положени испити, докторски семинари, годишни конференции и работилници, предвидени со студиската програма културолошки студии при УКИМ, на 12.2.2015 година м-р Славчо Ковилоски ја пријавил докторската дисертација на интердисциплинарните културолошки студии во книжевноста на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Дисертацијата е на тема: *Македонското женско писмо во XIX век.*

На 9.5.2013 година, со вработувањето на м-р Славчо Ковилоски во Институтот за македонска литература е избран во звањето асистент-истражувач во Одделението за македонска литература во XIX век при ИМЛ.

Во моментот е асистент-истражувач. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1052 од 15.4.2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1052 од 15.4.2013 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Научноистражувачка дејност

М-р Славчо Ковилоски има објавено вкупно осум (8) книги во периодот 2009 – 2012 година: *Милош С. Милоевиќ и српските претензии кон Македонија во 19 век*, Макавеј, Скопје, 2009; *Деспот С. Бацовиќ: Непознати страници за еден Македонец*, Современост, 2010; *Патописот во македонскиот 19 век, Современост, 2010*; *Прилепчани 19 век (енциклопедиски именик)*, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“, Прилеп, 2010; *Почетоците на македонскиот патопис,* Академски печат, Скопје, 2011; *Ракописи од село Вранче, Прилепско, 18, 19 и 20 век*, Академски печат, Скопје, 2011; *Македонија-кратка енциклопедија револуционери*, Современост, Скопје, 2012 и *Македонија и Балканските војни*, Современост, Скопје, 2012.

Во периодот 2013 – 2015 година ја објави книгата *Културната преродба во Прилеп во XIX век*., Институт за македонска литература, Скопје, 2015.

М-р Славчо Ковилоски, до 2013 година објавил 70 научни и стручни трудови во национални и меѓународни научни и културни списанија. Во последниве три години објавил дваесетина рецензирани научни и стручни трудови во национални и меѓународни списанија, како и во зборници од научни конференции:

- „Патописот *Белешки од моето патување од Тетовско*“ од 1891/92 година на Андреј Стојанов“, Филолошки студии 11/2013, http://philologicalstudies.org;
- „Коста Групче и весникот *Цариградски гласник*“, *Современост*, бр. 1, Скопје, 2013, стр. 65-73.
- „Патописецот Евтим Спространов за Струга, Охрид и двете езера“, *Бранувања*, Струга, септември 2013, стр. 26-27.
- „Немирниот творечки дух на Христо Петрески“, *Современост*, бр. 2, Скопје, 2013, стр. 5-7.
- „Непознатиот поет Јордан Хаџи Здравев“, *Литературен збор*, 4-6, Скопје, 2013, стр. 107-113.
- „Македонската патописна литература во XIX век“, *Книжевна академија*, бр. 5-7, Скопје, 2013, стр. 22-47.
- „Лазар Поп Трајков како фолклорист и есеист“, *Македоника*, бр. 9-10, Скопје, февруари 2014, стр. 168-174.
- „Револуционерот Никола Каранџулов како публицист“, *Современост*, бр. 1, Скопје, 2014, стр. 52-53.
- „Дописка за неделното женско училиште ‚Светлина‘ во Струга“, *Бранувања*, бр. 10, Струга, 2014, стр. 37.
- „Уставот на прилепското училишно настојателство од 1893 година“, *Книжевна академија*, бр. 3-5, Скопје, 2014, стр. 114-119.
- „Носители на преродбата во Прилеп“, *Современост*, бр. 2, Скопје, 2014, стр. 54-63.
- „Женското образование во Прилеп во XIX век“, Спектар 63, Скопје, 2014, стр.37-42.

- „Највлијателниот прилепчанец во XIX век: Хаџи Христо Дамјанович“, *Книжевно житие*, бр. 32, Скопје, 2014, стр. 39-43.
- „Архивски материјали за прилепските фамилии Попови, Вртанови и Белазелкови“, *Историја*, бр. 1, Скопје, 2014, стр. 303-312.
- „Еуген Кватерник за Источното прашање и Македонија“, Зборник: *Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски/Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze*, ИМЛ, Скопје, 2014, стр.229-236.
- „Тодор Кусев или Методиј Кусевич: просветител или духовник“, *Современост*, бр. 2, Скопје, 2015, стр. 65-72.
- „Мисли за иднината на балканската литература“, Зборник: *XXI Век: Балканскиот Писател - Балканският Писател*, Современост – Скопје, Съюз на свободните писатели в България – София, 2015, стр. 7-10.
- „Компарација на македонскиот и словачкиот културен живот во XIX век“, Зборник: *Македонско-Словачки книжевни, културни и јазични врски / Macedónsko-slovenské literárne, kultúrne a jazykivé vzťahy*, Nitra, 2015, стр. 123-128.

М-р Славчо Ковилоски учествувал како член во два (2) национални научни проекта и во еден (1) меѓународен научен проект:

- *Жанровските и естетските литературни вредности на македонскиот 19 век*, Институт за македонска литература, Скопје, 2010/2012;
- *70 години од смртта на Борка Талески и Лазо Филиповски*, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“, Прилеп, 2013;
- *Христијанската традиција во македонско-словачките духовни и културни врски*, Институт за македонска литература, Скопје и Univerzita Konštantína Filozofa v Nitre, Filozofická Fakulta, 2013.

Кандидатот м-р Славчо Ковилоски земал учество и на неколку национални и меѓународни конференции:

- IV меѓународен научен собир *Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*, Охрид, 27 - 29 септември 2013;
- I меѓународен научен собир *Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски*, Univerzita Konštantína Filozofa v Nitre, Filozofická Fakulta, Р. Словачка, 28 и 29 ноември 2013;
- научен собир *70 години од смртта на Борка Талески и Лазо Филиповски*, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“, Прилеп, 2013;
- меѓународна конференција *За љубовта*, во организација на Здружението за компаративна книжевност и Здружението на класични филозофи, ИМЈ, Скопје, Р. Македонија, 6 јули 2014;
- меѓународна конференција *Популарна култура – поглед одоздола*, МАНУ, Скопје, Р. Македонија, 2 – 3 ноември, 2014;
- Скопје филм фест – *Урбаната или хип-хоп културата*, Кинотека на Македонија, Скопје, 28 април 2014;
- II меѓународен научен собир *Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски*, со „Људовит Штур и неговата *Книга за словенските народни песни и раскази*“, Скопје, Р. Македонија, 2 – 3 јули 2015;
- „Женското образование во Македонија во XIX век“, Годишна конференција на Школата за докторски студии, УКИМ, Скопје, мај 2015.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Славчо Ковилоски и во стручно-апликативната дејност се истакнува со повеќе активности. Тој има објавено неколку стручни текстови:

- „Прашањето на идентитетот низ литературни студии“, *Спектар* 61/2013, стр. 214-216.
- „За Конески и нешто повеќе“ (Ана Мартиноска: *Конески и фолклорот*, Скопје: Институт за македонска литература, 2012), *Спектар* 62, Скопје, 2013, стр. 218-220.
- „Како да се одгатне загатката“ (Виолета Ачкоска, *Демнеечки дух*, Скопје, 2012), *Современост*, бр. 1, Скопје, 2013, стр. 106-107.
- „Ставови и визија (Стефан Влахов-Мицов, *Држава-како се гради и брани*, Матица македонска, Скопје, 2013)“, *Културен живот*, бр.3-4, Скопје, 2014, стр. 88-89.

Кандидатот бил промотор на:

- *Од училиште до дома* од Жарко Милениќ, во Културен центар „Феникс“, Скопје, на 22 јануари 2014;
- *Симбиози* од Катарина Фиаменго (двојазичното издание) во МКЦ, Скопје, на 15.6.2015;
- *Политички коректна поезија / Љубољубива* (избор) од Елена Пренцова, во МКЦ, Скопје, на 15.6.2015.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Софија, Р. Бугарија, во 2014 и 2015 година, при што остварил архивски истражувања во Централниот државен архив на Р. Бугарија и во Бугарскиот историски архив при Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија за потребите за изработка на докторската дисертација *Македонското женско писмо во XIX век*.

Кандидатот м-р Славчо Ковилоски бил член и секретар на Организациониот одбор на:

- I меѓународен научен собир *Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски*, Нитра, Р. Словачка, 28 – 29 ноември 2013;
- II меѓународен научен собир *Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски*, Скопје, Р. Македонија, 2 – 3 јули 2015.

Учествувал во уредувачкиот одбор на билатералната соработка меѓу списанието *Современост* и Сојузот на слободните писатели на Бугарија, 2015.

Од 2013 година, м-р Славчо Ковилоски е главен и одговорен уредник на списанието *Современост* и од 2015 година, тој е секретар на редакцијата на списанието *Спектар*. Истовремено, кандидатот е:

- член на Друштвото за наука и уметност – Прилеп;
- член на Хрватското книжевно друштво – Риека;
- член на Здружението на историчарите – Скопје.

М-р Славчо Ковилоски има објавено поезија, романи и монодрами, се занимава со преведување и препејување: *Риечка поетска читанка*, 2013; избор поезија од „Сојузот на слободните писатели на Бугарија“, објавен во с. *Современост*, 2013; предговор и избор на македонски современи раскази

објавени во списанието *Mogucnosti*, 10/12, Split, 2013 година, како и превод од хрватски на македонски јазик на научната книга *Македонскиот 19 век* од Горан Калоѓера во издание на „Македоника литера", Скопје, 2014.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Славчо Ковилоски. Врз основа на изнесените податоци се согледува неговата успешна континуирана работа во областа на литературната историја, односно во проучувањето на развојот на македонската литература и култура во XIX век.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Славчо Ковилоски поседува научни и стручни квалитети со што ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент-истражувач во Одделението за македонска литература во XIX век.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, м-р Славчо Ковилоски да биде избран во соработничкото звање – асистент-истражувач во Одделението за македонска литература во XIX век.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Валентина Миронска-Христовска, с.р.

Проф. д-р Ленка Татаровска, с.р.

Проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, с.р.